СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 60 **21 март 2019, четврток** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
878.	**Повеќегодишен контролен план** за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата	**2**
	Огласен дел	**1-32**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

878.

Врз основа на член 99 став (2) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 февруари 2019 година, донесе

ПОВЕЌЕГОДИШЕН КОНТРОЛЕН ПЛАН ЗА НАДЗОР ВО ОБЛАСТА НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРСТВОТО И ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

Поглавје 1 – Предмет и цели

1.1. Предмет на ПНКП

Во ПНКП се детално опишани и дадени регулаторните одредби во Република Северна Македонија за улогите и одговорностите на различни органи и придружни тела. ПНКП е изработен во согласност со барањата пропишани во Регулативата 882/2004 и во македонскиот Закон за безбедност на храна за официјалните контроли кои се спроведуваат со цел проверка на усогласеноста со прописите за храна, храна за животни, здравје и благосостојба на животните. Наведено е како овие органи ги координираат своите активности и работат заедно, со цел заштита на јавното и здравјето на животните и нивната благосостојба, здравствената заштита на растенијата и заштита на потрошувачите. Исто така се обезбедени информациите за механизмите кои се или ќе бидат воспоставени со кои би се подобрила постојаноста и делотворноста на спроведувањето кај сите контролни системи, сите сектори и сите фази во ланецот за производство на храна и безбедност на храна, здравствена заштита и благосостојба на животните и здравствена заштита на растенијата. Планот ги опфаќа предвидените официјални контролни активности на надлежните органи и приоритетите за време на периодот на спроведување на ПНКП. Во планот исто така се опишани процедури за мониторинг и за известување за напредокот при спроведување на истиот.

1.2. Општа цел

Општа цел на ПНКП е да обезбеди заштита на здравјето на луѓето, здравјето и благосостојбата на животните, здравјето на растенијата, како и заштита на интересите на потрошувачите.

1.3. Конкретни цели

Општата цел на ПНКП ќе се постигне преку остварување на следните конкретни стратешки цели:

• Ефективна организација на официјалните контроли на безбедност на храната, храната за животни, здравјето и благосостојбата на животните и здравјето на растенијата;
• верификација со соодветни системи за ревизија за да се обезбеди нивна ефективност;
• јакнење на официјалните контроли за откривање и сузбивање на измамите со храна;
• зајакнување и развој на контролниот систем за ВМП со цел правилно ракување со ВМП особено за да се намалат резидуите од ВМП и контрола на антимикробна резистентност;
• воспоставување електронски систем на следење на употребата на ВМП;
• воспоставување и целосно спроведување на системот за аудит;
• воспоставување и целосна реализација на систем за обука на персоналот;
• подобрување на здравствената заштита и благосостојба на животните;
• јакнење на операциите на АХВ, ДИЗ, ФУ и МЗШВ со тоа што ќе се објават законодавните акти што недостигаат, ќе се вработи нов персонал и ќе се разработат и спроведат работните процедури, плановите за инспекција и земање примероци и ќе се подобри соработката со официјалните лаборатории за контрола;
• подобрување на системот за надзор за храна за животни и исхрана на животните;
• воспоставување и реализација на систем за регистрација на одгледувалишта за животни кои не се опфатени со постоечкиот систем;
• спроведување на превентивни мерки со цел намалување на бројот на случаи на заразни болести кај животните и намалување на негативните ефекти од појава на жаришта на заразните болести;
• воспоставување и зајакнување на системот за управување со нус производи од животинско потекло;
• подобри информации и транспарентност за потрошувачите;
• јакнење на официјалните контроли за здравствена заштита на растенијата и производите за заштита на растенија;
• спроведување на фитосанитарниот мониторинг и официјални контроли заради обезбедување на стабилна здравствена состојба на растенијата на територијата на земјата, благовремено откривање и сузбивање на појавата и ширењето на штетните организми кај растенијата, растителните производи и другите објекти кои се контролираат, како и навремено, правилно и успешно спроведување на фитосанитарни мерки во пракса за да се спречи или намали губитокот на приносот од растително производство;
• подобрување на системот на официјални контроли за здравствена заштита на растенијата и производите за заштита на растенија со цел да се обезбеди производство на здрав и квалитетен земјоделски производ кој ќе биде препознатлив и конкурентен на регионалните пазари, пазарите на ЕУ, како и на меѓународните пазари;
• заштита на здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина со одржлива употреба на производите за заштита на растенијата, што меѓу другото вклучува воспоставување на принципите на Интегрална заштита, при што се

обезбедува намалена и контролирана употреба на производи за заштита на растенијата и воведување на биолошки мерки за заштита на растенијата;
• зајакнување и развој на контролниот систем за ВМП со цел правилно ракување со ВМП особено за да се намалат резидуите од ВМП и контрола на антимикробна резистентност;
• воспоставување електронски систем на следење на употребата на ВМП и
• воспоставување и зајакнување на системот за управување со нус производи од животинско потекло;

Во стратешкиот план на АХВ се наведува:
Агенцијата за храна и ветеринарство го прифаќа и континуирано го спроведува стратешкото планирање како алатка на современиот стратешки менаџмент. Ваквиот ефикасен и современ начин на управување ни помага да дефинираме стратегии за остварувањена приоритетите и целите и да ја подобриме ефективноста и ефикасноста во споведување на политиките, евалуацијата и транспарентноста во трошењето на ограничените буџетски средства.
Задачите на институцијта во наредниот период ќе бидат насочени кон извршување на работите од областа на безбедноста на храната и храната за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарни активности во областа на здравствената заштита на животните, заштитата и благосостојбата на домашните животните и на домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат за експериментални и други научни цели, работите од областа на нуспроизводите од животинско потекло, идентификација и регистрација на фармските и други животни, од областа на ветеринарно-медицинските препарати и контролата на квалитетот на храната, со исклучок на примарното земјоделско производство од растително потекло.

Поглавје 2 - Општо

2.1. Историјата

Повеќегодишниот национален контролен план на Република Северна Македонија (ПНКП) за надзор на прометот со храна, ветеринарното здравство и здравје на растенијата, претставува стратешки документ кој ги пропишува функциите доделени на *Агенцијата за храна и ветеринарство* (во понатамошниот текст: АХВ), *Државниот инспекторат за земјоделство* (во понатамошниот текст: ДИЗ), *Фитосанитарната управа* (во понатамошниот текст: ФУ) и *Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство* (во понатамошниот текст: МЗШВ) контролните мерки кои се спроведуваат во рамките на надзорот при прометот со храна, ветеринарно здравство и здравје на растенијата, за периодот од 2019 - 2023 година.
ПНКП е изготвен согласно начелата и барањата на Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), (членови 99-102), усогласен со Регулативата 882/2004

член 41 за официјални контроли и Одлуката бр. 2007/363 на Комисијата, од 21 мај 2007, за упатствата со кои се обезбедува поддршка на земјите членки при изготвување на ПНКП. ПНКП е изготвен во соработка со АХВ, МЗШВ, ДИЗ и ФУ.

2.2. Циклус на планирање

Циклусот на планирање за македонскиот ПНКП е пет (5) години и истото е наведено во Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10) член 99 став (2).

1.4. Контакт точка за ПНКП:

Агенција за храна и ветеринарство
III Македонска бригада, бр.20
веб страна: www.fva.gov.mk
e-mail адреса: info@fva.gov.mk
телефон: (02) 2457 895
факс: (02) 2457 893
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
ул. Аминта Трети бр. 2
1000 Скопје
веб страна: http://mzsv.gov.mk
e-mail адреса: info@mzsv.gov.mk
телефон: (02) 3134 477
факс: (02) 3230 429
Државен инспекторат за земјоделство
ул. Аминта Трети бр. 2
1000 Скопје
веб страна: http://mzsv.gov.mk
e-mail адреса: info@mzsv.gov.mk
телефон: (02) 3134 477
факс: (02) 3230 429
Фитосанитарна управа
ул. Аминта Трети бр. 2
1000 Скопје
веб страна: http://mzsv.gov.mk
e-mail адреса: info@mzsv.gov.mk
телефон: (02) 3134 477
факс: (02) 3230 429

Поглавје 3 - Политика и законодавство

3.1. Хиерархиско усвојување на законодавството

Хармонизацијата на националното со законодавството на ЕУ се врши согласно националната програма за усвојување на правото на ЕУ (NPAA) одобрена од страна на Владата (Поглавје 12, Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика). При процесот на усвојување на еден закон или подзаконски акт, основен инструмент за анализа/споредба на степенот на транспонирање на законодавството на ЕУ во изготвеното национално законодавство е кореспондентната табела (КТ).

Собранието на Република Северна Македонија согласно Уставот на Република Северна Македонија е носител на законодавната власт во земјата. Собранието ги донесува законите на седници, а потребното мнозинство за донесувањето на законите е утврдено со Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно Деловникот за работа на Собранието, пред да стапи на сила, еден предлог-закон мора, по хронолошки редослед да биде предмет на: техничка дискусија во рамките на службата; техничко и административно советување меѓу агенциите; проверка од страна на Секретаријатот за законодавство при Владата; одобрение од страна на Министерството за финансии и коментари од страна на други министерства или државни административни тела кои се вклучени; разгледување и одобрение од страна на Владата; во зависност од обемот и влијанието, јавни дебати со учесниците; разгледување и одобрение од страна на парламентарните комитети за европски прашања и земјоделство; разгледување и можно усвојување од страна на Собранието на пленарна седница; објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Предлог-законите, другите регулативи и акти доставени од Владата во рамките на нејзините надлежности до Собранието, содржат задолжителни анализи (преглед, резиме) во однос на нивната сообразност со законодавството на ЕУ.

Пред да влезат во сила законите се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Законите се објавуваат најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Подзаконските акти (правилници, наредби, одлуки) за извршување на законите и други прописи од одредени области, ги донесува надлежниот министер, односно директор на самостојниот орган на државната управа кога за тоа е овластен со закон, врз основа на одредбите од релевантните закони. Пред донесување на подзаконските акти, истите се доставуваат на мислење до сите заинтересирани страни и се предмет на усогласување со Секретаријатот за законодавство. По завршување на постапката на усогласување, подзаконските акти се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Поглавје 4 - Назначување на надлежни органи

Одговорноста за организирање и работа на контролните системи во Република Северна Македонија е поделена меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство (во натамошниот текст:

Агенцијата) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство и Фитосанитарната управа (Закон за безбедност на храна, членови 15 и 26).

Постоечката институционална структура во земјата е воспоставена со цел да се обезбеди соодветна распределба на одговорностите, координација на активностите кои го опфаќаат целиот ланец на безбедност на храна, со што се гарантира успешна реализација на законските решенија во областа на безбедност на храна.

Согласно Законот за безбедност на храна член 78, Агенцијата може да доделува одредени задачи во однос на официјалните контроли до едно или повеќе контролни тела согласно ставовите (2), (3) и (4) од член 78, според листата на задолженија утврдена од Агенцијата.

Во моментов, АХВ нема доделено било какви задачи на контролно тело.

За кои активности АХВ може да назначи контролни тела:

Контролни тела од областа на ветеринарството за следните активности:

–ревизија и контрола на добри производни и добри хигиенски практики во одгледувалишта, кланици и

–задачи во инспекцијата: собирање на податоци во ланецот на храна и издавање документ за „Ланец на храна„ ,анте мортем преглед, пост мортем преглед, контрола на благосостојба на животните, контрола на постапката со специфично ризичниот материјал, земање на мостри за лабораториско испитување, мострирање во рамките на мониторинг програмите.

Иако согласно Законот за безбедност на храна, Агенцијата е назначена како надлежен орган за безбедност на храна и храна за животни, здравствена заштита и благосостојба на животните, согласно член 25 од Законот за безбедност на храна, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежно за спроведување на политиката во областа на безбедност на храна и храна за животни и ветеринарното здравство.

4.1. Агенција за храна и ветеринарство

Агенцијата за храна и ветеринарство е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице и е надлежен орган за вршење на работите во областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарното јавно здравство, како и контрола на лаборатории кои даваат поддршка за потребите на Агенцијата.

АХВ е надлежна за спроведување на следниве активности:

- Планирање, координирање и управување со работите од областа на безбедноста на храната и храната за животни,здравјето и благосостојбата на животните,нуспроизводите од животинско потекло;
- спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствена заштита на животните;
- заштита и благосостојба на домашните животните и на домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат за експериментални и други научни цели;
- извршување на работите од областа на нуспроизводите од животинско потекло;

- идентификација и регистрација на фармските и други животни;
- извршување на работите од областа на ветеринарно-медицински препарати;
- контрола на квалитетот на храната, со исклучок на примарното земјоделско производство од растително потекло.

Освен наведените надлежности посебно важни функции кои АХВ ги спроведува, АХВ е:

- Носител на евроинтегративните процеси во областа на безбедноста на храна и ветеринарно здравство, како и апроксимација на националното законодавство со законодавството на Европската унија и институција координатор на Поглавјето 12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, преку соодветните надлежни органи одговорни за безбедност на храната во Република Северна Македонија;
- носител на активности на Националниот Совет за Безбедност на храна;
- процена и управување со ризиците во областа на безбедноста на храна и ветеринарното здравство и
- водење на базите на податоци, регистри и ИТ системи во областа на безбедноста на храната и ветеринарното здравство, вклучително и идентификација и регистрација на животните.

Законските надлежности на АХВ произлегуваат од девет закони и подзаконските акти кои произлегуваат од истите.

1. Закон за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 123/15 (пречистен текст), 129/15, 213/15 , 39/16 и 64/2018);
2. Закон за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 123/15 (пречистен текст), 154/15 и 53/16);
3. Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/14, 149/15 и 53/16);
4. Закон за нус-производи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 144/14, 149/15 и 53/16);
5. Закон за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12 , 27/14, 149/15 и 53/16);
6. Закон за ветеринарно медицински препарати („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16);
7. Закон за безбедност на храна за животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 149/15 и 53/16);
8. Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/09, 53/11, 149/15, 39/16 и 132/16) и
9. Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13 и 41/14 (обврзувачки за сите инспекциски служби), 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18).

Основниот правен акт е Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10), со кој се регулира контролата на безбедноста на храна во сите

фази (производство, преработка, складирање, транспорт, дистрибуција, малопродажба и достава). Со законот се регулираат општите и специфичните услови и обврски за операторите за храна, нивната регистрација и одобрение, условите за увоз и извоз на храна од животинско и неживотинско потекло, официјалните контроли и нивното финансирање заедно со мониторингот на резидуи и недозволени супстанции.

Основната регулатива во ветеринарната област е Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2007) со кој се утврдуваат одредбите во однос на организацијата и надлежностите на ветеринарните служби и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на заштитата на луѓето и животните од болести кои се пренесуваат преку животни и производи од животинско потекло. Со Законот за ветеринарно здравство исто така се регулира здравствената заштита на животните од болести; заштита од заразни болести кај животните кои се пренесуваат на луѓето; ветеринарно-санитарни инспекции и контрола; ветеринарна заштита, подобрување на животната средина и природата; надоместоци и трошоци за здравствена заштита на животните; организација и спроведување на активности од областа на ветеринарната медицина како и други ветеринарни прашања. Со овој закон исто така се дефинирани надлежностите на ветеринарните служби и надлежностите на секој сегмент во рамките на службата.

Согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10), контролата на Агенцијата за храна и ветеринарство го опфаќа целиот ланец на храна.

За целите на спроведувањето на одредбите од Законот за безбедност на храна усвоени се и следните правилници.

Правилник за внатрешната организација на Агенцијата за храна и ветеринарство бр. 11-288/3 од февруари 2011 година.


Други подзаконски акти кои имаат влијание врз ланецот за безбедност на храна, кои се претставени во описот на надлежности на административните тела. Со АХВ раководи директорот, којшто го назначува Владата на Република Северна Македонија. Директорот истовремено е и главен ветеринарен службеник (Закон за ветеринарно здравство). Директорот на АХВ е надлежен за усвојување на акти за организација и систематизација на работата и активностите на АХВ, усвојување на други акти поврзани со работата и функционирањето на АХВ (Правилници, прирачници, планови, насоки, одлуки итн.); донесува одлуки за вработување, распределба на персоналот како и во однос на нивните права и обврски, усвојува регулативи поврзани со безбедноста на храната и ветеринарното здравство и обезбедува извршување на активностите поврзани со безбедноста на храната и ветеринарното здравство.

Главниот ветеринарен службеник го координира и врши надзор во спроведувањето на Годишната наредба за здравствена заштита на животните, Годишната наредба за ветеринарно јавно здравство и повеќегодишните програми.

Директорот на АХВ е надлежен за разработка и усвојување на Плановите за итни мерки и оперативните прирачници за борба против особено опасни заразни / епизоотски болести.

АХВ своите надлежности ги спроведува преку организационата структура која се состои од 5 државни советници: Државен советник за ветеринарство-1, Државен советник за стручна поддршка и административно работење-2, Државен советник за храна-1, Државен советник за координација на инспекција и останати сектори-1; девет сектора:

Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните, Сектор за ветеринарно јавно здравство, Сектор за храна од неживотинско потекло, Сектор за инспекциски надзор, Сектор за ЕУ и меѓународна соработка, Сектор за општи и административни работи, Сектор за стручна поддршка, Сектор за проценка и комуникација на ризик и Сектор за нови прехранбени технологии и шест самостојни одделенија: Одделение за работи поврзани со директорот-Кабинет, Одделение за управување со човечки ресурси, Одделение за внатрешна контрола и аудит, Одделение за внатрешна ревизија, Одделение за финансиски прашања и Одделение за следење на измами со храна. На локално ниво агенцијата своите надлежности ги спроведува преку 29 ПЕ на АХВ во чиј состав влегува персоналот од Секторот за инспекциски надзор.


Организациона структура на АХВ
Агенција за храна и ветеринарство
Директор
Заменик директор
Одд. за работи поврзани со директорот - КАБИНЕТ
Одд. за управување со човечки ресурси
Одд. внатрешна контрола и аудит
Одд. за внатрешна ревизија
Одд. за финансиски прашања
Одд. за следење на измами со храна
Проценка и комуникација на ризик
Проценка на ризик
Комуникација на ризик и Систем за брзо известување (РАСФФ)
Нови прекрамбени технологии
Генетски модифицирана храна
Храна произведена со иновирани технологии и јонизирано зрачење, новел храна и други видови храна
Стручна поддршка
Управување на систем за квалитет
Координација и контрола на лаборатории
Заштита на потрошувачите
Стратешко планирање
Општи и административни работи
Општи работи, архивско и канцелариско работење
Правни работи
Јавни набавки
Информатичка технологија
ЕУ и меѓународна соработка
ЕУ легислатива и европска
Меѓународна соработка и комуникација
Инспекциски надзор
Држ. инспекција за здравствена заштита на животни
Држ. инспекција за ветеринарно јавно здравство
Држ. инспекција за храна од неживотинско потекло
Државна ветеринарна инспекција на граничен премин
Држ. инспекција на храна граничен премин од неживотинско потекло
Меѓународна трговија и сертификација
Храна од неживотинско потекло
Безбедност на храна од неживотинско
Додатоци за храна, адитиви храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна
Материјали и производи во контакт со храна
Ветеринарно јавно здравство
Безбедност и квалитет на храна од животинско
Ветеринарно медицински препарати
Нус-производи од животинско потекло
Безбедност на храна за животни и исхрана на
Здравствена заштита и благосостојба на животните
Здравствена заштита на животните
Благосостојба на животните
Идентификација и регистрација на животните
Планови за итни мерки
Државен советник за ветеринарство
Државен советник за стручна поддршка и административно работење
Државен советник за храна
Државен советник за координација на инспекција и останати сектори

4.2. Фитосанитарен систем во Република Северна Македонија – надлежни органи за здравје на растенијата

Надлежностите од областа на здравјето и заштита на растенијата во Република Северна Македонија се следни:
- Фитосанитарната управа - надлежна за креирање и подготвување на законската рамка од областа на здравје на растенијата, производите за заштита на растенијата и ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата;
- Управата за семе и саден материјал - надлежна за креирање на политиката и подготвување на законската рамка од областа на семето и садниот материјал кај земјоделски растенија;
- Државната фитосанитарна лабораторија - надлежна за спроведување на лабораториски анализи за утврдување, дијагностицирање и детерминирање на штетните организми, анализа на активните супстанци во производите за заштита на растенијата, како и утврдување на резидуите од истите и утврдување на квалитетот на семето и садниот материјал од земјоделски видови на растенија;
- Државен инспекторат за земјоделство - сектор за вршење на инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика е надлежен орган за спроведување на инспекциски надзор во областа на фитосанитраната политика и
- Сектор за шумарство – надлежен е меѓудругото и во делот на заштита на шумските растенија.

Фитосанитарниот систем во Република Северна Македонија, кој ги опфаќа областите на здравјето на растенијата, производите за заштита на растенијата е уреден преку следниве национални законски прописи:

- Закон за здравјето на растенијата;
- Закон за производи за заштита на растенија;
- Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;
- Закон за селекционерски права и
- Закон за безбедност на храна.
-

Во националните законски прописи е транспонирано релевантното законодавство на ЕУ. Од сите овие закони произлегуваат низа подзаконски акти кои подетално ги уредуваат условите и начинот на работа на надлежните органи и носителите на јавни овластувања, кои се вклучени во контролниот систем за здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата.

Државен инспекторат за земјоделство (ДИЗ)

Државниот инспекторат за земјоделство е орган надлежен за примарното производство и придружните операции во земјоделството. Надлежностите на ДИЗ произлегуваат од Законот за државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09, 127/10, 53/11, 164/13,43/14, 33/15, 88/15, 39/16, 172/16 и 83/2018). ДИЗ ги спроведува официјалните контроли во областа на здравјето на растенијата, производите за заштита на растенијата, како и семето и садниот материјал.

Согласно член 26 од Законот за безбедност на храна, Државниот инспекторат за земјоделство е тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство е надлежен за храната од растително потекло, храната за животни во примарното земјоделско производство, како и придружните операции на примарното производство и здравствената заштита на растенијата, согласно овој закон и регулативите усвоени во согласност со овој закон, регулативите поврзани со земјоделството и здравјето на растенијата.

ДИЗ своето работење во фитосанитарната област го спроведува преку фитосанитарната инспекција која е организирана на:

- граничните премини во РСМ: Табановце (железнички, патен), Блаце (патен), Ќафасан (патен), Мецитлија (патен), Богородица (патен), Ново Село (патен), Делчево (патен), Деве Баир (патен), Блато (патен), Аеродром – Скопје (воздушно пристаниште), Товарна, пошта и
- внатрешноста на државата и тоа:

а) во внатрешноста на државата на целата територија на РСМ и

б) на следниве места на утовар каде што се врши фитосанитарен преглед на растителни пратки наменети за извоз и реекспорт: Скопје, Струмица, Кавадарци, Прилеп, Штип, Кочани, Велес и Ресен.

Во областа на безбедноста на храната ДИЗ е надлежен орган за спроведување на официјални контроли од областа на органско земјоделско производство, квалитетот на примарните земјоделски производи од растително потекло, како и заштитените ознаки за квалитет, а истите се спроведуваат преку земјоделските инспектори кои се распоредени на целата територија на РСМ.

Со цел спроведување на должностите кои произлегуваат од надлежностите од соодветните закони, во Државниот инспекторат за земјоделство вработени се:

Вкупно вработени - 158;

Земјоделски инспектори - 60;

Фитосанитарни инспектори - 51 и

Административен персонал - 47.

4.3. Фитосанитарна управа - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Фитосанитарната управа е надлежен орган за вршење на активностите поврзани со здравјето на растенијата според Законот за здравјето на растенијата.

Воедно, управата има надлежност за вршење на активностите поврзани со регистрацијата, трговијата и употребата на производите за заштита на растенијата и ѓубриња, согласно Законот за производи за заштита на растенијата односно Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата.

Управата е надлежна за регистрирање на правни лица за производство, увоз и пласирање на пазар на производи од растително потекло, производите за заштита на растенијата и ѓубрива биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата.

Фитосанитарната управата е одговорна за координација и размена на информации меѓу надлежни служби вклучени во фитосанитарниот систем, комуникација и известување со

DF – SANTE - Европската Унија, комуникација и координација со меѓународните организации и решавање во прв степен во управна постапка по прашања од областа на заштитата на растенијата. Меѓудругото, таа е одговорна и за спроведување на меѓународните и билатералните конвенции, спогодби и договори од фитосанитарната област кои ги ратификувала Република Северна Македонија.

Поглавје 5 - Организација на и управување со официјални контроли од страна на надлежните органи

5.1. Организација на официјалните контроли на храна, храна за животни, здравје и благосостојба на животните

Согласно Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), органите на државната управа кои вршат инспекција имаат обврска за заемна соработка при спроведувањето на инспекциските активности од заеднички интерес, како и соработка со другите државни административни тела.

За сите неправилности кои се јавуваат во текот на инспекцијата, должни се да го известат надлежното тело, т.е инспекциското тело, кое презема соодветни мерки во рамките на своите надлежности.

Организација на официјални контроли засновани на пристапот на ЕУ и националните законодавни норми и спроведени со примена на стратешки документи, годишен надзор и контролни планови и програми како и методолошка документација (упатства, насоки, процедури, контролни листи) кои се изготвени во рамките на АХВ.

Надзорот и контролните задачи се планираат на централно ниво на Агенцијата а се спроведуваат преку нејзините локални единици во целата земја (Видете ги официјалните контролни системи). Секој сектор кој врши инспекции е одговорен за координација на службениот надзор и контролните активности, развојот на мониторинг програми за земање примероци во нивна надлежност и преглед и чување на инспекциските податоци. Инспекторите, при вршење на надзор и нивните инспекциски задачи, ги спроведуваат мерките за управување со ризик кои се усвоени на ниво на сектор.

Во склоп на официјалните контроли, АХВ ги обезбедува следниве методи и техники на контрола и надзор:

-Инспекција;
-земање на мостри за лабораториски испитувања;
-мониторинг;
-надзор;
-интервјуа, верификација, преглед на документацијата и друга евиденција и сите други активности потребни за утврдување на случаите на неусогласеност со одредбите на законите.

Официјалните контроли се вршат без претходно известување и во било која фаза на производството, преработката и дистрибуцијата на храна. Тоа подразбира, контрола на

бизниси со храна, за употреба на храната, нејзино складирање, на сите процеси, материјали, супстанции, активности, вклучително и транспортот на храна и на живи животни. Агенцијата треба да гарантира непристрасност, квалитет и постојаност на официјалните контроли на сите нивоа (член 77, Закон за безбедност на храна).

5.1.1. Ресурси

5.1.1.2. Човечки ресурси

Согласно член 23 од Законот за безбедност на храна, за вработените лица во Агенцијата кои имаат статус на државни службеници, во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за административни службеници. Согласно член 23 од Законот за безбедност на храна, за вработените лица во Агенцијата кои имаат статус на државни службеници, во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за административни службеници.
За вработените во Агенцијата кои вршат помошни и технички работи во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за работни односи.
Во моментов во Агенцијата има вработено 341 државен службеник, од кои 177 се инспектори. Во централата во Скопје се вработени 168лица, во подрачните единици 196 лица, а на Граничните премини 27 лице.
Управувањето со вработените во АХВ е стратешки организирано со следнава цел: секој вработен индивидуално како и сите заедно се стремат кон постигнување на поставените цели, постојано зголемувајќи ја работната ефикасност и извршувањето на работните задачи на највисоко ниво.
Едно од главните прашања за време на реализирањето на ПНКП е да се вработат оптимален број на лица во сите сектори и одделенија со што би се обезбедило непречено работење на АХВ.
Во моментов, АХВ предвидува организациони единици и број на вработени лица со што би се обезбедило практично функционирање и ефикасност на АХВ во иднина, па затоа сè уште има значителна разлика меѓу веќе вработените и предвидените работни места.
Во Агенцијата се обезбедени предуслови за вработените кои вршат официјални контроли да немаат конфликт на интереси (член 77 Закон за безбедност на храна), со потпишување на изјава за спречување на конфликт на интереси и доверливост при извршување на официјални контроли, како составен дел од Процедурата за управување со човечки ресурси.
Официјалните контроли во областа на безбедноста на храна,храна за животни, здравјето и благосостојба на животните ги вршат вработените во Секторот за инспекциски надзор со следната структура:

- Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните;
- Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство;
- Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско;
- Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин;

- Одделение за државна инспекција на граничен премин за храна од неживотинско потекло и
- Одделение за меѓународна трговија и сертификација.

Во Секторот за инспекциски надзор работат вкупно 233 вработени од кои 174 инспектори и тоа 103 Официјални ветеринари и 71 Инспектори за храна, распоредени во 29 Подрачни единици и 10 Гранични премини (од кои 2 на аеродром), прикажани табеларно подолу. Останатите вработени во секторот се референти, помлади соработници и советници во центаралата на АХВ и во подрачните единици на АХВ.

Табела бр. 5.1

Број на вработени инспектори по одделенија

Одделение	Број на вработени
Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните	44
Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство	43
Одделение за државна инспекција за храна од не животинско потекло	60
Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин	16
Одделение за државна инспекција на граничен премин за храна од не животинско потекло	11
Вкупен број на инспектори	174

Во Агенцијата се обезбедени предуслови за вработените кои вршат официјални контроли да немаат конфликт на интереси (член 77 Закон за безбедност на храна), со потпишување на изјава за спречување на конфликт на интереси и доверливост при извршување на официјални контроли, како составен дел од Процедурата за управување со човечки ресурси.

5.1.1.3. Финансиски ресурси

Ресурсите за финансирање на работата на Агенцијата се обезбедуваат од:

1. Буџетот на Република Северна Македонија;
2. Сопствен приход;
3. Од буџетот на Европската Унија согласно критериумите утврдени во билатералните договори склучени меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија и
4. Донации и други извори утврдени со закон.

Платите и останатите финансии за спроведување на редовните активности и операции на Агенцијата се распределуваат од буџетот на Република Северна Македонија. Средствата се предвидуваат на годишно ниво во координација со Министерството за финансии.
Во рамките на Агенцијата (Сектор за правни и административни прашања) има одделение за финансиски прашања. Во моментов за АХВ работат 3 финансиери. Обезбедуваат поддршка при пресметка на буџетот и подготовката на финансиската евиденција. Персоналот од АХВ обезбедува информации за искористувањето на буџетот, вклучително сметки и други записи на барање, и согласно нормите утврдени во законодавството.
АХВ добива буџет од Владата за:

1. Извршување на секојдневните функции на АХВ и
2. Спроведување на официјални контролни програми.

Согласно распределениот буџет, АХВ изработува годишна програма и го дели буџетот на три главни дела:

1. Набавка – набавка на добра, опрема;
2. Услуги – ИТ, сервисирање на возила, осигурување, превод, печатење и
3. Работа – конструкција.

Подпрограма поделена на неколку посебни програми за:

1. Здравствена заштита на животните;
2. Ветеринарно јавно здравство, вклучително и храна за животни;
3. Мониторинг на безбедност на храна и
4. Програма за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2018 година.

Додатно на тоа, АХВ добива одреден приход од одредени мислења (адитиви за храна), одобрение на документација (вода) и процедури за одобрение на објекти согласно законодавните норми. АХВ исто така собира средства од официјалните контроли согласно законодавството на сила и сите овие средства одат директно во државниот буџет. Во иднина, АХВ ќе предложи модел за собирање на средства кои доаѓаат од официјалните контроли и кои ќе се користат за целите на АХВ, особено за активностите во однос на официјалните контроли како што е наложено во законодавството на ЕУ.

5.1.1.4. Материјални ресурси

Материјалните ресурси кои Агенцијата ги има на располагање во рамките на внатрешните организациони единици: опремени простории вклучително и телефонски линии, ИТ опрема со интернет врска, софтверски системи, ИТ систем за идентификација и регистрација на животни; ИТ систем за ветеринарни инспекции на граничен премин; моторни возила и работна опрема за инспекторите.
Предвидено е да се продолжи со постепено оптимизирање на мрежата на АХВ, да се набави нова опрема со што би се обезбедила непречена работа на инспекциските служби

Поглавје 6 – Хоризонтални и поддржани активности

6.1. Систем за обуки , оспособување во АХВ и услови за вработување

Согласно Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14) е пропишано стручно оспособување и усовршување на сите државни службеници. Сите државни службеници се должни постојано да се оспособуваат за работите на своето работно место и да ги усовршуваат своите стручни способности и вештини во организирани програми на едукација.

Програмите во државната служба вклучуваат:

Во член 82 од Законот за безбедност на храна е наведено дека Агенцијата обезбедува лицата кои вршат официјални контроли да се стекнат со соодветна обука која им овозможува да ги вршат работите за кои се надлежни и да вршат официјални контроли на доследен начин и да се во тек се со најновите случувања во нивната област и ако е потребно, да посетуваат редовно дополнителна обука.

Со помош на Европска комисија, ЕФСА, ОИЕ и други меѓународни организации, се обезбедуваат стручни обуки со кои се извршуваат одредбите од Закон за безбедност на храна, во делот на стручното оспособување на вработените. Работилници „Better training for better food„ е иницијатива на европската комисија со цел да едуцира што повеќе службеници вклучени во официјалните контроли на храна,храна за животни, здравствена состојба и благосостојба на животните. По завршувањето на курсевите учесниците на овие работилници треба да го прошират и пренесат стекнатото знаење и искуство на другите нивни колеги со цел зголемување на бројот на едуцирани службеници и поефективно и ефикасно извршување на официјалните контроли и подобрување на квалитетот на работата.

Во рамките на проектот *„Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на EU Acquis – EuropeAid/124586/C/SER/MK"* , во тек е анализа на потребите од обуки и врз основа на тие анализи ќе се изработи програма за обуки и истата ќе се реализира во рамките на проектот и по завршување на проектот (тренинг на тренери).

Освен наведените програми, работилници, се одржуваат обуки со цел стручно усовршување на инспекторите. Наведените едукации ги спроведува АХВ самостално или во соработка со други институции како ФВМ.

Обуките се организираат во делот на безбедност на храната, храната за животни, здравјето на животните и нивната благосостојба, нуспроизводите од животинско потекло и ВМП.

АХВ исто така учествува и во едукацијата на операторите со храна, одгледувачи на животни, оператори со храна за животни, нус производи и ВМП.

Во делот на заштита на здравјето и благосостојбата на животните се организираат и спроведуваат обуки за болестите на животните, превентивните и биосигурносните мерки со цел заштита на здравјето на луѓето и животните, обуки за благосостојба на животните за време на превозот, колењето, убивањето во текот на сузбивање на заразните болести и во текот на фармски одгледувани животни и животни за научни цели.

Согласно Законот за безбедност на храна, како инспектор за храна може да се назначи секое лице кое ги исполнува следниве услови, покрај оние пропишани со регулативите со кои се уредува назначувањето на државни службеници: универзитетска диплома од областа на медицината, ветеринарната медицина, биологија, технологија за преработка на храна и работно искуство од најмалку 5 години работно искуство во соодветната професија и има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

Како официјален ветеринар може да се назначи секое лице кое ги исполнува следниве услови, покрај оние пропишани со регулативите со кои се уредува назначувањето на државни службеници: универзитетска диплома од областа на ветеринарната медицина, работно искуство од најмалку 5 години работно искуство во соодветната професија и има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

Поголемиот дел од персоналот на АХВ кој е надлежен за официјалните контроли на храна од неживотинско потекло има универзитетска диплома за: доктор по медицина, доктор по медицина со специјализација за хигиена и епидемиологија, прехранбени технолози, агрономи и биолози.

Повеќето од нив работеле во Дирекцијата за храна и пристапиле кон тимот на АХВ по нејзиното основање.

6.2. Систем за обуки и оспособување во ДИЗ, фитосанитарната управа

Во наредниот период ќе се продолжи со понатамошна обука на инспекторите во рамките на ИПА проектите, BTSF, TAIEX, како и од страна на националните експертите од државата согласно потребите на вработените во Државниот инспекторат за земјоделство. Обуки за вработените во Фитосанитарната управа генерално се обезбедуваат преку инструментите на ЕУ, како што се: TAIEX, DG SANCO (BTSF), IPA итн. Потребни се повеќе обуки, особено особено во насока на правилна имплементација на законите од областа на здравјето на растенијата и од областа на Законот за фитофармација.

6.3. Систем за аудит во АХВ

Во рамките на АХВ постои одделение за внатрешна контрола и аудит кои работат на активностите за внатрешна контрола и внатрешен аудит на АХВ. Одделението ќе биде надлежно за спроведување на внатрешен аудит на официјалните контролни системи.

Одделение за внатрешна контрола и аудит

Во моментов, според Правилникот за внатрешна организација на АХВ, одделението за внатрешна контрола и аудит е надлежно за:

– Непосредна контрола и надзор на работата на административните службеници;
– да го извести директорот на Агенцијата во случај на добиени информации за неправилности во однос на работењето на вработените на АХВ;


– организација на спроведувањето на внатрешна контрола;
– изготвување на извештај по спроведените внатрешни контроли кој се доставува до Директорот на АХВ;
– постапување по Пријави за неправилности во работењето на административните службеници во АХВ, ја утврдува фактичката состојба и со извештај го известува директорот;
– за време на аудитот, да осигура и потврди дека активностите и резултатите на организационите единици на АХВ се во сообразност со предвидените/планираните цели;
– планирање на активности за внатрешен аудит засновани на годишна програма и План за внатрешен аудит на официјални контроли во АХВ;
– подготовка на извештаи до директорот за спроведените активности на внатрешен аудит и
– избира членови на тимот за аудит и ги организира предвидените активности за аудит.

За управување и организација на одделението за внатрешна контрола и аудит, Директорот на АХВ ги има потпишано и усвоено следниве документи:

– Правилник за начинот и постапката за спроведување на внатрешна контрола во АХВ;
– Правилник за начинот и постапката за спроведување на внатрешна ревизија на официјални контроли;
– Процедура за спроведување на внатрешна контрола;
– Процедура за спроведување на аудит на официјалните контроли во АХВ и
– 3 Годишна Програма и План за активностите на одделението во врска со спроведување на аудит на официјални контроли.

Слика бр. 6.1

Внатрешен аудит



6.4. Активности за стручна поддршка

Сектор за стручна поддршка е надлежен за:

- спроведување на ISO стандардите и за управување со квалитет и други системи на квалитет;
- координација и контрола на лабораториите кои се во надлежност на АХВ, и кои вршат активности од јавен интерес;
- спроведување на активности на заштита на потрошувачи и стратешко планирање.

Придонес од Секторот за стручна поддршка би биле во три сегмента: системи за управување со квалитет, заштита на потрошувачи и координација и контрола на лаборатории, додека сегментот на стратешко планирање не влегува во рамките на документот.

Управување со системи за квалитет

Агенцијата за храна и ветеринарство е првата државна институција во која е имплементиран стандардот за управување со квалитет во работењето ИСО 9001 :2015. Системскиот начин на управување со работни процеси во Агенцијата е од големо значење за институцијата бидејќи со воведувањето на ИСО стандардот во работењето се унапреди квалитетот на управувањето со процесите, се зголеми ефективноста и ефикасноста во работењето, се подигна свеста и одговорноста кај вработените, се подобри квалитет на услугите за граѓаните и бизнис операторите, со што се придонесе за зголемено задоволството на корисниците на услугите.
Верзијата на стандардот ИСО 9001:2008, беше имплементиран во Агенцијата во декември 2014 година. Во изминатите три години, Системот за квалитет на Агенцијата се унапредуваше, а документација континуирано, се усогласуваше со сите измени на законските и подзаконските акти. Во Агенцијата се имплементираа сите неопходни документи преку документирање на сите процеси во АХВ, како и сите системски процеси согласно барањата на стандардот.
Менаџерот за квалитет во соработка со Одделението за управување со системи за квалитет континуирано во текот на целата година го координира процесот на ревидирање на документацијата и изготвување на планови, програми, анализи и извештаи согласно барањата на стандардот.
Минатата година фокусот се стави и на идентификување на ризиците во оперативните процеси, со цел да се воспостави управување на процеси преку утврдени ризици. Во текот на октомври 2017, во период од три недели беа спроведени обуки за сите вработени, со цел запознавање со новата верзија на стандардот ИСО 9001 2015.
По овој процес при претстојната транзиција на Системот за квалитет според новиот стандард ИСО 9001: 2015, се реализираше внатрешен аудит во целата институција за да се потврди усогласеноста со барањата на стандардот, а беше реализирано и преиспитување на Системот за менаџмент со квалитет, од страна на врвното раководство, на кој беа донесени заклучоци за континуирано подобрување на СМК на АХВ, со цел унапредување и униформирање на работењето во Агенцијата.

Внатрешните аудити и надворешни надзорни проверки се спроведуваат секоја година во Агенцијата.
АХВ до крајот на 2019 година планира да поднесе барање до Институтот за акредитација на РСМ за акредитација на инспекциските тела ПЕ Скопје и ГП Богородица согласно барањата на стандардот ISO/IEC 17020:2012.
Стандардот MKS EN ISO/IEC 17020:2012 е меѓународен стандард за инспекциски тела и е одобрен од Интернационалната Организација за Стандардизација (International Organization for Standardization) со цел промовирање доверба во телата што вршат инспекција. Согласно барањата на стандардот ISO/IEC 17020:2012, Агенцијата има воспоставено дефинирани методи и документирани процедури за инспекција. Поголем дел од методите и документираните процедури и упатства се веќе имплементирани во работата на инспекциските тела ПЕ Скопје и ГП Богородица, а усогласеноста со барањата на инспекцискиот стандард треба да се провери во следниот период преку внатрешен аудит и преку преиспитување на врвното раководство.

Одделение за заштита на потрошувачи

Во државата е воспоставен систем за заштита на правата и интересите на потрошувачите, преку кој е воспоставена комуникација меѓу сите заинтересирани страни. Агенцијата ги води политиките за заштита на потрошувачите во областа на храната и ветеринарството преку организационата единица „Одделението за заштита на потрошувачи„.
Една од активностите, која е од интерес за овој план е иницирањето на инспекциски контроли по пријави, жалби, предлози од граѓани/потрошувачи и правни лица, кои се поднесуваат писмено, усно, електронски и преку бесплатната телефонска линија, што ја има обезбедено Агенцијата. Се иницираат контроли согласно со проблемите и ризиците на кои се укажува во поднесоците и тоа во областа на храната и во областа на ветеринарството. Формирана е база податоци за постапувањата по ваквиот вид контроли, која се евалуира на годишно ниво. Евалуацијата ги разгледува и анализира прашањата и проблемите што се покренуваат со претставките, односно предлозите и причините за нивното поднесување. Сето тоа е со цел да се идентификуваат проблемите на граѓаните и да се насочат активностите на институцијата кон решавање на тие прашања. Токму затоа евалуацијата претставува значајна алатка која Агенцијата може да ја користи во таа насока.
Во евалуација се дадени препораки за инспекциските служби, кои треба да се користат во планирање и зголемување на ефективноста и ефикасноста на инспекциските контроли.
Следните пет години се планира да се унапредува овој систем со зајакнување на соработката со инспекциските служби, одржување на „бесплатната телефонска линија„ „воспоставување на електронската апликација за поплаки„ но исто така и зголемување на транспарентноста кон јавноста и активната соработка со невладиниот сектор и бизнисите со храна.

Во спроведување на одредени функции согласно законските надлежности, АХВ е технички подржана од одредени лабораториски капацитети, кои делуваат во функција на официјални или национални референт лаборатории.

Согласно Законот за безбедност на храна и Законот за органско производство, АХВ има позиција на поддршка од одредени независни трети страни на кои се делегирани одредени контролни активности – тела за сертификација на органското производство контролни тела.

6.5. Систем за RASFF

Агенцијата е точка за контакт и воспоставува соодветна организациона структура за RASFF (Систем за брзо известување за храна и храна за животни). Агенцијата ги координира субјектите вклучени во системот за брзо известување, разменува информации во рамките на Република Северна Македонија и исто така врши размена на информации со еквивалентни системи од други земји. Во рамките на Агенцијата, точки за контакт се: Секторот за проценка и комуникација на ризик, односно Одделението за комуникација на ризик и RASFF.

Согласно Правилникот за внатрешна организација на АХВ, Одделението за комуникација на ризик и RASFF:

1. Извршува работа како контакт точка за Република Северна Македонија со RASFF системот на Европската унија;
2. Постојано известува за идентификувани ризици во однос на храната и храната за животни од ЕУ RASFF системот и добиените информации ги пласира до надлежните инспектори, односно надлежните државни органи;
3. Презема мерки за транспарентно информирање на инспекторите и потрошувачите во случај на идентификуван ризик;
4. Комуницира со сите надлежни органи за преземање соодветни мерки во случај на итност при утврден ризик;
5. Ја информира јавноста за природата на опасностите по здравјето на луѓето;
6. Преземање мерки за транспарентно информирање и заштита на потрошувачите во однос на утврдените ризици кај храната и храната за животни;
7. Комуницира во однос на преземените мерки, или мерките кои што треба да се преземат со цел да се спречи, минимизира или отстрани ризикот;
8. Податоците за преземените мерки од страна на АХВ во однос на утврдени ризици во небезбедна храна нотифицирана преку ЕУ RASFF системот електронски ги проследува до RASFF тимот во Брисел;
9. Работи на воспоставувањето и унапредувањето на системот за брзо известување за небезбедна храна/храна за животни во Република Северна Македонија (МК RASFF систем);
10. Врши улога на тело за размена на податоци во однос на кризи, односно комуницира со други надлежни тела или одделенија за кризи;
11. Дава извештаи во однос на сите објавени податоци на Европската комисија за одредени дозволи и забрани за увоз на храна; изготвува стручни мислења во врска со потенцијалниот ризик;
12. Изготвува план за известување при итни случаи;

13. Изготвува план за повлекување на производи од промет за кои постои основано сомневање дека се опасни по здравјето на човекот;
14. Подготвува информации за веб - страницата на Агенцијата;
15. Подготвува Стратегија за комуникација на Агенцијата и
16. Издава публикации и друг информативен материјал наменет за јавноста, во однос на работата на АХВ.

Спроведувањето на гореспоменатите активности се врши согласно процедурите за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство.

6.6. Управување со кризи

Во Законот за безбедност на храна е утврдено дека Агенцијата дава предлог - план за управување со кризи во областа на безбедност на храна и храна за животни.
Со цел да се изготви планот за управување со кризи, директорот на Агенцијата формира работна група со неколку учесници. Групата во моментов работи на изготвување на планот за управување со кризи и потоа истиот ќе се презентира пред соодветните учесници за консултација.
Во општиот план е претставена ситуацијата како и директните или индиректните ризици по здравјето на луѓето кои доаѓаат од храната и храната за животни и кои не би можеле да се спречат ,елиминираат или намалат до прифатливо ниво со помош воспоставените мерки или со нив не може да се управува само преку примена на мерките за итни случаи и практичните процедури потребни за управување со кризи, вклучувајќи ги и начелата за транспарентност кои треба да се применат како и стратегијата за комуникација.
Општиот план за управување со кризи го усвојува Владата на Република Северна Македонија за период од 5 години.
Со цел полесна примена на планот за управување со кризи, Агенцијата изготвува оперативен план за непосредни мерки кои би се применувале во случај храната или храната за животни да претставуваат сериозен ризик по здравјето на луѓето, директно или преку животната средина.

Поглавје 7 - Приоритети на официјалните контроли

7.1. Листа на приоритети за спроведување на ПНКП и јакнење на официјалните контроли:

1.Понатамошно усвојување на соодветното законодавство за спроведување, стандардни оперативни процедури (во понатамошниот текст СОП), прирачници и контролни листи за подобрување на ефективноста на официјалните контроли;
2. Понатамошно прилагодување на Правилникот за систематизација и организација на АХВ (работни места и опис на работното место) со цел правилно да се распоредат капацитетите во функција на ефикасно и ефективно спроведување на надлежностите;

3. Јакнење на системот за човечки ресурси во АХВ согласно добрите практики за политика на човечки ресурси со можност за промовирање на државните службеници во повисоко звање;
4. Обезбедување доволно финансиски средства за постојано спроведување на функциите и активностите на АХВ, особено активностите утврдени во програмата за официјални контроли, вклучувајќи и воспоставување на финансиски систем заснован на одржливи сопствени ресурси;
5. Воспоставување на одржлив систем за обуки;
6. Унапредување и понатамошен развој на системот за аудит, зајакнување на човечките капацитети при понатамошната реализација и унапредување на таквиот систем;
7. Воспоставување на релевантен и најприфатлив систем за анализа на ризик со цел да се постигне ефикасност во официјалните контроли и заштитата на потрошувачите;
8. Воспоставување и одржување на систем за управување со кризи и функционирање на структурата на централно и локално ниво;
9. Имплементирање на систем за стандард за инспекциски тела МКС EN ISO/IEC 17020
10. Развивање на модули за работа на инспекторите во ИСАХВ системот.

Поглавје 8 – Преглед и надополнување на планот

ПНКП ќе се ажурира постојано, во врска со подготовката на годишниот извештај Регулативата (ЕЗ) бр. 882/2004). Првиот извештај се подготвува една година откако започнала реализацијата на повеќегодишните национални контролни планови, и последователно, секоја година потоа. Во извештаите треба да се наведат сите измени направени на повеќегодишниот национален контролен план. Во извештајот исто така треба да се наведат резултатите од официјалните контроли и аудити спроведени во текот на претходната година, видот и бројот на случаи каде се утврдени недоследности; активности со кои би се обезбедила делотворна реализација на повеќегодишните национални контролни планови, вклучително активностите кои се спроведуваат и резултатите од истите. АХВ ќе ги финализира извештаите и ќе ги достави до Владата, во рок од шест месеци по крајот на годината за која се однесуваат тие извештаи.

Поглавје 9 - Контролен систем за здравствена заштита на животни, благосостојба, идентификација и регистрација

9.1. Општи национални стратешки цели

Вовед

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежен орган во Северна Македонија во областа на официјална контрола за здравствена заштита на животните. Основната регулатива во

ветеринарната област е Законот за ветеринарно здравство со кој се утврдуваат одредбите во однос на организацијата и надлежностите на ветеринарните служби и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на заштитата на луѓето и животните од болести кои се пренесуваат преку животни и производи од животинско потекло.

Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните од АХВ е централен надлежен орган за здравствена заштита и благосостојба, идентификација и регистрација на животните. Овој сектор е надлежен за развивање и обединување на политиките во делот на здравствената заштита на животните, координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите и преку управување со средствата.

Еден од фокусите на секторот е спроведување на три повеќегодишни национални програми, имено за бруцелоза кај говеда, бруцелоза кај овци и кози и туберкулоза кај говеда. Наведените болести сè уште се ендемични во разни делови од земјата, претставувајќи ризик и по здравјето на луѓето. Искоренувањето на овие болести претставува приоритет за АХВ во областа на здравствената заштита на животните. Мерки за сузбивање и искоренување се преземаат и во однос на други болести како што се беснилото, класичната чума кај свињите (укинување на вакцинацијата),афричка свинска чума, авијарна инфлуенца, син јазик итн.

Цел

Со цел да се обезбедат контролни механизми и ефективен надзор на здравствената заштита на животните кои ќе се засноваат на извршена анализа на ризик, да се воспостават соодветни алатки за искоренување на болести и систем за навремено предупредување со кој би се утврдувале појавите на заразни болести кај животните, поставени се следниве цели:

1.Контрола и превенција на ширење на болестите кај животните во земјата;

2. Утврдување на агенси на болестите и ефикасно отстранување на истите од одредена популација;

3. Воспоставување и целосна оперативност на ветеринарно информационен систем, со кој ќе се обезбеди следливост на болестите кај животни и ќе се обезбеди детална база на податоци за целите на официјалниот надзор и

4. Воспоставување на соодветни методолошки и технички ресурси со кои би можело да се спроведе и управува со применлив и ефективен механизам за искоренување на заразни болести кај животните.

Постојат две компоненти кои се критични за постигнување на целите – финансиските средства и нивото на јавната свест (претежно кај сопствениците на животни) за значајноста на контролите на здравјето на животните. АХВ ги има опфатено и двата аспекти во повеќегодишниот национален контролен план кои се соодветно елаборирани и за кои се предвидени активности за нивно спроведување.

9.2. Организација и структура на надзорот за здравствена заштита

9.2.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

Севкупната надлежност за организација и функционирање на надзорот за здравствена заштита, во Република Северна Македонија е во рамките на АХВ (Закон за безбедност на храната, член 15 и 26).
Правната основа на статусот на АХВ е дадена во Законот за безбедност на храна, („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18).

Надзорот на здравствената заштита на животните е организирано на три нивоа:

1. Централно ниво – централен надлежен орган (Сектор за здравствена заштита и благосостојба – АХВ;
2. Локално ниво – локални епидемиолошки единици на АХВ и
3. Локално ниво – ветеринарните друштва се надлежни за спроведување на мерки за контрола на здравствената заштита на животните. Задачите и надлежностите се утврдени со посебен договор склучен помеѓу АХВ и ветеринарните друштва. Согласно новиот концепт на здравствена заштита на животните во текот на 2013 година се спроведе Јавен повик кој содржи елементи кои се однесуваат на условите за распределба како висината на надоместокот за вршење на активности за здравствена заштита на животните. Со ова се заменува досегашниот пристап на обезбедување на покриеност на здравствената заштита на животните со нов кој е пофлексибилен и поефикасен и дозволува наметнување на пазарана конкурентност.

Прво ниво на надзор на здравствената заштита на животните:

Во рамките на АХВ, главната структура надлежна за прашањата во однос на здравствената заштита на животните е Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните – одговорен за изготвување на правни документи, програми, извештаи, планови за итни мерки и упатства во рамките на својата надлежност како поддршка на спроведувањето на контролните систем за здравствена заштита и благосостојба на животните. Организацијата,структурата и надлежностите на секторот се дадени во Правилникот за систематизација на работните места во Агенција за храна и ветеринарство
Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје – врши дијагностички анализи и испитување на болести кај животните. Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје согласно „Годишната наредба за здравствена заштита на животните" е назначен како надлежна институција за вршење на лабораториски испитувања. Целта и начинот на соработка меѓу АХВ и лабораторијата се утврдени во договорот. Договорите се склучуваат на период од пет години и се предмет на годишен преглед и прилагодување од страна на АХВ, согласно ветеринарните приоритети.
Резултатите од тестирањата лабораторијата ги внесува во лабораторискиот информативен систем (LABIS). Податоците се достапни за АХВ.

Второ ниво на надзор на здравствената заштита на животните:


Во рамките на Секторот за инспекциски надзор во АХВ распоредени се 29 локални единици во кои се распределени официјалните ветеринари при одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните од Секторот за инспекциски надзор.

Трето ниво на надзор на здравствената заштита на животните:

Трето ниво на надзор за здравствена заштита на животните се ветеринарните друштва кои се овластени за спроведување на одредени мерки за заштита на здравјето на животните од заразни болести, во рамките на примарните и секундарните ветеринарно-здравствени дејности. За спроведување на ова нивно на надзор потпишани се засебни договори меѓу АХВ и секое одделно ветеринарно друштво се со цел - контрола на болести кај животните. За населените места во 81 епизоотиолошка единица потпишани се договори со 136 ветеринарни друштва. Овластените друштва ги реализираат активностите согласно Годишна наредба за здравствена заштита на животните. Ветеринарните друштва јавните овластувања ги спроведуваат под надзор на официјалните ветеринари. Сите спроведени активности ветеринарните друштва и официјалните ветеринари ги внесуваат во Ветеринарно информативниот систем (ИСАХВ), а испраќањето на примероци (крв или друг материјал) до националната референтна лабораторија Факултет за Ветеринарна Медицина Скопје се врши со формулари и баркодови. ИСАХВ содржи податоци од областа на задравствената заштита и благосостојба на животните, идентификација и регистрација на животните како и јавното ветеринарно здравство.

Слика бр. 9.1.

Структура на надзорот за здравствена заштита на животните



9.2.2. Човечки ресурси

Табела бр. 9.1

Број	Ниво на надзор и контрола	Број на вработен персонал	Забелешки
1	***Централно ниво** во СЗЗЖ*	*7*	
2	***Централно ниво - Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните од СЗЗЖБ***	*3*	
3	***Локално - Официјални ветеринари во одд. за државна инспекција за здравствена заштита***	*44*	
4	***Локално** (приватни ветеринарни друштва) (трето ниво)*	*136*	

9.2.3. Материјални средства /техничка опрема

Персоналот од секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните како и персоналот од локално ниво, располага со доволно материјални средства: опремени простории со директни телефонски линии; IT опрема со интернет врска; софтверски системи; информатички систем за идентификација и регистрација на животни и едно моторно возило

Во случај на појава на некоја од болестите која е уредена со планови за итни мерки, за потребите за ефикасно и ефективно постапување заради контрола сузбивање и искоренување на болеста, на официјалните ветеринари кои делуваат во локалните центри за контрола на болеста се доставува неопходната опрема. Во време кога нема појава на болести кај животните кои подлежат на планови за итни мерки АХВ на централно ниво располага со доволна количина на опрема која се возобновува и надополнува на годишно ниво. Опремата за лична заштита која е за еднократна употреба се доставува до официјалните ветеринари зависно од потребите и особено во случај за контроли за кои е важно почитувањето на биосигурносните мерки со цел да се намали ризикот од внес и ширење на болести. На официјалните ветеринари во текот на 2017/2018 година се додели опрема која беше набавена во рамките на ИПА проект со која делумно се подобри работата на официјалните ветеринари.

9.2.4. Број на животни и одгледувалишта (информации од базата на податоци)

Табела бр. 9.2

Вид на животни	Број на регистрирани одгледувалишта	Број на животни
говеда	22308	190455
овци и кози	7430	792120
свињи	2987	110886
живина		
пчелни семејства	4599	243492

9.3. Систем за обуки

Во однос на активностите за здравствена заштита на животните, нема развиено ниту реализирано систем за обуки. Обезбедени се неколку обуки, за персоналот на централно ниво, како и за официјалните ветеринари. Овие обуки се организирани од страна на Еу-ФМД-ФАО, TAIEX и DG SANCO. Исто така спроведени се и обуки од експерти од централно ниво на АХВ за локалните инспектори (официјални ветеринари) и за одобрените ветеринари.
Еу-ФМД-„FMD emergency preparedness" предвидено е реализирање на работилници, симулациска вежба и учество на студиски тренинзи во Кенија (2018-2020).

9.4. Соработка со други институции/организации

- Факултет за ветеринарна медицина Скопје;
- Институт за јавно здравје, за пријавување на зоонози кај луѓето;
- Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој (за исплата на субвенции на фармерите);
- Министерство за внатрешни работи – во случаи кога официјалните ветеринари наидуваат на физички отпор од страна на сопствениците на животни, или пак се спречени во извршувањето на нивните задолженија; кога е потребно да се заштитат заразени области или региони, при ограничување на трговијата со животни, производи и суровини за време на движење на луѓето и животните во заразените региони и спроведување на мерките за спречување и искоренување на заразни болести кај животните, итн;
- Соработка со меѓународни структури и организации, како што е Светската Организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ), - редовно известување за болестите кај животните согласно барањата на ОИЕ за известување; учество во меѓународни состаноци организирани од страна на ОИЕ, вклучувајќи ги и годишните седници;
- Вклучување на Република Северна Македонија во системот за нотификација на болести кај животните до Комисијата на Европската Унија и нивниот систем за пријавување на болести кај животните (ADNS);
- Европската агенција за безбедност на храна (ЕФСА), претставувајќи ја Република Северна Македонија во работните групи кои се однесуваат на здравјето на животните и јавното здравје (претежно контрола на зоонози и зоонотски агенси);
- Потпишувања на меморандум за соработка на земји во регионот и со меѓународните институции со цел единствен пристап за контрола на болестите и заеднички проекти, разгледување и анализа на PVC оценката и постапување по истата;
- Подготвување и спроведување на вежба/и (симулациска, table-top, drill или некоја друга) за болести кои се предмет на планирање на планови за итни мерки;
- Заради спроведување на плановите за итни мерки кај животните и нивно сузбивање и искоренување, како дел од воспоставениот систем на заштита, спасување и управување со итна кризна и вонредна состојба која се однесува на

здравјето и благосостојбата на животните, согласно Законот за ветеринарно здравство, учество земаат следните органи на државна управа, институции и организации: Центарот за управување со кризи (ЦУК), Дирекција за заштита и спасување (ДЗС), Министерство за здравство (МЗ), Министерство за внатрешни работи (МВР), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), Агенцијата за финансиска поддршка за земјоделството и рурален развој (АФЗРР), Министерство за транспорт и врски (МТВ), Министерство за финансии (МФ), Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Министерство за економија (МЕ), единиците на локална самоуправа, Институт за јавно здравје (ИЈЗ), Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, ветеринарни друштва, јавни претпријатија, установи и други служби и други тела, правни или физички лица. Претставници од сите овие институции учествуваат во националниот центар за контрола на болест. Организирање на состаноци со претставниците од институциите заради олеснета соработка во случај на појава на болеста.

9.5. Приоритети за здравствена заштита на животни 2019-2023 година

Бр.	Предмет	Активност	Предвидено е да се реализира
1.	ИСАХВ	Изработка на модул за издавање на сертификати	2020
2.	Класична чума кај свињите	Контрола на имунитет кај големите свињарски фарми за проверка на имунитет и контрола на одгледувалишта на свињи – кај свињи заклани во кланица	2016– 2019
		Контрола на имунитет кај големите свињарски фарми каде резултатите од кланица потврдиле отсуство на имунитет од вакцина	2018-2019
		Контрола на имунитет кај свињи држени по селски стопанства и дворови	2018-2019
		Категоризација на комерцијални одгледувалишта согласно спроведени биосигурносни мерки и контрола на ризик и контрола по однос на категоризациите	2018-2019
		Контрола на одгледувалишта на свињи за отсуство на болеста	2019-2023
		Ревидирање на планот за итни мерки изготвување на оперативен прирачник	2018-2019
3.	Бруцелоза кај овци и кози *(B. melitensis)*	Да се продолжи со програмата за вакцинација на подмалдокот и земање на мостри во општини каде	2019-2023

		беше извршена масовна вакцинација на овците и козите со цел постепено воспоставување на статус слободни и официлајно слободни одгледувалишта и региони од бруцелозада се обезбеди строга контрола на движењето на овците и козите со посебно упатување кон движењата меѓу одгледувалиштата со различен здравствен статус на животните согласно Директивата 91/68/ЕЕЗ на Советот	
4.	Бруцелоза кај говедата *(B.abortus)*	Донесување на нова програма за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај говедата Целосно да се реализира контролата на движењето на животните, да се применуваат статусите во однос на здравствената состојба на животните во секое стадо говеда, согласно Директивата 64/432/ЕЕЗ на Советот	2019-2023
5.	Авијарна инфлуенца	Спроведување на Програма за активен надзор на авијарна инфлуенца кај живината и дивите птици (Службен весник на Република Македонија бр. 223/16)	2019-2023
		Ревидирање на планот за итни мерки и донесување на оперативен прирачник за авијарна инфлуенца	2018-2019
6.	Син јазик	Да се спроведе програма за надзор на синиот јазик согласно Одлуката 2010/267 на Комисијата	2019-2023
7.	Ензоотска леукоза кај говедата	Да се спроведе програма за надзор и искоренување на ензоотската леукоза кај говедата, согласно Директивата 64/432/ЕЕЗ на советот, Директивата 77/391/ЕЕЗ на Советот, Директивата 82/4000/ЕЕЗ на Советот	Согласно расположливиот буџет
8.	Трансмисивна спонгиформна енцефалопатија	Да се изработи прирачник со упатства за приватните ветеринарите и официјалните ветеринари за земање примероци за ТСЕ кај клинички сомнителни случаи, вклучително и од угинатите животни и да се обезбеди обука за одреден персонал (правна рамка, Регулатива 999/2001 на Советот)	2019-2023
9.	Болести кај риби	Спроведување на надзор на ВХС/ИХН кај пастрамки- согласно Правилникот	2015-2019 до добивање на статус

		за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет со аквакултура (Службен весник на Република Македонија бр. 85/13, 132/14 и 193/2017) и Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни (Службен весник на Република Македонија бр. 185/11, 114/14 и 31/18). Воспоставување на статус слободни од болест и одржување на тој статус	
		Спроведување на надзор на КХВ согласно Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет со аквакултура (Службен весник на Република Македонија бр. 85/13, 132/14 и 193/2017) и Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни (Службен весник на Република Македонија бр. 185/11, 114/14 и 31/18). Воспоставување на статус слободни од болест и одржување на тој статус	2017-2020
		Донесување на документи за добра хигиенска пракса на одгледувалиште за риби, прирачник биосигурносни мерки, болести кај риби. Изработување на план за итни мерки за надзор на болести кај водни животни	2019-2020
10.	Планови за итни мерки	- Да се изработи систем за распределба на материјалните средства, неопходни за брза реакција и за ефикасни мерки за искоренување на болеста. - Да се изработат планови за итни мерки и оперативни прирачници за искоренување на заразни болести (внатрешни процедури за известување, за убивање на животни, уништување на убиените животни, за дезинфекција, итн)	2019-2020

11.	Инфективна анемија кај копитари/ западно нилска трека	Спроведување на скрининг за присуство на болеста заради утврдување на понатамошни активности во однос на надзор и контрола.	2017-2020
12.	Болести кај диви животни	Надзор на африканска чума кај дивите свињи	2018-2020

Подготвување и спроведување на вежба/и (симулациска, table-top, drill или некоја друга) за болести кои се предмет на планирање на планови за итни мерки.

9.6. Документи во изработка

Изготвување на нов Закон за ветеринарно здравство согласно ЕУ регулативата каде од 2020 година започнува со имплеметација нов Закон за здравствена заштита на животните, а после спроведување на соодветни подготовки од страна на АХВ во поглед на донесената легислатива. Секундарната легислатива опфаќа изработка и донесување на правилници кои се однесуваат на дијагностички прирачници за разни болести кај животните. Овие правилници се надополнување на веќе донесени правилници кои се однесуваат на мерки за контрола, сузбивање и искоренување на особено опасни болести кај животните.
Правилник за дијагностички прирачник за Везикуларна болест кај свињите"- транспониран од - 32000D0428.
Новодонесени или изменети и надополнети правни акти на ЕУ наметнуваат потреба од промени и во националните правни акти кои се засегнати од овие измени.
Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на трансмисивни спонгиформни енцефалопатии („Службен весник на Република Македонија„ бр. 57/11) согласно измената и дополнувањето на Регулативата на советот и парламентот на ЕУ број 999/2001 со регулатива на Комисијата 1148/2014.
Се очекува овие документи да се објават и да стапат во сила во текот на 2017 година.

9.7. Организација и структура на надзорот за идентификација и регистрација на животните

9.7.1. Општи национални стратешки цели

Системот за идентификација и регистрација на животните претставува систем во кој се идентификуваат и регистрираат животните како и одгледувачите на истите, во централната база на податоци. Опфатени се животните од видовите говеда, овци и кози, свињи, пчели, домашни миленици, аквакултура. Податоците од системот понатаму се користат во спроведувањето на активностите кои произлегуваат од годишната наредба за здравствената заштита на животните, доставување на податоци до други институции за нивните потреби, изработка на разни извештаи од кои произлегуваат анализи потребни за креирање на разни политики итн.

Законска основа

Правна основа е дадена во Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија„ бр. 95/12, 27/14, 149/15 и 53/16).

9.7.2. Поделба на функции, задачи и одговорности

Надзорот на идентификација и регистрација е организиран на три нивоа :

1. Централно ниво – централен надлежен орган (Сектор за здравствена заштита и благосостојба – АХВ;
2. Локално ниво – локални подрачни единици на АХВ и
3. Ветеринарни друштва

1. Централно ниво

Главната структура надлежна за прашањата во однос на идентификацијата и регистрацијата на животните е Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните – одговорен за изготвување на правни документи, програми, извештаи, планови и упатства во рамките на својата надлежност како поддршка на спроведувањето на контролните систем за идентификација и регистрација на животните преку Одделението за идентификација и регистрација на животните. Организацијата, структурата и надлежностите на секторот се дадени во Правилникот за систематизација на работните места во Агенција за храна и ветеринарство.
Одделението за идентификација и регистрација на животните со следните задачи:
Мониторинг и логистичка поддршка на сите учесници во системот кои внесуваат податоци во ИСАХВ што вклучува:

– Давање насока за исправка на грешки при внес на податоци;
– Посета на сите инволвирани субјекти во Системот со цел да се утврдат недостатоците при нивната работа, како и пронаоѓање на идејни решенија со кои би се поедноставила и олеснила нивната работа;
– Обука на постојаните и новите учесници во Системот,
– Креирање на извештаи кои помагаат во вршењето на контроли со кои може да се види квалитетот на работата на сите учесници во системот;
– Подготовка на планови и стратегии за подобрување на Системот;
– Изработка и имплементација на нови модули;
– Изработка на законски и под законски акти, процедури и обрасци за потребите на Системот и работата на одделението за И и Р и
– Учество и управување со проекти.

Организација на спроведување на официјалните контроли во системот за идентификација и регистрација на животните е во надлежност на Секторот з инспекциски надзор преку одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните

2. Локално ниво

Во рамките на Секторот за инспекциски надзор во АХВ распоредени се 29 Подрачни-локални единици во кои се распределени официјалните ветеринари при одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните од Секторот за инспекциски надзор.

Со официјалните контроли се опфатени контрола на:


-Идентификација и регистрација на говедата;
-Идентификација и регистрација на овци/кози и
-Идентификација и регистрација на свињи.

3. Ветеринарни друштва

- Вршат првична регистрација на одгледувалиштата преку ИСАХВ системот со доделување на РБО (регистерски број на одгледувалиштет);
- обележување на сите новородени животни и преобележување на животните во случај на губење и оштетување на ушните маркици;
- издавање на документи за движење на животните;
- евидентирање на сите движења и угинувања на животните и
- попис на животните овци/кози и копитари, пчелни семејства.

Слика бр. 9.2.

Органограм на Системот за идентификација и регистрација



9.7.3. Човечки ресурси

Табела бр. 9.3

Број	Ниво на надзор и контрола	Број на вработен персонал	Забелешки
1.	***Централно ниво** (прво ниво)-Одделение за идентификација и регистрација*	*11*	
2	***Сектор за инспекциски надзор-одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните***	*1*	
3.	***Локално-Официјални ветеринариво одд.за државна инспекција за здравствена заштита***	*44*	
4	***Ветеринарни друштва***	*136*	

9.7.4. Систем за обуки

Обуката во областа на идентификација и регистрација се смета како важна алатка во контекст на развивање на најдобрите практики и сообразност со барањата утврдени во законодавството.
Системот за обуки во однос на благосостојбата на животните се состојат од обуки организирани од TAIEX или DG SANCO, OIE, RSPCA и RAWC. Исто така спроведени се и обуки од експерти од централно ниво на АХВ наменети за официјалните ветеринари и за приватните ветеринарни практичари и за одгледувачи на животни.

9.7.5. Соработка со други институции/организации

Соработката со другите институции или јавни организации во областа на идентификација и регистрација на животните на животните:

- Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој (во делот на контролата за исплата на субвенциите);
- Единиците на локалната самоуправа со општинските инспекциски одделенија при контрола на продажба на животни на јавни површини и
- Министерство за внатрешни работи во делот на помош при спроведување на контроли во одгледувалишта, сточни пазари и јавни површини, при транспорт и движење на животните.

9.7.6. Приоритети за официјални контроли и стратешки цели за 2019-2023

Во 2019 година се планира да се развие алатка за издавање на сертификати за здравствена состојба на животните директно од ИСАХВ со што би се олеснила работата за издавање на сертификатите, би се минимизирале грешките и би се елиминирале евентуалните злоупотреби.

Поради актуелните случувања на терен, како и потребата од нов Закон за ИР, во 2019 година се планира изработка на нов Закон за И и Р и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот.
Во 2019 година би се работело на унапредување на модулот за копитари како и модулот за надзор на беснило, како и заселен мониторинг на сите учесници во базата.
Поради сеопфатните извештаи кои се направија во 2017 и 2018 година, се лоцираа слабите точки на внесување на податоци во ИСАХВ. Тие можат да бидат одлични индикатори за местата каде треба да се зајакнат контролите во периодот кој следи.
Како слаби точки се јавуваат:

– Нецелосно внесување на податоци во ИСАХВ од страна на кланиците и пазарите,
– Голем број на движења на животните се без сертификат за здравствена состојба на животните и
– Недоволно извршени он-спот контроли.

Одделението за идентификација и регистрација на животните за подобрување на оваа состојба планира дополнителна обука на кланици, пазари и ветеринарни друштва да врши едукација на истите во однос на внесувањето на податоците во ИСАХВ, како и заземање на соодветна стратегија за примена на казнена политика, согласно направените прекршоци и изречени глоби кои произлегуваат од Законот. За таа цел, континуирано се прават измени во одредени бизнис правила во системот, со цел да се направи базата компактна и стабилна, како и можност за регулирање на проблематика со некои законски измени. Во таа насока планирана и е соработка и размена на информации со АФПЗРР во однос на одгледувачите кои не постапуваат по Законот за идентификација и регистрација на животните со примена на казнена политика.

Приоритети	**Година на спроведување**	**Потребни човечки ресурси**
Зајакната контрола на кланици, добиточни пазари и ветеринарни друштва	2019	Одд. за И и Р Одд. за државна инспекција за здравствена заштита на животните
Промена на бизнис правила	2019	Одд. за И и Р, Надворешна софтверска компанија
Да се унапреди модулот на домашните миленици.	2019	Одд. за И и Р, Надворешна софтверска компанија
Да се унапреди модулот за идентификација на свињи	2019	Одд. за И и Р, Одд. за државна инспекција за здравствена заштита на животните
Измена на правилникот за копитари	2019	Одд. за И и Р Одд. за ЕУ легислатива и европска интеграција

Измена на Законот за И и Р и подзаконски акти	2019-2020	Одд. за И и Р Одд. за ЕУ легислатива и европска интеграција
Развој и унапредување на модул за копитари	2019	Одд. за И и Р, Надворешна софтверска компанија
Развој на модул за издавање на СЗС	2019-2020	СЗЗБЖ, Одд. за И и Р Надворешна софтверска компанија
Развој и унапредување на модул за надзор на беснило	2019-2020	СЗЗБЖ, Одд. за И и Р Надворешна софтверска компанија
Унапредување на модулот за надзор на беснило	2020	СЗЗБЖ, Одд. за И и Р

9.8. Организација и структура на надзорот за благосостојба на животните

9.8.1. Општи национални стратешки цели

Вовед

Агенција за храна и ветеринарство, Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните, Одделение за благосостојба на животните и Секторот за инспекциски надзор е надлежно за планирање и спроведување на системот за надзор на благосостојба на животните.

Надлежност на Одделението за здравствена заштита на животните е следна:

- Мониторинг на благосостојбата на животните;
- Изготвување на планови и стратегии за подобрување на благосостојбата на животните;
- Подготовка на извештаи за благосостојбата на животните;
- Изготвување на законодавството за благосостојба на животните;
- Комуникација со национални и меѓународни организации во однос на благосостојбата на животните;
- АХВ е насочена кон правилно спроведување на законодавството за благосостојба на животните, и како надлежен орган, АХВ игра важна улога во исполнувањето на оваа задача.

Цел

Законот за благосостојба на животните во Република Северна Македонија е изработен и транспониран од законодавството на ЕУ, со цел да се обезбедат општи правила за заштита на сите видови животни кои се чуваат за производство на храна, волна, кожа или крзно или за други фармски цели, вклучувајќи ги и рибите, влекачите и водоземците. Главната цел е да се обезбеди дека животните не се подложни на болка или страдање кои може да се избегнат, и го обврзува сопственикот/одгледувачот на животни да се

придржува до минималните барања за благосостојба. Овие правила ги отсликуваат т.н „Пет слободи“:

- Слобода од глад и жед - пристап до вода за пиење и исхрана за целосно здравје и енергија;
- Слобода од неудобност - соодветна средина со заклон и удобна површина за одмор;
- Слобода од болка, повреди и болести - превенција или брз третман;
- Слобода за изразување на нормалното однесување - соодветен простори и опрема, придружба на животните од истиот вид и
- Слобода од страв и вознемиреност - услови и начин на третирање со кои се избегнуваат менталните страдања.

Законска основа

Примарното законодавство е спроведено преку Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија” бр. 149/14, 149/15 и 53/16) што е основен законски акт за надзор на благосостојбата на животните. Со овој закон се утврдени минималните барања за заштита и благосостојба на животни во однос на нивното одгледување, чување, грижа и сместување, заштита на животните при фармско држење, заштита и благосостојба на животните за време на превоз, колење или убивањето на животни заради контрола на болести, заштита и благосостојба на домашните миленици и бездомни кучиња, животни во зоолошка градини и животните кои се користат во експериментални цели.

Донесени се следниве подзаконските акти:

- Правилник за заштита и благосостојба на животните кои се држат за фармски цели („Службен весник на Република Македонија”бр. 3/17);
- Правилник за заштита на животните за време на превоз („Службен весник на Република Македонија” бр. 4/17);
- Правилник за заштита и благосостојба на експериментални животни („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/10);
- Правилник за начинот за постапување со животните за време на убивање („Службен весник на Република Македонија” бр. 163/10);
- Правилник за техничките услови за прифатилиштата, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназијата, начинот на водење на евиденција и начинот на вршење надзор, формата и содржината на регистарот и начинот на регистрација, како и информациите потребни за регистрација („Службен весник на Република Македонија” бр. 141/10);
- Правилник за постапката за именување и разрешување на членовите на комисијата за заштита и благосостојба на животните, содржината на деловникот за работа на комисијата и висината на надоместокот за работа на комисијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/18);
- Одлука за висина на надоместоците за активности на заштита и благосостојба на животните како и начин на нивна наплата („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/18) и
- Три годишна Стратегија за благосостојба на животните со јасно дефинирани приоритети и рокови за нејзино спроведување.

9.8.2. Поделба на функции, задачи и одговорности

Надлежен орган во областа за официјални контроли за благосостојба на животните е Агенцијата за храна и ветеринарство. Во рамките на АХВ, главната структура надлежна за прашањата во однос на здравствената заштита и благосостојбата на животните е Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните–одговорен за изготвување на правни документи, програми, извештаи, планови за итни мерки и упатства во рамките на својата надлежност како и изработка и спроведување на систем за официјални контроли во однос на благосостојбата на животните.
Во рамките на АХВ, надзорот на благосостојбата на животните е уредена на две нивоа:

1)Централно ниво – централен надлежен орган – АХВ - Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните и

2) Локално ниво – локални -Подрачни единици на АХВ;

Правната рамка е преку Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/14, 149/15 и 53/16) е основен законски акт за надзор на благосостојбата на животните. Со овој закон се утврдени минималните барања за заштита и благосостојба на животни во однос на нивното одгледување, чување, грижа и сместување, заштита на животните при фармско држење, заштита и благосостојба на животните за време на превоз, колење или убивањето на животни кои се одгледуваат за производство на храна, волна, кожа, крзно и други производи како и заради депопулација и слични операции, условите кои треба да ги исполнат кланиците во однос на заштита и благосостојба на животните при колење и убивање, заштита и благосостојба на домашните миленици и бездомни животни, животни во зоолошка градина и животните кои се користат во експериментални и едукативни цели.

Прво ниво на надзор на благосостојбата на животните

- Главната структура надлежна за прашањата во однос на здравствената заштита и благосостојбата на животните е Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните –преку Одделението за благосостојба на животните одговорен за:
- Следење на благосостојбата на животните;
- Изготвување на планови за подобрување на благосостојбата на животните;
- Подготовка на извештаи за благосостојбата на животните;
- Изготвување на законодавството за благосостојба на животните;
- Комуникација и координација со други национални институции во поглед на благосостојбата на животните;
- Комуникација и координација со другите Сектори во АХВ за работи поврзани со благосостојбата на животните;
- Комуникација со меѓународни организации во однос на благосостојбата на животните и
- Управување со проекти.


Организација на спроведувањето на официјалните контроли е во надлежност на Секторот за инспекциски надзор преку Одделение за државна инспекција за

здравствена заштита на животните и преку Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравје за благосостојба на животните во кланици при колење и други придружни операции.

Второ ниво на надзор на благосостојбата на животните:

Официјалните ветеринари од Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните при Секторот за инспекциски надзор организирани во 29 Подрачни единици. Надлежни се за реализација на контролите за благосостојба на животните. Сектор за инспекциски надзор е надлежен за координирање на контролата на благосостојбата во кланиците и контролата на благосостојба на животните при меѓународен превоз на граничните премини.

Структура на надзорот за благосостојба на животните



9.8.3. Човечки ресурси

Табела бр. 9.4

Број	Ниво на надзор и контрола	Број на вработен персонал	Забелешки
1.	***Централно ниво (прво ниво)-Одделение за благосостојба***	*3*	
2.	***Локално-Официјални ветеринариво одд.за државна инспекција за здравствена заштита***	*44*	
3.	***Локално-Официјални ветеринари во одд.за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство***	*28*	

Контролата на благосостојба на животни во кланица се спроведува од страна на официјални ветеринари во Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство.

9.8.4. Систем за обуки

Обуката во областа на благосостојба на животните се смета како важна алатка во контекст на развивање на најдобрите практики и сообразност со барањата утврдени во законодавството.
Системот за обуки во однос на благосостојбата на животните се состојат од обуки организирани од TAIEX или DG SANCO, OIE, RSPCA и RAWC. Исто така спроведени се и обуки од експерти од централно ниво на АХВ наменети за официјалните ветеринари и за приватните ветеринарни практичари.
Центарот за благосостојба на животните во рамките на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е овластен од АХВ како центар за обуки за благосостојба на животните за официјалните ветеринари.
Официјалните ветеринари редовно земаат учество на обуките од DG SANCO, за благосостојба на животните, кои се организираат во рамките на програмата за обуки на ЕУ „Подобра обука за побезбедна храна“ (BTSF), AHAW Панелот на EFSA, Светската организација за здравствена заштита и благосостојба на животните, Регионалниот центар за благосостојба на животните RAWC и Кралското здружение за заштита на животните од суровост RSPCA. Во текот на наредниот периода се планира продолжување на едукација во врска со кампањата за одговорно сопственишство, регионална кампања на OIE за подигнување на свеста во поглед на контрола на бездомните кучиња во балканските земји. Кампањата ќе се спроведува преку делење на едукативен материјал – постер, брошура за одговорно сопственишство, леток – прашалник за луѓето кои размислуваат да чуваат куче, како и спроведување на едукација во основните училишта. Едукацијата во училиштата се спроведува по претходно утврден акциски план од страна на Агенцијата.

9.8.5. Соработка со други институции/организации

Соработката со другите институции или јавни организации во областа на благосостојба на животните:

- Во соработка и со поддршка од RSPCA и RAWC, спроведено истражување за проценка на бројот на бездомни кучиња и истражување на јавното мислење на територија на општина центар како пилот проект согласно ICAM методологијата. Обучени се 2 лица- обучувачи. Спроведена е обука за техничкиот персонал кој работи во регистрираните прифатилишта за кучиња скитници и нерегистрирани кучиња и спроведена е обука за проценка на агресивност на куче. Обучени се официјални ветеринари, приватни ветеринарни практичари и вработени во единиците за дресура на кучиња при АРСМ и МВР;
- Се одвива тековна соработка со Светската организација за здравствена заштита на животните ОИЕ во полето на контролата на популација на бездомни кучиња, заштита и благосостојба за време на колење и превоз на животните;
- Центар за благосостојба на животните - Факултет за ветеринарна медицина во Скопје;
- Меморандум за соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
- Соработка со невладини организации од Република Северна Македонија и странство и
- Договор за соработка со Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

Спроведување на процедура за одобрување на превозниците со животни.

До крајот на 2019 година, предвидено е да се изврши одобрување на превозниците на животни. Во рамките на одобрувањето предвидено е одржување на обука и испит за возачите и надзорниците на патувањето за да добијат сертификат за компетентност од страна на овластени субјекти од Агенцијата за храна и ветеринарство. Предвиден период на завршување на сите активности и воведување на регистар на одобрени превозници е крајот на 2018 година и првата половина на 2019 година.

Формирање на Комисија за заштита и благосостојба на животните која ќе ги има следните надлежности:

- размена на податоци за работата на телата за благосостојба на животните и евалуација на проекти, со Националните Комитети за заштита и благосостојба на животни од земјите членки на Европската унија;
- научна и техничка експертиза за условите за одобрување на кланиците за развој на нови методи за омамување;
- научни мислења за упатствата дадени од страна на производителите на опрема за користење и одржување на опремата за фиксирање и омамување;
- научни мислења за упатствата за добра пракса;
- препораки за целите на законот за благосостојба на животните и подзаконските прописи донесени врз основа на законот, особено во однос на вршењето на инспекција и

- мислења за капацитетот и способноста на субјектите кои треба да вршат обука на персоналот во кланиците за исполнетоста на условите за нивна работа и овластување.

Во текот на 2019 година се планира продолжување на едукација во врска со кампањата за одговорно сопственишшво, регионална кампања на OIE за подигнување на свеста во поглед на контрола на бездомните кучиња во балканските земји. Кампањата ќе се спроведува преку делење на едукативен материјал – постер, брошура за одговорно сопственишшво, леток – прашалник за луѓето кои размислуваат да чуваат куче, како и спроведување на едукација во основните училишта. Едукацијата во училиштата се спроведува по претходно утврден акциски план од страна на Агенцијата.
Регистрација на одгледувалишта и одобрување на продавниците за домашни миленици.
До крајот на 2019 година е предвидено да се усвојат релевантните подзаконски акти кои ги пропишуваат техничките услови за регистрација на одгледувалишта и одобрување на продавниците за домашни миленици. По донесување на правилниците, во првата фаза е предвидено е прво да се спроведе медиумска кампања, а потоа да се имплементира мерката.
Воспоставување на регистер на опасни кучиња. До крајот на 2018 година предвидено е да се усвои правилник за спроведување на тестот за социјализација и постапката за овластување на лица кои го вршат тестот за социјализација. По стапување на сила на овој подзаконски акт ќе почнат активностите за спроведување на тестот за социјализација на куче со кој се утврдува дали кучето е опасно или не.
Издавање на потврди и мислења за ИПАРД програмата. Согласно договорот за соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска за евалуација на поднесената документација и вршење контроли на терен во однос на исполнетоста на инвестицијата со законски прописи од областа на заштита и благосостојба на животните.

9.8.6. Приоритети за контрола на благосостојба на животните и стратешки цели за период од 2017 – 2019 година

Покрај тековните активности кои се вршат во координација со Секторот за инспекциски надзор, за зголемување на ефикасноста и ефективноста во спроведување на легислативата, Агенцијата за храна и ветеринарство донесе три годишна Стратегија за благосостојба на животните со јасно дефинирани приоритети и рокови за нејзино спроведување.
Утврдени приоритети согласно Стратегијата за заштита и благосостојба на животните се:

1. Благосостојба на животните за време на превоз;
2. Благосостојба на кокошки несилки;
3. Благосостојба на животните за време на колење во кланица, со фокус на колење на јагнињa;
4. Контрола на популација на бездомни кучиња и
5. Подигнување на јавната свест во однос на заштитата и благосостојбата на животните.

Акциски план за спроведување на Стратегијата за заштита и благосостојба на животните

Главна цел	**Специфична цел**	**Активност**	**Мерки (на кој начин активноста ќе се спроведе)**	**Рок за имплементација**
Процедура за регистрација и одобрување на превозниците и превозните средства за долги патувања	Оперативна процедура за регистрација и одобрување на превозниците и превозните средства за долги патувања	Изработка на оперативни процедури за одобрување на превозниците и превозните средства	Подготовка на ИСО процедури во кои ќе се инкорпорираат релевантни контролни листи	Прва половина на 2018
Регистер на превозници	Попис на превозници	Прибирање и анализа на податоци	За време на одржување добиточниот пазар, официјален ветеринар ќе изврши попис на превозниците (пополнување на претходно подготвена чек листа)	Февруари-Март 2018
Регистер на превозници и превозни средства	Прилагодување на модулот за движење на животните со што ќе се овозможи внос и регистрација на превозниците во информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство	Дефинирање на модулот во Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ)-инкорпорирање на превозниците во модулот за ИИР на животните	Подготовка на технички спецификации и тестирање на модулот	Јануари-Октомври 2018
Овластување субјекти кои ќе вршат обука за превозниците и кои ќе го издаваат уверението за компетентност за возачите и надзорниците на патувањето	Процедура за селекција на субјектите (вклучително одобрување на програмата за обука и испитот за возачите, надзорниците на патувањето и вработените во добиточните пазари)	Процедура за овластување на субјектите	Евалуација на програмата за обука и испитот за возачите, надзорниците на патувањето и вработените во добиточните пазари Евалуација на начинот и постапката на спроведување на испитот	Октомври-ноември 2018

Информативна кампања наменета за превозниците на животни	Информативна кампања за заштита и благосостојба на животните за време на превоз	Изработка на информативен материјал (летоци, постери и брошури)/организирање на состаноци со превозниците	Дистрибуција на информативен материјал (летоци, постери и брошури) директно на превозниците за време на добиточните пазари и организирање состаноци. Објавување на матријалите на веб страницата на АХВ. Гостување на емисии на националните телевизии	Мај-Септември 2018
Обука за официјалните ветеринари	Обука за заштита и благосостојба за време на превоз	Обука/Работилница	2 дневна обука/работилница	Април-Мај 2018
Обука за персоналот кој работи на добиточните пазари и собирните центри	Организирање обука за персоналот кој работи на добиточните пазари и собирните центри од страна на овластени субјекти	Обука/Работилница	2 дневна обука/работилница	Мај-Септември 2018
Издавање на уверение за компетентност на возачот и надзорниците на патувањето	Спроведување на обука и испит за возачите и надзорниците на патувањето	Обука/испит	2 дневна обука (1 ден теоретска настава+1 ден практична настава) и испит спроведена од овластени субјекти	Октомври 2018-Декември 2018
Регистрација и одобрување на превозниците и превозните средства наменети за долги патувања	Регистрација и одобрување на превозниците кои вршат превоз за кратки и долги патувања и одобрување на средствата за превоз наменети за долги патувања	Издавање на одобрение (Тип 1 и Тип 2) и одобрение за средствата за превоз наменети за долги патувања	Спроведување на процедурата за регистрација и одобрување на превозниците и превозните средства	Октомври 2018-Декември 2018
Информативна кампања за одгледувачите за кокошки несилки	Давање на совети за набавка и инсталирање на нова опрема (Подобрени кафезни системи,	Подготовка на соодветна информативна кампања	Медиумска кампања/ организирање на систем на редовни состаноци со одгледувачите на кокошки несилки и	Прва половина на 2019

	алтернативни системи или слободно држење) и насоки и информации за користење на средства за финансиска поддршка		соодветни здруженија	
Измени и дополни на Законот за заштита и благосостојба на животните	Измена на преодниот период за отфрлање на основниот кафезен систем од употреба	Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за заштита и благосостојба на животните	Подготовка на Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за заштита и благосостојба на животните	Прва половина на 2019
Анализа на условите за благосостојба на животните во кланиците	Таргетирана темелна анализа во кланиците со фокус на колење на јагнињa	Специфични контроли спроведени од комисија формирана од Агенцијата за храна и ветеринарство	Спроведување на контрола врз основа на претходно изготвена контролна листа	Март-април2018
Информативна кампања за сопствениците за кучиња	Информативна кампања за бесплатни микрочипови	Подготовка на релевантни информации	Објава на кампањата на медиуми (телевизија и електронски и печатени медиуми)	Втора половина на 2018
Електронска идентификација на кучиња	Набавка на микрочипови за електронска идентификација на кучиња	Апликација на микрочипови и внос во ИСАХВ	Обезбедување на буџет за микрочипови 2018 година-100 000 микрочипови 2019 и 2020 година согласно потребата на терен	2018-2020
Апликација на микрочипови на кучиња и вакцинација против болеста беснило	Склучување на договор со овластените ветеринарни друштва	Склучување на договор со овластените ветеринарни друштва кои ќе ги аплицираат микрочиповите и ќе ги внесат податоците во ИСАХВ	Утврдување на цените за апликација и внос на податоци во ИСАХВ од страна на овластените ветеринарни друштва. Апликација на микрочипови вакцинација против беснило и внос на податоци во ИСАХВ	Втората половина на 2018 2019-2020 тековно

Доброволна кастрација/обезјалување на кучињата кои имаат сопственик	Соработка помеѓу општините и Невладините организации за заштита на животните за развој на програми за доброволна кастрација/обезјалување на кучињата кои имаат сопственик	Поттикнување на општините за соработка со НВО за развој на програми за доброволна кастрација/обезјалување на кучињата кои имаат сопственик	Организирање на состаноци на кои ќе присуствуваат претставници на општините и невладините организации за заштита на животните	2019-2020
Кампања за подигнување на јавната свест	Таргетирана кампања за подигнување на јавната свест во однос на основните принципи за благосостојба на животните	Медиумска кампања/подготовка и дистрибуција на промотивен материјал	Подготовка (печатење и дистрибуција на промотивен материјал), подготовка и емитување на промотивни видео реклами, организирање на состаноци и работилници со релевантни субјекти	2019-2020

До крајот на 2019 година, предвидено е да се изврши одобрување на превозниците на животни. Во рамките на одобрувањето предвидено е одржување на обука и испит за возачите и надзорниците на патувањето за да добијат сертификат за компетентност од страна на овластени субјекти од Агенцијата за храна и ветеринарство. Предвиден период на завршување на сите активности и воведување на регистар на одобрени превозници е крајот на 2019 година и првата половина на 2020 година.

Формирање на Комисија за заштита и благосостојба на животните која ќе ги има следните надлежности:

- размена на податоци за работата на телата за благосостојба на животните и евакуација на проекти, со Националните Комитети за заштита и благосостојба на животни од земјите членки на Европската унија;
- научна и техничка експертиза за условите за одобрување на кланиците за развој на нови методи за омамување;
- научни мислења за упатствата дадени од страна на производителите на опрема за користење и одржување на опремата за фиксирање и омамување;
- научни мислења за упатствата за добра пракса;
- препораки за целите на законот за благосостојба на животните и подзаконските прописи донесени врз основа на законот, особено во однос на вршењето на инспекција и

- мислења за капацитетот и способноста на субјектите кои треба да вршат обука на персоналот во кланиците за исполнетоста на условите за нивна работа и овластување.

Регистрација на одгледувалишта и одобрување на продавниците за домашни миленици.
До крајот на 2019 година е предвидено да се усвојат релевантните подзаконски акти кои ги пропишуваат техничките услови за регистрација на одгледувалишта и одобрување на продавниците за домашни миленици. По донесување на правилниците, во првата фаза е предвидено е прво да се спроведе медиумска кампања, а потоа да се имплементира мерката.
Воспоставување на регистер на опасни кучиња. До крајот на 2019 година предвидено е да се усвои правилник за спроведување на тестот за социјализација и постапката за овластување на лица кои го вршат тестот за социјализација. По стапување на сила на овој подзаконски акт ќе почнат активностите за спроведување на тестот за социјализација на куче со кој се утврдува дали кучето е опасно или не.
Издавање на потврди и мислења за ИПАРД програмата. Согласно договорот за соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска за евалуација на поднесената документација и вршење контроли на терен во однос на исполнетоста на инвестицијата со законски прописи од областа на заштита и благосостојба на животните.

9.8.7. Контролни активности, методи и техники на официјалните контроли

Вовед

Официјалните контроли за здравствена заштита на животните, идентификација и регистрација,благосостојба на животните се спроведуваат од страна на Секторот за инспекциски надзор и се вршат главно врз основа на Годишната наредба за здравствена заштита на животните која се изработува од персоналот на Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните и од Секторот за инспекциски надзор, а се одобрува од директорот на АХВ, за секоја календарска година посебно, како и брзо основа на посебни планови кои се изработуваат во координација со Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните Со годишната наредба се утврдуваат видовите животни кои се контролираат и роковите за спроведување на превентивните мерките, заразните болести кај животните кои се контролираат, дијагностичките тестови, задолжителните вакцинации (како беснило, њукастелска болест, антракс, класична чума кај свињите). Во годишната наредба се дадени субјектите кои се одговорни за имплементација на активности согласно наредбата, дадени се информации за лабораторијата каде се спроведуваат дијагностичките испитувања и се регулира водењето евиденција и начинот на известување (од надлежните ветеринари до официјалните ветеринари, а потоа до одделението за здравствена заштита на животните во рамките на АХВ).
Финансиските ресурси за надзорот и контролата на здравствената заштита на животните се обезбедуваат со: Програма за користење на средства за здравствена заштита на животните за тековната година. Програмата се одобрува на годишно ниво.

Во однос на исплатата на надоместоците, постои документ, одобрен од АХВ „Упатство за определување на пазарната вредност на животните кои се одземаат заради сузбивање и искоренување на заразни болести на територијата на Република Македонија" каде што се опфатени видовите, категориите животни со максимална висина на надоместокот. Овој документ се користи како упатство кога персоналот на АХВ ги врши одземање на животните и проценка на надомест на настаната штета. Во исклучителни случаи, формирана е комисија во рамките на АХВ, којашто врши дополнителна проценка на пазарната вредност на животното.

Официјалните контроли се вршат од страна на Одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните при Секторот за инспекциски надзор.

Основна законска рамка е Законот за ветеринарно здравство со кој се дефинираат одредбите во однос на организацијата и надлежностите на ветеринарните служби и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на здравствена заштитата на луѓето и животните од болести кои се пренесуваат преку животни и производи од животинско потекло. Преку овој закон се дефинираат внатрешниот промет на живи животни, како и надворешниот промет на живи животни (увоз – извоз). Останатите закони кои се имплементираат од страна на ова одделение се Закон за заштита и благосостојба на животните, Закон за идентификација и регистрација на животните, Закон за ветеринарно-медицински препарати. Во постапката за вршење на инспекциски надзор се применува Законот за инспекциски надзор, додека во постапката за издавање на решенија се постапува согласно материјалните закони или се применува Законот за општа управна постапка доколку со закон поинаку не е уредено.

ОДИЗЗЖ е надлежно за имплементирање на активностите кои се донесени од страна на Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните во областа на здравствената заштита на животните, благосостојба на животните и идентификација и регистрација на животните. Активностите се примарно донесени како рамка во Годишна наредба за здравствена заштита на животните, на која се надоврзуваат повеќегодишни национални програми за сузбивање и искоренување на болестите кај животните (Бруцелоза кај говеда, Бруцелоза кај овци и кози, Туберкулоза кај говеда, Беснилото, Ехинококоза, Лајшманиоза, Антракс, Класичната чума кај свињите, Клостридијални инфекции, Авијарна инфлуенца, Син јазик, Болест на чвореста кожа кај говедата итн.). Контрола и искоренувањето на овие болести претставува приоритет за АХВ во областа на здравствената заштита на животните. Воедно одделението е задолжено за постапување по претставки и предлози поднесе од страна на граѓаните на Република Северна Македонија кои се однесуваат во делот на здравствена заштита и благосостојба на животните.

Официјалните ветеринари се организирани по подрачни единици со месна – надлежност во делот на овластување и се надлежни за спроведување на различни мерки и контроли на терен.

Ветеринарните канцеларии на подрачно ниво се под директна надлежност на АХВ.

Цел

Примарна цел на ОДИЗЗЖ е да се изврши ефективен надзор на здравствената заштита на животните кои ќе се засноваат на епизоотилошката ситуација во земјата и

опкружувањето, навремено дијагностицирање и утврдување на присуството на причинители на заразна болест, имплементирање во целост на сите мерки наложени согласно законот и подзаконските прописи, имплементирање на повеќегодишни програми/правилници за сузбивање на заразните болести се со цел за:

1.Контрола и превенција на ширење на болестите кај животните во земјата;

2. Утврдување на причинителите на болестите и ефикасно отстранување на истите од одредена популација;

3. Контрола и превенција на заразни болести при внатрешен и надворешен промет на животни како и транзит на животни, увоз/извоз на живи животни;

4. Воспоставување и целосна оперативност на информационен систем на АХВ со кој ќе се обезбеди следливост на болестите кај животни и ќе се обезбеди детална база на податоци за целите на официјалниот надзор;

5. Контрола и имплементирање на благосостојба на животните во случаи на појава на заразна болест и при нормални услови на продукција и

6. Сузбивање и искоренување на болести кај животните.

Во делот на организација, структура и одговорности при надзорот Раководителот на сектор за инспекциски надзор преку Раководителот на одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните го координира и врши надзор во спроведувањето на мерките согласно материјалните закони од областа на здравствена заштита и благосостојба, идентификација, регистрација и следливост на животните пред се преку Годишната наредба за здравствена заштита на животните, повеќегодишните програми и останати подзаконски прописи како и утврдување на наводите поднесени во претставките и предлозите поднесени од физички, правни лица,

Одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните е надлежно за:

Во системот на здравствена заштита:

• Непосредна комуникација и координација со Секторот за здравствената заштита и благосостојба на животните;

• Следење на здравствениот статусот кај животните и брзо спроведување на мерки при сомнеж/потврда на појава на болест;

• Надзор, комуникација и координација со ветеринарните друштва (129 надлежни ветеринарни друштва за 81 епизоотилошки единици) надлежни за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните;

• Имплементирање на мерките пропишани согласно годишна наредба здравствена заштита на животните за соодветната година;

• Имплементирање во целост на програми за контрола/искоренување на болести кај животните;

• Контрола и надзор над спроведувањето на активен мониторинг на таргетирани заразни болести;

• Контрола и надзор над спроведувањето на пасивен мониторинг на заразни болести;

• Имплементирање на планови за итни мерки за особено опасни заразни болести кај животните кои подлежат на мерки за сузбивање и искоренување како и мерки во случај на елементарни непогоди и радиациона сигурност;

• Повратни извештаи кон СЗЗБЖ во однос на здравствениот статус на животните;
• Внесување на податоци во ИСАХВ и други бази на податоци кои се однесуваат на здравјето, благосостојба и следливост на животните;
• Следење на здравствениот статус на животните во однос заразните болести поврзани со внатрешниот и надворешниот промет на живи животни, транзит на живи животни;
• Контрола, надзор и верификација надостасаните фактури за здравствена заштита на животните од страна на надлежни ветеринарни друштва;
• Обуки, симулациони вежби, тренинг сесии за начин на справување со особено опасни заразни болести и
• Ажурурање и доставување на месечни, квартални и годишни извештаи за извршените надзори согласно Годишната програма.

Во системот за идентификација и регистрација на животните:
• Контрола на одгледувалишта на говеда;
• Контрола на одгледувалишта на овци/кози;
• Контрола на одгледувалишта на свињи;
• Контрола на одгледувалишта на копитари и
• контрола на одгледувалишта на пчелни семејства.

Во системот за благосостојба на животните во одгледувалишта на животни;
• Контрола на благосотојба на фармски животни;
• Контрола на благосостојба на кокошки несилки и бројлери;
• Контрола на балгосостојба во прифатилишта и
• Контроли на балгосостојба на животните во текот на транспортот и на места на продажба во добиточни пазари.

Методи и техники на официјални контроли

Методи и техники на официјални контроли се :
Инспекција (врз основа на упатства, процедури, контролни листи), земање на мостри за лабораториски испитувања, мониторинг, интервјуа, верификација, преглед на документацијата и друга евиденција и сите други активности потребни за утврдување на случаите на неусогласеност со одредбите на законите.
Критериум за фреквенцијата на официјалните контроли:
-врз основа на Годишниот план за работа и
-податоци од претходни контроли за претходно констатирани недостатоци, податоци добиени преку ИСАХВ системот за утврдени неусогласености по Законот за идентификација и регистрација на животните.
Официјалните ветеринари врз основа на Законот за инспекциски надзор вршат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори/официјалните контроли за здравствена заштита на животните,врз основа на Годишната наредба за здравствена заштита на животните која се изработува од Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните, а се одобрува од директорот на АХВ, за секоја календарска година посебно. Со годишната наредба се утврдуваат видовите животни кои се контролираат и роковите за

имплементирање/спроведување на превентивните мерки, заразните болести кај животните кои се контролираат, дијагностичките тестови, задолжителните вакцинации (како беснило, њукастелска болест, антракс, класична чума кај свињите). Во годишната наредба се дадени субјектите кои се одговорни за имплементација на активности согласно наредбата, дадени се информации за лабораторијата каде се спроведуваат дијагностичките испитувања и се регулира водењето евиденција и начинот на известување (од надлежните ветеринарни друштва до официјалните ветеринари, а потоа до одделението за здравствена заштита на животните во рамките на АХВ).

При вршењето на редовните активности согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за тековната година при утврдување на присуство на заразна болест која се сузбива согласно повеќегодишни национални програми, животните кои се прогласени за заболени се одземаат и истите се упатуваат на колење од нужда во определена санитарна кланица и за истите се врши надомест на директни штети согласно „Упатство за определување на пазарната вредност на животните кои се одземаат заради сузбивање и искоренување на заразни болести на територијата на Република Северна Македонија" каде што се опфатени видовите, категориите животни со висина на надоместокот. Во исклучителни случаи, формирана е комисија во рамките на АХВ, којашто врши дополнителна проценка на животното.

9.8.8. Планирање на контроли

Во системот за здравствена заштита:

Официјалните контроли кои се спроведуваат од страна на официјалните ветеринари за спроведување на активности по Годишна наредба за здравствена заштита на животните за тековната година потребно е по случаен избор од страна на официјалниот ветеринар надлежен за одредени општини да се направат по две (2) контроли по ветеринарно друштво по активност без разлика на општината.

Изборот на контроли го прави официјалниот ветеринар каде што задолжително ќе се направи и он-спот контрола на одгледувалиштето

Официјалните ветеринари секоја година добиваат листа на фарми кај кои треба задолжително да се изврши инспекција (он спот контроли). Овие листи ги обезбедуваат секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните, одделението за идентификација и регистрација и се истите кои се применуваат при контролата на идентификацијата и регистрацијата. Покрај тоа, официјалните ветеринари треба да вршат инспекција со цел да се направи контрола дали се исполнети барањата утврдени во Годишната наредба за здравствена заштита на животните. Воедно на секој наод (пријава) кој произлегува од активен и пасивен надзор (лабораториски наод, пријава на сомнеж на заразна болетс) задолжителна обврска е на официјалниот ветеринар веднаш да изврши епидемиоолошко испитување и во зависност од наодот при надзорот ќе се донесат одредени мерки согласно материјалниот закон.

Предвидени официјални контроли од областа на државна инспекција:

Официјални контроли на ветеринарни друштва:
Сектор ветеринарно друштво се контролира минимум 6 пати во Годината.

Официјални Контроли/надзори на собирни центри/сточни пазари :
Од страна на АХВ се одобрени 8 собирни центри/сточни пазари во кои ќе се врши контрола/надзор во текот на годината во поглед на спроведување на следните критериуми :

- Движење на живи животни согласно закон за ветеринарно здравство (СЗСЖ);
- Движење на живи животни согласно закон за ИиР на животните и
- Исполнетост на прописите од областа на Закон за заштита и благосостојба на животните како услов за внатрешен/надворешен промет.

Програми за контрола и искоренување на заразните болести кои подлежат за официјална контрола:

- Програма за сузбивање и искоренување на туберкулоза кај говедата;
- Програма за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај говедата;
- Програма за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овци и кози;
- Надзор и искоренување на беснило;
- Надзор на класична чума кај свињите (КЧС) со активности за укинување на вакцинацијата против КСЧ;
- Надзор на Класичната чума;
- Програма за надзор на авијарна инфлуенца кај живината и дивите птици;
- Програма за надзор на болести кај рибите;
- Програма за надзор и контрола на ТСЕ;
- Транспонирана е програмата за сузбивање и искоренување на син јазик;
- Салмонелоза (предизвикана од соеви на Salmonella spp согласно Националниот план за контрола на салмонела кај живината);
- Американска чума на пчелно легло;
- Беснило и дехелментизација;
- Њукастелска болест;
- Антракс;
- Болести кај дивечот (Класична чума кај дивите свињи и бруцелоза, Беснило, Трихинелоза, Туларемија, Хеморагична болест кај зајаците и Миксоматоза);
- Ентеротоксемија кај овци и кози;
- Болест на чвореста кожа;
- Надзор на класична чума кај свињите;
- Инфективна анемија кај копитари и живина и западно нилска треска и
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација

Програма за сузбивање и искоренување на туберкулоза кај говедата, („Службен весник на Република Македонија" бр. 22/07 со важност од 5 години; транспонирани се Директивите бр 64/432/ЕЕЗ; бр 77/391/ЕЕЗ, бр 78/52/ЕЕЗ на Советот.
Целта на програмата е заштита на јавното и здравјето на животните преку спроведување на епидемиолошки истражувања, дијагностички испитувања кај сите одгледувалишта со

добиток, мерки за контрола на ширењето и искоренувањето на болестите, редовни испитувања на подложни животни, одредување на инциденција и преваленција на заразени животни, колење на заболени животни, едуцирање на одгледувачи, како и соработка со други институции и надлежни органи.

Сите говеда постари од шест недели еднаш годишно се испитуваат со помош на стандардна метода (туберкулинизација) односно официјален интрадермален туберкулински тест од страна на надлежните ветеринарни друштва. Надлежните ветеринарни друштва се овластени за спроведување на одредени мерки за заштита на здравјето на животните против заразни болести, во рамките на примарните и секундарните ветеринарно-здравствени активности. Официјалниот ветеринар е надлежен за контрола на спроведувањето на овие мерки.

Резултатите од направениот туберкулински тест се внесува во ИСАХВ системот и до официјалните ветеринари на одредена Епизоотиолошка единица. Официјалниот ветеринар пријавените сомнителни животни и одгледувалиште на посебен образец ги доставува до одделението за здравствена заштита на животните. Извештаите од извршениот единичен интракутан туберкулински тест (апликација и читање на реакција на туберкулинизација) се внесуваат во ИСАХВ системот од страна на надлежните ветеринарни друштва. Официјалниот ветеринар е одговорен за издавање на решенијата за спроведување на мерки при сомнеж или потврда на болест преку ветеринарно информациониот систем и испраќање на месечни извештаи до централниот орган - Одделението за здравствена заштита на животните во рамките на АХВ. Редовните годишни дијагностички испитувања за туберкулоза кај говедата, и ре-тестирањата на сите позитивни стада кај говеда континуирано се извршуваат во текот на годината каде што се применува засилена он спот контрола и сеопфатно епидемилошко испитување со цел утврдување на изворот на инфекција.

Во наредниот период ќе се изработи нова Програма за сузбивање и искоренување на Туберкулозата за период од 2019 – 2023 година со засилен надзор и контрола на одгледувалиштата каде болеста не била регистрирана во претходните години и задолжително понатамошно лабораториско потврдување и изолација на причинителот на туберкулоза со земање на мостри од закланите животни за добивање на статусот на одгледувалиштето и конечно затворање на жариштата. Реализацијата на овие активности е финансирана од програмата за користење на средства на здравствена заштита на животните.

Сопственикот на позитивни говеда добива надомест на штета во висина на пазарната цена на говедата, согласно упатството за определување на пазарна вредност. Кај позитивните случаи, факултетот за ветеринарна медицина прави компаративен туберкулински тест односно симултана туберкулинизација што се внесува во ИСАХВ системот и се доставува извештај во електронска форма и во печатена верзија. Целта на програмата е да се добијат стада говеда и региони кои ќе бидат официјално слободни од Туберкулоза кај говедата и конечно да се добие официјален слободен статус на целата земја во однос на туберкулоза кај говедата.

Програма за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај говедата, („Службен весник на Република Македонија" бр. 22, 23.02.2007) со траење од пет години; транспонирани се Директивите бр. 64/432/ЕЕЗ; бр. 77/391/ЕЕЗ, бр. 78/52/ЕЕЗ на Советот. Целта на програмата е заштита на јавното здравје и здравјето на животните преку спроведување

на опсежни епидемиолошки и дијагностички тестирања, спроведување на соодветни мерки за контрола на ширењето и потенцијалното искоренување на болестите, продолжение на редовно тестирање на подложни животни како би се утврдил статусот 'слободна од болест' и официјално слободни, одредување на преваленцијата и инциденцијата кај заразените животни, колење на заболени животни, воведување на соодветна шема за надомест на одгледувачите и нивна едукација. Редовните годишни дијагностички испитувања за бруцелоза кај говедата, и ре-тестирањата на сите позитивни стада кај говеда континуирано се извршуваа во текот на годината каде што се применува засилена он спот контрола и сеопфатно епидемилошко испитување со цел утврдување на изворот на инфекција. Податоците за земените мостри се евидентираат во ВИС системот. Во сите случаи на сомнителни или позитивни резултати ветеринарниот инспектор води сметка за навремено и целосно спроведување на ретестирањата кои ги врши надлежното ветеринарно друштво со задолжително присуство на ветеринарен инспектор.

Со програмата се утврдуваат статусите на одгледувалиштата со говеда во зависност од резултатите од тестот извршен кај сите говеда постари од шест месеци. Целта на програмата е да се добијат стада говеда и региони кои ќе бидат официјално слободни од бруцелоза и конечно да се добие официјален слободен статус на целата земја во однос на бруцелоза кај говедата. Иако во оваа програма е транспонирано соодветното законодавство на ЕУ; животните не се тестираат двапати, како што е наложено од Директивата 64/432/ЕЕЗ. Надлежниот орган е запознаен со ова барање и го известил краткорочниот експерт дека ова не е реализирано од финансиски причини, но дека истото ќе се примени во подоцнежната фаза при реализација на програмите.

Во текот на 2017 година во постапка на изготвување е нова Програма за сузбивање и искоренување на Бруцелозата 2017 – 2021 година со воведување и одржување на статус слободни и официјално слободни од бруцелоза кај говедата со цел обезбедување на основни предуслови за ставање во промет и извоз на живи говеда и нивни производи. Спроведување на засилен надзор и контрола на спроведувањето на програмата со детални епидемиолошки испитувања на одгледувалиштата каде болеста не била регистрирана во претходните години.

Програма за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овци и кози

Агенцијата за храна и ветеринарство врз основа на резултатите од спроведувањето на програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците и козите во претходните години и анализата на моменталната состојбата направи ревизија на досегашниот пристап во имплементацијата на програмата и изработи нова програма за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците и козите („Службен весник на Република Македонија" бр. 48, 11.03.2016) со траење од пет години. Транспонирана е Директивата 91/68/ЕЕЗ на Советот. Со овој пристап Агенцијата за храна и ветеринарство спроведува мерки за заштита на здравјето на луѓето и животните, со обезбедување на основни предуслови за ставање во промет и извоз на живи овци и кози и нивни производи за период од 2016 до 2020 година. Имено целта на оваа нова програма е воведување и одржување на статусот на одгледувалиштата за овци и кози како "слободни" и „официјално слободни" од болеста бруцелоза (*B.melitensis*) кај овците и

козите и заштита на здравјето на животните и луѓето со тоа што ќе се намали бројот на заболени животни во одгледувалиштата. Во првата година од имплементацијата на оваа програма се вршеше дијагностичко испитување на сите овци и кози во епизоотиолшките единици Карбинци и Радовиш (тоа се општини во кои во текот на 2008 година започна да се спроведува масовна вакцинација против бруцелоза), а со цел да се утврди стапката на присутност на болеста (преваленција на болеста) и понатаму воспоставување на статус слободен на бруцелоза. Истовремено и понатаму продолжува да се спроведува вакцинација на подмладокот на возраст од три до шест месеци. Агенцијата за храна и ветеринарство и официјалните ветеринари ќе вршат засилени контроли со зајакнување на контролата на движење на животните, редовно ре-тестирање и навремено одземање и редовна компензација на заболените животни како клучен фактор за спречување на ширењето на болеста.

Во текот на 2019 година набавката на вакцината против бруцелоза кај мали преживари ќе се одвива на начин што истата директно ќе се набавува преку добавувачот на вакцината од страна на ветеринарните друштва. Вакцинацијата ја вршат надлежните ветеринарни друштва.

Согласно програмата за контрола и ерадикација на бруцелоза кај овците и козите територијата на државата се подели на одреден број реони, т.е. епидемиолошки единици каде во зависност од статусот на болеста односно од присутноста на болеста на ниво на стада се имплементираат мерки на вакцинација на подмладокот или тестирање и колење на возрасните животни.

Во истовремено земањето на примероци за дијагностичкото тестирање за проценка на имуноста на вакцинираните овци и кози против Бруцелоза го вршат ветеринарните друштва по претходно добиена задача преку ИСАХВ системот и под директен надзор и присуство на ветеринарниот инспектор.

Истовремено се врши следење на пријава на нови случаи на болеста при што ќе се спроведуваат детални епидемиолошки испитувања на одгледувалиштата каде болеста не била регистрирана во претходните години. Зависно од состојбата и резултатите во зоните со масовна вакцинација против бруцелоза се спроведува земање на проби крв но и понатамошно воведување на оваа стратегија и на нови зони каде е спроведена масовната вакцинација против бруцелоза кај овци и кози.

Надзор и искоренување на беснило

Проектот на ИПА „Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на EU Acquis", EuropeAid/124586/C/SER/MK започна на 16 август 2010 година и е со времетраење од 24 месеци. Компонентата 3 од проектот се однесува на контрола на беснило со долгорочна цел за искоренување на болеста во земјата.

АХВ со поддршка од проектот реализира активности за контрола и мониторинг на беснилото кај дивата популација (лисици и диви месојадни животни), со цел да се спречи ширењето на вирусот кај домашните животни, кучињата и мачките скитници и луѓето. Превземени се активности за зајакнување на системот за епидемиолошки надзор на национално и локално ниво. Исто така зајакнат е капацитетот на НРЛ за беснило, набавена е опрема, потрошен материјал како и хемикалии и реагенси за изведување на дијагностички тестови. Исто така воведени се нови дијагностички методи за

проценување на старост кај лисиците, детекција на тетрациклин, одредување на антитела кај лисици и вирус изолација и секвенционирање. Како дел од активностите за контрола на беснилото се спроведува програма за орална вакцинација на лисиците против беснило. Се спроведуваат и две кампањи-една во текот на пролетта и една во текот на есента). Вакцинација се врши на целата територија на Република Северна Македонија, во секоја вакцинална кампања се дистрибуираат по 500.000 вакцини за да се постигне густина од 21 вакцина на km^2. Имплементиран е систем за активен и пасивен надзор за мониторинг на ефикасноста на вакцинацијата и на епидемиолошката состојба. За успешно спроведување на мониторингот АХВ склучи договори со ловечките друштва-концесионери на ловиштата во Република Северна Македонија за заловување на одреден број лисици. Спроведена е кампања за подигнување на јаваната свест за беснило како и серија обуки за лицата инволвирани во контрола на беснилото кај животните и луѓето.
Во текот на 2016 започна со работа нов модул за регистрација на домашни миленици (микрочипирање и внесување на податоци за вакцинација против беснило).

Надзор на класична чума кај свињите (КЧС) и (АЧС)

Појавата на болеста класична чума кај свињите во земјата последен пат е потврдена во 2008 година кај дивите и кај домашните свињи.
Контролата на болеста кај свињите се врши преку спроведување на програмата на задолжителна вакцинација против класична чума кај свињите во целата земја. Вакцинација ја вршат овластени ветеринарните друштва во текот на целата година со атенуирана вакцина, при што возрасните животни се вакцинираат еднаш годишно, а прасињата двапати годишно, согласно упатството на производителот. Трошоците за вакцинација против класична чума кај свињите во одгледувалишта во кои се одгледуваат повеќе од десет животни годишно во целост се на товар на одгледувачот/сопственикот на животните. Трошоците за вакцинација против класична чума кај свињите во одгледувалишта во кои се одгледуваат десет и помалку од десет животни годишно во целост, се на товар на Агенцијата за храна и ветеринарство, и се исплаќаат согласно одредбите од Програмата за користење на средства за здравствена заштитана животните и согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните.
За да се потврди ефикасноста на вакцинацијата и степенот на заштита против болеста кај домашната популација се врши проверка на имунитетот кај поголемите одгледувалишта на свињи на одреден број на животни заклани во кланица. Трошоците за утврдување на имунитетот во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните.
Во текот на 2019 година покрај проверка на имунитетот на свињите заклани во кланица дополнително треба да се спроведе и контрола на имунитетот кај свињи држени во дворови и селски стопанства и свињи од комерцијалните одгледувалишта каде е потврдено отсуство на вакцинација.
Согласно законодавството на Европската Комисија, АХВ се стреми кон невакцинална политика со што треба да се овозможи извоз на живи животни и производи од животинско потекло на пазарот на земјите членки на Европската Унија. Во насока на напуштање на сегашната политика на вакцинација со замена со невакцинална политика

во рамките на твининг проектот кој се спроведуваше во АХВ, МК 12 ИПА АГ 01 16 се изготви и донесе „Одлука за преземање на активности за престанок на вакцинација против класична чума кај свињите", бр.02-2415/1 од 03.07.2018 година. Во одлуката се уредени програми за надзор на класичната чума кај свињите како и воспоставен е акциски план за укинување на вакцинацијата против класична чума кај свињите.
Заради унапредување на биосигурносните мерки на одгледувалиште и процена на ризик од влез и ширење на болести беа донесени :

- Упатство за спроведување на категоризација на одгледувалишта на свињи;
- Контролна листа за утврдување на ризик и категоризација на одгледувалишта на свињи и
- Прирачник за воведување на биосигурносни мерки на одгледувалишта на животни.

Врз основа на овие документи се спроведе категоризација на 75 одгледувалишта на свињи, од 90 предвидени согласно податоците добиени од пописот на свињи, од 2017 и 2018 година (% на реализација = 83,3%). Од одгледувалиштата: 22 одгледувалишта се категоризирани со низок ризик, 48 со среден ризик и 5 со висок ризик.
Контролите во однос на биосигурносни мерки и категоризацијата на одгледувалиштата на свињи треба да се спроведуваат и во текот на 2019 година.
Во насока на подигање на јавната свест и јакнење на капацитетите во текот на 2018 година реализирана е едукација на сопственици и одгледувачи на свињи и на официјални ветеринари на тема: класична чума кај свињите, африканска чума кај свињите, категоризација на одгледувалишта на свињи и спроведување на биосигурносни мерки на одгледувалишта на животни. Едукативните состаноци се организира регионално во епидемиолошките единици каде има поголема концентарција и популација на комерцијални одгледувалишта на свињи и тоа во Велес, Виница и Скопје и на нив учество земаа 87 учесници.
Едукација за биосигурносни мерки треба да се спроведува и во текот на 2019 година.
Кај дивите свињи АХВ продолжува со спроведувањето на активности за контрола на болеста класична и африканска чума како можни преносители на вирусот кај домашните свињи, со спроведување на надзор кај застреланите диви свињи.
Заради подигнување на јавната свет кај ловциите и концесионерите и зајакнување на соработката со МЗШВ сектор ловство предвидено е држење на обуки во периодот пред почетокот на ловната сезона.
Во врска со Африканската чума кај свињите потребно е да се изработи план за итни мерки и оперативен прирачник и да се надополни и ревидира планот за итни мерки за класична чума кај свињите.

Програма за надзор на авијарна инфлуенца кај живината и дивите птици

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за тековната година, надзорот на АИ се спроведува во зимските месеци на годината (Ноември до Март), согласно Програма за надзор на авијарна инфлуенца кај живината и дивите птици („Службен весник на Република Македонија" бр. 223/16) и планот за надзор кој се изготвува секоја година.

Надзорот на авијарна инфлуенца кај живината и дивите птици се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија и со него се опфатени следните таргетирани популации:

а) живина која се одгледува во комерцијално производство (кокошки, мисирки, бисерки, фазани, еребици и потполошки);

б) живина која се одгледува во некомерцијално производство (живина во дворовите и селските стопанства);

в) водни птици кои се одгледуваат во домашното производство и

г) диви птици кои се присутни или мигрираат низ територијата на Република Северна Македонија.

Активниот надзор на присуството на вирусот на авијарна инфлуенца се врши системски на репрезентативен примерок со земањето на мостри од крв и брисеви за серолошко и вирусолошко испитување. Мострите ги земаат ветеринарните друштва во присуство на официјален ветеринар кој е задолжен за контрола на надзорот. Активниот надзор кај дивите птици се спроведува преку организиран отстрел на диви водни птици во областите кои се познати како собиралишта на истите.

Активен надзор авијарна инфлуенца кај живината и дивите птици ќе продолжи да се спроведува и во наредните години.

Програма за надзор на болести кај рибите

Во согласност со Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/13, 132/14 и 190/17), Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/11, 114/14 и 31/18) и Годишната наредба за здравствена заштита на животните за тековната година се спроведува активен надзор на присуство на Вирусна хеморагична септикемија и Инфективна хематопоетска некроза кај пастрмки и Кои херпес вирус кај крапот. Главна цел за спроведување на овој надзор е потврдување и декларирање на статус „Земја слободна од болест“ во однос на ВХС/ИХН и КХВ, а со тоа можност операторите со аквакултура за својата риба да добијат пристап на пазарите во ЕУ или трети земји.

Во однос на ВХС/ИХН активниот надзор во текот на првите две години се спроведуваше два пати годишно во пролет и зима на сите одгледувалишта на аквакултура на територијата на Република Северна Македонија кои произведуваат пастрмка. Заради измени во правната рамка на ЕУ и транспонирање на истата во националното законодавство третата година надзор се спроведе еднократно, а во текот на 2018 година треба да се спроведе двократно. Во рамките на активниот надзор официјалните ветеринари спроведоа официјални контроли на одгледувалиштата со клинички преглед и земање на мостри. Во зависност од видот на производство и старосната категорија на риба присутна на одгледувалиштето беа земени мостри од органи или оваријална и семена течност. Лабораториска дијагностика на земените мостри се спроведе на Институтот за ветеринарна медицина во Србија кој има акредитирана лабораторија за дијагностика на ВХС/ИХН кај пастрмки.

Надзор на ВХС/ИХН кај пастрмки треба да продолжи да се спроведува продолжи да се спроведува и во наредните години согласно планот за земање на примероци уреден во Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/13, 132/14 и 190/17).
Во однос на КХВ кај крап, надзорот започна да се спроведува 2017 година истиот ќе продолжи да се спроведува согласно Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/13, 132/14 и 190/17).

Програма за надзор и контрола на ТСЕ

Програмата за сузбивање и контрола на ТСЕ е транспонирана но не е спроведена („Службен весник на Република Македонија” бр. 22/2007) и во неа се дадени одредбите за надзор и мониторинг на болеста кај говедата и малите преживари, одредбите за искоренување на болеста и некои општи одредби во однос на лабораториската дијагностика. Во Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на ТСЕ, („Службен весник на Република Македонија” бр. 57/2011) е транспониран законот на ЕУ (Регулатива 999/2001 на Советот (ЕЗ) заедно со измените). Во Правилникот се дадени дефинициите, условите согласно кои се утврдува статусот на земјата, одредбите за спречување на болеста, за сузбивање и искоренување на истата, процедури за пуштање во промет, увоз, извоз и одредби во однос на лабораториите, земањето примероци и тестирањето.
Земањето примероци за ТСЕ се врши само во кланиците, официјалните ветеринари кои работат во областа на здравствената заштита на животните не се обучени во однос на земањето примероци за ТСЕ, (земање мозочно ткиво) и нема утврдено оперативна процедура за земање примероци на терен или во однос на слични прашања. Во текот на 2018-2019 година потребно е зајакнување на пасивниот надзор односно земање на мостри од угинати животни (говеда, овци и кози) на одгледувалишта и изработка на досие за состојбата со болеста во Република Северна Македонија за изминатиот период заради промена на статусот на државата и определување на земјата во група со значителен и не значителен ризик од трасмисивни енцефалопатии.

Транспонирана е програмата за сузбивање и искоренување на син јазик

(„Службен весник на Република Македонија” бр. 104/2007), Директива 2000/75/ЕЗ на Советот. Во програмата се дадени посебни одредби за сузбивање и искоренување на синиот јазик, опишани се мерките кои се применуваат во случај на сомнеж, во случај да се потврди болеста, утврдување на зони, одредби во однос на вакцинација, епидемиолошки истражувања и детали за националната референтна лабораторија и дијагностичките начела, известувањата и времетраењето на мерките.
Нема спроведено програма за активен надзор (како што е регулирано со Одлуката 2010/267 на Комисијата).

Салмонелоза

Спроведување на Националниот контролен план за намалување на присуството на салмонела кај кокошките (Gallus gallus) во Република Северна Македонија е одобрен од страна на директорот на АХВ, на 15.07.2011 кој е во согласност со Регулативата (ЕЗ) бр. 2160/2003 и Регулативата (ЕЗ) бр. 517/2011.

Болест на пчели

Донесување на Правилник за сузбивање и искоренување на американска чума на пчелно легло и негова имплементација.

Инфективна анемија кај копитари и западнонилска треска

Во текот на 2017 година како резултат на потврда на болеста Инфективна анемија кај копитари, болеста кај 5 животни на 2 одгледувалиште во регионот на Скопје, по убивањето и нештетното отстанување на животните се спроведе надзор во 14 населени места, 105 одгледувалишта во 2 општини, при што од 194 животни болеста беше потврдена кај 6 животни. Дополнително болеста беше потврдена и на едно одгледувалиште во општина Струмица. За да се утврди состојбата со болеста ИАК и ЗНТ во текот на 2018 година се спроведе мониторинг при што се зедоа 400 примероци од коњи по претходно утврден план. Спроведување на понатамошен мониторинг ќе зависи од резултатите од лабораториските испитувања кои ќе се добијат по овие две болести.

Надзор на особено опасни заразни болести кај животните

Во програмата за сузбивање и искоренување на особено опасни заразни болести" („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2007) се утврдени детали за хиерархијата на наредби и распределбата на надлежности, протокот на информации, задолженијата и одговорностите на Националниот центар за контрола на болести (НЦКБ), задолженијата и одговорностите на Локалниот центар за контрола на болести (ЛЦКБ), улогата на експертската група, расположливоста на финансии, други ресурси и опрема. Во програмата се дадени одредбите од Директивата 2003/85/ЕЗ на Советот – за одредбите за воспоставување на НЦКБ, ЛЦКБ, експертски групи итн. Овој документ може да се смета како еден вид „Општ дел од планот за итни мерки".

Центри за контрола на болеста

Опремување на центри за контрола на болести (ЛЦКБ и НЦКБ) со расположливите ресурси, со формирање на „потребни кутии„ за терен со цел, реализацијата на активности на терен кое ќе треба да биде поддржано од ИПА 2015 со цел подигнување на нивото на подготвеност во случај на појава на болест која е предмет на планови за итни мерки.
Воведување и одржување на биосигурносни мерки во одгледувалиштата преку изработка на упатства за биосигурносни мерки за други видови животни (свињи, говеда, овци, кози итн) како и изработка на контролни листи за другите видови на животни. Истовремено ќе се подготви план за подигање јавната свет на учесниците во системот за здравствена

заштита на животните како што се ветеринарните друштва, ловциите, концесионерите на националните паркови, одгледувачите и останатите засегнати страни.
Изработка на финансиска конструкција за изработка на медиумска кампања за подигнување на јавната свет за подигнување на јавната свет за воспоставување на повисоки мерки за заштита од болести во одгледувалиштата.
Заради немање на соодветна законска основа за донесување на Правилник за планови за итни мерки кај животните, Директорот на АХВ донесе „Одлука за планови за итни мерки кај животните“ бр. 13-216/1 од 23.01.2017 година во кој се подетално уредени листата на болести кои се предмет на донесување на планови за итни мерки, организацијата, комуникацијата и управувањето при спроведување на плановите за итни мерки, општите мерки и активности кои се применуваат во борбата против болести кај животните. Со оваа одлука е уредено постапувањето во случај на појава на болест кај животните за која се превземаат планови за итни мерки како и листата на болести кои се предмет на планови на итни мерки. Со измена и доплнување на законот за ветеринарно здравство се очекува Одлуката да се донесе како правилник и да се повлече Програмата за сузбивање и искоренување на особено опасни заразни болести.

Планови за итни мерки и оперативни прирачници

Во насока на јакнење на капацитетите и спремност за брз одговор во случај на појава на особено опасна заразна болест кај животните, во текот на 2017 година се донесоа два плана за итни мерки:

– План за итни мерки за класична чума кај свињите, бр.02-657/1 од 17.02.2017 година и
– План за итни мерки за авијарна инфлуенца, бр. 02-2392/1 од 04.07.2017 година.

Во текот на 2018 година се донесени:

– План за итни мерки и оперативен прирачник за лигавка и шап;
– План за итни мерки и оперативен прирачник за чума кај мали преживари и
– План за итни мерки и оперативен прирачник за африканска чума кај свињи.

Правилник за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/2010). Овој правилник е транспониран од Директивата 82/894/ЕЕЗ на Советот за известување за болести кај животните во рамките на Заедницата. Освен со овој документ, известувањето за болести е регулирано и со Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/2007), член 49 и член 50, и со секоја друга програма или правилник кој се однесува на контрола и искоренување на одредена болест. Во финална фаза на објавување е нов Правилник за начинот и постапката за пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кај животните кои задолжително се пријавуваат усогласен согласно директивата на ЕУ 82/894/ЕЕЗ ЕЕЗ на Советот за известување за болести кај животните во рамките на Заедницата.
Задолжителна вакцинација против Антракс на сите (овци и кози, говеда и коњи) во сите населени места кои се воспоставени како дистрикти во наредните дваесет години. За останатите клостридијални инфекции се спроведува генерален надзор на болеста и

доколку има потреба детални епидемиолошки испитувања на одгледувалиштата каде болеста била регистрирана во претходните години.
Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните се спроведува вакцинација против њукастелска болест кај живината, вакцинацијата ја вршат овластените ветеринарните друштва. Во случај на потврдување на болеста, ќе се применуваат мерките пропишани во Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на Њукастелска болест во кој е транспонирана Директивата 92/66 ЕЕЦ.

9.8.9. Планирање на контроли во системот за идентификација и регистрација на животните

На почетокот на секоја година одделението за идентификација и регистрација изготвува листа со одгледувалишта на говеда во кои треба да се изврши „он-спот„ контрола во тековната година. Листата на одгледувалиштата се генерираат од ИСАХВ системот. Со листата се опфатени 10 % од одгледувалиштата на говеда од секое Епизоотиолошко подрачје. Одгледувалиштата се избираат според анализа на ризик по одредени параметри врз основа на контролите и утврдените недостатоци од претходната година. Инспекциите на секое одгледувалиште се вршат најмалку еднаш на секои 5 години. Во случај на утврдени недостатоци официјалниот ветеринар изрекува соодветни инспекциски мерки и наредува корективни мерки при што врши повторна контрола на одгледувалиштето.

Анализата на ризик каде што се земени сите важни фактори. Во фактори на ризик спаѓа вкупниот број на идентификувани животни на одгледувалиштето, биосигурносните мерки на одгледувалиштето, резултати од извршените контроли во претходните години, евиденцијата од движењата на животните , раѓања, пријави на угинувања, како и други критериуми. Секој критериум на ризик има одреден број на точки па онаму каде што збирот е поголем станува збор за одгледувалиште со поголем сомнеж за неправилности. По инспекцијата официјалниот ветеринар ги внесува резултатите од контролата во централната база на податоци во ИСАВ системот.

На почетокот на секоја година одделението за идентификација и регистрација изготвува листа со одгледувалишта на овци/кози во кои треба да се изврши „он-спот„ контрола во тековната година. Листата на одгледувалиштата се генерираат од ИСАХВ системот. Со листата се опфатени 5 % од одгледувалиштата на говеда од секое Епизоотиолошко подрачје.

Контрола на одгледувалишта на свињи се врши со креирање на Листата за контрола на одгледувалишта на свињи по благосостојба со која се опфатени одгледувалишта со повеќе од 10 маторици.
Контрола на одгледувалишта на пчели се врши кај 5% од регистрираните пчелни семејства во секое епидемиолошка подрачје.

9.8.10. Планирање на контроли во системот за благосостојба на животните

- Контроли на сите одгледувалишта на свињи кои држат повеќе од 10 маторици (околу 150 одгледувалишта), со цел проверка на исполнетоста од одредбите од Правилникот за заштита и благосостојба на животните кои се држат за фармски цели и одредување на максималниот капацитет на одгледувалиштата;
- Контрола на сите активни живинарски фарми за кокошки несилки (одгледувалишта со над 350 кокошки) кај кои веќе е определениот максимален капацитет на фарма (поединечно по хала) како и вкупниот максимален капацитет на одгледувалиште, вршењето на контроли е со цел утврдување на исполнетоста и почитувањето на пропишаните услови за благосостојба на фармски животни;
- Контроли во одгледувалиштата за бројлери со цел утврдување на исполнетоста и почитувањето на пропишаните услови за благосостојба на фармски животни;
- Контроли во одгледувалишта за говеда со цел утврдување на исполнетоста и почитувањето на пропишаните услови за благосостојба на фармски животни;
- Контроли на превозниците за животни со цел утврдување на исполнетоста и почитувањето на пропишаните услови за благосостојба на фармски животни;
- Контроли во кланиците со цел утврдување на исполнетоста и почитувањето на пропишаните услови за благосостојба на фармски животни;
- Контроли на граничен премин со цел утврдување на исполнетоста и почитувањето на пропишаните услови за благосостојба на фармски животни;
- Контроли на одобрени прифатилишта и одобрени институции за експериментални животни и
- Контроли на општините дали спроведуваат активности за контрола на популација на кучиња.

9.8.11. Приоритети за официјални контроли и стратешки цели за 2019-2023

бр	Приоритет	Период на спроведување	Човечки ресурски
1.	Контроли на одгледувалишта на свињи (≥10 маторици)	Јануари, Февруари 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните
2.	Контроли на одгледувалишта на кокошки несилки (≥350 кокошки несилки)	Јануари, Февруари, Јули, Август 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните
3.	Контроли на одгледувалишта на бројлери	Периодот се одредува согласно времето на турнусот на производство. Во секое одгледувалиште 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за

			благосостојба на животните
4.	Контроли на одгледувалишта на говеда	Заедно со ИИР он-спот контролите 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните/Сектор за стручна поддршка
5.	Регистрација и одобрување на превозниците	Втора половина на 2018 година и тековно 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните/Сектор за стручна поддршка
6.	Контроли на превозниците и превоз на животните	Еднаш месечно на секој добиточен пазар 2019-2023 година Во неделата пред и за време на големите верски празници (велигден, ѓурѓовден, курбан бајрам и рамазан бајрам) 2019-2023 година На секоја пратка со живи животни при меѓународен превоз и на дестинацијата при долги патувања 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните/Сектор за стручна поддршка
7.	Контроли во кланиците	Тековно при секое колење пополнување на скратена контролна листа за време на колење, депо и истовар (превозното средство) и таргетирано за време на зголемен интензитет за време на на големите верски празници (велигден, ѓурѓовден, курбан бајрам и рамазан бајрам) 2019-2023 година Аудит во секоја кланица еднаш годишно 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните/Сектор за стручна поддршка

8.	Контроли во прифатилишта за кучиња	Два пати годишно во секое прифатилиште 2019-2023 година година распоредени во интервал од 6 месеци	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните
9.	Контроли во општините	Јануари, Февруари, Септември, октомври 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните
10.	Регистрација на одгледувачници и продавници за домашни миленици	2019 година и тековно 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните
11.	Контроли во одгледувачници и продавници за домашни миленици	Контроли во 10% од одгледувачниците за кучиња и во 50% од продавниците за домашни миленици во 2020- 2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните
12.	Контроли во институциите за експериментални животни	Два пати годишно во текот 2019-2023 година	Сектор за инспекциски надзор/Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните-Одделение за благосостојба на животните

9.8.12. Документирање на официјалните контроли и известување

Официјалните ветеринари распоредени во ПЕ на АХВ за спроведените активности составуваат записници, Решенија, контролни листи и други писмени документи и водат евиденции на пишани обрасци и електронски во база на податоци во ИСАХВ системот.
Тие доставуваат месечни и годишни извештаи до Секторот за инспекциски надзор кој ги собира и анализира извештаите,а за контролите по Посебните програми за субивање и искоренување на заразните болести известувањата се доставуваат до секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните.
Контролите на мерките за сузбивање и искоренување на заразните болести на ниво на одгледувалиште се внесуваат во централната база на ИСАХВ системот.
Контролите во одгледувалиштата на говеда,овци и кози и сите мерки изречени при

контролите се евидентираат во ИСАХВ системот.
Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ) воспоставен е во текот на 2013 година информациониот систем на АХВ ИСАХВ содржи податоци од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните, идентификација и регистрација на животните како и јавното ветеринарно здравство. Воедно континуирано се врши проширување и надградување на системот со нови модули (пријава на сомнеж, модул за надомест на штета за одземените заболени животни и земање на мостри од кланица и др.), добивање на решенија за нередување на контролни и заштитни мерки во случај на сомнеж или потврда на болест кога пријавата се врши преку системот. Активи учесници во ИСАХВ се ветеринарните друштва, официјалните ветеринари и вработените во Агенцијата за храна и ветеринарство.

9.8.13. Документирани процедури

Официјалните контроли се спроведуваат согласно документирани постапки (процедури, упатства, контролни листи, образци):

- Упатство за постапката на сертификација за извоз на живи животни од Република Северна Македонија во земјите на Европската Унија и трети земји;
- Упатство за спроведување на Национален контролен план за намалување на присуството на салмонелозата кај кокошки несилки, матични јата, бројлери, инкубаторски станици (Gallus gallus) во Република Северна Македонија;
- Процедура за спроведување на официјални контроли и надзор за здравствена заштита на животните;
- Процедура за спроведување на официјални контроли и надзор по Годишна наредба за здравствена заштита на животните;
- Процедура за спроведување на официјални контроли и надзор по Закон за идентификација и регистрација на животните;
- Процедура за прогласување, одземање и испраќање на колење или убивање на животни болни или сомнителни на болест заради сузбивање, искоренување и контрола на заразни болести кај животните;
- Процедура за спроведување на карантин, изолација и набљудување на животни при увоз во РСМ;
- Барање за задолжување на ветеринарно-здравствен сертификат;
- Потврда за задолжување на ветеринарно-здравствен сертификат;
- Потврда за поништен/повлечен ветеринарно-здравствен сертификат;
- Месечен извештај за задолжени, издадени и поништени сертификати;
- Евиденција за задолжување и раздолжување на сертификати;
- Записник од извршен инспекциски надзор;
- Решение;
- Покана за спроведување на едукација;
- Месечен извештај;
- Записник за контрола на одгледувалиште на говеда;
- Записник за контрола на одгледувалиште на овци/кози;
- Месечен извештај за работа спроведени Он-спот контроли;
- Записник за службена контрола на одгледувалиште за живина;

- Записник за службена контрола на одгледувалиште за одгледувалиште на говеда/овци и кози;
- Записник за а службена контрола на одгледувалиште за свињи;
- Записник за инспекциски надзор на одгледувалиште за аквакултура;
- Записник за епидемиолошка истрага во случај на сомнеж или потврeда на болест кај животните;
- План за внатрешна проверка за спроведување на НКПСЖ;
- Тековна евиденција за спроведување на НКПСЖ;
- Контролна листа за спроведување на НКПСЖ;
- Пропратно писмо за испраќање на примероци на салмонела кај живина (Gallus gallus);
- Извештај за постапено по сомнителен/позитивен наод на S. Enteritidis или S. Typhimurium и Salmonella spp;
- Записник за епидемиолошко испитување по позитивен резултат на салмонела кај кокошки несилки Gallus gallus;
- Решение за прогласување на сомнеж на болест;
- Решение за прогласување на сомнеж на Бруцелоза кај говеда;
- Решение за прогласување на сомнеж на Туберкулоза кај говеда;
- Решение за прогласување на сомнеж на Бруцелоза кај овци и кози;
- Решение за прогласување на болест кај животните;
- Решение за прогласување на Бруцелоза кај говедата;
- Решение за прогласување на Туберкулоза кај говедата;
- Решение за прогласување на Бруцелоза кај овци и кози;
- Записник за убивање/колење и извршена проценка на пазарна вредност на животни;
- Барање за комисиска проценка на пазарна вредност на животни;
- Заклучок за утврдување на висина на пазарната вредност на животни;
- Записник за дезинфекција и/или дезинсекција;
- Записник за испраќање на примероци од санитарна кланица за лабораториска дијагностика;
- Потврда за извршено колење од нужда;
- Записник за службена контрола и попис на одгледувалиште за животни;
- Барање за одобрување на објект за спроведување на карантин, изолација и набљудување на живи животни од увоз;
- Извештај за спроведени активности за времетраење на карантин;
- Записник за службена контрола на спроведување на вакцинација против БЧК во ветеринарно друштво;
- Записник за службена контрола на спроведување на вакцинација против БЧК во одгледувалиште;
- Записник за инспекциски надзор на одгледувалиште за говеда во однос на условите за заштита и благосостојба на животните;
- Записник за инспекциски надзор на одгледувалиште за кокошки несилки во однос на условите за заштита и благосостојба на животните и
- Записник за инспекциски надзор на одгледувалиште за свињи во однос на условите за заштита и благосостојба на животните.

9.8.14.Информатички системи и бази на податоци

Во Електронската база на податоци се дадени информации за идентификација и регистрација на животните. Во регистарот се наведени кодот за идентификација на секое одгледувалиште, видовите животни (говеда, овци и кози) и бројот на животни од секое одгледувалиште, како и името и адресата на одгледувачот, видот на производство (млеко, месо, волна), тип на одгледувалиште (општо, сточен пазар, планинско пасиште, пасиште, саем, еколошка фарма, кланица, селско пасиште,). Секој одгледувач на животни од видот говеда, треба да води регистар што редовно треба да го ажурира, во формат одобрен од страна на надлежниот орган. Ажурирањето може да е рачно или компјутерски, и во него треба да бидат содржани сите податоци за потеклото, идентификацијата, и каде што е соодветно, дестинацијата на животните кои ги поседувал, чувал, превезувал, ставал во промет или ги заклал. Одгледувачот поднесува извештај до надлежниот орган за сите движења до и од одгледувалиштето, за секое новородено животно и секое угинување на животните во одгледувалиштето, заедно со датумите кога истите се случиле, во рок од седум дена.
Факултетот за ветеринарна медицина води компјутерска евиденција за лабораториските анализи во „Лабораторискиот информатички систем (ЛАБИС)". Резултатите од извршените лабораториски анализи се доставуваат во електронска форма во рок од 72 часа, и истите се достапни за АХВ, официјалните ветеринари и ветеринарните станици кои ги доставиле примероците.

Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ) воспоставен е во текот на 2013 година. информациониот систем на АХВ ИСАХВ содржи податоци од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните, идентификација и регистрација на животните како и јавното ветеринарно здравство. Воедно континуирано се врши проширување и надградување на системот со нови модули (пријава на сомнеж, модул за надомест на штета за одземените заболени животни и земање на мостри од кланица и др.), добивање на решенија за нередување на контролни и заштитни мерки во случај на сомнеж или потрвда на болест кога пријавата се врши преку системот. Активи учесници во ИСАХВ се ветеринарните друштва, официјалните ветеринари и вработените во Агенцијата за храна и ветеринарство.

9.8.15. Верификација на официјалните контроли

Изработена е процедура за супервизија и верификација на официјалните контроли која се врши преку три вида активности и тоа:

-Редовна непосредна и континуирана контрола на работата на инспекторите во однос на спроведување на неговите редовни планирани и вонредни активности со проверка на минимум два предмета од секој инспектор по случаен избор од претходниот месец на месечно ниво од страна на непосредниот раководител или од него овластено лице (супервизија);

-Увид во работата на официјалниот ветеринар и инспекторот за храна за начинот на спроведување на спроведување и извршување на неговите активности и

ефективноста од овие активности (пракса,методи и техники на официјалните контроли) со метод на внатрешен аудит во одредени временски периоди (еднаш на две години) од страна на непосредниот раководител или од него назначен тим (верификација).
-редовно континуирано следење на одредени критични параметри и показатели на активностите на официјалните контроли на ниво на подрачна единица, контролен систем (индикатор на ефикасност и ефективност).

Поглавје 10: Контролен систем за производи од животинско потекло

10.1. Општи национални стратешки цели

Вовед

АХВ е надлежен орган во Република Северна Македонија во областа за официјална контрола на храната. систем
Сеопфатниот за официјални контроли на храна од животинско потекло, е од суштинско значење за заштитата на јавното здравје, намалување на болестите предизвикани од храна, вклучувајќи ги и зоонозите, зголемување на безбедноста и квалитетот на храната, развивање на капацитет на извозно ориентирана индустрија, што е важно за Република Северна Македонија на патот кон пристапувањето во Европската Унија.
За официјалните контроли на храна од животинско потекло, изготвено и усвоено е соодветно законодавство, земајќи ги предвид барањата на клучните регулативи на ЕУ.
Секторот за ветеринарно јавно здравство (Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло) во АХВ е директно надлежен за развој и одржување на системот за безбедност на храната од животинско потекло, додека Секторот за инспекциски надзор е одговорен за надзор и официјални контроли на храната од животинско потекло.
За работните процедури на официјалните контроли, изготвени и усвоени се контролни листи, извештаи, планови и програми за мониторинг. Контролните активности и методи, како што се одобрение, регистрација, аудит, инспекција и земањето примероци се претставени во секојдневната работа. АХВ има доволно овластувања да обезбеди спроведување на законските барања во производството на храна од животинско потекло.

Цел

- Поддршка на операторите со храна во објектот и запазување на стандардите на ЕУ за квалитет и безбедност на храна;
- Подобрување на функционалниот систем за контрола на безбедноста на храната од животинско потекло, наменета за исхрана на луѓето и
- Обезбедување на контрола во сите фази на производството и намалување на ризикот во однос на безбедноста на храната.

Во моментов, Република Северна Македонија е наведена како земја која може да извезува свежо месо од говеда, овци и живина и нивни производи, пастеризирани и термички

обработени млечни производи, конзумни јајца и производи од јајца, животински чварки, масти, жабји копани, месо од полжави и мед и производи од риба согласно Регулативата на Комисијата 206/2010, Регулативата на Комисијата 2008/798, Регулативата на Комисијата 2017/151, Одлуката на Комисијата 2007/777, Регулативата на Комисијата 2016/759, Одлуката на Комисијата 2011/163, Одлуката на Комисијата 2017/1089 соодветно.

10.2.Соодветно законодавство

Основниот правен акт е Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), со кој се регулира контролата на безбедноста на храна во сите фази (производство, преработка, складирање, транспорт, дистрибуција, малопродажба и достава). Со законот се регулираат општите и специфичните услови и обврски за операторите за храна, нивната регистрација и одобрение, условите за увоз и извоз на храна од животинско и неживотинско потекло, официјалните контроли и нивното финансирање заедно со мониторингот на резидуи и недозволени супстанции.

Врз основа на законот донесени се повеќе подзаконски правни акти со кои детално се регулира областа на безбедност на храната од животинско потекло. Со наведените законски акти е извршена хармонизација на легислативата во Република Северна Македонија во однос на безбедноста на храната од животинско потекло со хигиенскиот пакет на Европската унија.

Табела бр. 10.1

Транспонирање на законодавството на ЕУ, релевантно за храна од животинско потекло, во националното законодавство на Република Северна Македонија

Законодавство на ЕУ		НАЦИОНАЛНО законодавство/СТАНДАРД
Регулатива бр 178/2002	Општ закон за храна	Закон за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18)
Регулатива бр 852/2004	Хигиена на прехранбени производи	Закон за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18) Правилникот за општите барања за примарно производство и придружни операции како и општите барања за храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/12)
Регулатива бр 853/2004	Хигиена на храната од животинско потекло, конкретно Анекс I, II и III (оддели II, V и VI)	Закон за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18) Правилник за посебните барања за храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/16 и 166/17)

Регулатива бр 854/2004	Официјални контроли на храна од животинско потекло, конкретно Анекс I	Закон за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18) Правилник за начинот и постапката на вршење на службените контроли на производите од животинско потекло, наменети за исхрана на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/15) Правилник за посебните барања за контроли на Trichinella во месото („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/16)
Регулатива бр 882/2004		Закон за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18)
Регулатива бр 2073/2005	Микробиолошки критериуми за прехранбени производи	Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/13, 145/14 и 37/17)
Регулатива бр 2074/2005	Мерки за спроведување, поточно член 1 и 4 и Анексите I и IV	Наведените одредби од Регулативата 2074/2005 се земена предвид во националното законодавство: Правилник за начинот и постапката на вршење на службените контроли на производите од животинско потекло, наменети за исхрана на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/15 и 169/17); Правилник за посебните барања за храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/16) Анекс IV не е транспониран во националното законодавство (активност во тек)
Регулатива бр. 1169/2011	Давање на прехранбени информации на потрошувачите	Правилник за информации поврзани со храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/15)
Регулатива бр. 2160/2003	Контрола на салмонела и други предизвикувачи на зоонози кои се пренесуваат преку храна	Правилник за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/15)
Регулатива бр. 1664/2006	Мерки за спроведување за одредени производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето со кои се укинуваат одредени мерки за спроведување	Правилник за методите за земање на примероци и за вршење на анализи, вклучувајќи ги и методите на потврда или референтите методи кои се користат во случај на оспорување (суперанализа) на млекото („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/15)

Директива бр. 96/93/ЕЗ на Советот	Мерки за следење на определени супстанции и резидуи од нив кај живи животни и производи од животинско потекло	Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуство на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11).
Регулатива бр. 37/2010	Фармаколошки активни супстанции и нивна класификација во однос на максимално дозволеното ниво на резидуи во храна од животинско потекло	Максималното дозволено ниво на резидуи во ветеринарно медицински препарати (MRL) за одредени производи од животинско потекло, е дадено во Листата на фармаколошки супстанции, одобрени за употреба во ветеринарната медицина („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/18)
Регулатива бр. 1881/2006	Максималните нивоа на одредени загадувачи во прехранбените производи	Максималното ниво на резидуи од одредени супстанции (пестициди, микотоксини, тешки метали и други контаминанти) е утврдено во Правилникот за општите барања безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 118/05) – делумно на сила, Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/13) и Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 156/13). Опфатено е исто така и максималното ниво на резидуи на одредени супстанции (пестициди, микотоксини, тешки метали и други контаминанти). Започната е постапката за измени и дополнувања на: Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/13)

		и Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/13).
Регулатива бр. 396/2005	Максималните нивоа на остатоци од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително или од животинско потекло	
Одлука бр. 652/2013	Мониторинг и известување на антимикробна отпорност на зоонотски и коменсални бактерии	Програма за антимикробна отпорност за периодот 2017-2021 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/17)

10.3. Организација и структура на контролниот систем за производи од животинско потекло

АХВ е централен надлежен орган во Република Северна Македонија за контрола на храна од животинско потекло. Секторот за ветеринарно јавно здравство (Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло) во АХВ е директно надлежен надлежен за развивање и обединување на политиките во делот на безбедноста на храната од животинско потекло, координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите и преку управување со средствата, додека Секторот за инспекциски надзор е одговорен за надзор и официјалните контроли на храната од животинско потекло.

Согласно одредбите од Законот за квалитет на земјоделските производи, АХВ е орган надлежен и за вршење на инспекциски надзор на производите од животинско потекло во однос на нивниот квалитет.

Понатаму, со Законот за безбедност на храната на АХВ и се дава можност да ги пропише барањата во однос на квалитетот на храната, доколку материјата за квалитет на храната не е уредена со Законот за квалитет на земјоделските производи.

Во врска со погоре наведеното и надлежностите на АХВ во областа на квалитетот на храната од животинско потекло, согласно законските овластувања кои произлегуваат од Законот за безбедност на храната и Законот за квалитет на земјоделските производи, АХВ (Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло) зема активно учество во процесот на изготвување и спроведување на подзаконските акти кои произлегуваат од двата закони, а се однесуваат на квалитет на храната од животинско потекло.

Законското овластување произлегува од:

1. Закон за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18);
2. Правилник бр. 11-288/3 од февруари 2011 „за внатрешна организација на АХВ" објавен врз основа на член 55, став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела и
3. Правилник бр. 11-288/3 „За систематизација на работните места во АХВ" објавен врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела. („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00,44/02, 82/08 и 167/10).

Хиерархискиот однос во рамките на АХВ

Сите надлежности на АХВ во поглед на контрола на храната од животинско потекло, се централизирани на ниво на директор.
Секторот за ветеринарно јавно здравство (Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло) во соработка со Секторот за инспекциски надзор во АХВ е директно надлежен за развој и одржување на системот за надзор и официјалните контроли на храната од животинско потекло, додека спроведувањето и извршувањето на контролите е од страна на официјалните ветеринари распределени во локалните единици и се директно подредени на Секторот за инспекциски надзор.

Со Секторот за ветеринарно јавно здравство раководи раководител на сектор, кој е под директен надзор на директорот на АХВ. Под надзор на раководителот на секторот се четири одделенија:

- Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло;
- Одделение за ветеринарно - медицински препарати;
- Одделение за нус-производи од животинско потекло и
- Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животни.

10.3.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

<u>Централно ниво</u>

Главни функции на Секторот за ветеринарно јавно здравство во поглед на безбедноста на храната од животинско потекло:
Учествува во изготвувањето на примарното законодавство и подзаконските акти, програми и други акти во однос на ветеринарното јавно здравство, подготвува анализи, информации, организира и соработува со други надлежни органи и сектори, врши активности во однос на пропишување на акти за официјалните контроли, организира и спроведува ветеринарно-санитарни проверки и контроли (годишен аудит) во извозните кај ЕУ објекти и оператори со храна од животинско потекло, организира и врши официјални контроли на бизнис операторите со храна барателиза извоз во ЕУ, согласно законот за ветеринарно јавно здравство на сила, изработува извештаи како и други задачи во однос на ветеринарното јавно здравство и др.

Главни функции на Одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло:

- Врши одобрување на објектите со храна од животинско потекло;
- Врши регистрација на бизнис операторите со храна кои увезуваат храна од животинско потекло;
- Изготвува контролни програми за мониторинг на резидуи, како и други програми по потреба;
- Изготвување на подзаконски акти и работни процедури за официјални контроли (правилници);
- Учествува во изготвувањето на примарното законодавство и подзаконските акти, програми, стандардни оперативни процедури, упатства и други акти во однос на ветеринарното јавно здравство;
- Учествува во процесот на преструктуирање (унапредување) на примарните производители на храна од животинско потекло, согласно критериумите и барањата на новата законска регулатива усогласена со критериумите и барањата на Европската Унија;
- Учествува во спроведување на аудит на одобрени оператори со храна, поготово извозни во ЕУ објекти;
- Учествува во одобрување на објекти и оператори со храна за извоз на своите производи во земјите членки на ЕУи
- Води регистри на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло, регистар на правни лица увозници на храна од животинско потекло, регистар на примарни млеко производители.

Второ ниво на надзор на производи од животинско потекло:

Во рамките на Секторот за инспекциски надзор во АХВ распоредени се 29 Подрачни-локални единици во кои се распределени официјалните ветеринари при одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство од Секторот за инспекциски надзор.

Слика бр. 10. 1

Органограм на контролниот систем за производи од животинско потекло



10.3.2. Човечки ресурси

Табела бр. 10.2

Број	Ниво на надзор и контрола	Број на вработен персонал	Забелешки
1.	***Централно ниво (прво ниво)***	*9*	
2.	***Централно ниво - одделение за државна инспекција за ВЈЗ***	*9*	
3.	***Локално-Официјални ветеринариво одд.за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство***	*43*	

10.3.3. Материјални средства /техничка опрема

АХВ располага со задоволителни материјални средства во рамките на внатрешните организациони единици: опремени простории, вклучувајќи и директни телефонски линии, ИТ опрема со интернет врска, софтверски системи, моторни возила и професионална работна опрема за инспекторите.
Согласно законот, АХВ има право да собира надоместоци за официјалните контроли на објектите за производство, преработка и ракување со храна од животинско потекло. Висината на надоместоците е директно транспонирана во националното законодавство од Регулативата 882/2004. Надоместоците од официјалните контроли делумно се префрлаат во буџетот на АХВ а делумно во државниот буџет на Република Северна Македонија.
На официјалните ветеринари во текот на 2017/2018 година се додели опрема која беше набавена во рамките на ИПА проект со која делумно се подобри работата на официјалните ветеринари.

10.3.4. Обучување на персоналот на АХВ

Согласно член 82 од Законот за безбедност на храна, АХВ обезбедува дека сите лица кои вршат официјални контроли:

- стекнале соодветна обука, за нивната област на компетентност, која им овозможува да ги вршат работите за кои се надлежни и да вршат официјални контроли на доследен начин;
- во тек се со најновите случувања во нивната област и ако е потребно, редовно да посетуваат дополнителни обуки и
- способни се за мултидисциплинарна соработка.

Директорот на АХВ поблиску ги утврдува методите и процедурите за обука на персоналот кој врши официјални контроли и методот на проверка на стекнатото знаење.
Согласно Правилникот за начинот и постапката на вршење на службените контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/2015), кој е во согласност со барањата од Регулативата

854/2004 Анекс I, Оддел III, Поглавје IV, ОВ и неговите помошници мора да имаат познавања и да посетуваат обуки за мултидисциплинарните прашања споменати во соодветниот Правилник.
Бидејќи во моментов не е воспоставен систем за внатрешни обуки, има можност експертите од надлежниот орган и официјалните ветеринари да учествуваат во обуки финансирани од странство, како што се на пример BTSF и обуките финансирани од Светска Банка. Раководителот на секторот ги номинира учесниците на тие обуки.
Внатрешни обуки за официјалните ветеринари, обезбедени согласно од случај до случај, на пример за националната мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и во храна од животинско потекло, регистрација на примарното производство, новите упатствата за одредени прашања итн. се спроведуваат од Одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло. Во рамките на овие обуки покрај експерти од централно ниво, во некои случаи може да се вклучат и надворешни обучувачи од Факултетот за ветеринарна медицина.

10.3.5. Назначени лаборатории за официјална контрола, контролни програми за лабораторија

Одобрена и назначена лабораторија за испитување на присуство на резидуи од одредени супстанции, ветеринарно - медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло, антимикробна отпорност, други микробиолошки испитувања и квалитет на храната од животинско потекло,за потребите на официјалните контроли во склоп на системот за безбедност на храна од животинско потекло е лабораторија одобрена, преку склучен договор, од страна на Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, претходно одбрана по спроведена тендерска постапка.
Во изминатите години како одобрена и назначена лабораторија за спроведување на испитувања за официјални испитувања во склоп на системот за безбедност на храна од животинско потекло е Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје.

Лабораторијата за резидуи и контаминенти при Институтот за храна во состав на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје е овластена лабораторија за вршење на испитувањата предвидени со Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло за 2018 година.
Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје е акредитиран на 25.06.2008 година од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за исполнување на барањата од стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006 (сертификат бр. ЛТ 006).
Во доменот на акредитација на Институтот за храна спаѓаат 120 методи, вклучувајќи микробиологија, хемија и резидуи и контаминенти во храната. 46 од акредитираните методи се наменети за анализа на резидуи и контаминенти, од кои 36 се за анализи на официјални мостри предвидени со националната мониторинг програма за резидуи. Во текот на 2015 година лабораторијата имаше една надзорна посета од страна на ИАРМ, при кои се изврши проверка на методите од опсегот, со препорака за одржување на акредитацијата во рамките на пријавениот опсег.

Валидацијата на аналитичките методи за анализа на примероците од националната мониторинг програма за резидуи е базирана на барањата на следните регулативи: Одлуката на Комисијата 2002/657/ЕС (CELEX бр. 32002D0657) (остатоци од ветеринарно медицински препарати и забранети супстанци), Регулативата 401/2006/ЕС - CELEX бр. 32006R0401 (микотоксини), Документот на SANCO/12571/2013 (пестициди), 333/2007/ЕС - CELEX бр. 32007R0333 (тешки метали).
Националната референтна лабораторија зема учество во ПТ шеми организирана од страна на Референтни лаборатории на ЕУ (Берлин и Рим) и други РТ провајдери (FAPAS, IMEP, APLAC, BIPEA), акредитирани согласно ISO 17043:2010.
Факултетот за ветеринарна медицина зема учество во годишните работилници организирани од Референтните лаборатории на ЕУ во Берлин (BVL), Вагенинген (RIKILT), Рим (EU-ISS) и Фужер, Франција (ANSES).
Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје соработува со INMES од Белград, Република Србија и со EUROFINS од Софија Бугарија, во однос на аналитички услуги за конфирмација на сомнителни резултати од скринингот, како и тестирања за кои ФВМС нема акредитирани методи.

10.4. Контролни активности, методи и техники на официјални контроли

Општите обврски во однос на организацијата на официјалните контроли се утврдени во Законот за безбедност на храна. Официјалните контроли во системот на контрола на производите од животинско потекло ги врши одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство при Секторот за Инспекциски надзор.

Вовед

Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство е дел од Сектор за инспекциски надзор. Основна законска рамка е Законот за безбедност на храна со кој се дефинираат одредбите во однос на организацијата и надлежностите на ветеринарните служби и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на безбедноста на храната и храната за животни. Останатите закони кои се имплементираат од страна на ова одделение се Закон за безбедност на храна за животни, Закон за нус производи, Закон за ветеринарно-медицински препарати, Закон за квалитет на земјоделските производи. Во постапката за вршење на инспекциски надзор се применува Законот за инспекциски надзор, додека во постапката за издавање на решенија се постапува согласно материјалните закони или се применува Законот за општа управна постапка доколку со закон поинаку не е уредено.
ОДИВЈ е надлежно за имплементирање на активностите кои се донесени од страна на Секторот за ветеринарно јавно здравство како одговорно за стручни и управни работи врзани за спроведување на законите и другите прописи за безбедноста на храната и храната за животни. Воедно Одделението е задолжено за постапување по претставки и предлози поднесе од страна на граѓаните на Република Северна Македонија кои се однесуваат во делот на безбедност на храна и храна за животни.
Официјалните ветеринари се организирани по подрачни единици со месна – надлежност во делот на овластување и се надлежни за спроведување на различни мерки и контроли на терен.

Ветеринарните канцеларии на подрачно ниво се под директна надлежност на АХВ.

Цел

Примарна цел на ОДИВЈЗ е да се изврши ефективен надзор на прописите за безбедност на храната и храната за животни, имплементирање во целост на сите мерки наложени согласно законот и подзаконските прописи, имплементирање на посебните мониторинг програми.

Во делот на организација, структура и одговорности при надзорот Раководителот на сектор за инспекциски надзор преку Раководителот на одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство го координира и врши надзор во спроведувањето на мерките согласно материјалните закони од областа на безбедноста на храна пред се преку Годишната наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло во 2018 година, повеќегодишните програми и останати подзаконски прописи како и утврдување на наводите поднесени во претставките и предлозите поднесени од физички, правни лица,

Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство е надлежно за:

- следење и применување на прописите од областа на безбедноста на храна и храната за животни и нуспроизводи од животинско потекло;
- службени контроли, надзор и следење на активности од ветеринарно јавно здравство во кланици, млекарници, други објекти за преработка и пакување, превоз, складирање, објекти за продажба на големо и мало на храна од животинско потекло вклучувајќи го нивното одобрување и придржување кон условите за работа;
- спроведување мерки за здравствена заштита и благосостојба на животните во кланиците;
- вршење задолжителна ветеринарно-санитарна контрола на производство, преработка, складирање, промет и продажба на храна за животни и други производи за исхрана на животните;
- земање и испраќање материјали за лабораториско испитување;
- вршење преглед при утовар, истовар и претовар и
- задолжителна употреба на мерни калибрирани инструменти во текот на официјални контроли и евидентирање на нивната употреба во Записниците, контролните листи и во извештаите.

Методи и техники на официјални контроли се :

Инспекција, земање на мостри за лабораториски испитувања, мониторинг, интервјуа, верификација, преглед на документацијата и друга евиденција и сите други активности потребни за утврдување на случаите на неусогласеност со одредбите на законите.

Критериум за фреквенцијата на официјалните контроли

Официјалните контроли се извршуваат врз основа на анализа на ризик и со соодветна зачестеност, земајќи ги предвид:

- идентификуваните ризици поврзани со животните, храната, бизнисите со храна, употребата на храна или било кој друг процес, материјал, супстанција, активност или операција кои може да влијаат врз безбедноста на храната;
- претходната евиденција на бизнис операторите со храна во однос на сообразноста со овој Закон или пак со одредбите усвоени согласно овој Закон или со одредбите за здравствена заштита и благосостојба на животните;
- веродостојноста на сите извршени самостојни проверки и
- било какви информации кои може да наведат на неусогласеност со одредбите од овој Закон.

Официјалните контроли се спроведуваат без претходна најава, освен во случаи каде што е потребна претходна најава на бизнис операторите со храна. Официјалните контроли исто така може да се вршат ад хок.

Официјалните контроли се вршат во било која фаза на производството, преработката и дистрибуција на храна. Тоа подразбира, контрола на бизниси со храна, за употреба на храната, нејзино складирање, на сите процеси, материјали, супстанции, активности, вклучително и транспортот на храна и на живи животни.

Официјалните контроли се применуваат на пуштањето во промет и увозот и извозот.

Официјалните контроли треба да опфаќаат и аудит на добрата хигиенска практика и на процедурите и инспекциите засновани на HACCP.

АХВ врши проверка на сообразноста со барањата во однос на аплицирање на идентификациските маркици во сите објекти кои се одобрени согласно овој Закон и одредбите усвоени согласно овој Закон, како дополнение на потврдата на сообразноста со другите барања за следливост.

Предвидените инспекции ги вршат официјалните ветеринари од Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство согласно Годишните планови за работа на Секторот за инспекциски надзор, а врз основа на упатствата за зачестеност на официјалните контроли базирани на проценка на ризик за секој објект посебно.

Вонредните инспекции се вршат по барање, согласно наредбите од АХВ, во итни случаи, како би се оцениле претставките од потрошувачите, за болести предизвикани од храна.

Пост-мортем и анте-мортем инспекциите во кланиците и инспекциите во објектите за засекување на месо ги вршат истите официјални инспектори кои се надлежни за официјалната контрола (аудит, инспекции) во регионот.

Објектите кои извезуваат во ЕУ и во трети земји се под постојан надзор на официјален ветеринар. Ако официјалниот ветеринар утврди дека објектот што врши извоз не ги исполнува веќе потребните услови или пак утврди дека не се отстранети неправилностите за одреден временски период тогаш се постапува согласно член 52 од Законот за безбедност на храната, односно АХВ ги иззема овие објекти од регистарот на објекти одобрени за извоз. Со цел полесно да може да се имплементираат и применуваат законските одредби како и соодветните дополнителни барања од Европската комисија за увоз на производи од животинско потекло, од страна на Одделението за безбедност и

квалитет на храна од животинско потекло, изготвено е Упатство за начинот на одобрување и контрола на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во земјите членки на Европската Унија, како и Упатство за начинот на регистрирање на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во трети земји.
Покрај постојаниот надзор од страна на официјален ветеринар објектите и операторите со храна кои извезуваат производи од животинско потекло во земјите членки на ЕУ, најмалку еднаш годишно се предмет на аудит и од страна на централна комисија од АХВ.
Финансиските ресурси за надзорот и контролата на производите од животинско потекло се обезбедуваат со: Програма за користење на средства за ветеринарно јавно здравство.

Официјално земање на примероци

Согласно Законот за безбедност на храна, методите за земање примероци и анализа кои се применуваат во официјалните контроли, мора да ги исполнуваат барањата за храна, а во случај да не постојат такви, со меѓународно признати правила или протоколи, прифатено од Европскиот Комитет за Стандардизација (CEN), или со други методи погодни за предвидената цел, или пак развиени согласно научните протоколи.
Примероците мора да се земат, обележат и со нив да се постапува на начин со којшто ќе се гарантира правната и аналитичката вредност.
Сите позитивни наоди мора да се добијат или потврдат според референтни методи кои се користат во националната референтна лабораторија.
АХВ ги утврдува методите за земање примероци и анализа, како и правилата за толкување на резултатите со соодветни подзаконски акти.

Мерки во случај на несообразност

Согласно Законот за безбедност на храна, АХВ има овластувања за административни активности во случај да правното или физичкото лице не ги исполни барањата од соодветниот закон за промет со храна од животинско потекло. Во законот се предвидени следниве административни санкции:

- Привремено конфискување - инспекторот може привремено да конфискува храна, предмети, ресурси, производи и документи. Ако конфискуваните предмети, средства, производи, растенија и животни се од непознати лица, инспекторот може да ги предаде уништи во присуство на комисија или да ги предаде на Агенција за управување со одземен имот и
- Одлука - решение - ако во текот на надзорот инспекторот утврди дека правното или физичкото лице не ги исполнуваат барањата утврдени во законот, обврзан е да издаде писмено решение за отстранување на недостатоците во одреден временски период.

Правното или физичкото лице е задолжено да ги отстрани утврдените недостатоци наведени во одлуката.

Казни – во случај на прекршок, на правното или физичкото лице им се изрекува казна. Во Законот за безбедност на храна се утврдени висините на надоместоците за одредени прекршоци.
За прекршоците утврдени во Законот, инспекторот спроведува постапка за порамнување и на сторителот на прекршокот му издава прекршочен платен налог по кој операторот треба да плати во рок од 8 дена при што ја плаќа половина од глобата доколку во рок од 8 дена не ја плати глобата пресметана во платниот налог инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка. Спроведувањето на прекршочната постапката и утврдувањето на санкциите го врши Прекршочната комисија на АХВ. Прекршочната комисија се состои од
овластени официјални лица вработени во АХВ, каде што еден од нив е претседател на прекршочната комисија.
За некои прекршоци инспекторот спроведува едукации со Укажувања да во рок од 8 дена се отстрани недостатокот. Доколку недостатокот не е отстранет во рок од 8 дена инспекторот поведува прекршочна постапка.

Други контролни активности

Официјалните ветеринари од секторот за инспекциски надзор се вклучени и во следните активности:

Одобрување на објекти

Барањата за одобрение се утврдени во Законот за безбедност на храна.
АХВ ги одобрува бизнис операторите со храна и објектите за производство, преработка и ракување со храна од животинско потекло, и води регистар на одобрени објекти и бизнис оператори со храна од животинско потекло.
Пред да ги издаде бројот на одобрение и сертификатот, АХВ мора да изврши инспекција на самото место и да ги одобри објектите за активностите кои се побарани, само ако кај бизнис операторите со храна се утврди сообразност со барањата за безбедност и хигиена на храна.
АХВ издава условно одобрение ако за време на контролата на самото место утврди дека објектот ги исполнува сите барања во однос на инфраструктурата и опремата. Одобрението се издава само во случаи кога за време на следниот увид три месеци по доделувањето на условното одобрение, се утврди дека објектот ги исполнува потребните барања. АХВ може да го продолжи условното одобрение, но најмногу до шест месеци.
АХВ на сите одобрени објекти, заедно со оние со условно одобрение, им доделува број на одобрение.
Директорот на АХВ одредува комисија за одобрувања која се состои од официјални лица од Одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло и официјални ветеринари од подрачните единици. Записникот на комисијата за одобрување на објектот се пополнува за време на контролата на самото место. Врз основа на исходот од контролата комисијата за одобрување изработува мислење до Директорот на АХВ за одобрување на објектот или за одбивање на барањето.

Одобрените објекти и оператори со храна од животинско потекло се заведуваат во регистар на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло, кој се објавува на интернет страницата на АХВ.
Доколку одобрените објекти и оператори со храна од животинско потекло престанат да ги исполнуваат условите, согласно одредби од Законот, на истите им се укинува решението за одобрување и истите се бришат од регистар на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло.
Регистар на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло го ажурира и објавува Одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло.

Времено или трајно укинување на решение на одобрен објект и оператор со храна

Доколку одобрените објекти и оператори со храна од животинско потекло престанат да ги исполнуваат потребните барања пропишани во националната легислатива се врши времено повлекување на решението на одобрен објект и оператор со храна во следните случаи:

– на барање на операторот со храна и
– повремена забрана за вршење на дејност донесена од страна на официјалниот ветеринар надлежен за спроведување на официјални контроли во објектот.

Времето повлекување на решението на одобрен објект и оператор со храна се евидентира во регистарот на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло.
Агенцијата ја брише регистрацијата и го укинува одобрението на објект и оператор со храна, за една или повеќе од неговите дејности, доколку:

- објектот прекине една или повеќе од неговите активности;
- операторот со храна во текот на работењето три пати предизвикал алиментарни заболувања во последователни три години;
- се покажало дека објектот не ги исполнува условите потребни за неговите дејности за период од една година, по времето бришење на регистрацијата или повлекување на одобрението (решение за времена забрана за вршење на дејност издадено од страна на официјалниот ветеринар) и
- утврдил сериозни недостатоци или морал да го запре производството или активноста во објектот повторно, а операторот со храна се уште не е во состојба да обезбеди соодветни гаранции во однос на идното производство или активност.

Податоците за укинатите решенија за одобрение на објекти и оператори со храна од животинско потекло се водат на централно ниво во Агенцијата за храна и ветеринарство во Регистар на укинати решенија на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло и истите тековно се ажурираат. Врз основа на регистарот на укинати решенија на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло се изработува листа на укинати во последните две календарски години, решенија за одобренија на објекти и оператори со храна од животинско потекло и истата се објавува на веб страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Укинатите објекти и оператори со храна од животинско потекло се бришат од регистарот на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло.

Регистрација на објекти и бизнис оператори со храна од животинско потекло

АХВ води регистар на бизнис операторите со храна и објектите коишто вршат:

- производство, преработка и дистрибуција на храна;
- примарно производство;
- транспорт;
- складирање на производи за кои не е потребен температурен режим за време на складирањето и
- малопродажни активности кои се однесуваат само на складирање и транспорт, кога се применува конкретен температурен режим, или пак доставувањето на храна до малопродажни објекти за снабдување на други објекти, со маргинални, локализирани или ограничени активности.

Бизнис операторите со храна мора да поднесат барање за регистрација до АХВ.

Во одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло се води регистар на примарните млеко производители. Регистар на останатите примарни производители се планира да се воведе во претстојниот период.

Регистрација на правни лица увозници на храна од животинско потекло

Агенцијата за храна и ветеринарство (Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло) води регистар на правни лица увозници на храна од животинско потекло. Во регистарот на правни лица увозници на храна од животинско потекло се впишуваат увозници по нивно барање, а со претходно исполнување на одредени услови пропишани во Правилник за начинот и постапката за регистрација на физички и правни лица кои вршат увоз и/или повторен извоз и формата и содржината на евиденцијата на увоз и/или повторен извоз („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2015) и Правилникот за формата и содржината на регистарот на објекти и оператори со храна од неживотинско потекло, формата и содржината на регистарот на објекти и оператори со храна од животинско потекло, формата и содржината на барањето за регистрација и начинот на регистрација на операторите со храна и објектите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2011, 152/2011, 15/2012 и 112/2012).

Регистарот на правни лица увозници на храна од животинско потекло се објавува на интернет страната на Агенцијата за храна и ветеринарство, каде се објавуваат и сите дополнителни измени и е предуслов да се изврши увоз на граничен премин.

Регистрација на примарни производители на храна од животинско потекло

Од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство (Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло) по претходно усвоен, од страна на Влада на Република Северна Македонија, План за категоризација на примарното млеко производство, изработено е Упатство за начинот и постапката за спроведување на постапката на регистрација и категоризација на одгледувалишта на молзни грла според ризик со унапредување на квалитетот на суровото млеко.

Одгледувалиштата на молзни грла чие млеко се става во промет за употреба за исхраната на луѓето, треба да исполнат одредени барања во поглед на хигиенските услови за производство и квалитетот на млекото,а врз основа на степенот на исполнување на законските барања, се категоризираат во три категории:

1. Прва категорија - се одгледувалишта кои што ги исполнуваат хигиенските барања согласно Правилникот за општите барања за примарно производство и придружни операции како и општите барања за храна и Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи, и сировото млеко ги исполнува барањата за вкупен број на колонии на микроорганизми (Plate count - PC) до 100.000/мл. и вкупен број соматски клетки (somatic cell count - SCC) до 400.000/мл;

2. Втора категорија - се одгледувалишта кои што ги исполнуваат хигиенските барања согласно Правилникот за општите барања за примарно производство и придружни операции како и општите барања за храна и Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи, а произведуваат сурово млеко со вредности над 100 000/мл за вкупен број на колонии на микроорганизми -PC и над 400 000/мл. за вкупен број на соматски клетки - SCC, соодветно на пропишаните вредности за тековните години дадени во Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи и

3. Трета категорија - се одгледувалиштата кои не исполнуваат ниту еден од критериумите за производство на сурово млеко наменето за исхрана на луѓето утврдени во Правилникот за општите барања за примарно производство и придружни операции како и општите барања за храна и Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи.

Активности на терен се започнати и е воведен регистар на примарните млеко производители кои го стават млекото во јавен промет.

Со регистрацијата се врши и категоризација на одгледувалиштата согласно наведените критериуми со цел утврдување на фактичката состојба на одгледувалиштето на молзни грла, во поглед на:

- здравствената состојба на животните за производство на сурово млеко;
- хигиената на одгледувалиштата, просториите и опремата за производство на сурово млеко;
- исполнување на хигиенските барања во текот на молзењето, собирањето и транспортот на сировото млеко.

Целиот процес на преструктуирање на примарното млеко производство се планира да се заврши до крајот на 2019 година.

Процесот на регистрација на другите примарни производители на храна од животинско потекло е во почетна фаза. Од страна на одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло изготвено е Упатство за регистрација на одгледувалишта/примарни производители на храна од животинско потекло наменета за исхрана на луѓето, како и соодветни контролни листи за регистрација и контрола на одгледувалиштата.

Аудит

Официјалните контроли треба да опфаќаат и аудит на добрата хигиенска практика и на процедурите и инспекциите засновани на HACCP.
Со аудитите за добра хигиенска практика треба да се потврди дека сите бизнис оператори со храна, континуирано и правилно ги применуваат процедурите во однос на:

- проверка на информациите за ланецот на храна;
- проектирањето на објектите и одржувањето на просториите и опремата;
- пред-оперативната, оперативната и постоперативната хигиена;
- личната хигиена;
- обука за хигиена за време на работата;
- контрола на штетници;
- квалитет на водата;
- контрола на температурата и
- контрола на храната која се внесува и се испорачува од објектот како и сета пропратна документација.

Официјална сертификација

Во Законот за безбедност на храна, се утврдени правилата за сертификација .
Бизнис операторите со храна имаат законска обврска да се придржуваат до критериумите на ЕУ при извоз на месо,месни и млечни производи во ЕУ. СЦА располага со правни инструменти за реализација на системот за официјални контроли. Сите барања од Регулативите (ЕЗ) бр 852/2004, бр 853/2004 и бр 854/2004 кои се важечки за секторот за месо и млечни производи, како и Директивата 96/93/ЕЗ, се утврдени во националното законодавство и се применуваат исто така и на националното производство со исклучок на барањата за критериумите за сурово млеко во однос на РС и SCC.
Сите ветеринарни инспектори според Законот за ветеринарно здравство се овластени како сертифицирани службеници. Сертифицираните службеници во секторот за млечни производи, дополнително добиваат овластување од Директорот на АХВ, да потпишуваат сертификати за извоз во ЕУ. Ова овластување сè уште не е воспоставено за сертифицираните службеници во секторот за свежо месо, но е предвидено да се реализира во блиска иднин

10.5. Контроли по посебни планови за мониторинг програми

Официјалните ветеринари спроведуваат и контроли по посебни мониторинг програми и тоа:

1. Годишен план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло

Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло е наменет за набљудување и откривање на причините за ризиците од појава на резидуи во храната од животинско потекло на ниво на фарма (одгледувалиште), во кланици, млекарници, во објекти за одгледување и

преработка на риби, во центари за собирање и пакување на јајца и мед, како и кај дивеч од ловишта.

Годишен план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло се спроведува во Република Северна Македонија од 2002 година со стапување на сила на Правилникот за ветеринарно-санитарни прегледи, контрола и евиденција за резидуи од одредни супстанции во суровини, живи животни и производи од животинско потекло објавено во "Службен весник на Република Македонија" бр. 08/02.

Во однос на националното законодавство, донесен е Правилникот за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуството на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11). Со овој правилник се врши усогласување со Директива 96/23/ЕЗ на советот од 29 април 1996 година за мерки за следење на определени супстанции и резидуи од нив кај живи животни и производи од животинско потекло и за укинување на Директивите 85/358/ЕЕЗ и 86/469/ЕЕЗ и Одлуките 89/187/ЕЕЗ и 91/664/ЕЕЗ (CELEX бр. 31996L0023).

Целта на Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло за 2018 година е утврдување на присуството на резидуи и супстанции наведени во Прилог I од Правилникот за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуството на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11) во живи животни, нивните екскременти, телесни течности и ткива, храна за животни и вода за пиење и примарни производи од животинско потекло, преку:

- утврдување на недозволено администрирање на не одобрени супстанции и недозволено администрирање на одобрени супстанции;
- контрола на усогласеноста со максимално дозволени нивоа на резидуи од ветеринарно - медицински препарати и други производи, максимални нивоа на пестициди и мониторинг на концентрацијата на контаминентите од природната средина и
- набљудување и откривање на причините за присуство на резидуи во храна од животинско потекло, преземање на корективни мерки како и транспарентност на резултатите.

Максимално дозволените граници за резидуи од ветеринарно - медицински препарати (MRL) за одредени производи од животинско потекло се дадени во Листата за фармаколошки супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/18).

Недозволените супстанции за третман на животни за производство на храна се дадени во Решението за забрана за производство, увоз, поседување, продажба, снабдување и/или употреба на одредени видови ветеринарно - медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" бр. 132/10). Со решението се забранува производство, увоз, поседување, продажба, снабдување и/или употреба на одредени ветеринарно -

медицински препарати кои се наменети за аплицирање кај фармски животни за производство на производи за човечка конзумација и аквакултура на тиреостатски супстанции, стилбени, деривати на стилбени, нивни соли и естри, естрадиол 17β и деривати на неговите естри, бета - агонисти, стероиди, кисели лактони од резолин, вклучувајќи зеранол и фармаколошки активни субстанции кои не може да се одреди максималното дозволено ниво (Chloramphenicol, Chloroform, Chlorpromazine, Colchicine, Dapsone, Dimetridazole, Metronidazole, Nitrofurans, вклучувајќи и Furazolidone и Ronidazole), Табела 2 од Регулативата (ЕЗ) бр. 37/10 за фармаколошки активни супстанциии, нивната класификација во однос на максимално дозволените граници на резидуи за одредени производи од животинско потекло.

Максимално дозволените нивоа на резидуи на одредени супстанции (пестициди, микотоксини, тешки метали, и други контаминенти) се дадени во Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти ("Службен весник на Република Македонија бр. 102/13) и Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната ("Службен весник на Република Македонија бр. 156/13).

Процесот на планирање се врши според Директивата на Советот 96/23/ЕС, Одлуката на Комисијата 97/747/ЕС, Одлука на комисијата 98/179/ЕС, Одлука на комисијата 2002/657/ЕС и препораките од DG SANCO (No. HJ/dht D (2006) 651610 од 25.10.2006 година и No. JMc E/dht D (2008) 650563 од 16.04.2008 година), No. IEB/dht D (2009) 651216 од 21.12.2009 година, Ref. Ares (2010) 360365 од 23.06.2010 година, финален извештај од FVO Мисија 12 до 18 октомври 2010 (реф. бр. DG (SANCO)/2010-8765 - MR), препораките од аудитот спроведен од страна на FVO мисијата 2015-7520 од 24.02 - 05.03.2015 во врска со производство на рибни производи наменети за извоз во ЕУ – Ares (2015) 5947211 и финален извештај од FVO Мисија извршена од 05 до 13 април 2016 година (Ref. Ares (2016) 3999493 од 29.07.2016 година).

Селекцијата на супстанции од ветеринарно - медицински препарати кои ќе бидат вклучени во тековниот план за мониторинг и контрола на резидуи од ветеринарно - медицински препарати и контаминенти во живи животни и производи од животинско потекло, се прави според Листата на ветеринарно - медицински препарати за кои е дадено одобрение за ставање во промет, податоците за употреба на пестициди во Република Северна Македонија добиени од Фитосанитарната управа, недозволените супстанции вклучени во Прилог I од Правилникот за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуството на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11), според капацитетот и можноста на лабораторијата за вршење на соодветните анализи за присуство на недозволени супстанции, резултатите од предходната година, официјалните податоци, известувања добиени од RASFF, барањата и препораките од Европската Комисија итн.

Официјалните ветеринари кои се вработени во подрачните единици на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија се одговорни за земање,

регистрирање, подготовка и организирање на транспортот на официјалните мостри под соодветни услови во согласност со нивните овластувања или по барање на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Овластувањето за вршење на испитувањата предвидени со Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло има овластена лабораторија од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство. Лабораторијата за резидуи и контаминенти при Институтот за храна во состав на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје е овластена лабораторија за вршење на испитувањата предвидени со Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло.

Во случај на сомнеж на присуство или утврдено присуство на резидуи на недозволени супстанции и или неправилна употреба на одобрените супстанции, лабораторијата е задолжена веднаш да ја извести Агенцијата за храна и ветеринарство, која го известува официјалниот ветеринар кој ја испратил мострата за превземање чекори согласно Правилникот за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуството на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11) и Законот за безбедност на храна ("Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18).

Материјални ресурси/техничка опрема

Официјалниот ветеринар во регионалните седишта располага со опремени работно место, компјутер со интернет врска. Официјалните ветеринари исто така имаат и возила на располагање, но понекогаш ги делат меѓу себе. АХВ ја обезбедува неопходната заштитна облека. Лабораторијата ја обезбедува опремата за земање примероци.

Систем за обуки

За системот за контрола на резидуи, од страна на Одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло на официјалните ветеринари им се одржува најмалку еднаш годишно обука за новитетите во програмата, а истите се и во постојана комуникација со одговорното лице од Одделението, кое ги насочува во случај на нејаснотии.

Информатички систем и бази на податоци

Постои локална база на податоци во рамките на Одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло, а мониторинг на земањето примероци за резидуи.

Во тек е развој на модул за планирање, следење, реализирање и евалуација на спроведување на Годишниот план за мониторинг на резидуи во состав на Ветеринарно Информативниот Систем (ИСАХВ) на Агенцијата за храна и ветеринарство.

2. Годишен план за мониторинг на антимикробна отпорност

Годишниот план за мониторинг на антимикробна отпорност се изработува со цел усогласеност во спроведувањето на Програмата за антимикробна отпорност за периодот 2017 – 2021 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/17). Со Програмата за антимикробна отпорност за периодот 2017 – 2021 година се врши мониторинг на антимикробната отпорност со цел обезбедување на усогласеност со барањата пропишани со Законот за безбедност на храна за добивање на компаративни податоци за појавата на антимикробна отпорност кај предизвикувачите на зоонози, доколку тие претставуваат закана за јавното здравје или други предизвикувачи. Со оваа Програма извршено е усогласување со одредбите на Одлуката (ЕЗ) бр. 652/2013 од 12 Ноември 2013 година за мониторинг и известувања на антимикробна резистенција на зоонотски и коменсални бактерии (CELEX бр. 32013D0652).

Одговорноста за изработка, спроведување и евалуација на централно ниво на Упатството за стратегија за мострирање и начин на земање примероци предвидени со Програмата за антимикробна отпорност, изработка на Годишниот план за мострирање на антимикробна отпорност и следење на реализацијата на истиот ја има Одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло во СВЈЗ.

Одговорноста и овластувањата за земање примероци предвидени со Програмата за антимикробна отпорност ја има Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство и Одделението за државна инспекција за здравствена заштита во СИН.

Овластувањето за вршење на испитувањата предвидени со Програмата за антимикробна отпорност ја има овластена лабораторија од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Предмет на мониторинг на антимикробна отпорност се сите изолати или репрезентативен број на изолати добиени во рамките на националните програми за контрола, добиени во согласност со:

- Правилникот за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторинг („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11);
- Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на Салмонела и други одредени алиментарни интоксикации („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/15), односно Националниот контролен план за намалување на присуството на салмонелоза кај кокошки несилки, матични јата, бројлери, инкубаторски станици (Gallus gallus) во Република Северна Македонија и
- точките 2.1.3, 2.1.4 и 2.1.5 од Поглавје 2 од Прилог I на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/13, 145/14, 37/17).

Изолатите кои се тестираат за да се утврди антимикробната осетливост се добиваат од програмите за следење врз основа на план за земање примероци по тие програми и тоа:

- Националниот контролен план за намалување на присуството на салмонелоза кај кокошки несилки, матични јата, бројлери, инкубаторски станици (Gallus gallus) во Република Северна Македонија;

- План за утврдување на сообразност со микробиолошките критериуми за храната и
- План за мониторинг на антимикробна отпорност.

Планот за земање на примероци предвиден со Програмата за антимикробна отпорност се изработува од страна на Одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло во Секторот за ветеринарно јавно здравство и истиот се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија, како составен дел на Годишната наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло, која ја донесува директорот на АХВ.

Националниот контролен план за намалување на присуството на салмонелоза кај кокошки несилки, матични јата, бројлери, инкубаторски станици (Gallus gallus) во Република Северна Македонија го изработува Одделението за здравствена заштита на животните, Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните.

Планот за утврдување на сообразност со микробиолошките критериуми за храната се утврдува согласно Годишната наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло од страна на официјалните ветеринари надлежни за објектите.

Агенцијата при спроведувањето на мониторингот собира различни и споредливи податоци со цел да се согледаат и карактеризираат опасностите, да се процени изложеноста и да се карактеризираат ризиците поврзани со зоонозите и предизвикувачите на зоонози или други предизвикувачи. Дополнително се земаат предвид барањата од Програмата за антимикробна отпорност и Правилникот за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторинг ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11), обврските на Република Северна Македонија преземени како земја кандидат за собирање и размена на информации за релевантни научни сознанија, активности за собирање на податоци и/или други релевантни научни информации во врска со проценката на ризикот, односно обврската на АХВ да продуцира и објави годишен извештај на веб страната на АХВ, како и информирање на EFSA и OIE за мониторинг на антимикробна резистенција на зоонотски и коменсални бактерии.

Со Програмата за антимикробна отпорност се врши мониторинг на антимикробната отпорност со цел да обезбеди усогласеност со барањата пропишани со Законот за безбедност на храна за добивање на компаративни податоци за појавата на антимикробна отпорност кај предизвикувачите на зоонози, доколку тие претставуваат закана за јавното здравје или други предизвикувачи и се утврдуваат деталните правила за мониторинг и известување за антимикробна отпорност кои се вршат од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство во согласност со Правилникот за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторинг ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11).

Проценката на резултатите од следењето на антимикробната отпорност од оваа програма се вклучува во годишниот извештај за движењата и жариштата на зоонози и

предизвикувачи на зоонози во согласност со член 9 од Правилникот за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторинг ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/11).

Микробиолошките лаборатории се должни веднаш да ги пријават до Агенцијата за храна и ветеринарство, најдоцна во рок од 48 часа од утврдувањето на секоја изолација или со друга лабораториска метода докажани, независно од изворот на изолатот причинителите наведени во член 23 став 1 точките 1, 2, 4, 5, 14, 15, 16, 26, 27, 38, 39, 40, 43, 44, 47, 49, 50 и 51 од Законот за заштита на населението од заразни болести и Законот за безбедност на храна.

При изолација на *Salmonella spp.* се применуваат начелата на надзор, односно официјалните ветеринари во случај на незадоволителен резултат односно позитивен наод на *Salmonella spp.* наредуваат мерки за отстранување на утврдените недостатоци согласно законските одредби предвидени во Законот за ветеринарно здравство, Законот за безбедност на храна, Законот за инспекциски надзор, Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други алиментарни интоксикации, Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли и процедурите за мониторинг на зоонози и зоонотски причинители, листа на зоонози и зоонотски причинители и Националниот контролен план за намалување на присуството на салмонелоза кај кокошки несилки, матични јата, бројлери, инкубаторски станици (Gallus gallus) во Република Северна Македонија.

За останатите видови примероци се применуваат начелата на мониторинг и од страна на официјалните ветеринари не се преземаат активни контролни мерки кога се откриени позитивни случаи.

Агенцијата ги објавува резултатите од анализите пријавени во согласност со Програмата за антимикробна отпорност во Годишниот извештај за движењата и жариштата на зоонози и предизвикувачи на зоонози во согласност со член 9 од Правилникот за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторинг на веб страната на Агенцијата.

Во поглед на антимикробната отпорност за наредниот период планирано е:

- целосна имплементација на Програмата за Анитимикробна отпорност и скедење на нејзината реализација;
- вклучување во системот на достава на податоци за АМО до ЕФСА и ОИЕ;
- развивање и интензивирање на комуникацијата и соработката со сите релевантни институции и граѓанското општество со крајна цел развивање и имплементирање на мултисекторски и меѓуинституционален стратешки пристап за борба против АМО;
- развивање систем за собирање на податоци и следење и мониторинг на селекцијата и појавата на резистентни микроорганизми и нивна распространетост, како и употребата на антимикробни препарати и
- следење и промоција на научни истражувања и иновации, да развива и имплементира политики во насока на зголемување на свеста за АМО и одговор на антимикробна употреба.

Мониторинг на квалитетот на храната од животинско потекло

Мониторингот на квалитетот на храната од животинско потекло се врши заради утврдување на степенот на исполнување на барањата за квалитет на храната од животинско потеклокако и согласност со декларацијата на самиот производ утврдена одстрана на операторите со храна од животинско потекло. Мониторингот се врши во сите фази на ланецот на производство и промет на хранатавклучувајќи ја и храната од увоз.
Мониторингот од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство се спроведува при вршењето на официјалните контроли на квалитетот на храната од животинско потекло, при што треба да се земат мостри од објектите за преработка на храната од животинско потекло и/или од малопродажба, за лабораториско испитување на:

1) млеко и производи од млеко, согласно Правилникот за барања за квалитетот на суровото млеко, стандардите за квалитет на конзумното млеко, млечните производи и употребата на нивните називи, квалитетот и активноста на стартер културите, сирилата и други специфични материи и начинот на нивна употреба, начинот на дополнително означување на млекото и млечните производи како и дозволеното отстапување на тежината во однос на декларираната ("Службен весник на Република Македонија бр. 151/11)";
2) месо, мелено месо и производи од месо, согласно Правилникот за барањата во однос на квалитетот на мелено месо, подготовки од месо и производи од месо ("Службен весник на Република Македонија бр. 63/13) и
3) мед, согласно Правилникот за стандардите и начинот на одредување на квалитетот и начинот на пакување и означување на производите од пчели по однос на квалитетот ("Службен весник на Република Македонија бр. 68/11).

Средствата за надоместување на трошоците за земањето мостри и лабораториските испитувања се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство.

Мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето

Агенцијата за храна и ветеринарство, согласно Годишната наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло и Годишниот план за спроведување на службени контроли, спроведува контроли во одгледувалишта за производство на млеко при што од производителите на млеко се земаат мостри на млеко за утврдување на исполнување на условите за производство на сурово млеко спроведува контроли во одгледувалишта за производство на млеко согласно Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи ("Службен весник на Република Македонија бр. 26/12, 145/14 и 197/16) во однос на:

- вкупниот број на микроорганизми;
- бројот на соматски клетки;

- хемиски состав и
- присуство на антибиотици, резидуи и недозволени супстанции.

Средствата за надоместување на трошоците за земањето мостри и лабораториските испитувања се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство.

Финансиски средства

За спроведување на програмите обезбедени се финансиски средства со Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство, која е буџетска програма и со која се распределуваат средства за лабораториски контроли и опфатени се и следниве програми за мониторинг на храната од животинско потекло:

1. План за мониторинг на присуство на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло;
- трошоци за дијагностичко испитување на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло,
- трошоци за дијагностичко испитување на присуство на резидуи во производите од животинско потекло од увоз.

2. Мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло;
- трошоци за мониторинг на исполнување за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло,
- трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло од увоз.

3. Мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето;
- трошоци за мониторинг за критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето.

4. Мониторинг на зоонози и причинители на зоонози и мониторинг на антимикробна отпорност;
- трошоци за утврдување и следење ма зоонози и причинителите на зоонози и антимикробна отпорност.

5. Мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло
- трошоци за мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло,
- трошоци за мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло од увоз.

10.6. Планови за итни мерки

Во случај на појава на болест предизвикана од храна, координацијата и размената на информации е меѓу Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) и нивните регионални претставништва, АХВ и Санитарната инспекција (СИ). Во случај на појава на болест предизвикана од храна, болниците и лекарите го известуваат ИЈЗ. ИЈЗ ги известува СИ и АХВ и им ги обезбедува соодветните информации. Потоа епидемиолозите од регионалните единици на ИЈЗ, инспекторите на СИ и официјалните ветеринари спроведуваат истражување. Резултатите се доставуваат до ИЈЗ. Размената на информации во рамките на различни сектори на АХВ, е од неформална природа.
Општиот план за управување со кризи во однос на безбедноста на храната и храната за животни за постигнување е изработен и е во фаза на усвојување.

10.7. Планирање на контроли

10.7.1. План за инспекција

Секторот за инспекциски надзор изготвува годишен план за инспекции, за официјалните ветеринари. Планот за инспекции го одобрува директорот на АХВ и истиот се испраќа до Подрачните единици. Во овој план се наведени општите активности на месечно ниво, посочувајќи ги групите објекти каде треба да се спроведат инспекции или официјални контроли. Согласно планот за инспекции, овластениот ветеринар ја планира секојдневната работа. Покрај планот за инспекции, директорот на АХВ издава дополнителни наредби, во случај да се потребни посебни контролни активности во целата земја – на пример, контрола на следливоста или означувањето.

Во текот на годината се реализираат и инспекциски надзори при редовно колење во кланиците, при редовно производство во објекти-млекари, производство на месни производи, преработки, производство на добиточна храна, производство на нуспроизводи од животинско потекло, инспекциски надзор при преглед на пратки од производи од животинско потекло, храна за животни и нус производи од увоз на местото на истовар.

10.7.2. Зачестеност на инспекциите и категоризација на ризик

Официјалните контроли се извршуваат врз основа на анализа на ризик и со соодветна зачестеност.
Зачестеноста на инспекциите за различни групи објекти е утврдена во „Водич за категоризација на објекти и оператори со храна Со оваа се утврдуваат категориите објекти (кланици, објекти за преработка на месо, млеко, риба итн.) како и периодични контроли во секоја категорија, што може да биде од двапати три и повеќе пати годишно.
Зачестеноста исто така варира во рамките на истата група на објекти, согласно проценетиот ризик. Следниве ризици се утврдени од АХВ:

- висок ризик;
- среден ризик и

- низок ризик.

Согласно евалуацијата спомената погоре, бројот на официјалните контроли се зголемува или намалува.

10.7.3. Официјални контроли од секторот за храна од животинско потекло

10.7.3.1. Сектор за млеко и млечни производи

Табела бр. 10.2

Објекти подлежни на официјална контрола од АХВ

Тип на објекти	Број на објекти	Зачестеност на инспекции
Млечни фарми	7000	Еднаш на три години
Објекти за преработка на млеко	83	Во големите објекти за преработка на млеко: – минимум двапати годишно

Официјалните ветеринари во ПЕ се вклучени во официјалните контроли за производство на млеко на ниво на фарма, превоз на млекото и собирање на млекото за негова преработка.

Здравствените барања за производство на сурово млеко, се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел IX од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилник за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршењето на службените контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија", бр. 26/12, 145/14, 59/16, 197/16) и Правилник за условите и опремата во објектите кои произведуваат храна со традиционални карактеристики – сирење добиено од млеко од овци и кози (мандри) (Сл. весник на бр. 61/2009) во кој се пропишани национални мерки.

Хигиенските барања за млечните фарми за време на молзењето, собирањето и транспортот, се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел IX од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршењето на службените контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија", бр. 26/12, 145/14, 59/16, 197/16).

Бизнис операторите со храна мора да започнат со процедури со кои ќе се гарантира дека суровото млеко ги исполнува критериумите утврдени во Анекс III, Оддел IX од Регулативата 853/2004 кои се транспонирани во Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршењето на службените контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија", бр. 26/12, 145/14, 59/16, 197/16).

Според националното законодавство, има преоден период, каде што овој период не е потребен во однос на РС и ССС. Предвидено е Република Северна Македонија да ги

достигне стандардите на ЕУ на 01.01.2020. Стандардите за 2017 година се <400 000 cfu/ml за PC/примерок и <400 000 sc/ml за SCC/примерок. Барањата во однос на млечните производи – температура, термичка обработка, пакување и амбалажа, означување и идентификација се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел IX од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршењето на службените контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија", бр . 26/12, 145/14, 59/16, 197/16).

Република Северна Македонија е исто така наведена во колоните Б и В од листата во Анекс I кон Регулативата 2010/605/ЕК. Во моментов, наведени се три објекти.

Република Северна Македонија е наведена во Одлуката 2011/163 /ЕЗ како земја која има одобрен план за мониторинг на резидуи, за говеда, овци и кози, и млеко, согласно Директивата 96/23/ЕЗ на Советот.

Микробиолошките критериуми за млечни производи предвидени со Регулативата 2073/2005 се транспонирани во Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/13). Истите се испитуваат главно по пат на самоконтрола на Бизнис операторите со храна.

10.7.3.2.Сектор за месо и производи од месо

Табела бр. 10.3

Објекти подлежни на официјална контрола од АХВ

Тип на објекти	Број на објекти	Зачестеност на инспекции
Кланици	17.20 за чапункари; 5 за живина и лагоморфи; 2 за дивеч	Во големите кланици: Минимум трипати годишно
Објекти за преработка на месо:	47	Минимум два пати годишно
Кланици со мал број на живина и лагоморфи	5	Два пати годишно

Хигиенските барања за транспорт на животни, кланици, хигиена на кланици, објекти за засекување и хигиена за време на засекувањето, складирањето. за месото од дивеч, меленото месо, подготовките од месо, механички одвоеното месо и производи од месо, се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел I, II, III, IV, V, VI од Регулативата

853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за храна од животинско потекло (Службен весник на Република Македонија бр. 28/16).
Официјалниот ветеринар е надлежен за официјалните контроли на месото и производите од месо. Задачите на ОВ во однос на информациите за ланецот на храна, ante и post-mortem инспекциите, СРМ, земањето примероци, посебните опасности (ТСЕ, цистицеркоза, трихинелоза, сакагија, ТБЦ, бруцелоза) се утврдени во Правилникот за начинот и постапката за вршење на службените контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето (Службен весник на Република Македонија, бр. 157/15) кои се еднакви со барањата утврдени во Анекс I, од Регулативата 854/2004.
Во Северна Македонија се применува дигестивниот метод за испитување на трихинела - методите се утврдени во Правилникот за посебните барања за контрола на Trichinella во месо („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/16). Овие барања се еднакви со барањата утврдени во Анекс I, од Регулативата 2075/2005. Исто така во Северна Македонија е прифатен третманот на замрзнување, согласно Правилникот за посебните барања за контрола на Trichinella во месо („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/16).
Официјалните контроли кои се вршат за ТСЕ се во согласност со барањата од Регулативата (ЕЗ) бр. 999/2001 и друго релевантно законодавство на Заедницата, транспонирани во Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на Трансмисивните спонгиформни енцефалопати („Службен весник на Република Македонија" бр. 57/2011). Со упатствата издадени од Секторот за ветеринарно јавно здравство се обезбедуваат детали за ветеринарно-санитарниот преглед и барањата за контрола на ТСЕ при колење. Со упатствата исто така се утврдуваат процедурите за отстранување и собирање на СРМ, како и земањето примероци и доставување на материјал за лабораториски тестови за ТСЕ.
Критериумите за хигиена за труповите од животни, меленото месо, подготовките од месо и MSM како што е утврдено со Регулативата (ЕЗ) бр. 2073/2005, транспонирана во Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/13). Истите треба да ги спроведува бизнис операторот со храна.
Микробиолошките критериуми за производи од месо предвидени со Регулативата 2073/2005, се транспонирани во Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/13). Истите се испитуваат главно по пат на самоконтрола на Бизнис операторите со храна
Република Северна Македонија е наведена во Одлуката 2011/163/ЕЗ како земја која има одобрен план за мониторинг на резидуи, за говеда, овци и кози, и млеко, согласно Директивата 96/23/ЕЗ на Советот. Република Северна Македонија е наведена во Дел 1 во Анекс II кон Одлуката 79/542/ЕЕЗ како земја која може да извезува месо во ЕУ од домашните овци и кози, без дополнителни гаранции .

10.7.3.3. Сектор за јајца и производи од јајца

Табела бр. 10.4

Објекти подлежни на официјална контрола од АХВ

Тип на објекти	Број на објекти	Зачестеност на инспекции
Објекти за пакување и сортирање на јајца	66	– двапати годишно

Хигиенските барања за јајца и производи за јајца се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел X од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/16).
Барањата за пуштање на јајцата во промет се транспонирани во Законот за квалитет на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 140/2010) како што е уредено со Регулативата (ЕЕЗ) на Советот бр. 1907/90, Регулативата (ЕЗ) бр. 2295/2003, Регулативата (ЕЗ) бр. 1028/2006).

10.7.3.4. Сектор за производи од риба

Во моментов се одобрени 4 објекти за засекување и преработка на слатководна риба.
Хигиенските барања за производи од риба се еднакви со барањата утврдени во Анекс III, Оддел VIII од Регулативата 853/2004 и се транспонирани во Правилникот за посебните барања за храна од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија” бр.28/16).
Воспоставена е мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло со цел официјални контроли на риба.

Објекти со општа активност

Во моментов во Република Северна Македонија се одобрени 62 објекти од секцијата општа активност, каде спаѓаат објекти за складирање на производи од животинско потекло под термички режим на одржување и препакување на производи од животинско потекло.
Хигиенските барања за овие објекти се утврдени во Регулативата 852/2004 и се транспонирани во - Правилник за општите барања за примарно производство и придружните операции како и општите барања за храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/12).

10.7.3.5. Контрола на квалитетот на храната од животинско потекло

Во врска со надлежностите на АХВ во областа на квалитетот на храната од животинско потекло согласно законските овластувања кои произлегуваат од Законот за безбедност на храната и Законот за квалитет на земјоделските производи АХВ треба да земе активно учество во процесот на изготвување и спроведување на подзаконските акти кои произлегуваат од двата закони а се однесуваат на квалитет на храната од животинско потекло.

Наведените сегменти треба се покријат и со соодветен модул на официјални контроли со цел утврдување на исполнување на законските барања.

Поради ова потребно е да се превземат активности во:

1)Секторот за млеко и млечни производи

2) Секторот за месо и месни производи

3) Секторот за јајца и производи од јајца

4) Планови за квалитет – изготвувањето, спроведувањето и надзорот на плановите за квалитет кои се однесуваат на органското производство и шемите за квалитет се во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

5)

Табела бр. 10.5

Секторот за млеко и млечни производи	Контрола на сурово млеко од аспект на квалитет	
	Контрола на производите од млеко од аспект на квалитет (присуство на растителни масла)	
Секторот за месо и месни производи	Контрола на задолжително декларирање на месо од говеда, овци, кози и свињи	
	Контрола на сопствен систем на означување на операторите со месо и одобрување на сопствени декларации	
Секторот за јајца и производи од јајца	Контрола на декларациите на јајцата во однос на квалитетот	
	Контрола на означувањата на пакувањата на јајца во однос на квалитетот	
Производи од пчели	Контрола на квалитетот на медот	
	Контрола на други производи од пчели (матичен млеч, цветен полен, прополис, пчелин восок и пчелин отров)	

10.8. Документирање на официјалните контроли и известување

Официјалните ветеринари распоредени во ПЕ на АХВ за спроведените активности составуваат записници, Решенија, контролни листи и други писмени документи и водат евиденции на пишани обрасци и електронски во база на податоци во ИСАХВ системот.
Тие доставуваат месечни и годишни извештаи до Секторот за инспекциски надзор кој ги собира и анализира извештаите,а за контролите по Посебните програми за мониторинг известувањата се доставуваат до секторот за ветеринарно јавно здравство.
Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ) воспоставен е во текот на 2013 година. информациониот систем на АХВ ИСАХВ содржи податоци од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните, идентификација и регистрација на животните како и јавното ветеринарно здравство. Воедно континуирано се врши проширување и надградување на системот со нови модули. Активи учесници во ИСАХВ се ветеринарните друштва, официјалните ветеринари и вработените во Агенцијата за храна и ветеринарство.

10.8.1. Документирани процедури за контрола

АХВ располага со систем и внатрешна документација (СОПи) за официјални контроли, кои се засновани на процедури, упатства и наредби, сепак, сè уште не постои цврст пристап заснован на ризик кој претставува основа за планот за инспекции и нивниот број. Резултатите се претежно засновани на искуство и актуелни состојби.

Работни оперативни процедури (СОПи)

Со цел да се обезбеди еднообразен пристап за работите кои се извршуваат и се покренуваат од страна на одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло, во рамките на Системот за управување со квалитет во работењето на АХВ од страна на одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло изработени се:

- ПР 8.5-2.1-01в03 Процедура за постапката за укинување на решението за одобрение и бришење од регистарот на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло;
- ПР 7.5-2.1-02в04 Процедураза постапување на стручната комисија за одобрување на оператори со храна и објекти за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло;
- УП 7.5-2.1-01в03 Упатство за условите кои треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат увоз на храна од животинско потекло и начин на водење на регистарот на регистрирани увозници на храна од животинско потекло;
- УП 7.5-2.1-04в02 Упатство за начинот на впишување во листа на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во трети земји;
- УП 8.5-2.1-05в03 Упатствоза начинот на одобрување и контрола на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во земјите членки на Европската Унија;

- УП 7.5-2.1-07в04 Упатство за стратегија за мострирање и начин на земање примероци предвидени со националната мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло;
- УП 7.5-2.1-08в03 Упатство за последователно истражување и мерки кои се превземаат во случај на сомнеж и/или во случај на идентификуван позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанци;
- УП 7.5-2.1-09в03 Упатство за начинот на спроведување на националната мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло и евалуација на нејзината реализација;
- УП 7.5-2.1-10в01 Упатство за начинот и постапката за спроведување на постапката на регистрација и категоризација на одгледувалишта на молзни грла според ризик со унапредување на квалитетот на суровото млеко;
- УП 8.5-2.1-11в01Упатство за евидентирање и контрола на оператори со храна – примерни производители на мед и
- УП 8.5-2.1-12в01 Упатство за стратегија за мострирање и начин на земање примероци предвидени со Програмата за антимикробна отпорност.

Контролни листи

За униформен пристап во постапката на спроведување на аудит на објектите и операторите со храна, како помошно средство, во рамките на одредени упатства/процедури, од страна на Одделението за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло изготвени се повеќе контролни листи:

– ОБ 7.5-2.1-35в02 Контролна листа за генерален аудит на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло - кланица за колење на живина и лагоморфи;
– ОБ 7.5-2.1-36в02 Контролна листа за генерален аудит на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло - кланица за колење на домашни чапункари;
– ОБ 7.5-2.1-37в02 Контролна листа за генерален аудит на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло – објекти со општа активност (ладилник / објект за препакување);
– ОБ 7.5-2.1-38в02 Контролна листа за генерален аудит за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло – јајца и производи од јајца;
– ОБ 7.5-2.1-39в02 Контролна листа за генерален аудит за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло – производи од месо, мелено месо, подготовки од месо, МОМ, топена животинска маст и чварки;
– ОБ 7.5-2.1-40в02 Контролна листа за генерален аудит за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло – сурово млеко и производи од млеко;

– ОБ 7.5-2.1-41в02 Контролна листа за генерален аудит за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло – мед;
– ОБ 7.5-2.1-43в02 Комисиски записник за одобрување за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло - исполнување на барањата за ДПП/ДХП и НАССР;
– ОБ7.5-2.1-44в02 Комисиски записник за одобрување за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло - месо од дивеч;
– ОБ 7.5-2.1-52в01 Контролна листа за генерален аудит за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло - жабји копани и полжави;
– ОБ 7.5-2.1-53в01 Контролна листа за генерален аудит за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло –месо од дивеч;
– ОБ 7.5-2.1-60в01 Контролна листа за аудит на ДПП/ДХП и НАССР;
– ОБ 7.5-2.1-61в01 Контролна листа за генерален аудит за оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло – производи од риба и бивални мекотели;
– ОБ 7.5-2.1-77в01 Контролна листа за генерален аудит на оператор со храна и објект за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло - третирани желудници, мочни меури и црева;
– ОБ 8.5-2.1-80в01 Контролна листа за оператори со храна – примарни производители на мед;
– ОБ 7.5-2.1-47в01 Контролна листа за селекција на таргет примероци за мострирање во рамките на НМПР за резиуди и
– ОБ 7.5-2.1-49в01 Контролна листа за регистрација на производители на млеко.

Контролни листи од СИН-Одделнието за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство:

-Контролна листа за преглед пред колење;
-Контролна листа за наод на линија на колење;
-Контролна листа за благосостојба на животни при превоз до кланица;
-Контролна листа за преглед при истовар во кланица и сместување во депо и
-НАССР контролна листа.

10.8.2. Известување

Официјалните ветеринари на месечно ниво испраќаат извештај за сите побарани информации до Секторот за инспекциски надзор и до Инспекцискиот совет на РСМ.
Во текот на 2019 планирано е да се воспостави модулот за инспектори во ИСАХВ.
Извештаите за спроведување на посебните Планови за мониторинг официјалните ветеринари ги доставуваат до Секторот за ветеринарно јавно здравство.

10.8.3 База на податоци

Во рамките на проектот во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за јакнење на земјоделството и пристапот во ЕУ, спроведени се активности за изработка и тестирање на модули за ветеринарно информативниот систем. Повеќето модули дефинирани во рамките на проектот во областа на ветеринарното јавно здравство и здравствената заштита и благосостојба на животните се завршени и спреми за финалното тестирање. Дел од модулите поврзани со безбедноста на храната од животинско потекло (регистри на оператори со храна) се во фаза на финално тестирање, додека модулот за мониторинг планот за контрола на резидуи во живи животни и храна од животинско потекло е во завршна фаза на изработка.
Ветеринарниот информатички систем ќе претставува добра алатка за собирање и обработка на податоците од официјалните контроли и програмите за мониторинг и може да го поттикне пристапот заснован на ризик при планирањето на инспекциите. Во текот на 2019 се планирано е да се воспостави модулот за инспектори во ИСАХВ. Со ова ќе се замени рачното внесување на податоци во Одделението за државна инспекција на ветеринарното јавно здравство и ќе се намалат административните задачи кај вработените во одделенијата.

10.9. Верификација на официјалните контроли

Изработена е процедура за супервизија и верификација на официјалните контроли која се врши преку три вида активности и тоа:

-Редовна непосредна и континуирана контрола на работата на инспекторите во однос на спроведување на неговите редовни планирани и вонредни активности со проверка на минимум два предмета од секој инспектор по случаен избор од претходниот месец на месечно ниво од страна на непосредниот раководител или од него овластено лице(супервизија);

-Увид во работата на официјалниот ветеринар и инспекторот за храна за начинот на спроведување на спроведување и извршување на неговите активности и ефективноста од овие активности (пракса, методи и техники на официјалните контроли) со метод на внатрешен аудит во одредени временски периоди(еднаш на две години) од страна на непосредниот раководител или од него назначен тим(верификација) и

-редовно континуирано следење на одредени критични параметри и показатели на активностите на официјалните контроли на ниво на подрачна единица, контролен систем (индикатор на ефикасност и ефективност).

Поглавје 11 - Контролни системи за прехранбени производи и хигиена на храна

11.1. Општи и национални стратешки цели

Вовед

АХВ е надлежен орган во Република Северна Македонија во областа за официјална контрола на храната.
Сеопфатниот систем за официјални контроли на храна од неживотинско потекло, е од суштинско значење за заштитата на јавното здравје, намалување на болестите предизвикани од храна, вклучувајќи ги и зоонозите, зголемување на безбедноста и квалитетот на храната, развивање на капацитет на извозно ориентирана индустрија, што е важно за Република Северна Македонија на патот кон пристапувањето во Европската Унија.
За официјалните контроли на храна од неживотинско потекло, изготвено и усвоено е соодветно законодавство, земајќи ги предвид барањата на клучните регулативи на ЕУ.
Секторот за храна од неживотинско потекло во АХВ е директно надлежен за развој и одржување на системот за безбедност на храната од животинско потекло, додека Секторот за инспекциски надзор е одговорен за надзор и официјалните контроли на храната од неживотинско потекло.
За работните процедури на официјалните контроли, изготвени и усвоени се контролни листи, извештаи, планови и програми за мониторинг. Контролните методи, како што се аудит, инспекција,верификација и земањето примероци се претставени во секојдневната работа. АХВ има доволно овластувања да обезбеди спроведување на законските барања во производството на храна од животинско потекло.

Цел

- Координирање на национално ниво на институции од областа на безбедноста на храната;
- Креирање на политика во делот на безбедноста на храна од неживотинско потекло (додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна со витамини и минерали и адитиви, материјали и производи кои што доваѓаат во контакт со храна, одделението за безбедност на храната);
- Воспоставување на правци и начини за определување на балансирана исхрана, со соодветни совети како за здрави лица така и за одделни популациони групи со здравствени проблеми како и безбедноста на храната, заштита на здравјето на луѓето и заштита на интересите на потрошувачите;
- Зајакнување и унапредување на системот за безбедност на храната и приближување кон ЕУ стандардите и олеснување на административно управна постапка во однос на барана документација;
- Високо ниво на заштита на потрошувачи и соодветна комуникација со нив;
- Координирање на национално ниво на институции од областа на безбедноста на;

• Воспоставување на национална база на податоци за навиките на исхрана и составот на храната и
• Подобрување на системот за контрола на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна.

Законското овластување произлегува од:

1. Закон за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15 и 39/16);
2. Правилник бр. 11-288/3 од февруари 2011 „за внатрешна организација на АХВ" објавен врз основа на член 55, став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела и
3. Правилник бр. 11-288/3 „За систематизација на работните места во АХВ" објавен врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на државните административни тела. („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10).

Има голем број на Правилници (подзаконски правни акти) со кои се покриваат официјалните контроли и одобрувањето на производите од групата посебни видови храна, одобрувањето на здравствени тврдења за користење во комерцијални цели, означување, презентација и рекламирање на храната и материјали и производи што доаѓаат во контакт со храна.

11.2. Организација и структура на контролниот систем за прехранбени производи и хигиена на храна

АХВ е централен надлежен орган во Република Северна Македонија за контрола на храна од неживотинско потекло. Секторот за храна од неживотинско потекло во АХВ е директно надлежен за развивање и обединување на политиките во делот на безбедноста на храната од неживотинско потекло, координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите и преку управување со средствата, додека Секторот за инспекциски надзор е одговорен за надзор и официјалните контроли на храната од животинско потекло.
Понатаму, со Законот за безбедност на храната на АХВ и се дава можност да ги пропише барањата во однос на квалитетот на храната, доколку материјата за квалитет на храната не е уредена со друг Закон.

Хиерархискиот однос во рамките на АХВ

Сите надлежности на АХВ во поглед на контрола на храната од неживотинско потекло, се централизирани на ниво на директор.
Секторот за храна од неживотинско потекло е директно надлежен за развој и одржување на системот за надзор и официјалните контроли на храната од неживотинско потекло,

додека спроведувањето и извршувањето на контролите е од страна на инспекторите за храна распределени во 29 подрачните единици и се директно подредени на Секторот за инспекциски надзор.

11.2.1 Поделба на функции, задачи и одговорности

Во хиерархијата на Агенцијата има две нивоа за официјални контроли: централно и локално. Има 29 служби на АХВ на локално ниво (во состав на СИН). Органограм - Видете ја сликата подолу 11.2:

Централно ниво

Главни функции на Секторот за храна од неживотинско потекло во поглед на безбедноста на храната:
Секторот е надлежен за креирање политики, хармонизација на националното законодавство, изготвување на законодавните акти, изготвување на програми за мониторинг за безбедност на храна, одобрение/овластување на одредени прехранбени производи. надзор и координација на активностите на локалните единици на АХВ итн.
Во рамките на Секторот за храна од неживотинско потекло има 3 одделенија:

- Одделението за безбедност на храната од неживотинско потекло;
- Одделението за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци на храна и адитиви и
- Одделението за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната.

Второ ниво на надзор на производи од неживотинско потекло:

Во рамките на Секторот за инспекциски надзор во АХВ распоредени се 28 Подрачни - локални единици во кои се распределени инспектори за храна при одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло од Секторот за инспекциски надзор.

Табела бр. 11.1


Поделба на функциите меѓу одделенијата

Број	Структурна единица	Задачи и функции
1.	Одделение за безбедност на храна од неживотинско потекло	Ја изработува програмата за мониторинг за безбедност на храна во Република Северна Македонија и програмата за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна, Ги анализира информациите и подготвува извешатии за безбедноста на храната од неживотинско потекло, Обезбедува комуникација и кореспонденција со останатите сектори и одделенија во АХВ како и меѓународните организации и институции, Превзема активности кои се однесуваат на постапката на одобрување на здравствените тврдења кои се користат во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната, Ги следи измените во законодавството на ЕУ во областа на храна од неживотинско потекло, во однос на контаминенти, резидуи од пестициди,

		преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца , почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња, материјалите и производите кои доаѓаат во контакт со храната и здравствените и нутритивните тврдења во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната и дава предлог за измени на националното законодавство, Ги води регистрите на одобрени и неодобрени здравствени тврдења.
2.	Одделението за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци на исхрана и адитиви за храна	Го следи законодавството на ЕУ за храната за посебна нутритивна употреба, збогатената храна - храна во која се додадени витамини, минерали и други супстанции, додатоците за храна и адитивите и дава предлог за измени на националното законодавство, Издава мислења за усогласеност со националната легислатива на храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна и додатоци на исхрана , кои за прв пат се пласираат на пазарот во Р. Северна Македонија, Управува со регистарот за одобрени производи од утврдените видови на храна, Изготвува информации кои се објавуваат на веб-страницата на АХВ.
3	Одделение за материјали и производи што доаѓаат во контакт со храна	Следење на промените во европската регулатива што се однесуваат на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, како и усогласување на националното законодавство со Европските регулативи и директиви, Обезбедува првично одобрување/мислење за пуштање во промет на нови производи кои спаѓаат во групата производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, Учествува во подготовката на програмата за мониторинг на безбедност на храната, која е предмет на работа во одделението, Учествува во изготвување на планови за работа, извештаи и документи поврзани со опсегот на работата на одделението, Меѓу секторска соработка со останатите сектори и одделенија.

Слика бр. 11.2

Контролен систем за хигиена на храна



Планирани активности на ниво на сектор

Во Секторот за храна од неживотинско потекло се работат повеќе големи области од аспект на безбедноста на храната и тоа:

- Следење и анализа на новата легислатива во делот на безбедноста на храната во Европската унија, планирање и подготовка на нова легислатива во делот на безбедноста на храната во Република Северна Македонија со цел хармонизација со ЕУ легислативата и планирање и подготовка на национални прописи областа на безбедноста на храната кои се од интерес на Република Северна Македонија;
- Планирање, спроведување, анализа и евалуација на мониторинг програмата за безбедност на храната во РСМ;
- Планирање, спроведување, анализа и евалуација на програмата за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна;
- Активности во однос на одобрувања за ставањето во промет во РСМ преку постапката на издавање мислење за усогласеност на додатоци во исхраната, видови храна со посебна нутритивна употреба и) и збогатена храна со националната легислатива;
- Активности во однос на одобрувања за ставањето во промет во РСМ на материјали и предмети кои доаѓаат во контакт со храната;
- Активности во однос на одобрувањето на здравствени тврдења кои се користат во комерцијални цели при означувањето, презентирањето и рекламирањето на прехранбените производи во смисла на правилно и вистинито информирање за состојките на производот и нивните нутритивни ефекти или односот на состојките со здравјето на луѓето се со цел заштита на потрошувачот од заблуда и
- Спроведување на активности за имплементација на новите правила за означување, презентирање и рекламирање на прехранбените производи во смисла на правилно информирање на потрошувачот за производот.

Во секторот сите активности се распределени во трите одделенија и секое одделение има подготвено план и програма за работа за 2018 година поединечно.

Одделение за безбедност на храна од неживотинско потекло

Основна цел на Одделението за безбедност на храна од неживотинско потекло е планирање, изготвување, координација на активностите за спроведување и евалуирање на мониторинг програмите:
- програмата за мониторинг за безбедност на храна во Република Северна Македонија и
- програмата за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна.

При тоа секоја година во ова одделение се подготвуваат и подзаконскиакти и тоа: Годишна мониторинг програма за безбедноста на храната и годишна програмата за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна.

Основа активност на Одделението е осмислување на програми и подпрограми за

мониторинг на безбедноста на храната (на различни видови или категории храна и во однос на различни параметри, кои се критериуми за безбедноста на храната) во Република Северна Македонија и тоа:
1 Мониторинг програма на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми на одредени категории на прехранбени производи;
2. Мониторинг на безбедноста на храната за определување на присуство на резидуи од пестициди во однос на максимално дозволеното ниво (МДН) во зеленчук и овошје;
3. Мониторинг со определување на максимално дозволени количества на специфични максимални нивоа на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди во:
- преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на обработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и
- почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња и пестициди што не треба да се употребуваат во земјоделски производи наменети за производство на почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња.
4. Мониторинг за определување на присуството на тешки метали и нитрати во одредени видови прехранбени производи;
5. Мониторинг за определување на присуството на микотоксини во одредени видови прехранбени производи ;
6. Мониторинг на материјали и производи кои доаѓаат во контакт со храната;
7. Мониторинг во однос на утврдување на присуството на ГМО храна и
8 Мониторинг на производи од органско производство.

Во Годишната Програма за мониторинг на безбедност на храната за 2018 година, воведена е нова подпрограма под реден број 9, Мониторинг програма на храна третирана со јонизирачко зрачење.
За реализација на програмите се изготвуваат целни процедури за секој производ одделно планирани на месечно ниво. Ова одделение ги планира активностите за реализација на Програмата, но самите активности за земање мостри храна/ материјали и производи кои доаѓаат во контакт со храната ги извршуваат државните инспектори за храна од одделението за државна инспекција на храна од неживотинско потекло, сектор за инспекциски надзор, кои се определени и обучени за овие активности. Добиените резултати од земените мостри се собираат, евидентираат и анализираат од страна на вработените во одделението при што се прави евалуација на добиените податоци. Анализата на податоците се користи за да се направи надградба на идните програми.

Одделението за безбедност на храна од неживотинско потекло започнувајќи од 2016 година, има донесено подзаконскиот акт, кој што се донесува на годишно ниво под името „Програма за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна, како што се контролата на одделни адитиви во одделни видови или категории храна (прехранбени бои, конзерванси, нитрити и нитрати, полифосфати, засладувачи) и контрола на нутритивните состојки на одделни видови храна како и други нови опасности по безбедност на храната под името:
Контрола на прехранбени бои во храната;

– Контрола на конзерванси во храната;
– Контрола на нитрити и нитрати во месо и месни преработки;
– Контрола на полифосфати во месни производи;
– Контрола на засладувачи во храната;
– Контрола на количината на нутритивни состојки во храната и
– Контрола на прехранбени производи за кои постои сомнеж дека содржат состојки кои не се дадени во означувањето на храната или други нови опасности.

За реализација на сите овие контроли, планира да се земат вкупно 1087 мостри храна за 2018 година. Сите активности околу програма за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна ќе ги подготвуваат и реализираат вработените од ова одделение.
Одделението учествува во работата на стручните комисии на Агенцијата за храна и ветеринарство од областа на безбедноста на храната односно во, Комисијата за спроведување на постапка за одобрување на нутритивни и здравствени тврдења, учествува во изготвувањето програми, анализи, информации и извештаи од областа на безбедноста на храната, комуникација и кореспонденција со меѓународни организации, институции, следење на измените во легислативата на Европската унија и изготвување и хармонизацијата на прописите од областа на безбедноста на храната. Исто така постојано соработува и одговара на прашања поврзани со безбедноста на храната кои се од интерес на бизнис заедницата.
Исто така, Одделението ги спроведува и активностите во однос на нутритивните и здравствени тврдења кои се користат во комерцијални цели при означувањето, презентирањето и рекламирањето на прехранбените производи во смисла на правилно и вистинито информирање за состојките на производот и нивните нутритивни ефекти или односот на состојките со здравјето на луѓето се со цел заштита на потрошувачот од заблуда.

Одделение за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци на исхрана и адитиви

Одделението за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци на исхрана и адитиви е организирано со цел да врши контрола на додатоците на исхрана, храната за посебна нутритивна употреба и храната на која и се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции преку издавање на мислења за усогласеност со националната легислатива на овие производи, кои за прв пат се пласираат на пазарот во Р. Северна Македонија.
Ова одделение го следи европското законодавство и учествува во подготовката на националната легислатива која се однесува на:

- Додатоците на исхрана;
- Храната за посебна нутритивна употреба :
- Храната на која и се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции – збогатена храна и
- Адитивите кои се користат во производството на храна.

Во текот на 2018 година, Одделението за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци во исхраната и адитиви планира да ги спроведе следните активности:
Согласно стратешкиот план на Агенцијата за храна и ветеринарство за периодот од 2018-2020 година , предвидено е по претходно обезбеден превод на европската легислатива од оваа област, одделението да учествува во изработка на следниве правилници:

1. Правилник за адитиви усогласен со Регулатива (ЕЗ) Бр. 1333/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за прехранбени адитиви;
2. Правилник за ароми усогласен со Регулатива (ЕЗ) бр. 1334/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 16 декември 2008 за ароми и одредени состојки на храна со ароматизирачки својства за употреба во и на храна и
3. Изработен Правилник за ензими усогласен со Регулатива (ЕЗ) 1332/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 16 декември 2008 за прехранбени ензими.

Согласно измените во начинот на работа и соодветната легислатива, одделението редовно ќе ги ажурира постоечките документи од системот за квалитет ИСО 9001:2008.

Издавање мислења за усогласеност на производи од групата посебни видови храна:
Одделението континуирано ќе постапува по барањата за издавање мислења за усогласеност со посебната легислатива за составот и означувањето на секој производ од групата додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна кој операторот со храна има намера да го стави во промет на пазарот во Република Северна Македонија.

Водење електронски регистри за одобрени производи од групата посебни видови храна и објавување на веб страната на АХВ:
Во одделението се водат три електронски регистри:

- Регистар на производи што ги исполнуваат посебните барања за безбедност како додатоци на исхрана;
- Регистар на производи што ги исполнуваат посебните барања за безбедност како храна за посебна нутритивна употреба и
- Регистар на производи што ги исполнуваат посебните барања за безбедност како збогатена храна, храна на која и се додадени витамини, минерали и други супстанции.

Електронските регистри на одобрени производи како храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна и додатоци на исхрана редовно ќе се ажурираат со производите за кои ќе се издадат позитивни мислења за усогласеност со посебните прописи за соодветниот вид храна.

Ажурираните регистри континуирано ќе се објавуваат на веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Одделение за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната,

Одделението има активности за континуирано постапување по барања за одобрување за ставање во промет на производи од погоре наведените категории храна материјали и производи што доаѓаат во контакт со храна и контрола на ставање во промет со цел имплементација на прописите од овие области.
Согласно измените на европската легислатива, Одделението учествува во изработката на подзаконски акти од горенаведените области.
Водење и ажурирање на интерен регистар за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна, континуирано во текот на цела година.
Одделението постојано ги следи промените во европската регулатива што се однесуваат на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, континуирано во текот на цела година.
Заради комплексноста на материјата со која работи одделението ќе соработува со други институции како што се Факултетот за технолошки науки, Факултетот за земјоделски науки и храна и други институции.
Со цел да се обезбеди почитување на посебните законски одредби за материјали и производи што доаѓаат во контакт со храна на барање на операторите со храна, вработените во одделението континуирано ќе даваат консултации.
Поддршка на бизнис операторите со храна за имплементација на прописите кои се однесуваат на посебните видови храна и адитивите

Со цел да се обезбеди почитување на посебните законски одредби за додатоците на исхрана, храната за посебна нутритивна употреба, збогатената храна и адитивите, на барање на операторите со храна, вработените во одделението континуирано ќе даваат консултации за доследна примена на горенаведените прописи.
Официјалните контроли се спроведуваат од Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло

11.2.2. Човечки ресурси

Табела бр. 11.2

Број	Ниво на надзор и контрола	Број на вработен персонал	Забелешки
1.	*Централно ниво (прво ниво)*	*13*	
2.	*Централно ниво -одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло*	*4*	
3.	*Локално-инспектори од одделение за државна инспекција за храна од неживотинско*	*60*	

11.2.3 Материјални средства /техничка опрема

АХВ располага со задоволителни материјални средства во рамките на внатрешните организациони единици опремени простории, вклучувајќи и директни телефонски линии, IT опрема со интернет врска, софтверски системи, моторни возила и професионална работна опрема за инспекторите.
На инспекторите во текот на 2017/2018 година се додели опрема која беше набавена во рамките на ИПА проект со која делумно се подобри работата на официјалните ветеринари.

11.2.4. Обучување на персоналот на АХВ

Согласно член 82 од Законот за безбедност на храна, АХВ обезбедува дека сите лица кои вршат официјални контроли:

- стекнале соодветна обука, за нивната област на компетентност, која им овозможува да ги вршат работите за кои се надлежни и да вршат официјални контроли на доследен начин;
- во тек се со најновите случувања во нивната област и ако е потребно, редовно да посетуваат дополнителни обуки и
- способни се за мултидисциплинарна соработка.

Директорот на АХВ поблиску ги утврдува методите и процедурите за обука на персоналот кој врши официјални контроли и методот на проверка на стекнатото знаење.
Поголемиот дел од персоналот на АХВ кој е надлежен за официјалните контроли на храна од неживотинско потекло има универзитетска диплома за: доктор по медицина, доктор по медицина со специјализација за хигиена и епидемиологија, прехранбени технолози, агрономи и биолози.
За ново вработените инспектори за храна има обука која трае и до два месеци, под водство и надзор на искусните колеги. Обучените лица се стекнуваат со право да вршат официјални контроли кај бизнис операторите со храна (со едноставна структура) во случај резултатите од евалуацијата од обуката да се позитивни Нема на располагање писмена процедура за обука на работното место и за оценување на резултатите од истата.
Постои можност инспекторите за храна да учествуваат во обуки финансирани од надвор, како на пример BTSF (хигиенските барања за различни видови производи од животинско потекло, HACCP, аудит за HACCP, материјали што доаѓаат во контакт со храна итн.). Нема воспоставено систем за внатрешни обуки за персоналот кој врши официјални контроли.
Во моментов се изготвува нацрт на повеќегодишниот план за обуки за централното ниво на АХВ и за инспекторите за храна. Има значајна разлика во содржината на модулите за обуки во повеќегодишниот нацрт план за обуки предвидени за инспекторите за храна за официјални контроли на храна од неживотинско потекло и инспекторите за официјални контроли на храна од животинско потекло.

11.3. Назначени лаборатории за официјална контрола, контролни програми за лабораторија

Приоритети во системот за контрола на храна

Во Секторот за храна од неживотинско потекло се работат повеќе големи области од аспект на безбедноста на храната и тоа:

- Следење и анализа на новата легислатива во делот на безбедноста на храната во Европската унија, планирање и подготовка на нова легислатива во делот на безбедноста на храната во Република Северна Македонија со цел хармонизација со ЕУ легислативата и планирање и подготовка на национални прописи областа на безбедноста на храната кои се од интерес на Република Северна Македонија;
- Планирање, спроведување, анализа и евалуација на мониторинг програмата за безбедност на храната во РСМ;
- Планирање, спроведување, анализа и евалуација на програмата за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна;
- Активности во однос на одобрувања за ставањето во промет во РСМ преку постапката на издавање мислење за усогласеност на додатоци во исхраната, видови храна со посебна нутритивна употреба и збогатена храна со националната легислатива;
- Активности во однос на одобрувања за ставањето во промет во РСМ на материјали и предмети кои доаѓаат во контакт со храната;
- Активности во однос на одобрувањето на здравствени тврдења кои се користат во комерцијални цели при означувањето, презентирањето и рекламирањето на прехранбените производи во смисла на правилно и вистинито информирање за состојките на производот и нивните нутритивни ефекти или односот на состојките со здравјето на луѓето се со цел заштита на потрошувачот од заблуда и
- Спроведување на активности за имплементација на новите правила за означување, презентирање и рекламирање на прехранбените производи во смисла на правилно информирање на потрошувачот за производот.

Во секторот сите активности се распределени во трите одделенија и секое одделение има подготвено план и програма за работа за 2018 година поединечно.

11. 4. Контролни активности, методи и техники на официјални контроли

Организацијата за спроведување на официјалните контроли за производи од храна од неживотинско потекло е во надлежност на Секторот за храна од неживотинско потекло во рамките на АХВ, а спроведувањето - имплементацијата на тие контроли е во надлежност на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло при СИН, за тоа се задолжени инспекторите во целиот ланец на храна (со исклучок на примарното производство).

Вовед

Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло е дел од Сектор за инспекциски надзор .

Основна законска рамка е Законот за безбедност на храна со кој се дефинираат одредбите во однос на организацијата и надлежностите , начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на безбедноста на храната . Во постапката за вршење на инспекциски надзор се применува Законот за инспекциски надзор, додека во постапката за издавање на решенија се постапува согласно материјалните закони или се применува Законот за општа управна постапка доколку со закон поинаку не е уредено.

ОДИХНП е надлежно за имплементирање на активностите кои се донесени од страна на Секторот за храна од неживотинско потекло како одговорно за стручни и управни работи врзани за спроведување на законите и другите прописи за безбедноста на .Воедно одделението е задолжено за постапување по претставки и предлози поднесе од страна на граѓаните на Р. Северна Македонија кои се однесуваат во делот на безбедност на храна.

Инспекторите за храна се организирани во 28 подрачни единици со месна – надлежност во делот на овластување и се надлежни за спроведување на различни мерки и контроли на терен.

Канцеларии на подрачно ниво се под директна надлежност на АХВ.

Цел

Примарна цел на ОДИХНП е да се изврши ефективен надзор на прописите за безбедност на храната и имплементирање во целост на сите мерки наложени согласно законот и подзаконските прописи, имплементирање на посебните мониторинг програми:

Во делот на организација, структура и одговорности при надзорот Раководителот на сектор за инспекциски надзор преку Раководителот на одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло го координира и врши надзор во спроведувањето на мерките согласно материјалните закони од областа на безбедноста на храната пред се преку повеќегодишните програми и останати подзаконски прописи како и утврдување на наводите поднесени во претставките и предлозите поднесени од физички, правни лица,

Надлежност на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло е:

- следење и применување на прописите од областа на безбедност на храна;
- контрола на храната, и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната во сите фази на производство;
- контрола на храната, и производите и материјалите при доработка, транспорт и промет;
- надзор над општите барања за безбедност на храната;
- надзор над посебните барања за безбедност на храната;
- контрола на квалитетот на храната и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната;
- контрола на водата за пиење од јавните системи за водоснабдување;
- непосредно учествуво во управувањето со ризикот од храна;
- контрола на означувањето на прехранбените производи;
- водење на евиденција на податоците во однос на безбедноста на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната;

- издавање на сертификати за безбедност за извоз на храна и производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната;
- задолжителна употреба на мерни калибрирани инструменти во текот на официјални контроли и евидентирање на нивната употреба во записниците, контролните листи и во извештаите;
- изготвува месечни и годишни извештаи за инспекциите за храна и ги доставува до Директорот на АХВ и
- учествува во подготовката на повеќегодишниот план за официјални контроли, во рамките на својата надлежност.

Материјални средства /техничка опрема

Персоналот од Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло како и персоналот од локално ниво, располага со следните материјални средства: канцелариисо директни телефонски линии, ИТ опрема со интернет врска, возила, лична заштитна опрема.

11.4.1 Методи и техники на официјални контроли

Методи и техники на официјални контроли се :
Инспекција, земање на мостри за лабораториски испитувања, мониторинг, интервјуа, верификација, преглед на документацијата и друга евиденција и сите други активности потребни за утврдување на случаи на неусогласеност со одредбите на законите.

Критериум за фреквенција на официјалните контроли

АХВ мора да обезбеди дека официјалните контроли редовно се извршуваат врз основа на анализа на ризик и со соодветна зачестеност, земајќи ги предвид:

- идентификуваните ризици поврзани со, храната, бизнисите со храна, употребата на храна или било кој друг процес, материјал, супстанција, активност или операција кои може да влијаат врз безбедноста на храната;
- претходната евиденција на бизнис операторите со храна во однос на сообразноста со овој Закон или пак со одредбите усвоени согласно овој Закон или со одредбите за здравствена заштита и благосостојба на животните;
- веродостојноста на сите извршени самостојни проверки;
- било какви информации кои може да наведат на неусогласеност со одредбите од овој Закон.

Официјалните контроли се спроведуваат без претходна најава, освен во случаи каде што е потребна претходна најава на бизнис операторите со храна. Официјалните контроли исто така може да се вршат ад хок.
Официјалните контроли се вршат во било која фаза на производството, преработката и дистрибуцијата на храна. Тоа подразбира, контрола на бизниси со храна, за употреба на храната, нејзино складирање, на сите процеси, материјали, супстанции, активности, вклучително и транспортот на храна .
Официјалните контроли се применуваат на пуштањето во промет и увозот и извозот.

Предвидените инспекции ги вршат инспекторите за храна од Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло согласно Годишните планови за работа на Секторот за инспекциски надзор,согласно програмите донесени од АХВ, а врз основа на упатствата за зачестеност на официјалните контроли базирани на проценка на ризик за секој објект посебно.
Вонредните инспекции се вршат по барање, согласно наредбите од АХВ, во итни случаи, како би се оцениле претставките од потрошувачите, за болести предизвикани од храна.

Други контролни активности
Регистрација на објекти и оператори со храна

Согласно член 48 од Законот за безбедност на храна, регистрацијата на објектите за храна е задолжителна во Република Северна Македонија. Секој бизнис оператор со храна во однос на регистрацијата, мора да ја извести Агенцијата за секој објект во рамките на нејзината контрола, каде што се врши било која од фазите на производство, преработка и дистрибуција на храна. Бизнис операторите со храна мора да обезбедат дека Агенцијата секогаш располага со најновите информации за објектите во нејзина надлежност, вклучувајќи ги и известувањата за секоја значителна промена во активностите и за секое затворање на еден постоечки објект.
Во АХВ постојат пишани процедури за регистрација на објекти за храна.
Со цел да се регистрира, бизнис операторот со храна треба да поднесе барање до локалната единица на АХВ. По добивање на барањето, на објектот му се доделува единствен регистарски број, користејќи го кодот на административната област од локалната единица на АХВ Сите податоци за ново регистрираните објекти од страна на локалните единици на АХВ, се испраќаат до Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, каде што горенаведените податоци се внесуваат во регистар.

Контрола на извоз:

Регистрираните објекти може да поднесат барање за сертификат за извоз до локалната единица на АХВ. Локалните инспектори за храна вршат инспекција и земаат примероци Сертификатот се доделува во случај кога резултатите од испитувањето се во согласност со барањата. Инспекторите за храна имаат право да издаваат сертификати за извоз согласно писмената процедура
По барање на оператори се издаваат сертификати за безбедност на храна и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при извоз од Р. Северна Македонија.

Аудит на добрата хигиенска практика и на процедурите и инспекциите засновани на HACCP.
Со аудитите за добра хигиенска практика треба да се потврди дека сите бизнис оператори со храна, континуирано и правилно ги применуваат процедурите во однос на:

- проверка на информациите за ланецот на храна;
- проектирањето на објектите и одржувањето на просториите и опремата ;
- пред-оперативната, оперативната и постоперативната хигиена;

- личната хигиена;
- обука за хигиена за време на работата;
- контрола на штетници;
- квалитет на водата;
- контрола на температурата и
- контрола на храната која се внесува и се испорачува од објектот како и сета пропратна документација.

Официјално земање на примероци

Согласно Законот за безбедност на храна, методите за земање примероци и анализа кои се применуваат во официјалните контроли, мора да ги исполнуваат барањата за храна, а во случај да не постојат такви, со меѓународно признати правила или протоколи, прифатено од Европскиот Комитет за Стандардизација (CEN), или со други методи погодни за предвидената цел, или пак развиени согласно научните протоколи.
Примероците мора да се земат, обележат и со нив да се постапува на начин со којшто ќе се гарантира правната и аналитичката вредност.
Сите позитивни наоди мора да се добијат или потврдат според референтни методи кои се користат во националната референтна лабораторија.
АХВ ги утврдува методите за земање примероци и анализа, како и правилата за толкување на резултатите со соодветни подзаконски акти.

Мерки во случај на несообразност

Согласно Законот за безбедност на храна, АХВ има овластувања за административни активности во случај да правното или физичкото лице не ги исполни барањата од соодветниот закон за промет со храна од животинско потекло. Во законот се предвидени следниве административни санкции:

- Привремено конфискување - инспекторот може привремено да конфискува храна, предмети, ресурси, производи и документи. Ако конфискуваните предмети, средства, производи, растенија и животни се од непознати лица, инспекторот може да ги предаде уништи во присуство на комисија или да ги предаде на Агенција за управување со одземен имот;
- Одлука - решение - ако во текот на надзорот инспекторот утврди дека правното или физичкото лице не ги исполнуваат барањата утврдени во законот, обврзан е да издаде писмено решение за отстранување на недостатоците во одреден временски период и
- Правното или физичкото лице е задолжено да ги отстрани утврдените недостатоци наведени во одлуката.

Казни – во случај на прекршок, на правното или физичкото лице им се изрекува казна. Во Законот за безбедност на храна се утврдени висините на надоместоците за одредени прекршоци.
За прекршоците утврдени во Законот, инспекторот спроведува постапка за порамнување и на сторителот на прекршокот му издава прекршочен платен налог по кој операторот треба да плати во рок од 8 дена при што ја плаќа половина од глобата доколку во рок од 8

дена не ја плати глобата пресметана во платниот налог инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка. Спроведувањето на прекршочната постапката и утврдувањето на санкциите го врши Прекршочната комисија на АХВ. Прекршочната комисија се состои од овластени официјални лица вработени во АХВ, каде што еден од нив е претседател на прекршочната комисија.
За некои прекршоци инспекторот спроведува едукации со Укажувања да во рок од 8 дена се отстрани недостатокот. Доколку недостатокот не отстранет во рок д 8 дена инспекторот поведува прекршочна постапка.

11.5 Контрола по мониторинг програми

Инспекторите за храна вршат контроли и по следните програми:

-Програма за мониторинг на безбедност на храна и

-Програма за контрола и превентива на одделни физички,хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории на храна

Програмата за мониторинг за безбедност на храна во Република Северна Македонија и програмата за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна ги изготвува одделението
за безбедност на храна од неживотинско потекло. При изработката на горенаведените програми се користат податоци од програмите за мониторинг од претходните години, известувањата за RASFF, податоците за потрошувачката кошница и податоците од мониторингот на животната средина од други институции.
Со програмата за мониторинг на безбедност на храна се предвидува мониторинг на параметрите:

- Микробиолошка контаминација;
- Резидуи од пестициди (национален контролен план за резидуи);
- Максимално дозволени количества на специфични максимални нивоа на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди во:
  - преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на обработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца; и
  - почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња и пестициди што не треба да се употребуваат во земјоделски производи наменети за производство на почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња.
- тешки метали и нитрати;
- микотоксини;
- материјали и производи кои доаѓаат во контакт со храната;
- утврдување на присуството на ГМО храна;
- производи од органско производство во Република Северна Македонија;
- храна третирана со јонизирачко зрачење и
- Производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна.

Со посебната Програма за контрола и превентива на одделни физички,хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории на храна се предвидува мониторинг на следните параметри во храната.

11.6. Планирање на контроли

11.6.1. План за инспекција

(Секторот за инспекциски надзор) изготвува Годишен план за работа на инспекторите за храна. Планот за инспекции го одобрува директорот на АХВ и истиот се испраќа до Подрачните единици. Во овој план се наведени општите активности на месечно ниво, посочувајќи ги групите објекти каде треба да се спроведат инспекции или официјални контроли. Согласно планот за инспекции, инспекторот ја планира секојдневната работа. Покрај планот за инспекции, директорот на АХВ издава дополнителни наредби, во случај да се потребни посебни контролни активности .

Со официјалните контроли на храна од неживотинско потекло се опфатени производителите и извозниците на храна од неживотинско потекло (со исклучок на примарните производители) објектите за угостителство и малопродажба, капацитетите за складирање и транспорт на храна од неживотинско потекло.

Динамиката на планираните официјалните контроли ќе се определува според:

- категоризацијата на објектите и операторите со храна според ризикот (висок, среден, низок и многу низок ризик);
- приоритети заради актуелно настанати ситуации и
- индикации и сомневања.

Официјалните контроли по барања на оператори со храна и претставките од потрошувачи и граѓани ќе се извршуваат веднаш или во најкус можен рок

Секој инспектор за храна врши од 25 до 30 инспекции месечно. Планот за инспекции се изготвува во локалните единици на АХВ, а се прилагодува од страна на раководителот на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, на централно ниво.

Во прилог е планот кој ги прецизира активностите во временски интервали од четири месеци и континуирано.

Табела бр.11.3

Табела за извршување на инспекциски контроли во одреден временски период

	Временска рамка	**Извршување на активности**
1.	**Јануари - Април**	Прва контрола на угостителски објекти со висок ризик ресторани кујни и кетеринг гостилници слаткарници
		Прва контрола на објекти за производство на слаткарски производи

		Прва контрола на производни објекти со среден ризик, фабрики, погони, работилници објекти за производство на кафе, какао, чаеви, зачини, додатоци на храна, адитиви и сол мелници објекти за преработка на овошје и зеленчук објекти за производство на леб и бели печива објекти за производство на масло и производи од масло
		Контрола на производни објекти со низок ризик, фабрики, погони, работилници објекти за производство на кондиторски производи, чоколади, бонбони и флипс производи објекти за производство на шеќер објекти за преработка на печурки објекти за доработка и препакување на житарки, јаткасти плодови објекти за производство на безалкохолни пијалаци и пиво производство и пакување на вода
		Контрола на градски системи за водоснабдување и селски водоводи
2.	**Мај - Август**	Втора контрола на угостителски објекти со висок ризик ресторани кујни и кетеринг гостилници слаткарници
		Втора контрола на објекти за производство на слаткарски производи
		Контрола на други угостителски објекти ќебапчилници пицерии млечни ресторани сендвичари бурекчилници бифиња шанкови
		Контрола на објекти за промет со слаткарски производи
		Контрола на објекти за производство на мраз
3.	**Септември - Декември**	Трета контрола на угостителски објекти со висок ризик ресторани кујни и кетеринг гостилници слаткарници
		Трета контрола на објекти за производство на слаткарски производи
		Втора контрола на производни објекти со среден ризик, фабрики, погони, работилници објекти за производство на кафе, какао, чаеви, зачини, додатоци на храна, адитиви и сол мелници објекти за преработка на овошје и зеленчук објекти за производство на леб и бели печива објекти за производство на масло и производи од масло
		Контрола на објекти за продажба на храна супермаркети маркети продавници
		Контрола на објекти за складирање и чување на храна
		Контрола на винарии и објекти за производство на алкохолни

		пијалаци и оцет
		Контрола на останати угостителски објекти со многу низок ризик кафе барови ноќни барови игротеки
		Контрола на објекти за производство на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна
4.	**Континуирано**	Официјални контроли на ново регистрирани објекти и оператори со храна од неживотинско потекло секој нов започнат бизнис со храна
5.	**Континуирано**	Контрола на храна од неживотинско потекло и предмети и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при увоз
6.	**Континуирано**	Водење евиденција, вршење регистрација на објекти и оператори со храна и подготвување извештаи

11.6.2. Зачестеност на инспекција и категоризација на ризик

Официјалните контроли се извршуваат врз основа на анализа на ризик и со соодветна зачестеност.
Зачестеноста на инспекциите за различни групи објекти е утврдена во „Водич за категоризација на објекти и оператори со храна. Со оваа се утврдуваат категориите објекти како и периодични контроли во секоја категорија, што може да биде од двапати три и повеќепати годишно.
Зачестеноста исто така варира во рамките на истата група на објекти, согласно проценетиот ризик.

Следниве ризици се утврдени од АХВ:
- во објекти со висок ризик - три пати годишно;
- во објекти со среден ризик - два пати годишно;
- во објекти со низок ризик - еднаш годишно и
- во објектите многу низок ризик – еднаш во две години.

Согласно евалуацијата спомената погоре, бројот на официјалните контроли се зголемува или намалува.
Со обработка на податоци од подрачните единици кои ги имаме во електронска евиденција, на територијата на Република Северна Македонија се евидентирани 18858 објекти и оператори со храна. Претпоставка е дека постојат објекти и оператори со храна што до сега не се евидентирани.
Направената категоризација по ризик според Водичот за категоризација на објектите и операторите со храна и планирање на инспекциите базирани врз основа на анализа на ризик во Република Северна Македонија со број на објекти и оператори со храна по градови во Република Северна Македонија е следна:

Табела бр. 11.4

Распореденост на објекти и оператори со храна категоризирани по ризик по градови

П.Е.	Објекти со висок ризик	Објекти со среден ризик	Објекти со низок ризик	Објекти со многу низок ризик	Вкупно
Скопје	1362	280	1295	3747	6684
Куманово	169	53	144	478	844
Велес	81	46	58	334	519
Тетово	165	60	74	361	660
Гостивар	203	46	153	501	903
Кичево	83	21	48	154	306
Македонски Брод	9	2	1	18	30
Дебар	32	7	13	37	89
Струга	143	27	114	300	584
Охрид	328	39	201	660	1228
Битола	227	90	239	838	1394
Ресен	34	8	12	114	168
Демир Хисар	13	10	10	36	69
Прилеп	118	80	161	529	888
Крушево	16	4	13	38	71
Кавадарци	86	27	39	327	479
Валандово	6	2	11	26	45
Демир Капија	9	3	2	18	32
Неготино	32	14	27	106	179
Гевгелија	91	31	29	242	393
Дојран	36	4	7	43	90
Струмица	154	51	122	670	997
Радовиш	26	9	27	126	188
Штип	86	35	67	285	473
Свети Николе	26	13	19	103	161
Кочани	66	21	67	250	404
Пехчево	10	4	9	27	50
Виница	41	10	14	76	141
Берово	31	5	10	97	143
Делчево	33	5	28	102	168
Крива Паланка	45	9	32	175	261
Кратово	16	4	10	58	88
Пробиштип	25	8	11	85	129
Вкупно	3802	1028	3067	10961	18858

Планирани активности

Инспекциските контроли треба да се извршуваат според Водичот за категоризација на објектите и операторите со храна и планирање на инспекциите базирани врз основа на анализа на ризик во Република Северна Македонија:

- во објекти со висок ризик - три пати годишно;
- во објекти со среден ризик - два пати годишно;
- во објекти со низок ризик - еднаш годишно и
- во објектите многу низок ризик – еднаш во две години.

11.7. Документирање на официјалните контроли и известување

Инспекторите распоредени во ПЕ на АХВ за спроведените активности составуваат записници, Решенија, контролни листи и други писмени документи и водат евиденции на пишани и електронски обрасци . Тие доставуваат месечни и годишни извештаи до Секторот за инспекциски надзор кој ги собира и анализира извештаите, а за контролите по посебните програми се доставуваат до секторот за храна од неживотинско потекло.
Секој инспектор изготвува (користејќи униформен образец) и испраќа месечен извештај до раководителот на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло при СИН, којшто изготвува месечен извештај за инспекциските активности извршени во Република Северна Македонија и го испраќа до Директорот на АХВ.
Постојат неколку регистри без интерфејс за подредување или барање, на пр.

- Регистар на регистрирани објекти за храна со храна од неживотинско потекло;
- Регистар на додатоци за храна и
- Регистар на минерални води.

Останатите бази на податоци се во изработка.

11.7.1 Документирани процедури за контрола и упатства

Процедури

Во листата на изготвени/изработени процедури содржани се 12 процедури за инспектори за храна, 5 процедури за изготвување на програми за мониторинг и 12 процедури за земање на примероци, толкување на резултатите од испитувањето, проценка на ризик и управување со ризик.

Упатства

Изработени се различни упатства.
Упатства за инспектори за храна:

- Упатство за официјални контроли (инспекција) на храна;
- Упатства за означување на храна;
- Упатство за спроведување на Правилникот за начинот на земање примероци од храна;
- Упатство за примена на Правилникот за микробиолошки критериуми и
- Упатство за адитиви кои се користат во производството на прехранбени производи итн.

Упатство за бизнис операторите со храна:

- Упатство за хигиена на храна за угостителски услуги;
- Упатство за хигиена на храна за угостителство за прехранбената индустрија;
- Упатство за спроведување на системот за HACCP во прехранбениот сектор и
- Упатство за изработка на план за безбедност на храна во угостителството (засновано на начелата на HACCP) итн.

11.8 .Верификација на официјалните контроли

Изработена е процедура за супервизија и верификација на официјалните контроли која се врши преку три вида активности и тоа:
-Редовна непосредна и континуирана контрола на работата на инспекторите во однос на спроведување на неговите редовни планирани и вонредни активности со проверка на минимум два предмета од секој инспектор по случаен избор од претходниот месец на месечно ниво од страна на непосредниот раководител или од него овластено лице (супервизија);
-увид во работата на официјалниот ветеринар и инспекторот за храна за начинот на спроведување на спроведување и извршување на неговите активности и ефективноста од овие активности (пракса,методи и техники на официјалните контроли)со метод на внатрешен аудит во одредени временски периоди(еднаш на две години)од страна на непосредниот раководител или од него назначен тим(верификација) и
-редовно континуирано следење на одредени критични параметри и показатели на активностите на официјалните контроли на ниво на подрачна единица,контролен систем (индикатор на ефикасност и ефективност).

11.9. Организација на соработката

Координацијата во рамките на Секторот за храна од неживотинско потекло и Секторот за инспекциски надзор е ја вршат Раководителите сектори, со Директорот и Раководителите на одделенија кои ја координираат работата на инспекторите и другите вработени во одделенијата.

11.9.1 Соработка

Постои внатрешна соработка меѓу секторите и одделенијата на АХВ. Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло соработува со Одделението за комуникација на ризик и RASFF при Секторот за стручна (научна) соработка, во случај на известувања од RASFF инспекторите за храна спроведуваат истражување, обезбедуваат управување со ризикот и го известуваат одделението за комуникација на ризик и RASFF (одделението за координација за известувања во однос на храната и точка за контакт во системот за RASFF на ЕУ). Во случај на претставки од страна на потрошувачите, надлежно е Одделението за заштита на потрошувачите при Секторот за стручна (научна) поддршка. Одделението за заштита на потрошувачите го известува Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, кое врши мобилизација на

инспектори за храна од одредени локални единици со цел да направат истражување, а за резултатите од истражувањето и за преземените активности се известува Одделението за заштита на потрошувачите, кое потоа им дава одговор на потрошувачите во однос на горенаведените прашања.

Во случај на појава на болест предизвикана од храна, постои надворешна соработка меѓу Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) и неговите регионални седишта, АХВ (Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло со локалните единици) и Санитарната инспекција (СИ). Во случај на појава на болест предизвикана од храна, болниците или докторите по медицина го известуваат ИЈЗ. ИЈЗ ги известува СИ и АХВ и им ги обезбедува соодветните информации. Потоа епидемиолозите од регионалните единици на ИЈЗ, инспекторите на СИ и инспекторите за храна спроведуваат истражување. Резултатите се доставуваат до ИЈЗ. Во случај на штети предизвикани по здравјето на потрошувачот, инспекторите од СИ изрекуваат казни. Меѓусекторска соработка во случај на појава на болест предизвикана од храна). Постои писмена процедура за инспекторите за храна во однос на активностите кои треба да се преземат во случај на сомнеж поврзан со храна.

Слика бр. 11.3

Меѓусекторска соработка во случај на појава на болест предизвикана од храна



11.10. Контрола на плановите за квалитет

11.10.1. Органско земјоделство

Националното законодавство за органско земјоделско производство е усогласено со Регулативата (ЕЗ) 834/2007 на Советот и Регулативата (ЕЗ) 889/2008 на Комисијата.
Главниот закон е Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.1 46/09). Постојат неколку подзаконски акти со кои дополнително се уредуваат основните одредби на органското земјоделско производство како и мониторингот и контролата на органското земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.162/10 и 163/10).
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, е надлежен орган во областа на органското земјоделско производство.
Државниот инспекторат за земјоделство е надлежен орган за контрола и надзор на активностите на сертифицираните тела, како и примарното земјоделско производство,

производството и прометот на семе и садници, употребата на производи за заштита на растенијата и ѓубриња, како и при увоз на органски земјоделски производи.
Од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство овластени се две сертификациски тела кои вршат стручна контрола и сертификација на органското земјоделско производство. И двете тела за сертификација се акредитирани согласно стандардот за сертификација на производи МКС EN ISO/IEC 17 065:2012 од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ), кој е полноправна членка во Европската организација за акредитација. Едно од двете овластени сертификациски тела се има стекнато со акредитација за признавање на сертификатите во ЕУ.
Државните инспектори за земјоделство од Секторот за инспекциски надзор од областа на земјоделство, руралиот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделските производи во рамките на твининг проектот „Органско земјоделско производство и заштита на квалитетот на земјоделските производи" посетуваа повеќе обуки од областа на контрола на органско земјоделско производство, беа изработени чек листи, процедури и други материјали за подобро спроведување на инспекциските контроли од областа на органското земјоделско производство.

11.10.2. Заштита на географските ознаки и традиционалните специјалитети

Националното законодавство за заштитени географски називи и ознака за традиционален специјалитет на земјоделски и прехранбени производи е Законот за квалитетот на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија бр. 140/2010, 53/2011, 55/2012, 106/2013, 116/2015, 149/2015, 193/2015 и 39/2016), кој е усогласен со Регулативата (ЕЗ) 1151/2012. Со повеќе донесени подзаконски акти е регулиран системот на заштитата на географските ознаки (Заштитена ознака на потекло - PDO и Заштитена географска ознака – PGI) и традиционалните специјалитет (Гарантирана традиционален специјалитет - TSG).
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежен орган во областа на заштита на географските ознаки и традиционални специјалитети. Поради тоа што во моментов не постојат овластени верификациски тела за спроведување на контролата за потврдување на усогласеноста на производите со спецификацијата/елаборатот на производот, оваа надлежност е доделена на Државниот инспекторат за земјоделство.
Контролата над производството и прометот со земјоделски и прехранбени производи е доделена на Државниот инспекторат за земјоделство, односно Секторот за инспекциски надзор од областа на земјоделство, руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделските производи. Инспекциски надзор на над примарните земјоделски производи од растително потекло чиј назив е заштитен со ознака за потекло, географска ознака или ознака за гарантиран традиционален специјалитет кои се стават во промет вршат 20 – те земјоделски инспектори вработени во горенаведениот сектор.
Но, бидејќи во моментот има регистрирано еден земјоделски производ со заштитена ознака, а нема регистрирано корисници на оваа ознака, контролите од страна на

земјоделските инспектори се уште не се започнати. По регистрирање на корисниците на заштитената ознака ќе се започне со спроведување на официјални контроли.
Државните инспектори за земјоделство од Секторот за инспекциски надзор од областа на земјоделство, руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделските производи во рамките на твининг проектот „Органско земјоделско производство и заштита на квалитетот на земјоделските производи" посетуваа повеќе обуки од областа на контрола над заштитените ознаки за квалитет, беа изработени чек листи и контролни планови.

11.10.3 Предложена листа на активности кои би требало да се опфатат со ПНКП за периодот од 2019 до 2023

Табела бр. 11.5

предложена активност	Датум на спроведување
Одобрување на стратешкиот план на АХВ за 2019 -2021 година	
Вработување на персонал	2019-2023
Усовршување на системот за собирање податоци и известување	2019
Одобрување и реализација на годишните програми за мониторинг на безбедноста на храната	2019-2023
Да се продолжи со изготвувањето на критериуми/предлози за детална класификација на бизнис операторите со храна согласно видот на активности	2019-2020
Формулација на критериумите за проценка на ризикот во однос на бизнис операторите со храна и изготвување на предлози за категоризација на објектите спроед ризикот.	2019-2020
Категоризација бизнис операторите со храна на база на ризик	2019-2020
Утврдување на најмалата зачестеност на инспекции засновани на ризик кај бизнис операторите со храна	2019
Попис и ревидирање на постоечките Правилници, упатства, процедури, контролни листи/инспекциски извештаи	2019-2023
Хармонизација на Правилници, упатства, процедури, контролни листи/инспекциски извештаи за официјална контрола на храна (каде што е применливо).	2019-2023
Ревидирање на постечките обрасци на извештаите, регистрите и базите на податоци. Изготвување на предлози за подобрување и хармонизација.	2019
Изработката на Годишни планови и програмите за внатрешни обуки за инспекторите надлежни за официјална контрола на храна, согласно барањата од Регулативата 882 (Анекс II, Поглавје I);	2019-2023
Да се хармонизираат модулите за обуки за инспекторите кои вршат официјални контроли на производи од неживотинско потекло, и оние кои вршат официјални контроли на производи од животинско потекло (каде што е применливо)	2019-2023

Поглавје 12- Контролен систем за ветеринарно медицински препарати (ВМП) и резидуи

12.1. Општи национални стратешки цели-СВЈЗ

Вовед

АХВ е надлежен орган во Република Северна Македонија во областа за официјална контрола на ветеринарно-медицински препарати и резидуи од ВМП.
Сеопфатниот систем за официјални контроли е од суштинско значење за заштитата на јавното здравје, намалување на болестите кај животните.
Секторот за ветеринарно јавно здравство во АХВ е директно надлежен за развој и одржување на системот за контрола на ВМП и резидуи, додека Секторот за инспекциски надзор е одговорен за надзор и официјалните контроли на ВМП.

Цел
Главната цел за ефикасна реализација на контролните системи е да се обезбеди дека за време на периодот на планот, АХВ ќе продолжи со програмата за надзор и ќе ги обезбеди сите податоци за непречена работа на системот. Како главен предмет на надзорот се производители на ВМП, веледрогерии, аптеки и ветеринарни клиники (станици).

Законодавство
Основни правни акти се:

- Закон за ветеринарно - медицински препарати („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16);
- Правилник за условите кои треба да ги исполнува веледрогерија за промет со ветеринарно - медицински препарати, како и начинот на работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/16);
- Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат ветеринарните аптеки, како и начинот на работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/16);
- Правилник за добра дистрибутивна пракса („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/10);
- Одлука за висина на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата („Службен весник на Република Македонија" бр. 45/14, 51/14 и 55/18);
- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарати, како и општите и посебните услови кои треба да ги исполни ветеринарно - медицински препарат за ставање во промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/13 и 34/15);

- Правилник за ветеринарно - медицински препарати кои привремено се стават во промет, начинот на нивната употреба како и контролата на ставање во промет и употребата („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/12);
- Правилник за распоредување на ветеринарно медицински препарати во одделни категории и начинот на препишување и издавање на ветеринарно медицински препарати („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/12);
- Правилник за информациите кои треба да ги содржи извештајот за оцена на ветеринарно - медицинските препарати („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/12).
- Одлука за висината на трошоците во врска со постапката за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно медицинскиот препарат („Службен весник на Република Македонија" бр. 128/12);
- Правилник за податоците кои треба да ги содржи контактното и надворешното пакување и информациите кои треба да ги содржи упатството за употреба на ветеринарно-медицинскиот препарат („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/11);
- Правилник за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнува ветеринарната аптека и начинот на работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 133/10);
- Правилник за начинот на обновување на одобрението за ставање во промет на ветеринарно-медицинскиот препарат („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/12);
- Листа на фармаколошки супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/18);
- Список на ветеринарни веледрогерии и ветеринарни аптеки („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/18);
- Список на ветеринарно-медицински препарати за кои е дадено решение за одобрение за ставање во промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/18);
- Правилник за ветеринарно - медицински препарати кои привремено се стават во промет, начинот на нивната употреба како и контролата на ставање во промет и употребата („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/12);
- Правилник за начинот на одобрување и увоз на ветеринарно - медицински препарати („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/12);
- Правилник за поблиските услови во поглед на објектите, опремата и кадарот кои треба да ги исполнат увозниците на ветеринарно – медицински препарати („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/13);
- Решение за забрана за производство, увоз, поседување, продажба, снабдување и/или употреба на одредени видови ветеринарни лекови („Службен весник на Република Македонија" бр. 132/2010);
- Правилник за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/13) и

- Правилник за општите барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/13).

12.2. Организација и структура на надзорот на ветеринарно-медицински препарати

Во рамките на АХВ, надлежен за одобрение на ВМП, надзор на дистрибуцијата и уредувањето на контролата на резидуи е *Секторот за ветеринарно јавно здравство* - ги изготвува правните документи, програми и упатства во рамките на својата надлежност и подготвува Годишен контролен план и програма за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло и ја следи нивната реализација,а Секторот за инспекциски надзор е одговорно за спроведување на официјални контроли во системот за надзор на ВМП и резидуи од ВМП.

12.2.1 Поделба на функции задачи и одговорности

Одделението за ветеринарни медицински препарати во рамките на Секторот за ветеринарно јавно здравство, при АХВ,

– е централен надлежен орган за одобрување на ВМП и надзор по доделувањето на одобрението (дистрибуција).

Одделението за безбедност на храна од животинско потекло,

– е надлежно за изработка и надзор на реализацијата на Годишен контролен план и програма за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло и ја следи нивната реализација.

– регистрација на ветеринарните веледрогерии и ветеринарни аптеки.

Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство преку официјалните ветеринари во Подрачните единици:

- обезбедуваат директен надзор и контрола на веледрогериите и ветеринарните аптеки,
- официјалните ветеринари од Одделението за државна инспекција за здравствена заштита и благосостојба вршат контроли на употребата и прометот на ВМП во ветеринарните клиники,амбуланти и во одгледувалишта,
-учество во комисиите за одобрување на ветеринарните веледрогерии и ветеринарни аптеки.

Дистрибуцијата и пуштањето во промет на ВМП е поделена во две категории:

- Веледрогерии/ветеринарни аптеки и
- ветеринарни друштва (ветеринарни станици.)

Во Република Северна Македонија има 22 ветеринарни веледрогерии и 2 ветеринарно аптеки кои се вклучени во дистрибуцијата на ВМП како за внатрешниот пазар.

12.2.2. Поделба на функциите меѓу одделенијата

Табела бр. 12.1

Број	Структурна единица	Задачи и функции
1.	Одделение за ветеринарно медицински препарати	Ветеринарно-санитарен преглед и контрола во објектите за производство, складирање, промет и употреба на ВМП, следејќи ги одредбите и состојбата во областа на ВМП, како и сродните области; Професионално-аналитичка обработка на административни и други прашања кои се важни за примената на правните и други одредби, изработка на професионално-аналитички и други материјали за работните тела; Изготвување на анализи, информации во однос на ВМП, промет, податоци за фармаколошки активни супстанции и сл. Подготовка на потребните документи за работа на Комисијата за ВМП; Изготвување на Решенија за одобренија за пуштање во промет на ветеринарно медицински препарати; Изготвување на Список на ветеринарно медицински препарати за кои е дадено Решение за одобрение за ставање во промет, кај кои се направени измени во текот на важноста на одобрението, со цел истиот да се објави во Службен весник на Република Северна Македонија како на веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство; Изготвување на Решение за одобрение за увоз на ветеринарно-медицински препарати за употреба во ветеринарната медицина; Водење Список на ветеринарни веледрогерии и ветеринарни аптеки, со цел објавување во Службениот весник на Република Северна Македонија како и како на веб страната на Агенцијата за храна и ветеринарство; Зема учество во работата на Комисијата која врши одобрување на вршење на дејност - промет на големо/мало со ветеринарно - медицински препарати (ветеринарна веледрогерија и ветеринарна аптека); Зема учество во надзорот на работата на правните субјекти кои вршат производство, испитување и контрола како и трговија со ВМП; Изготвување на подзаконски акти кои се усвојуваат врз основа на правните одредби во областа на ВМП.

12.3. Одобрение на ВМП

Процедурата за одобрение на ВМП е регулирана со Законот за ветеринарно-медицински препарати и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот преку добиено позитивен Извештај за оцена на ВМП од Комисијата за ВМП. Барањето се состои од 1 примерок и истото се разгледува на централно ниво. Членовите на Комисијата се ветеринарни, фармацевтски и останати технички и научни поединци кои ги назначува директорот на АХВ, Комисијата е технички независна. Одобрението за пуштање во промет го издава директорот на АХВ врз основа на позитивен Извештај за оцена на ВМП на Комисијата. Извештајот се изготвува врз основа на разгледување на оригиналниот документ и придружните документи. Одобрението за пуштање во промет на ВМП се издава за најмногу пет години. Список со одобрени ВМП е објавена во Службениот весник и официјалната веб-страница на АХВ www.fva.gov.mk. Списокот редовно се ажурира.

Постои единствена процедура за одобрување на ВМП произведени во ЕУ и други земји. Во регистар во моментов има 392 одобрени ВМП.
Веледрогериите може да увезуваат само одобрени ВМП. Отстапувањата од ова се утврдени во Законот за ветеринарно – медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16) и подзаконски акти донесени врз основа на истиот. Директорот на АХВ има право да дозволи увоз на не одобрени ВМП за привремена употреба во итни случаи или епизоотски болести, и во случај кога животното се извезува во земји за кои треба да се исполнети посебни барања за третман.

Системот за фармаколошка претпазливост е утврден со Законот за ветеринарно медицински препарати.

Дистрибуцијата и пуштањето во промет на ВМП е поделена во две категории:
- Веледрогерии/ветеринарни аптеки и
- ветеринарни друштва (ветеринарни станици)

Во Република Северна Македонија има 23 ветеринарни веледрогерии и 2 ветеринарни аптеки кои се вклучени во дистрибуцијата на ВМП како за внатрешниот пазар. Веледрогериите/ветеринарните аптеки мора да исполнуваат посебни услови за вршење на нивните активности, во однос на самиот објект како и лицата кои се одговорни за вршење на тие активности (доктори по ветеринарна медицина). За веледрогериите/ветеринарни аптеки потребна е посебна лиценца за работа. Лиценцата е со важност од 5 години. Веледрогериите може да продаваат ВМП само на други регистрирани веледрогерии и ветеринарни друштва регистрирани за вршење ветеринарни активности (ветеринарни амбуланти, ветеринарни клиники и ветеринарни станици кои обезбедуваат услуги во одгледувалиштата за производство на животни). Не смеат директно да се продаваат ветеринарно-медицински препарати на сопствениците на животни.
Ветеринарните станици обезбедуваат примарна ветеринарна заштита согласно Законот за ветеринарно здравство.
За ветеринарните друштва е одреден посебен образец за водење евиденција и истиот е објавен во Службен весник на Република Северна Македонија. Во овој образец треба да се заведе секоја посета.
Согласно законот за ветеринарно здравство, ветеринарните друштва може да употребуваат и продаваат ВМП само ако се регистрирани за ветеринарни активности. Ветеринарите мора да добијат лиценца за пракса во Ветеринарната комора. Само на граѓаните на Република Северна Македонија им е дозволено да регистрираат ветеринарно друштво.

12.4. План на активности во Одделение за ВМП

За период 2018 -2021 година Одделението за ветеринарно медицински препарати планира да:
- изврши ревизија на Законот за ветеринарно – медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16) како и сите

подзаконски акти кои произлегуваат од истиот со цел утврдување на степенот на усогласеност со промените во ЕУ легислативата;

– го регулира прометот со помошни лековити средства, медицински помагала и дијагностички реагенси за употреба во ветеринарната медицина;

– го дооформи системот на одобрување со имплементација на регулативите кои се однесуваат на варијациите кај ВМП како и да направи подготовки за потполно усогласено национално законодавство со ЕУ до период на пристапување во ЕУ;

– го развива системот на фармаковигиланса со помош на едукација на вклучени субјекти, комплетен проток на информации и координација од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, преку соодветни информатички системи во комплетниот промет и употреба на ВМП;

– да воспостави подобар контакт на сите засегнати страни во прометот и употребата на ВМП, преку издавање на брошури, упатства за фармаковигиланса и континуирана едукација во смисол на навремено доставување и анализирање на податоците за фармаколошка внимателност;

– да воспостави подобар контакт на сите засегнати страни во прометот со ВМП преку издавање на брошури, упатства за начинот на контрола на набавката прометот и употребата на ВМП;

– фармакосурвелианс и континуирана едукација во смисол на правилна употреба на ветеринарно-медицинските препарати, рационална употреба на ВМП особено на антибиотиците заради намалување на појавата на антимиркобна резидс;

– Водич за начинот на контрола при набавка, промет и употреба на ВМП;

Во фаза на изработка е Водич за начинот на следење и известување за несаканите дејства од употреба на ВМП и

– врши аудит на сите одобрени правни субјекти за промет со ВМП со цел на воочување на недостатоците во имплементација на национално и ЕУ законодавство, подигање на ниво на комуникација со централно ниво, едукации и сл.

12.5. Приоритет за официјални контроли и стратешки цели за периодот од 2019-2023

За период 2019 -2023 година:

-изврши ревизија на Законот за ветеринарно – медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/10, 136/11, 149/15 и 53/16) како и сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот со цел утврдување на степенот на усогласеност со промените во ЕУ легислативата;

-го регулира прометот со помошни лековити средства, медицински помагала и дијагностички реагенси за употреба во ветеринарната медицина,;

-го дооформи системот на одобрување со имплементација на регулативите кои се однесуваат на варијациите кај ВМП како и да направи подготовки за потполно усогласено национално законодавство со ЕУ до период на пристапување во ЕУ;

-го развива системот на фармаковигиланса со помош на едукација на вклучени субјекти, комплетен проток на информации и координација од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, преку соодветни информатички системи во комплетниот промет и употреба на ВМП;

-да воспостави подобар контакт на сите засегнати страни во прометот и употребата на ВМП, преку издавање на брошури, упатства за фармаковигиланса и континуирана едукација во смисол на навремено доставување и анализирање на податоците за фармаколошка внимателност;
-да воспостави подобар контакт на сите засегнати страни во прометот со ВМП преку издавање на брошури, упатства за начинот на контрола на набавката прометот и употребата на ВМП:
-фармакосурвелианс и континуирана едукација во смисол на правилна употреба на ветеринарно-медицинските препарати, рационална употреба на ВМП особено на антибиотиците заради намалување на појавата на антимиркобна резистентност;
-да се обезбеди директна врска меѓу контролата на употреба на ВМП во одгледувалишта со животни и ветеринарните друштва и земање на примероци за резидуи на база на ризик;
-подобрување на системот на земање на примероци за резидуи со цел да се обезбеди навремено земање на примероци во случај на сомнеж и известување на сопственикот на животните за резултатите од испитувањето;
-врши аудит на сите одобрени правни субјекти за промет со ВМП со цел на воочување на недостатоците во имплементација на национално и ЕУ законодавство, подигање на ниво на комуникација со централно ниво, едукации и сл.;
-ја имплементира Програмата за Анитимикробна отпорност и да ја следи нејзината реализација;
-се вклучи во системот на достава на податоци за АМО до ЕФСА и ОИЕ;
-развие и да ја интензивира комуникацијата и соработката со сите релевантни институции и граѓанското општество со крајна цел развивање и имплементирање на мултисекторски и меѓуинституционален стратешки пристап за борба против АМО;
-развива систем за собирање на податоци и следење и мониторинг на селекцијата и појавата на резистентни микроорганизми и нивна распространетост, како и употребата на антимикробни препарати и
-ги следи и врши промоција на научни истражувања и иновации, да развива и имплементира политики во насока на зголемување на свеста за АМО и одговор на антимикробна употреба.

Поглавје 13 - Контролен систем за храна за животни и исхрана на животни

13.1. Општи стратешки цели

Вовед

АХВ е надлежна за извршување на работи поврзани со безбедноста на храната за животни, со исклучок на примарното земјоделско производство на производи од растително потекло за кој е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Официјалните ветеринари, Државниот земјоделски инспекторат и Фитосанитарната инспекција имаат законско овластување да дејствуваат во случај на сомнеж: забрана на увоз, извоз, производство, пуштање во промет и употреба на храна за животни, повлекување на забраната, утовар, претовар и истовар на храната за животни, одобрување и забрана за користење на возила за транспорт на храната за животни, привремена забрана на производство и пуштање во промет на храна за животни, конфискување и отстранување на храна за животни (член 122 и 123 од Законот за безбедност на храна и член 78, 85 и 95 од Закон за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010, 53/2011, 1/2012, 33/2015, 149/2015 и 53/2016).
Надградба на Ветеринарно информативниот систем – ВИС за негова функционална примена.

Дизајнирање, тестирање и имплементација на модул за безбедност на храна за животни кој ќе опфати внес, чување и обработка на податоците поврзани со безбедноста на храната за животни. Во моментов не постои функционален информатички систем за внес, чување и обработка на податоците поврзани со безбедноста на храната за животни, што ја отежнува секојдневната работа на официјалните ветеринари, како и на вработените во АХВ. Ова се однесува на нестандардизираните процедури при инспекциските контроли, чувањето и обработката на добиените податоци, поради што е невозможно да се изготват валидни планови, програми и извештаи од областа на безбедноста на храната за животни. За таа цел неопходна е надградба на ВИС-от, со кој ќе се отстранат горенаведените недостатоци.

Цел

Конкретни цели се обезбедување на ефикасен систем за официјална контрола, кој ќе придонесе за подобрување на здравствената заштита и благосостојба на животните од аспект на безбедност на храната за животни. Надлежноста за организацијата и функционалноста на надзорот на храната за животни и исхраната на животните во Република Северна Македонија е доделена на АХВ Закон за безбедност на храната, членови 15, 17 и 119 („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016 и 64/2018) и Закон за безбедност на храната за животни ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010, 53/2011, 1/2012, 33/2015, 149/2015, 53/2016).

АХВ е надлежна за :
- извршување на работи поврзани со безбедноста на храната за животни и
- со исклучок на примарното земјоделско производство на производи од растително потекло.
-

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежно за реализација на политиката за безбедност на храна за животни во примарното земјоделско производство и придружните операции на примарното производство на производи од растително потекло (член 25 и 26 од Законот за безбедност на храна).

Официјалните ветеринари од Секторот за инспекциски надзор Државниот земјоделски инспекторат и Фитосанитарната инспекција имаат законско овластување да вршат контроли на храната за животни и превземаат соодветни дејства : забрана на увоз, извоз, производство, пуштање во промет и употреба на храна за животни, повлекување на забраната, утовар, претовар и истовар на храната за животни, одобрување и забрана за користење на возила за транспорт на храната за животни, привремена забрана на производство и пуштање во промет на храна за животни, конфискување и отстранување на храна за животни (член 122 и 123 од Законот за безбедност на храна и член 78, 85 и 95 од Закон за безбедност на храната за животни ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010, 53/2011, 1/2012, 33/2015, 149/2015 и 53/2016).

Законодавство

АХВ е орган надлежен за координирање на законодавството и контролните системи за прашања поврзани со безбедноста на храната и храната за животни меѓу надлежните институции во Република Северна Македонија (Закон за безбедност на храна, член 119).

Законска основа

1. Закон за безбедност на храна - член 15, 17 и 119; Законот за безбедност на храната за животни ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010, 53/2011, 1/2012, 33/2015, 149/2015 и 53/2016);
2. Изработка на законски и подзаконски акти и административна подршка на официјалните ветеринари и
3. Законот што е во сила за безбедност на храна за животни има низа недостатоци поради кои е отежната неговата имплементација. За таа цел, извршена е ревизија на постојниот закон формирана е работна група од страна на директорот и изработен е предлог текст на новиот Закон за безбедност на храна за животни со кој соодветно ќе се регулира безбедноста на храната за животни и ќе се усогласи националното законодавство со легислативата на Европската унија во областа на безбедноста на храната за животни.

13.2. Организација и структура на надзорот за храна за животни

АХВ е централен надлежен орган во Република Северна Македонија за контрола на храна за животни и исхрана на животни. Секторот за ветеринарно јавно здравство (Одделението за безбедност на храна за животни и исхрана на животни) во АХВ е директно надлежен за развивање и обединување на политиките во делот на безбедноста на храната за животни, координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите и преку управување со средствата, додека Секторот за инспекциски надзор е одговорен за надзор и официјалните контроли на храната од за животни и исхрана на животните.
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежно за реализација на политиката за безбедност на храна за животни во примарното

земјоделско производство и придружните операции на примарното производство на производи од растително потекло (член 25 и 26 од Законот за безбедност на храна).

13.2.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

Прво ниво – централно ниво

Во АХВ- Сектор за ветеринарно јавно здравство Одделението за храна за животни и исхрана на животните е надлежно за креирање на политика во делот на храната за домашните животни.

Конкретни цели на Одделението за храна за животни и исхрана на животните се следните:

- - подготовка на управни акти во првостепена управна постапка;
- - подготовка на материјали и документи кои содржат предлог-план за работа на одделението;
- - изработка и поднесување на извештај за напредокот во спроведувањето на планот за работа на одделението;
- - проверка на доставената документација за објектите и операторите со храна за животни;
- - учество во работата на стручната комисија формирана од страна на директорот на Агенцијата за одобрување на операторите со храна за животни и објектите за производство, обработка и манипулација со храна за животни;
- - вршење официјална контрола – аудит на работата на операторите со храна за животни и објектите за производство, обработка и манипулација со храна за животни;
- - учество во подготовка на кризни планови поврзани со кризите настанати од небезбедна храна за животни (кризи настанати при елементарни непогоди, кризи настанати при труење со храна, кризи настанати поради ставање во промет на небезбедна храна за животни);
- - изработка на програми, анализи и информации од областа на безбедноста на храната за животни;
- - водење, редовно ажурирање и објавување на регистрите на регистрирани и одобрени оператори со храна за животни на интернет страната на Агенцијата и
- - следење на измените во легислативата на Европската унија и хармонизацијата на прописите од областа на безбедноста на храната за животни.
-

Во рамките на Секторот за ветеринарно јавно здравство Одделението за безбедност на храна за животни и исхрана на животните е директно надлежно во спроведувањето на функциите доделени на АХВ за контролниот систем за храна за животни и исхрана на животни.

Покрај ова, одредени сектори во АХВ и назначените официјални лаборатории за контрола даваат свој придонес во обезбедувањето на официјалните контроли.

Сектор за ЕУ и меѓународна соработка (EUIC) – креира политики за приближување на националното законодавство со принципите на законодавството на ЕУ, го координира

изготвувањето на националното законодавство во надлежност на АХВ, по потреба, соработува со други надлежни професионални организации, институции и агенции во земјата и странство.

Факултет за ветеринарна медицина (ФВМ) – Факултетот за ветеринарна медицина ги доставува резултатите од извршените тестови до АХВ и до официјалниот ветеринар кој ги испратил примероците,

- во рок од денови согласно потпишаниот договор од денот кога примероците се примени
- во случај на сомнеж на незадоволителни резултати по проверката на примерокот,
- и потоа по потврдата на неусогласеноста.

Резултатите се доставуваат до АХВ по факс, а АХВ потоа стапува во контакт со официјалниот ветеринар надлежен за земањето примероци и за понатамошни мерки ако е тоа потребно.

Сектор за инспекциски надзор надлежно за организирање, планирање и спроведување на официјалните контроли.

Второ ниво

-Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, кое ја координира работата на подрачните единици. Официјалните ветеринари во Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство се распоредени во подрачните единици на АХВ и вршат директен надзор на храната за животни и исхраната на животни.

-ДИЗ тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - врши контрола на храна за животни од растително потекло, во однос на примарното производство и сродните операции, како и здравствената заштита на растенијата. На регионално ниво, официјалните контроли ги врши државниот земјоделски инспектор во регионалните единици (РЕ) при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Воспоставен е системот за одобрение и регистрација на објекти за производство, складирање и промет со храна за животни, согласно Законот за безбедност на храна за животни.

Согласно овој закон, операторите со храна за животни кои вршат нејзино производство, обврзани се да известуваат за своите активности, по што се регистрираат или одобруваат и се внесуваат во регистарот на оператори со храна за животни.

Во моментов во земјата одобрени се вкупно 15 објекти и оператори и со храна за животни (Видете Табела бр.13.1).

Табела бр. 13.1

Одобрени објекти и оператори со храна за животни во Република Северна Македонија


Град	Број на објекти	Забелешка
Скопје	5	/
Прилеп	2	/

Тетово	2	Производство на медицинирана храна за животни (1 објект)
Велес	3	/
Штип	1	Производство на пелетирана храна за животни
Охрид	1	Производство на храна за пчели
Пробиштип	1	Производство на адитиви за храна за животни
Град	**Број на објекти**	**Забелешка**

Факултетот за ветеринарна медицина е овластена лабораторија за испитување на безбедноста и квалитетот на храната за животни.

Слика бр. 13.1.

Шема на контролниот систем за храна за животни и исхрана на животни



АХВ - Агенција за храна и ветеринарство,
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
СВЈЗ – Секторот за ветеринарно јавно здравство,
ДИЗ - Државен инспекторат за земјоделство,
ЕУМС – ЕУ и секторот за меѓународна за соработка,
СГИ - Сектор за гранична инспекција,
ОБХЖЖ - Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животни,
ДИВЈЗ - Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство со регионалните единици,
ФВМ – Факултет за ветеринарна медицина (лабораторија за анализа на храна за животни,)
РЕ – Регионални единици,
ВИМ на ГП – Ветеринарно инспекциско место на граничен премин,
РС – Регионални седишта на МЗШВ,
БОХ – Бизнис оператори со храна.

Структурни единици	**Задачи и функции**
Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животните	- подготовка на управни акти во првостепена управна постапка; - подготовка на материјали и документи кои содржат предлог-план за работа на одделението; - изработка и поднесување на извештај за напредокот во спроведувањето на планот за работа на одделението; - проверка на доставената документација за објектите и операторите со храна за животни; - учество во работата на стручната комисија формирана од страна на директорот на Агенцијата за одобрување на операторите со храна за животни и објектите за производство, обработка и манипулација со храна за животни; - вршење официјална контрола – аудит на работата на операторите со храна за животни и објектите за производство, обработка и манипулација со храна за животни; - учество во подготовка на кризни планови поврзани со кризите настанати од небезбедна храна за животни (кризи настанати при елементарни непогоди, кризи настанати при труење со храна, кризи настанати поради ставање во промет на небезбедна храна за животни); - изработка на програми, анализи и информации од областа на безбедноста на храната за животни; - водење, редовно ажурирање и објавување на регистрите на регистрирани и одобрени оператори со храна за животни на интернет страната на Агенцијата и - следење на измените во легислативата на Европската унија и хармонизацијата на прописите од областа на безбедноста на храната за животни.
СИН - Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство со локалните единици	Ветеринарно-санитарен преглед на објекти и опрема за производство, финализирање, преработка и трговија со производи, суровини и отпад од животинско потекло, објекти за малопродажба кои вршат трговија со производи од животинско потекло, храна за животни, вода во процесот на производство и за напојување на животните;

	Трговија со ветеринарни медицински помагала и медицински помагала кои се користат во ветеринарната медицина; Земање и испраќање на материјали за лабораториско испитување; Контрола на на товарот, истоварот и претоварот, издавање сертификати и меѓународни сертификати; Подготовка и доставување на месечни и периодични извештаи.

13.2.2 Човечки и технички ресурси

Табела бр. 13. 2

Човечки ресурси за системот на надзор на храна за животни и исхрана на животни

Број	Ниво на надзор и контрола	Број на вработен персонал	Забелешки
1.	Централно ниво (прво ниво) одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животни	2	
2.	Централно ниво Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравје	9	
3.	Локално (второ ниво) Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравје	43	

13.3. Приоритети за јакнење на контролниот систем за храна за животни и исхрана на животините за време на планот за спроведување (2019-2023) 124

Табела бр. 13. 3

Активности	Датум на реализација
Ревизија на постоечката законска рамка, и изготвување на нов Закон за безбедност на храната за животни, како и на подзаконските акти кои ќе произлезат од него.	2019-2023
Развој на ВИС- модули за безбедност на храната за животни. Изработка на контролни листи за контрола во регистрирани и одобрени објекти за производство на храна за животни и кај примарни производители на храна за животни	2019-2023

Контрола на работата на објектите за производство и обработка на податоците во однос на производството, придржување до одредбите, и следење на ситуацијата во однос на добиточната храна и останатите производи наменети за исхрана на животните	2019-2023
Аналитичка обработка на административните и останатите прашања кои се важни во примената на законските и останатите одредби.	2019-2023
Подготовка на професионално-аналитички и останати материјали за работните тела, изготвување на анализи, информации и останати материјали.	2019-2023
Водење регистар за правните субјекти кои вршат производство, преработка, складирање, трговија и продажба на храна за животни и други производи за исхрана на животни.	2019-2023
Задачи во однос на надзорот на безбедноста на храната за животни и исхрана на животните: утврдување на критериуми за безбедна и небезбедна храна за животни; утврдување на критериуми за употреба на адитиви за храна чијашто концентрација е прифатлива за земјите на ЕУ утврдување на процедури за земање примероци од храна за животни утврдување на официјални методи за анализа на храна за животни утврдување на листа на супстанции забранети да се употребуваат како храна за животни; утврдување на барањата за означување на храна за животни; реализација на официјалната програма за земање примероци од храна за животни	2019-2023
Задачи за операторите за надзор на добиточната храна: Спроведување на електронска регистрација на оператори со храна за животни и водење регистар во електронска форма преку ИСАХВ системот; спроведување на електорнски систем за одобрување на оператори со храна за животни и водење регистар во електронска форма преку ИСАХВ системот изготвување на листа со активности со кои се опфаќа целиот ланец на храна – за регистрација или одобрение - да е достапна за операторите со храна за животни; листата на активности на операторите со храна за животни да се користи како основа за реализација на контролен систем заснован на ризик	2019-2023
Развој на систем за обуки за инспекторите вклучени во контрола на храната наменета за животни и исхраната на животните	2019-2023
Продолжување на спроведување на регистрација и одобрување на операторите	2019-2023

13. 4. Контролни активности,методи и техники на официјалните контроли

Организацијата за спроведување на официјалните контроли за храна за животни и исхрана на животни е во надлежност на Секторот за ветеринарно јавно здравство во рамките на АХВ, а спроведувањето-имплемантацијата на тие контроли е во надлежност на Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство при СИН и Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин за контрола на храна за животни при увоз на граничните инспекциски места. За тоа се задолжени инспекторите во целиот ланец на храна (со исклучок на примарното производство кое е во надлежност на МЗШВ-ДИЗ).

Вовед

Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство е дел од Сектор за инспекциски надзор.

Основна законска рамка е Законот за безбедност на храна за животни со кој се дефинираат одредбите во однос на организацијата и надлежностите , начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на безбедноста на храната за животни. Во постапката за вршење на инспекциски надзор се применува Законот за инспекциски надзор, додека во постапката за издавање на решенија се постапува согласно материјалните закони или се применува Законот за општа управна постапка доколку со закон поинаку не е уредено.

Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство при СИН и одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин се надлежни за имплементирање на активностите кои се донесени од страна на Секторот за храна од неживотинско потекло како одговорно за стручни и управни работи врзани за спроведување на законите и другите прописи за безбедноста на официјалните ветеринари се организирани во 28 подрачни единици со месна надлежност во делот на овластување и се надлежни за спроведување на различни мерки и контроли на терен и на 9 гранични премини за контрола на храна за животни од увоз.

Канцелариите на подрачно ниво се под директна надлежност на АХВ.

Цел

Примарна цел на Секторот за инспекциски надзор е да се изврши ефективен надзор на прописите за безбедност на храната за животни имплементирање во целост на сите мерки наложени согласно законот и подзаконските прописи, имплементирање на посебните мониторинг програми.

Во делот на организација, структура и одговорности при надзорот, Раководителот на сектор за инспекциски надзор, преку Раководителот на одделението за државна инспекција, Раководителот на одделението за ветеринарно јавно здравство и Раководителот на одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин го координира и врши надзор во спроведувањето на мерките согласно материјалните закони од областа на безбедноста на храната за животни пред се преку мониторинг програми програми и останати подзаконски прописи.

Надлежност на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло е:

– Ветеринарно-санитарен преглед на објекти и опрема за производство, финализирање, преработка и трговија со храна за животни, вода во процесот на производство и за напојување на животните;
– Земање и испраќање на материјали за лабораториско испитување и
– Контрола на натоварот, истоварот и претоварот, издавање сертификати и меѓународни сертификати.

13.4.1 Методи и техники на официјални контроли

Методи и техники на официјални контроли се :
-Инспекција, земање на мостри за лабораториски испитувања, мониторинг, интервјуа, верификација, преглед на документацијата и друга евиденција и сите други активности потребни за утврдување на случаите на неусогласеност со одредбите на законите.

Критериум за фреквенција на официјалните контроли

АХВ мора да обезбеди дека официјалните контроли редовно се извршуваат врз основа на анализа на ризик и со соодветна зачестеност, земајќи ги предвид:
• идентификуваните ризици поврзани со, храната, бизнисите со храна, употребата на храна или било кој друг процес, материјал, супстанција, активност или операција кои може да влијаат врз безбедноста на храната за животни;
• претходната евиденција на бизнис операторите со храна во однос на сообразноста со Закон за безбедност на храна за животни или пак со одредбите усвоени согласно овој Закон;
• веродостојноста на сите извршени самостојни проверки;
• било какви информации кои може да наведат на неусогласеност со одредбите од овој Закон.

Официјалните контроли се спроведуваат без претходна најава, освен во случаи каде што е потребна претходна најава на операторите со храна за животни.Официјалните контроли исто така може да се вршат ад хок.
Официјалните контроли се вршат во било која фаза на производството, преработката и дистрибуцијата на храна за животни. Тоа подразбира, контрола на бизниси со храна, за употреба на храната, нејзино складирање, на сите процеси, материјали, супстанции, активности, вклучително и транспортот на храна.
Официјалните контроли се применуваат на пуштањето во промет и увозот и извозот.
Предвидените инспекции ги вршат официјалните ветеринари од Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство согласно Годишните планови за работа на Секторот за инспекциски надзор, согласно програмите донесени од АХВ, а официјалните ветеринари од одделение за државна ветеринарна инспекција на ветеринарните инспекциски места на граничните премини. Вонредните инспекции се вршат по барање, согласно наредбите од АХВ, во итни случаи.

Други контролни активности

Официјалните ветеринари од секторот за инспекциски надзор учествуваат во спроведување на следните активности.

Регистрација и одобрение на објекти и оператори со храна за животни

Регистрација и одобрување на објектите и правните лица оператори со храна за животни и исхрана на животните е уредена со Законот за безбедност на храната за животни и Правилник за постапката на регистрација на објекти и оператори со храна за животни и формата и содржината и начинот на водење на регистрите за објекти и оператори со храна за животни („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 96/2011) и Законот за општа управна постапка. Во рамките на АХВ треба да се регистрираат сите оператори со храна за животни, а АХВ издава Решение и води регистар на оператори со храна за животни.

Аудит на регистрирани и одобрени објекти оператори со храна на животни

Спроведување на контрола на објектите кои се одобрени и регистрирани, со цел утврдување на усогласеноста со барањата за безбедноста на храната за животни.

Вертикален аудит на поедини критериуми на безбедност на храна за животни

1. Критериуми за безбедна и небезбедна храна за животни;
2. Критериуми за употреба на адитиви за храна за животни;
3. Внатрешни системи за контрола на операторите;
4. Внатрешни системи на лабораториско потврдување на безбедност на храната за животни;
5. Присуство на супстанции забранети да се употребуваат како храна за животни и
6. Барањата за означување на храна за животни.

Контролата на исполнување на критериумите и барањата за безбедност на храна за животни се спроведува на две нивоа:

- На ниво на организациони единици со редовните инспекциски контроли и аудит спроведени од официјалните ветеринарни надлежни за објектите и
- На централно ниво со специјална контролна група во рамките на посебна програма на аудит.

Програмите за аудит се концепирани на два приода.

Хоризонален аудит кој би ги опфатил утврдување на усогласеноста на општите барања за безбедност на храна. Вертикален аудит кој би ги утврдувал усогласеноста на одредена посебна група на барања за безбедност на храна.

Надзор на посебните програми:

Мониторинг на храната за животни по

- Програма за мониторинг за безбедност на храна за животни (“Службен весник на Република Македонија” бр. 55/18) и

- Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуство на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, сировини и производи во храна за животни и начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, сировини и производи во храна за животни ("Службен весник на Република Македонија" бр. 128/17).

Примероците храна за животни на локално ниво ги земаат официјалните ветеринари (храна за животни од животинско потекло и крмни смески кои содржат храна за животни од животинско потекло). Во случај на сомнеж, резултатите се испраќаат до АХВ, од каде што се стапува во контакт со официјалниот ветеринар надлежен за земање примероци и за понатамошни мерки.

Официјалните ветеринари исто така земаат примероци во случај да се побара тоа од нив од страна на операторите за храна за животни за воспоставување на програма за земање примероци за сопствена контрола. Извештаите од испитувањата се достапни за официјалните ветеринари, за оценување на резултатите од сопствената контрола.

13.5 Планирање на контроли

13.5.1 План за инспекција

Секторот за инспекциски надзор изготвува годишен план за инспекции, за официјалните ветеринари. Планот за инспекции го одобрува директорот на АХВ и истиот се испраќа до Подрачните единици. Во овој план се наведени општите активности на месечно ниво, посочувајќи ги групите објекти каде треба да се спроведат инспекции или официјални контроли. Согласно планот за инспекции, овластениот ветеринар ја планира секојдневната работа. Покрај планот за инспекции, директорот на АХВ издава дополнителни наредби, во случај да се потребни посебни контролни активности во целата земја – на пример, контрола на следливоста или означувањето.

Секој месец од СВЈ се изработува месечен план по подрачни единици за земање на мостри согласно Мониторинг програмата за храна за животни кој се доставува на реализација до официјалните ветеринари.

Табела бр. 13. 4

Официјални контроли на оператори со храна за животни и на храна за животни

Тип на контроли/ Методи кои се користат	**Планирање**	**Дејствување** (извршување)	**Анализа на резутлатите**	**Корективни мерки** (ново планирање)
Контроли	Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство Одделение за	Регионални единици	Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство	Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство . ДИЗ
Општ аудит (нацрт-протокол)				

Корективни проверки	безбедност на храна за животни и исхрана на животни; раководител на Секторот за ветеринарно јавно здравство		Сектор за ветеринарно јавно здравство	
Мониторинг на храна за животни (Официјално земање на примероци)	-	-	-	
Контрола на увезената храна за животни на местото на истовар	Регионални единици (информации од ВИМ на ГП)	Регионални единици	Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство	Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство
Контрола на увезената храна за животнина граница	-	Гранична инспекциска точка	Сектор за гранична инспекција	-
Земање примероци од храна за животни	Се смета за потребно	Регионални единици – на местото на истовар	Факултет за ветеринарна медицина	Секторот за ветеринарно јавно здравство
Земање примероци храна за животни за системот за само-контрола на бизнис операторите со храна за животни – резултатите истовремено се користат и како информации за официјална контрола.	Регионални единици Барање од операторите со храна за животни)	Регионални единици	-	Оператори со храна за животни

Планирањето на официјалните контроли и анализата на резултатите од истите во однос на храната за животни и контролата на исхраната на животните е во надлежност на Секторот за ветеринарно јавно здравство.

Официјалната контрола се врши на регионално ниво од страна на ветеринарните инспектори во регионалните единици, од граничните инспектори на граничните инспекциски точки и државните инспектори за земјоделство во регионалните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

13.5.2. Зачестеност на инспекциите и категоризација на ризик

Официјалните контроли се извршуваат врз основа на анализа на ризик и со соодветна зачестеност.
Не постои контролен систем заснован на анализа на ризик.
Се уште не постои категоризација по ризик на објектите за храна за животни.

13.5.3. Документирање на официјалните контроли и известување

Официјалните ветеринари распоредени во ПЕ на АХВ за спроведените активности составуваат записници, Решенија, контролни листи и други писмени документи и водат евиденции на пишани обрасци и електронски во база на податоци во ИСАХВ системот.
Тие доставуваат месечни и годишни извештаи до Секторот за инспекциски надзор кој ги собира и анализира извештаите,а за контролите по Посебните програми за мониторинг известувањата се доставуваат до Секторот за ветеринарно јавно здравство.
Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ) воспоставен е во текот на 2013 година. информациониот систем на АХВ ИСАХВ содржи податоци од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните, идентификација и регистрација на животните како и јавното ветеринарно здравство. Воедно континуирано се врши проширување и надградување на системот со нови модули. Активи учесници во ИСАХВ се ветеринарните друштва, официјалните ветеринари и вработените во Агенцијата за храна и ветеринарство.

13.5.4. Документирани процедури

АХВ располага со систем и внатрешна документација (СОПи) за официјални контроли, кои се засновани на процедури, упатства и наредби, сепак, сè уште не постои цврст пристап заснован на ризик кој претставува основа за планот за инспекции и нивниот број. Резултатите се претежно засновани на искуство и актуелни состојби.
Во моментов на располагање се следните документирани процедури за оперативниот контролен систем:
1. Процедура за одобрување на оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни;
2. Контролна листа за комбиниран увид на ДПП/ДХП и НАССР кај оператори со храна за животни;
3. Контролна листа за официјална контрола на оператори со храна за животни;
4. Решение за одбивање на поднесено барање за одобрение на оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни;

5. Решение за одобрение на оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација на храна за животни со временски рок;
6. Решение за одобрение на оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација на храна за животни;
7. Решение за запирање на постапката;
8. Листа на одобрени објекти и оператори со храна за животни;
9. Процедура за регистрација на објект и оператор со храна за животни;
10. Решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни;
11. Решение за одбивање на барање за регистрација на објекти и оператор со храна за животни;
12. Решение за запирање на постапката;
13. Регистар на регистрирани објекти и оператори со храна за животни;
14. Процедура за регистрација на правни лица кои вршат дејност - увоз на храна за животни;
15. Решение за регистрација на увозник на храна за животни;
16. Решение за одбивање на поднесено барање за регистрација на увозник на храна за животни;
17. Решение за запирање на постапката;
18. Регистар на регистрирани правни лица увозници на храна за животни;
19. Процедура за одземање на решение за регистрација и одобрување на објект и оператор со храна за животни;
20. Решение за одземање на решението за регистрација на објект и оператор со храна за животни;
21. Решение за одземање на решението за регистрација на увозник на храна за животни и
22. Решение за одземање на решението за одобрение за оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни.

13.5.5 Систем на ЕУ за брзо известување за храна за животни

Системот за брзо известување ќе се реализира по усвојувањето на критериумите за безбедност на храна за животни и целосно реализирање на официјалниот контролен систем за безбедност на храна за животни.

13.5.6 Мерки во случај на несоодветност

Со Законот за безбедност на храна се уредуваат (член 122 и 123) задолженијата на инспекторите вклучени во контролниот систем на храна наменета за животни и исхраната на животните, за АХВ и за ДИЗ и се пропишани следниве мерки во случај на недоследности:

– Усвојуваат одлуки во административните процедури;
– забрануваат производство, пуштање во промет и употреба на храна за животни, во случај на сомнеж,
– земаат примероци од храната за животни и
– ја одземаат и изрекуваат наредба за отстранување на храната за животни

13.5.7 Лаборатории (референтни, овластени)

Овластена лабораторија за испитување на храна за животни е лабораторијата при факултет за ветеринарна медицина.

Поглавје 14 - Контролен систем за нус-производи од животинско потекло кои не се наменети за исхрана на луѓето (НПЖП)

14.1. Општи национални стратешки цели

Вовед

Нуспроизводите од животинско потекло иако не се наменети за исхрана на луѓето, претставуваат потенцијален ризик за здравјето на луѓето и животните. Појавата на одредени болести, ширењето на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии и појавата на диоксини во храната за животни, укажуваат дека последиците од неправилната употреба на одредени нуспроизводи од животинско потекло во голема мера се рефлектира на здравјето на луѓето и животните, безбедноста на храната и храната за животните. Појавата на болестите има негативни последици и за животната средина, не само како резултат на проблемите со нештетно отстранување на животните, туку и во врска со биодиверзитетот , социоекономската ситуација на земјоделските и на засегнатите индустриски сектори, како и заштитата на потрошувачите во поглед на безбедноста на производите од животинско потекло.
Во моментот на изготвување на ПНКП во Република Северна Македонија се уште не постои соодветен функционален систем за нештетно отстранување на нуспроизводите од животинско потекло, односно законски е одредено дека до воспоставување на ваков систем отстранувањето може да се врши на начин кој не влијае негативно на животната средина и здравјето на луѓето со закопување во депонии кои се управувани од страна на јавни комунални претпријатија или од правни лица кои имаат овластување за вршење дејност депонирање на отпад.

Законодавство

Со Законот за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 144/15, 149/15 и 53/16) се уредува категоризацијата, собирањето, идентификацијата, транспортот, отстранувањето, преработката, употребата и складирањето на нуспроизводите од животинско потекло од аспект на здравствената заштита на животните, безбедноста на храната и безбедноста на храната за животни и тоа од почетната точка на нуспроизводите и нивните деривати, односно од моментот на нивното генерирање од страна на операторот. Посебните правила од горенаведениот закон се транспонирани во подзаконските акти
Во последната измена на законот извршено е усогласување на Законот за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 144/14, 149/15 и 53/16) со Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 214/15).

Табела 14.1

Листа на подзаконски акти од областа на нуспроизводите од животинско потекло

Назив на актот	Број на службен весник во кој е објавен актот
Правилник за начинот на собирање и нештетно остранување на нуспроизводите од животинско потекло и техничко-технолошките услови кои во поглед на објектот, опремата и кадарот треба да го исполнуваат правните лица кои вршат собирање и нештетно остранување на нуспроизводите од животинско потекло како и технички технолошките услови што треба да ги исполнуваат превозните средства за превоз на нус производи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2014
Правилник за начинот и постапката за спроведување на исклучоците во однос на употребата на нуспроизводи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2014
Правилник за начинот и постапката за спроведување на исклучоците во однос на отстранување на нуспроизводите од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2014
Правилник за поблиските услови, начинот и постапката за спроведување и примена на забраните за употреба на одредени нуспроизводи во исхраната на животните, како и посебните услови кои треба да ги исполнуваат нуспроизводите во исхраната на животните при увоз и извоз	„Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2014
Правилник за начинот на собирање, превезување и идентификување на посебните категории на нуспроизводи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2014
Правилник за начинот и постапката за увоз и транзит, начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со нуспроизводи од животинско потекло, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придржуваат пратката со нуспроизводи од животинско потекло, како и листата на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит	„Службен весник на Република Македонија" бр. 94/2012, 25/2013 и 121/2017

Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со нуспроизводи од животинско потекло, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придржуваат пратката со нуспроизводи од животинско потекло, како и листата на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит	„Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2013
Правилник за поблиските услови, начинот и постапката за спроведување и примена на забраните за употреба на одредени нуспроизводи во исхраната на животните иодредени во исхраната на животните и одредени технички производи од нуспроизводи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 121/2010
Правилник за посебните технички услови за постапување и нештетно отстранување на специфичен ризичен материјал	„Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2010
Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат објектите за производство на храна за домашни миленици и техничките објекти за нус производи од животинско потекло и посебните технички услови и постапки за преработка при ставање во промет и увоз на храна за домашни миленици и технички производи од нус производи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 110/2010
Правилник за посебните услови во однос на објектите, техничката опременост, како и постапките и барањата за вршење на соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат преработувачките објекти за категорија 1 материјали и категорија 2 материјали на нус производи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 73/2010
Правилник за посебните услови во однос на објектите, техничката опременост, како и постапките и условите за вршење на соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат преработувачките објекти за категорија 3 материјали и посебните услови за преработени животински протеини и други преработени производи кои може да се користат како	„Службен весник на Република Македонија" бр. 152/2009

материјал за исхрана на животните	
Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на евиденција што ја водат правни и физички лица кои испраќаат, превезуваат и примаат нус производи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 152/2009
Правилникот за формата и содржината на ветеринарно санитарните сертификати за нус производи од животинско потекло кои се увезуваат или транзитираат во или низ Република Северна Македонија	„Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2009
Правилник за дополнување на правилникот за формата и содржината на ветеринарно санитарните сертификати за нуспроизводи од животинско потекло кои се увезуваат или транзитираат во или низ Република Северна Македонија	„Службен весник на Република Македонија" бр. 76/2011
Правилник за техничките услови и начинот на вршење на работите кои треба да ги исполнат објектите за собирање и складирање на нуспроизводи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2009
Правилник за начинот на собирање, превезување и идентификување на посебните категории на нуспроизводи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2009
Правилник за посебните услови во однос на објектите, техничката опременост, како и постапките и условите за вршење на соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат олеохемиските објекти и објектите за производство на биогас и компост	„Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2009
Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на барање за регистрација и одобрување на објекти и оператори со нус производи од животинско потекло	„Службен весник на Република Македонија" бр. 121/2017

Правилник за посебните услови кои треба да ги исполнуваат преработените животински протеини и други преработени производи кои можат да се користат како материјал за исхрана на животните во однос на стандардите за преработка, суровините, складирањето, увозот и хигиенските услови како и условите кои треба да ги исполнуваат објектите за производство на храна за домашни миленици и технички објекти и посебните технички услови за храна за домашни миленици и кучешки грицкалици во однос на суровините, стандардите за преработка и увозот	„Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2017
Листа на објекти и/или активности кои треба да бидат одобрени или регистрирани	„Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2017
Решение за определување на одредени нус производи од животинско потекло како специфичен ризичен материјал од аспект на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии	„Службен весник на Република Македонија" бр. 175/2015

Со оглед на фактот дека постоечкото национално законодавство за НПЖП е засновано на европските правила за НПЖП согласно Регулативата (ЕЗ) бр 1774/2002, во првата половина на 2018 година работна група формирана од страна на директорот започна со изработка на нов Закон за нус производи од животинско потекло во кој ќе бидат транспонирани одредбите од Регулативите (ЕК) 1069/2009 и (ЕУ) 142/2011, вклучувајќи ги и сите нивни измени досега. Во наредниот период, по објавувањето на новиот закон во Службен весник на Република Северна Македонија, ќе се продолжи процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија во однос на нус производите од животинско потекло преку изработка на подзаконски акти.
Целта на овој закон е да обезбеди високо ниво на заштита на јавното здравје и здравјето на животните, а посебно заштита на безбедноста на синџирот на исхрана и синџирот на храна за животните, преку утврдување на начинот на собирање, транспорт, отстранување, преработка, обработка, претварање, складирање, ставање во промет, дистрибуција, употреба и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло и производите добиени од нив. На тој начин ќе се регулираат најсовремените практики за начинот на ракување со нус производите од животинско потекло и производите добиени од нив со што ќе се придонесе за забрзан развој на овој економски сектор.

Цел

Да се обезбеди високо ниво на заштита на јавното здравје и здравјето на животните, а посебно заштита на безбедноста на синџирот на исхрана и синџирот на храна за животните, преку контрола на начинот на собирање, транспорт, отстранување, преработка, обработка, претварање, складирање, ставање во промет, дистрибуција,

употреба и нештетно отстранување на нуспроизводите од животинско потекло и производите добиени од нив.
Во наредниот период ќе бидат преземени активности за изработка и донесување на нов Закон за нуспроизводи од животинско потекло и подзаконски акти кои ќе произлезат од истиот, како и понатамошно усвојување на процедури, упатства, прирачници и контролни листи за подобрување на ефективноста на официјалните контроли како предуслов за усогласување со ЕУ легислативата и одредени национални акти.

14.2. Организација и структура на надзорот за нус-производи од животинско потекло кои не се наменети за исхрана на луѓето (НПЖП)

Надлежен орган за спроведување на одредбите од Законот за нуспроизводи од животинско потекло е Агенцијата за храна и ветеринарство. Секторот за ветеринарно јавно здравство во АХВ е директно надлежен надлежен за развивање и обединување на политиките во делот на нус производите од животинско потекло, координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите и преку управување со средствата,
Секторот за инспекциски надзор е надлежен за организирање и спроведување на официјалните контроли на нус производите од животинско потекло кои не се наменети за исхрана на луѓето.

14.2.1. Поделба на функции, задачи и одговорности

Прво ниво на надзор:

Одделението за нус производи од животинско потекло кое функционира во состав на секторот за ветеринарно јавно здравство е составено од раководител на одделение, еден советник, двајца помлади соработници и еден референт кои се овластени лица за регистрација и одобрување на објектите и операторите со нуспроизводи од животинско потекло. Одобрувањето на објектите и операторите со нуспроизводи од животинско потекло се врши од страна на стручна комисија формирана од страна на директорот во која членуваат вработените од одделението и инспектори - официјални ветеринари од Секторот за инспекциски надзор. Во одделението за нус производи од животинско потекло се изработуваат процедури и упатства за регистрација и одобрување на објектите и операторите со нуспроизводи од животинско потекло согласно ИСО стандардот за квалитет 9001:2008.

Табела 14.2

Регистрирани и одобрени објекти и оператори со нуспроизводи од животинско потекло

Регистрирани објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло	Одобрени објекти и оператори со нуспроизводи од животинско потекло	Регистрирани увозници со нуспроизводи од животинско потекло
93	20	76

Второ ниво на надзор

Официјалните контроли на НПЖП ги вршат инспекторите - официјални ветеринари од Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство кој е во состав на Секторот за инспекциски надзор официјалните ветеринари се организирани во 28 Подрачни единици. Секоја година во месец декември до инспекторите - официјални ветеринари од Секторот за инспекциски надзор се доставува Работен налог за пополнување на анкетен лист за нуспроизводи од животинско потекло генерирани во објектите и операторите со храна од животинско потекло и Формулар за количество генерирани нуспроизводи од животинско потекло (НПЖП) во фарми (мртви животни). Добиените податоци се собираат, обработуваат и анализираат на централно ниво.
Во Годишната наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло која се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија во секоја тековна за наредната година предвидени се мерки поврзани со мониторинг на безбедноста, хигиенската исправност и квалитетот на нуспроизводите од животинско потекло кои се употребуваат за исхрана на животните и другите производи за исхрана на животните, како и мониторинг на безбедност, хигиенска исправност и квалитет на техничките производи добиени од нуспроизводи од животинско потекло, преработените животински протеини добиени од Категорија 1 и 2 материјали на нуспроизводи од животинско потекло, олеохемиските производи, резидуи од разлагање и органски ѓубрива и подобрувачи на почва во сите фази на ланецот на производство и промет. Истиот се спроведува на пратки од увоз, производство, преработка и дистрибуција заради откривање на присуство на бактерии и одредување на максималното ниво на вкупните преостанати нерастворливи нечистотии.

14.3 .Стратешки цели и одредување на приоритети за контрола

Активности	Датум на реализација
Во наредниот период ќе бидат преземени активности за изработка и донесување на нов Закон за нуспроизводи од животинско потекло и подзаконски акти кои ќе произлезат од истиот, како и понатамошно усвојување на процедури, упатства, прирачници и контролни листи за подобрување на ефективноста на официјалните контроли како предуслов за усогласување со ЕУ легислативата и одредени национални акти.	2019-2023
Изградба и имплементација на национален систем за управување на нус производите од животинско потекло	2019-2023
Спроведување на правилата за категоризација, следливост, идентификација и хигиена на НПЖП на ниво на производител	2019-2023

Спроведување на правилата за НПЖП на ниво на фарма-угинат добиток	2019-2023
Изработка и реализација на План за земање на примероци од НПЖП.	2019-2023
Воспоставување на Контролен систем заснован на анализа на ризик и категоризација на ризик.	2019-2023

14.4. Контролни активности, методи и техники на официјални контроли

Општите обврски во однос на организацијата на официјалните контроли се утврдени во Законот за нус производи од животинско потекло
Официјалните контроли во системот на контрола на производите од животинско потекло ги врши одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство при Секторот за Инспекциски надзор.

Вовед

Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство е дел од Сектор за инспекциски надзор. Основна законска рамка е Законот за нуспроизводи од животинско потекло со кој се дефинираат одредбите во однос на организацијата и надлежностите на ветеринарните служби и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на нуспроизводите. ОДИВЈ е надлежно за имплементирање на активностите кои се донесени од страна на Секторот за ветеринарно јавно здравство како одговорно за стручни и управни работи врзани за спроведување на законите и другите прописи за нуспроизводите од животинско потекло.
Официјалните ветеринари се организирани по подрачни единици со месна надлежност во делот на овластување и се надлежни за спроведување на различни мерки и контроли на терен.
Ветеринарните канцеларии на подрачно ниво се под директна надлежност на АХВ.

Цел

Примарна цел на ОДИВЈЗ е да се изврши ефективен надзор на прописите за нуспроизводи од животинско потекло, имплементирање во целост на сите мерки наложени согласно законот и подзаконските прописи, имплементирање на посебните мониторинг програми.

Во делот на организација, структура и одговорности при надзорот Раководителот на сектор за инспекциски надзор преку Раководителот на одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство го координира и врши надзор во спроведувањето на мерките согласно материјалните закони од областа на безбедноста на храна, нуспроизводите од животинско потекло пред се преку Годишната наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од

контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло повеќегодишните програми и останати подзаконски прописи.
Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство е надлежно за:

- следење и применување на прописите од областа на и нуспроизводи од животинско потекло и
- службени контроли, надзор и следење на активности од ветеринарно јавно здравство во објекти каде се создаваат нус производите -кланици, млекарници, други објекти за преработка и пакување, превоз, складирање, објекти за продажба на големо и мало на храна од животинско потекло каде се;
- земање и испраќање материјали за лабораториско испитување,
- вршење преглед при утовар, истовар и претовар,
- задолжителна употреба на мерни калибрирани инструменти во текот на официјални контроли и евидентирање на нивната употреба во Записниците, контролните листи и во извештаите.

Методи и техники на официјални контроли се :
-Инспекција, земање на мостри за лабораториски испитувања, мониторинг, интервјуа, верификација, преглед на документацијата и друга евиденција и сите други активности потребни за утврдување на случаите на неусогласеност со одредбите на законите.

Други Контролни Активности

Официјалните ветеринари од секторот за инспекциски надзор се вклучени и во следните активности:

Регистрација и одобрување на објекти и оператори за производство, обработка и манипулација на нуспроизводи од животинско потекло

Регистрацијата и одобрувањето на објекти и оператори за производство, обработка и манипулација на нуспроизводи од животинско потекло е континуиран процес кој ќе се одвива согласно доставените барања од страна на операторите.
Издавање на согласност

АХВ издава согласност за пренамена на храна наменета за исхрана на луѓето за цели поинакви од првобитната намена односно во нуспроизвод од животинско потекло или за повторен увоз на пратки со нуспроизводи од животинско потекло кои се одбиени од други држави. Одделението за нуспроизводи од животинско потекло ја контролира поднесената документација и ја изготвува горенаведената согласност. Активностите за остварување на оваа работна задача се условени од поднесените барања на операторите и би се одвивале континуирано во текот на годината.

Активности поврзани со управување со НПЖП
Планирано е реализирање на следните активности поврзани со управување со НПЖП:

- Воспоставување на мониторинг план за следење на исполнување на критериумите за безбедност на нуспроизводи од животинско потекло кој ја опфаќа и увезената храна за

миленици и материјалите за храна за животни, каде што има воспоставено микробиолошки норми односно други стандарди за безбедност и

- Едукација на операторите со храна во однос на НПЖП со издавање на печатени и други едукативни материјали.

Аудит на одобрени објекти и оператори со нуспроизводи од животинско потекло

Спроведувањето на официјалните контроли - аудит на објектите кои се одобрени од страна на агенцијата ќе се врши од страна на тим за аудит од централно ниво со цел да се утврди усогласеноста на операторот со законските барања за нуспроизводи од животинско потекло.

14.5 Планирање на контроли

14.5.1 План за инспекција

Секторот за инспекциски надзор изготвува годишен план за инспекции, за официјалните ветеринари. Планот за инспекции го одобрува директорот на АХВ и истиот се испраќа до Подрачните единици. Во овој план се наведени општите активности на месечно ниво, посочувајќи ги групите објекти каде треба да се спроведат инспекции или официјални контроли. Согласно планот за инспекции, овластениот ветеринар ја планира секојдневната работа. Покрај планот за инспекции, директорот на АХВ издава дополнителни наредби, во случај да се потребни посебни контролни активности во целата земја – на пример, Секој месец од СВЈ се изработува месечен план по подрачни единици за земање на мостри согласно Мониторинг програмата за храна за животни кој се доставува на реализација до официјалните ветеринари

Официјалната контрола на безбедноста на нус производите од животинско потекло кои се употребуваат за исхрана на домашните миленици и на органски ѓубрива и подобрувачи на почва се врши во сите фази на ланецот на производство и промет, вклучувајќи и пратки од увоз, заради откривање на присуство на бактерии од видовите Salmonella, Enterobacteriaceae, Enterococcaceae и E. Coli Мониторингот на безбедноста и хигиенската исправност на нус производите од животинско потекло се спроведува од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство преку официјалните ветеринари согласно Планот од Годишната наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли на заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло на дневна основа.

Секоја година во месец декември до инспекторите - официјални ветеринари од Секторот за инспекциски надзор се доставува Работен налог за пополнување на анкетен лист за нус производи од животинско потекло генерирани во објектите и операторите со храна од животинско потекло и Формулар за количество генерирани нус производи од животинско потекло (НПЖП) во фарми (мртви животни). Добиените податоци се собираат, обработуваат и анализираат на централно ниво.

Критериум за фреквенцијата на официјалните контроли

Официјалните контроли се извршуваат врз основа на анализа на ризик и со соодветна зачестеност, земајќи ги предвид:

- идентификуваните ризици поврзани со животните, храната, бизнисите со храна, употребата на храна или било кој друг процес, материјал, супстанција, активност или операција кои може да влијаат врз безбедноста на храната;
- претходната евиденција на бизнис операторите во однос на сообразноста со овој Закон за нуспроизводи од животинско потекло или пак со одредбите усвоени согласно овој Закон;
- веродостојноста на сите извршени самостојни проверки и
- било какви информации кои може да наведат на неусогласеност со одредбите од Законот за нуспроизводи од животинско потекло.

Официјалните контроли се спроведуваат без претходна најава, освен во случаи каде што е потребна претходна најава на бизнис операторите со храна. Официјалните контроли исто така може да се вршат ад хок.

Официјалните контроли се применуваат на пуштањето во промет и увозот и извозот.

Официјалните контроли треба да опфаќаат и аудит на добрата хигиенска практика и на процедурите и инспекциите засновани на HACCP.

Предвидените инспекции ги вршат официјалните ветеринари од Одделението за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство согласно Годишните планови за работа на Секторот за инспекциски надзор, а врз основа на упатствата за зачестеност на официјалните контроли базирани на проценка на ризик за секој објект посебно.

Вонредните инспекции се вршат по барање, согласно наредбите од АХВ, во итни случаи, како би се оцениле претставките од потрошувачите, за болести предизвикани од храна.

Поглавје 15 - Контролен систем за увоз на живи животни и храна од животинско потекло

15.1. Општи национални стратешки цели

Вовед

АХВ е надлежен орган во Република Северна Македонија во областа за официјална контрола при увоз на живи животни, храната од животинско потекло, за воспоставување и спроведување на политиката за контролниот систем за храна од животинско потекло при увоз.
Сеопфатниот систем за официјални контроли на храна од животинско потекло и живи животни е од суштинско значење за заштитата на јавното здравје, намалување на болестите предизвикани од храна, вклучувајќи ги и зоонозите, зголемување на безбедноста и квалитетот на храната,болести кај животните, развивање на капацитет на извозно ориентирана индустрија, што е важно за Република Северна Македонија на патот кон пристапувањето во Европската Унија.
Во Правилникот за „Внатрешна организација на АХВ" е наведено дека Секторот за инспекциски надзор ги координира операциите во надлежност на Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин. Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин треба да ја опфати контролата на храна и храна за животни при увоз, транзит и повторен извоз и контролата на живи животни при увоз и повторен извоз. Работните задачи се извршуваат на граничните премини, граничните терминали во внатрешноста на земјата и складиштата каде што се чуваат храната и добиточната храна или пак места каде што се чуваат живи животни.

Законодавство

Општите надлежности на АХВ за вршење на официјалните контроли при увоз/транзит, се утврдени во Законот за безбедност на храна. Дополнително на тоа, член 15 од Законот за ветеринарно здравство ја обезбедува законската основа за официјалните ветеринари да спроведуваат ветеринарни гранични контроли на пратки при увоз и транзит, со живи животни, производи од животинско потекло и НПЖП.
Со член 111 од Законот за ветеринарно јавно здравство официјалните ветеринари имаат овластување на изрекуваат казни во случај да не е доставена претходна најава за пристигнување на пратките на ВИМ на ГП.

Цел

Да се а обезбеди високо ниво на заштита на јавното здравје и здравјето на животните, а посебно заштита на безбедноста на синџирот на исхрана и синџирот на храна за животните, преку контрола на влез во Република Северна Македонија животни, производи од животинско потекло, храна за животни и нус производи од животинско

потекло контроли како предуслов за усогласување со ЕУ легислативата и одредени национални акти.
Примена на режимот за намален број физички контроли, согласно Одлуката 94/360/ЕЗ на Комисијата.

Контролните системи се регулираат со главните одредби:

1. Закони:
1.1. Закон за безбедност на храната, „Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13 и 43/14, 72/15, 84/15, 123/15, 129/15, 213/15 и 39/16 и 64/18;
1.2. Закон за ветеринарно здравство, „Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 123/15, 154/15 и 53/16;
1.3. Закон за здравствена заштита и благосостојба на животните, „Службен весник на Република Македонија" бр. 149/14, 149/15 и 53/16;
1.4. Закон за нус-производи од животинско потекло ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 144/14, 149/15 и 53/16);
1.5. Закон за идентификација и регистрација на животните ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12 , 27/14, 149/15 и 53/16;)
1.6. Закон за безбедност на храна за животни ("Службен весник на Република Македонија" бр. 148/10, 53/11, 1/12, 33/15 и 53/16;)
1.7. Закон за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Македонија" 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16 11/18, 83/18 и 120/18) и
1.8. Закон за квалитетот на земјоделските производи ("Службен весник на Република Македонија" 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15).

2. Подзаконски акти:
2.1. Листа на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои при увоз и транзит подлежат на проверка на документите, идентитетот и физички преглед од страна на официјален ветеринар на граничен премин, „Службен весник на Република Македонија", бр 101/12. Важноста на оваа листа е до отпочнување на примената на новата листа објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 184/17, а која ќе почне да се применува од 31 октомври 2018 година;
2.2. Одлука за определување на ветеринарни инспекциски места на граничнен премин, „Службен весник на Република Македонија" бр. 59/10;
2.3. Одлука за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Северна Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата „Службен весник на Република Македонија" бр. 45/14, 51/14, 164/14 и 55/18;
2.4. Правилник за систематизација на работните места бр. 01-7655/5 од 16.12.2015 година;
2.5. Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат објектите, опремата и стручниот кадар потребни за вршење на ветеринарна инспекција на граничен премин, „Службен весник на Република Македонија" бр. 40/10;

2.6. Правилник за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно здравствениот сертификат или други документи кои ја придржуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, „Службен весник на Република Македонија" бр. 53/10, 86/10, 144/10, 27/11, 66/11, 72/11, 84/11, 95/11, 114/11, 168/11, 185/11, 4/12, 33/12, 45/12, 65/12, 86/12, 127/12, 5/13, 102/13, 124/14, 33/15, 63/15, 165/15;
2.7. Правилник за начинот на вршење проверка и преглед на граничен премин на пратки од животинско потекло кои се внесени како личен багаж на патниците и се наменети за лична употреба или некомерцијални цели, "Службен весник на Република Македонија" бр. 94/09 и 139/09;
2.8. Правилник за начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит и начинот и постапката на увоз на домашни миленици „Службен весник на Република Македонија" бр 153/15 и
2.9. Правилник за начинот и постапките за увоз и транзит и начинот и постапките за вршење проверки и преглед на пратки домашни миленици од видовите птици кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорното лице, како и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат, "Службен весник на Република Македонија" бр. 102/08, 10/09, 18/11 и 100/13.

15.2. Организација и структура на надзорот за увоз на живи животни и храна од животинско потекло

АХВ е надлежен орган за контролниот систем при увоз.
АХВ е државна административна институција и функционира како самостојна институција во Република Северна Македонија надлежна за спроведување на официјалните контроли при увоз, на надворешните граници.
Општите надлежности на АХВ за вршење на официјалните контроли при увоз/транзит, се утврдени во Законот за безбедност на храна. Дополнително на тоа, член 15 од Законот за ветеринарно здравство и Законот за заштита на животните, ја обезбедува законската основа за АХВ да ги спроведува ветеринарни гранични контроли на пратки при увоз и транзит, со животни, производи од животинско потекло и НПЖП.

Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин во рамките на АХВ на централно ниво, и на ветеринарните инспекциски места на граничните премини, е надлежно за официјални контроли на производи од животинско потекло и живи животни наменети за увоз/транзит во Република Северна Македонија.
Во однос на официјалните контроли и слободни зони, слободни и царински складишта, АХВ е надлежна, согласно член 95 од Законот за ветеринарно здравство. Во истиот член се утврдува надлежноста на АХВ за надзор на царинските складишта, слободните зони и слободните складишта, нивното одобрение и укинување.

АХВ е надлежна за проверки при увоз за движење на домашни миленици и домашни птици кои не се наменети за трговија. Персоналот од ВИМ на ГП е надлежен за надзор на уништувањето на кујнскиот отпад од меѓународните превозни средства.

Царинската служба е надлежна за:

- Проверки при транзит за движење на домашни миленици кои не се наменети за трговија и на патничкиот багаж и
- За уништување на личните пратки.

Министерството за животна средина и просторно планирање е надлежно за:

- Одобрување на депонии каде што се отстранува отпадот од меѓународните превозни средства и
- Местата на влез на пратките од CITES се во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање.


Структурните единици на АХВ кои ја обезбедуваат граничната контрола:

Инспекциски места на гранични премини

Увоз на животни, производи и нус-производи од животинско потекло е дозволен на територијата на Северна Македонија само преку ветеринарните инспекциски места на граничните премини согласно член 82 од Законот за ветеринарно здравство.

Слика бр. 15.1

Мапа на ветеринарни инспекциски места на гранични премини во Република Северна Македонија



Листата со сите ветеринарни инспекциски места на гранични премини од кои е дозволен увоз, е објавена во Службениот весник на Република Македонија, бр. 59 од 28.04.2010:

1. Блаце на границата со Косово;
2. Табановце како патна и железничка ГИТ на границата со Србија;
3. Деве Баир на границата со Бугарија;
4. Делчево на границата со Бугарија;
5. Новосело на границата со Бугарија;
6. Богородица како патен и железнички граничен премин на границата со Грција;
7. Мецитлија на границата со Грција;
8. Ќафасан на границата со Албанија;
9. Скопскиот аеродром (аеродромот Александар Велики) и
10. Охридскиот аеродром (само за кучиња и мачки).

Пет ВИМ на ГП - Табановце, скопскиот аеродром, Богородица, Мецитлија,Блаце се изградени и опремени согласно барањата на ЕУ. ВИМ на ГП на скопскиот аеродром е во функција во новиот објект од 8 септември 2011.
Граничниот премин - Ќафасан, на границата со Албанија, во моментов не ги исполнува барањата на ЕУ, н Во 2018 година е пуштена во употреба нова зграда на граничен премин Блаце изградена согласно барањата на ЕУ во кој се сместени инспектори од АХВ и од ДИЗ. АХВ е надлежна за одобрување и утврдување на барањата за опремата и просториите на ВИМ на ГП.

Табела бр. 15.1

Листа на ВИМ на ГП на АХВ во Република Северна Македонија

ВИМ на ГП	**Одобрение**		**Тип**	**Работно време**	**Број на официјални ветеринари**
	Производи	Живи животни			
Блаце	ЧИ,НЧИ	К,Е,О	Патен	8:00-18:00	2 ОФ
Табановце	ЧИ, НЧИ	К,Е,О	Патен	Нон-стоп	6 ОВ
Деве Баир	ЧИ, НЧИ	К,Е,О	Патен	8:00-18:00	2 ОВ
Делчево	ЧИ, НЧИ	К,Е,О	Патен	На повик	регионален ОВ
Ново Село	ЧИ, НЧИ	К,Е,О	Патен	8:00 – 18:00	1 ОВ
Богородица	ЧИ, НЧИ	К,Е,О	Патен	Нон-стоп	5 ОВ
Мецитлија	ЧИ, НЧИ	К,Е,О	Патен	8:00-18:00	1ОВ
Ќафасан	ЧИ, НЧИ	К,Е,О	Патен	8:00-18:00	1 ОВ
Скопје	ЧИ, НЧИ		Аеродром	На повик	од Блаце
	ЧИ, НЧИ		Пошта, телефон, телеграф		
	ЧИ, НЧИ		Железница		
Охрид		Кучиња, мачки	Аеродром	На повик	од Ќафасан
ВКУПНО					18.

Појаснувања и кратенки:
ЧИ- за човечка исхрана
НЧИ- не е за човечка исхрана
К- копитари: говеда, свињи, овци, кози, диви и домашни коњи
Е- Регистрирани еквиди, како што е дефинирано во Директивата 90/426/ЕЕЗ на Советот.
О - други животни (вклучувајќи ги и животните од зоолошките градини).

15.2.1. Поделба на функции, задачи и одговорности
Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин во рамките на АХВ на централно ниво, и на ветеринарните инспекциски места на граничните премини, е надлежен за официјални контроли.

Централно седиште:
На централно ниво, раководителот на Секторот за инспекциски надзор, заедно со раководителот на Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин, се надлежни за организирање и координација на активностите за официјални контроли, на места за влез, и за спроведување на правно - нормативни акти кои се однесуваат на увоз.
Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин врши организација и координација на официјалните контроли во однос на усогласеноста со барањата утврдени во законодавството за живи животни и храна од животинско потекло како и други производи, и усогласеноста на прехранбените производи со критериумите во однос на здравјето на потрошувачите.
Исто така изготвува упатства и процедури, ги оценува инспекцијата и резултатите од земените примероци.


Ветеринарни инспекциски места на гранични премини
На централно ниво работат 4 вработени во Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин и 16 официјални ветеринари работат локално на ВИМ на ГП.
Официјалните ветеринари ВИМ на ГП се под надзор на Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин при АХВ (Централно седиште).
Инспекторите се надлежни за контрола на граница на живи животни, аквакултура, производи од животинско потекло, нус производи од животинско потекло и храна за животни. Сите инспектори се квалификувани. Барањата за официјалните ветеринари се утврдени во член 16 од Законот за ветеринарно здравство - да е доктор по ветеринарна медицина, вработен од страна на надлежниот орган во согласност со одредбите утврдени со Законот за државни службеници.
Координацијата и размената на информации меѓу централно ниво и ВИМ на ГП се врши преку: *наредби, процедури и упатства, како и веб-страницата на АХВ.*

Лаборатории:
За испитувања на храна од животинско потекло, АХВ соработува со универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина.

Постои формален договор меѓу АХВ и Факултетот за ветеринарна медицина. Инспекторите земаат примероци на граничниот премин, по што лабораторискиот персонал ги собира примероците и ги превезува од ВИМ на ГП до предметната лабораторија. Факултетот за ветеринарна медицина ги обезбедува опремата за земање примероци и возилата за превезување на истите.

Слика бр. 15.2

Контролен систем за државна инспекција за храна при увоз



15.2.2. Хиерархија на наредби

Директорот на АХВ врши надзор на раководителот на Секторот за инспекциски надзор, кој пак врши надзор на Одделението за државна гранична инспекција на граничните премини. Координацијата меѓу централно ниво и ВИМ на ГП е по пат на телефон, електронска пошта или факс. Постои секојдневна комуникација меѓу ВИМ на ГП со централното седиште во однос на донесените одлуки за пратките. Извештаите од ВИМ на ГП се испраќаат од локално до централно ниво. Согласно Законот за државни службеници во Македонија, нивно оценување се врши двапати годишно.

15.3. Контролни активности, методи и техники на официјални контроли

Организацијата и спроведување на официјалните контроли за живи животни и производи од храна од животинско потекло при увоз во РСМ е во надлежност на Секторот за инспекциски надзор во рамките на АХВ, преку Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин За тоа се задолжени официјалните ветеринари.

Вовед

Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин е дел од Сектор за инспекциски надзор.

Основна законска рамка е Законот за безбедност на храна, Законот за ветеринарно здравство со кој се дефинираат одредбите во однос на организацијата и надлежностите, начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на безбедноста на храната при увоз. Во постапката за вршење на инспекциски надзор се применува Законот за инспекциски надзор, додека во постапката за издавање на решенија се постапува согласно материјалните закони или се применува Законот за општа управна постапка доколку со закон поинаку не е уредено.

Официјалните ветеринари се организирани на 7 гранични премини и на 3 ГП на повик под директна надлежност на АХВ.

Цел

Примарна цел на Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин е да се изврши ефективен надзор на прописите за безбедност на храната и здравјето и благосостојбата на животните имплементирање во целост на сите мерки наложени согласно законот и подзаконските прописи.

Во делот на организација, структура и одговорности при надзорот Раководителот на сектор за инспекциски надзор преку Раководителот на одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин го координира и врши надзор во спроведувањето на мерките согласно материјалните закони од областа на безбедноста на храната и здравјето и благосостојбата на животните.

Надлежност на Одделението за државна ветеринарна инспекција на граничен премин:

-следење и применување на прописите од областа на безбедност на храна и здравјето и благосостојбата на животните;

-контрола на безбедноста на храната од животинско потекло;

-контрола на мешовита - композитна храна која содржи и состојки од растително потекло која подлежи на ветеринарна контрола;
непосредно учествуво во управувањето со ризикот од храна;
-водење на евиденција за извршените контроли при увоз и
-одобруват или забрануваат увоз во Р. Северна Македонија.

Официјалните контроли се вршат пред царинење односно пред пратките да се ослободат од страна на царинските службеници.
Контролите на ВИМ на ГП се вршат врз основа на Законот за ветеринарно здравство (членови 84 - 95, 103 - 104), Законот за безбедност на храна (членови 87, 92 - 93) и Правилникот бр. 113/2007 за „Начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно здравствениот сертификат или други документи кои ја придржуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло" со неговите последни измени.
Животните, производите и нус-производите од животинско потекло се подлежени на проверка на документација, проверка на идентитет и физичка проверка од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин. Официјалниот ветеринар добива претходна најава за пристигнување на пратката, најмалку 24 часа однапред. Официјалните контроли се вршат без претходна најава.
Пратките во транзит подлежат на проверка на документација, проверка на идентитет и по потреба физичка проверка.
По завршувањето на проверките, официјалниот ветеринар на граница ги заведува резултатите и донесува решение за пратката.

Методи и техники на официјални контроли се:

Се применуваат сите методи и техники на контрола освен ревизијата.
Инспекција, земање на мостри за лабораториски испитувања, мониторинг, интервјуа, преглед на документацијата и друга евиденција и сите други активности потребни за утврдување на случаите на неусогласеност со одредбите на законите.
Методите се одбираат врз основа на проценка на ризик, кој се темели на основа на Решенијата за зголемени официјални контроли при увоз на одредени видови храна,врз основа на РАСАФФ нотификациите за небезбедна храна или новите научни сознанија.

Критериум за фреквенцијата на официјалните контроли-

Официјалната контрола се состои од :

Проверка на документација

Сите пратки за увоз/транзит, подлежат на проверка на документација.
За прибирање на податоците, АХВ го користи системот EXIM во којшто се интегрирани петнаесет 15 владини агенции надлежни за издавање дозволи за извоз/увоз/транзит

како и Царинската администрација. АХВ е поврзана со ЕХІМ преку интерфејс. Бизнис операторите во ЕХІМ ги внесуваат податоците за увоз на пратки, и тие информации се користат како претходна најава за пристигнувањето и за природата на пратката На ВИМ на ГП, бизнис операторите ги доставуваат оригиналните документи до инспекторите - сертификат за потекло, фактура, даночен документ и здравствен сертификат. За време на увозот, секоја пратка со живи животни мора ја придружува дозвола за увоз издадена од надлежниот орган. За време на транзит, секоја пратка со живи животни мора да ја придружува соодветен документ издаден од страна на надлежниот орган од третата земја на крајна дестинација.

Дозволата за увоз/транзит на производи од животинско потекло се неопходни за пратки наменети за репрезентирање, истражувачки цели, панаѓури и изложби или пак во случај кога е тоа утврдено во правилата за ветеринарно здравство во Република Северна Македонија.

Проверка на идентитет

Проверките на идентитет се состојат од визуелна проверка на пратката како би се осигурало дека е во сообразност со сертификатите и останатите документи коишто ја придружуваат истата.

Сите пратки со живи животни подлежат на контрола и проверка на идентитетот без разлика на нивната крајна дестинација Во случај пратката да се состои од поголема група на животни, контролата и проверката на животните се врши на 10 % од живите животни.

За производите од животинско потекло, контролата и проверката на идентитетот се состои од:

- Контрола и проверка на печатот, службените маркици и етикети, декларации, лога и здравствени маркици на производите од животинско потекло, со цел да се потврди третата земја на потекло и објектот каде што е извршено производството;
- При транспорт во контејнери - се врши контрола и проверка на контејнерот со цел да се потврди идентификациската ознака на контејнерот како и состојбата на пломбата на контејнерот и
- Во случај на спакувани производи - контрола и проверка на официјалните ознаки и етикети.

Контрола и проверка на превозните средства се врши со цел да се потврди регистарскиот број на возилото како и состојбата на пломбата.

Во зависност од типот на производот, се применува намален број на физички контроли, што може да се движи од 1-50%.

Физичка проверка

Сите пратки со живи животни се предмет на физичка проверка и проверка на благосостојбата на животните без разлика на нивната крајна дестинација

Во случај пратката да се состои од поголема група на живи животни, и во зависност од нивната категорија, клиничките проверки може да се вршат врз примероци, согласно следнава поделба:

- 10% од животните со минимум 10 живи животни од сите живи животни наменети за одгледување и размножување
- 5% од живите животни со најмалку 5 претставници од живите животни од сите живи животни наменети за колење. Проверката се врши веднаш

Физичко - клиничката проверка и проверката на благосостојбата се состои од:

- Индивидуално клиничко испитување на живите животни со цел да се потврдат информациите добиени од ветеринарно - здравствениот сертификат или останатите документи како и да се провери дали животните се здрави;
- Лабораториски анализи како што е утврдено со правилата за ветеринарно здравство, како и лабораториски анализи кои се сметаат за потребни и
- Лабораториски анализи на резидуи од ветеринарни лекови и контаминанти.

Проверка на благосостојбата на животните со цел да се потврди усогласеноста со минималните барања за заштита на живите животни во текот на транспортот.
Сите пратки со производи од животинско потекло се предмет на физичка проверка, без разлика на крајната дестинација.

Физичката проверка на производи од животинско потекло се состои од

- Проверка на хигиенските услови во кои се превезува пратката со производи од животинско потекло;
- Проверка на температурата во којашто се превезуваат производи од животинско потекло како и температурата на самиот производ;
- Органолептичка проверка на производи од животинско потекло: мирис, боја, постојаност, вкус;
- Едноставно физичко или хемиско испитување, како што е сечење, топење и готвење/печење и
- Лабораториски анализи.

Земање примероци

Се земаат примероци по случаен избор од живите животни како би се извршиле одредени лабораториски испитувања со цел да се потврдат здравствените гаранции наведени во ветеринарно - здравствениот сертификат.
Во случај на сомнеж, се земаат примероци за посебни лабораториски испитувања за заразни болести од:

- Најмалку 3% од пратките увезени во текот на месецот и:
- Најмалку 10% од живите животни, со најмалку четири претставници живи животни од сите видови на живи животни.

За производи од животинско потекло се земаат примероци по случаен избор како би се извршиле соодветни лабораториски анализи со цел да се потврдат здравствените гаранции наведени во ветеринарно - здравствениот сертификат.
Во случај на сомнеж, примероци од производи од животинско потекло за вршење на одредени лабораториски анализи, се земаат кога:

- Постои сомнеж за неправилности, врз основа на добиените резултати од претходно извршени контроли и проверки врз предметната пратка;
- При претходно извршените лабораториски анализи на дадениот производ, резултатите се позитивни;
- Информациите се испраќаат преку RASSF, за утврдени неправилности кај одреден производ од одреден производител и
- Конкретни производи кои доаѓаат од одредени земји кои се предмет на безбедносни и заштитни мерки.

Фреквенцијата на деталниот физичките прегледи на одредена храна се одредува во проценти од вкупниот увоз и зависи од категоризацијата на храната спрема ризикот.
Фреквенцијата зависи од ризичноста на храната,од нејзиното потекло и од претходните податоци за неусогласености ,од земјата извозник или од извозникот - операторот.
Моделот на категоризација на храната спрема степенот на ризикот се применува за официјалните контроли при увоз и при изработка на Годишните планови за мониторинг и мострирање.

15.4 Посебни планови на официјалните контроли

Програма за мониторинг на храна за животни.
Годишен план за мониторинг на храна за животни од увоз.
Годишен План за мониторинг на нуспроизводи од животинско потекло.

15.4.1. Планирање на контроли

При официјалните контроли при увоз и изработка на Годишните планови за мониторинг и мострирање се применува Методологија за проценка и категоризација на ризик.
Проценката на ризикот се врши врз основа на два критериуми и тоа:

- изложеност на домашниот потрошувач на одредена пратка од увоз од одредена земја од потекло и
- историја на претходни наоди од биолошки и хемиски опасности во одредени пратки од увоз од одредена земја на потекло.

Врз основа на проценката од историја на претходни наоди од биолошки и хемиски опасности пратките храна се категоризираат во три категории на ризик:низок,висок и среден врз основа на вредноста добиена како збир од (1)- претходни позитивни лабораториски наоди на национално ниво за увозните пратки(поделени по вид на пратка,земја на потекло и опасност) и (2) RASFF нотификации - предупредувања и одбиени пратки од граница (по земја на потекло,по вид на храна и по опасност).
Во проценката на ризикот исто така се земаат предвид и други критериуми како:
-промена на легислативата и
-сомнеж во документацијата кој ја прати пратката

15.4.2. Документирање на официјалните контроли и известување

За извршените контроли на ВИМ на гранични премини официјалниот ветеринар на граничен премин изработува соодветни документи, ВВД, Записници, Решенија и извештаи. Податоците за секоја влезна пратка се внесуваат во системот ЕХІМ, преку којшто царинскиот службеник има увид во одлуката на официјалниот ветеринар и во резултатите од контролата. Се внесуваат паралелни податоци во контролниот систем на локалниот граничен премин.

Официјалните ветеринари доставуваат месечни извештаи до Одделението за реализација на Планот за мониторинг на храна од животинско потекло, храна за животни и нус производи од животинско потекло. Одделението изготвува

годишен извештај за сите извршени контроли, влезни пратки на живи животни, производи од животинско потекло, храна за животни, нус производи.

Во извештајот се содржат следниве информации. претходни влезни ветеринарни документи, референтен број, проверка на документација, проверка на идентитет, физичка проверка и лабораториски испитувања .

Во зависност од резултатите од контролата, се издаваат следниве документи: прифатливо за транспорт, прифатливо за транзит, прифатливо за внатрешен пазар, прифатливо ако се канализира, прифатливо за одредени постапки за складирање, не е прифатливо - заедно со информациите и причината за одбивање, податоци за контрола на дестинацијата, повторно пломбирање на пратката, целосна идентификација на граничниот премин, надлежен орган и официјален печат, потпис и печат на официјалниот ветеринар, граничен премин на излез/транзит, упатување до царинскиот документ.

15.4.3. Документирани процедури

Официјалните контроли се спроведуваат согласно документирани постапки:

– Упатство за пополнување на Ветеринарен Влезен документ за производи од животинско потекло;

– Упатство за пополнување на Ветеринарен Влезен Документ за живи животни;

– Упатство за користење хартиена постапка во случај на прекин на ЕХИМ системот при поднесување на барање за увоз и транзит преку лиценците AXB-N853 AXB I047;

– Упатство за начинот и постапката за транзит на живи животни низ територијата на Република Северна Македонија со крајна дестинација Република Албанија или Република Косово;

– Упатство за користење на ЕХИМ системот при поднесување на барање за увоз и транзит на производи од животинско потекло преку лиценцата AXB-N853-Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло како и за увоз и транзит на живи животни преку лиценцата AXB-N640-Ветеринарен влезен документ за животни;

– Упатство за начинот на плаќање на административните такси при поднесување на барање за увоз и транзит преку лиценците AXB-N853, AXB-I047, AXB-N640, AXB-I046 и AXB-I007;

– Упатство за начинот на примена на Листата на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои при увоз и транзит подлежат на проверка од страна на официјален ветеринар на граничен премин;
– Упатство за спроведување на годишната наредба за извршување на ветеринарни мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло во 2017 година при увоз на храна од животинско потекло и храна за животни;
– Упатство за процесирање на лиценците во EXIM системот;
– Упатство за начинот на плаќање на надоместок за граничните ветеринарни контрола на увозните или транзитните пратки на животни, производи, нус-производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животните;
– Упатство за спроведување на годишниот план за земање на примероци на храна за животни од увоз за 2018 година;
– Упатство за водење на евиденција при спроведување на годишниот план за мониторинг на безбедност на нуспроизводите од животинско потекло за 2018 година за пратки од увоз;
– Процедура за пристап до просториите и опремата и нејзина идентификација на Граничен премин;
– Влезен ветеринарен документ производи од животинско потекло;
– Влезен ветеринарен документ за живи животни;
– Влезен ветеринарен документ за храна за животни;
– Барање за добивање на Дозвола за увоз на живи животни;
– Барање за добивање на дозвола за привремен увоз на живи животни;
– Решение за увоз на живи животни;
– Решение за колење на живи животни;
– Решение за привремен увоз на живи животни;
– Решение за одбивање на барање;
– Решение за укинување на првостепено решение;
– Заклучок;
– Записник за земени мостри;
– Решение за ускладиштување;
– Известување;
– Решение за забрана за пуштање во промет;
– Решение за уништување на пратка;
– Решение за одобрување за пуштање во промет-преработка на пратка;
– Записник за извршен ветеринарен преглед;
– Решение за времена забрана за увоз-провоз;
– Решение за канализирани пратки;
– Потврдување на карантин;
– Барање за вршење анализа;
– Решение за пуштање во промет, пропратно писмо за прием на мостри од храна од животинско потекло и храна за животни;
– Образец за водење евиденција по граничен премин;
– Решение за пренамена на пратка;
– Решение за враќање на пратка ;

– Барање за добивање согласност за враќање или уништување на пратка од животинско потекло;
– Евиденциска табела за поминати пратки со храна за животни на граничен премин од кои треба да се земат примероци за лабораториско испитување и
– Евиденциска табела за нус производи

15.4.4. Верификација на официјалните контроли

Изработена е процедура за супервизија и верификација на официјалните контроли која се врши преку три вида активности и тоа:
-Редовна непосредна и континуирана контрола на работата на инспекторите во однос на спроведување на неговите редовни планирани и вонредни активности со проверка на минимум два предмета од секој инспектор по случаен избор од претходниот месец на месечно ниво од страна на непосредниот раководител или од него овластено лице (супервизија);
-Увид во работата на официјалниот ветеринар и инспекторот за храна за начинот на спроведување на спроведување и извршување на неговите активности и ефективноста од овие активности (пракса, методи и техники на официјалните контроли) со метод на внатрешен аудит во одредени временски периоди (еднаш на две години) од страна на непосредниот раководител или од него назначен тим (верификација) и
-редовно континуирано следење на одредени критични параметри и показатели на активностите на официјалните контроли на ниво на подрачна единица,контролен систем (индикатор на ефикасност и ефективност).

15.4.5.Лаборатории (овластени)

Лабораториските испитувања го врши лабораторијата при Факултетот за ветеринарна медицина; постои договор меѓу АХВ и факултетот.

15.5. Соработка со царинските служби

Соработката со царинските служби е уредена со Законот за безбедност на храна 157, 08.12.2010, член 96. Соработката е дефинирана во следниве области:
1. Царинската служба ја известува АХВ на ВИМ на ГП за секоја пратка со храна или храна за животни која пристигнува на ВИМ на ГП и мора да се обезбеди дека сите потребни документи им се достапни на инспекторите ;
2. Царинската контрола се врши само по одлуката на инспекторот на АХВ по проверка на пратката и
3. Во случај инспекторот да земе примероци, АХВ мора да ја извести царинската служба дали е пуштена пратката пред да се добијат резултатите од земените примероци.
Во Законот за ветеринарно здравство, член 86 се утврдени условите за гранична соработка:
1. Царинските службеници се задолжени да ја известат ВИМ на ГП за сите пратки со животни, производи и нус-производи од животинско потекло кои пристигнуваат на границите, обезбедувајќи ја сета документација за официјалниот ветеринар и ја царинат

таа пратка само откако се завршени сите гранични проверки, и резултатите од истите се задоволителни;
2.Министерството за внатрешни работи и царинската служба не дозволуваат животни, производи и нус-производи од животинско потекло да влезат низ граничните премини во случај да не ги исполнуваат барањата утврдени во член 82 и
3. Соработката меѓу службените лица споменати во ставовите (1) и (2) е реализирана преку договор за соработка.

Меморандумот за заедничко разбирање и соработка меѓу АХВ и Царинската управа, е потпишан во 2015 година.
Во рамките на овој меморандум, АХВ редовно врши надзор на царинските активности во однос на проверки на домашни миленици и проверка на личниот багаж за производи од животинско потекло. Врз основа на резултатите од надзорот, АХВ ја одредува зачестеноста за царински надзор, со цел да биде во согласност со регулаторните правила

15.6. Листа на приоритети за официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2019 до 2023 година

Табела бр. 15.2

Број	Приоритети и стратешко планирање	Датум на спроведување
1.	Да се изготват следниве листи и истите да се достапни за јавноста: а) Листа на гранични места на влез за домашни миленици согласно член 13 од Регулативата (ЕЗ) 998/2003; б) Листа на гранични места на влез на домашни миленици од видот птици, согласно член 12 од Одлуката 2075/25/ЕЗ на Комисијата; в) Листа на влезни места на CITES.	Сите листи веќе се изготвени со Одлуката за определување на ветеринарни инспекциски места на граничен премин, Службен весник на Република Македонија, бр. 59 од 28.04.2010, листата на CITES за точки на влез – Уредба за определување на граничните премини преку кои може да се врши прометот со засегнатите и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови, Службен весник на Република Македонија, бр 135/2010
2.	Воспоставување и реализација на барањата за примена на листата на пломби, како што е предвидено со Анекс 3 од Регулативата 136/2004/ЕЗ поле 38.	Крај на 2021 година
3.	Водење записи за пратките со производи: а) кои се одбиени за увоз или влез, и кои се препратени. За ова надлежниот орган го известува секое ВИМ на ГП; б) регистар на уништени пратки; в) регистар на сите земени примероци заедно со побараните тестирања и резултатите; г) регистарот од Одлуката 94/360/ЕЗ на Комисијата, за намалениот број на физички проверки на пратки со одредени производи, што треба да се спроведе од трети земји, согласно Директивата 90/675/ЕЕЗ	Крајот на 2021 година, со развој на новиот софтвер за ГИС и/или имплементација на TRACES системот на ЕУ

4.	Примена на режимот за намален број физички контроли, согласно Одлуката 94/360/ЕЗ на Комисијата.	Крајот на 2021 година, со развој на новиот софтвер за SAR
5.	Воспоставување на постапка за професионален надзор на граничната инспекција со цел утврдување на делотворноста на официјалните контроли, обезбедување ефикасност на корективните активности	Крајот на 2021 година
6.	Воспоставување и реализација на систем за комуникација меѓу граничните и регионалните ветеринари	Крајот на 2021 година, со развој на новиот софтвер за ГИС и/или имплементација на TRACES системот на ЕУ
7.	Развој на годишна програма за обуки за граничните инспектори.	Во рамките на повеќегодишната програма за обуки на АХВ
8.	Развој на контролни листи за одобрување на објекти на ВИМ на ГП	Крајот на 2021 година
9.	Целосна реализација на системот за водење евиденција согласно Одлуката 2001/812 на Комисијата, член 4.	Крајот на 2021 година, со развој на новиот софтвер за ГИС (се однесува на објекти кои одобрени за помала фрекфенција на пратки на ГП).

Поглавје 16. Контролен систем за увоз на растенија и храна од неживотинско потекло

16.1. Општи национални стратешки цели

Вовед

АХВ е надлежен орган во Република Северна Македонија во областа за официјална контрола на храната од неживотинско потекло, за воспоставување и спроведување на политиката за контролниот систем за храна од неживотинско потекло при увоз. МЗЖВ - фитосанитарна управа и ДИЗ за контрола на здравјето на растенијата.

Сеопфатниот систем за официјални контроли на храна од неживотинско потекло, е од суштинско значење за заштитата на јавното здравје, намалување на болестите предизвикани од храна, вклучувајќи ги и зоонозите, зголемување на безбедноста и квалитетот на храната, развивање на капацитет на извозно ориентирана индустрија, што е важно за Република Северна Македонија на патот кон пристапувањето во Европската Унија.

Цел

Целта на фитосанитарната контрола на граница, контролата на безбедноста на храната од неживотинско потекло и безбедноста на производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храна, е да се обезбеди висок степен на безбедност на храна и прехранбени производи и на здравје на растенијата, со што би се спречила дистрибуција на производи и болести на територијата на Република Северна Македонија, кои се опасни по здравјето и животот на потрошувачите како и по животната средина. Контролата на храна од неживотонско потекло ја врши Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло на граничен премин во состав на Секторот за инспекциски надзор.

Главна задача за предвидениот период е да се утврди моменталната состојба, да се постават целите за постигнување на системи со висок степен на контрола при увоз на храна од растително потекло и на контрола при увоз во фитосанитарната област.

Законодавство

Контролните системи се регулираат со главните одредби:


1. Закон за безбедност на храна, како што е последен пат изменет на 8 декември, 2010, „Службен весник на Република Македонија", бр. 157 од 08.12.2010;
2. Закон за здравје на растенија;
3. Закон за производи за заштита на растенија - производи за заштита на растенија (пестициди);
4. Закон за инспекциски надзор - во сила од 1 април 2011. (обврзувачки за сите инспекциски служби) и
5. Работна постапка „Инспекциски надзор на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна за време на увоз".

16.2. Организација и структура на надзорот за увоз на растенија и храна од неживотинско потекло

Контролите на увоз на храна од неживотинско потело се вршат на 8 патни ВИМ на ГП, 1 железничко ВИМ на ГП и на скопскиот аеродром (Видете табела 16.1). Четири ВИМ на ГП - Табановце, скопскиот аеродром, Богородица и Меџитлија, се изградени и опремени согласно барањата на ЕУ (Одлука (ЕЗ) 812/2011). Предвидено е и Ќафасан да се изгради согласно барањата на ЕУ, кои се утврдени во Правилникот за условите кои треба да ги исполнуваат објектите, опремата и стручниот кадар потребни за вршење на ветеринарна инспекција на граничен премин („Службен весник на РМ" бр. 40 од 24.03.2010).

Слика бр. 16.1

Дијаграм на Секторот за гранична инспекција во АХВ



16.3 Поделба на функции, задачи и одговорности

Внатрешната организација на Агенцијата ја утврдува директорот со помош на акти за внатрешна организација и систематизација на работата и должностите, согласно компетенциите на Агенцијата. Државната инспекција за храна од неживотинско потекло на граничеи премин при Секторот за инспекциски надзор има права и обврски да врши официјални контроли на храна од неживотинско потекло и материјали кои доаѓаат во контакт со храната, на граничните премини. Персоналот од овој сектор своите задачи ги врши на граничните премини, граничните терминали и складиштата.
Фитосанитарната контрола при увоз е во надлежност на Државниот инспекторат за земјоделство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство
АХВ врши редовни официјални контроли на храна и добитична храна од неживотинско потекло, која се увезува во Република Северна Македонија. Директорот на АХВ е надлежен за формата и содржината на листата со храна и храна за животни од неживотинско потекло, т.е врз основа на ново појавени ризици, да се предмет на зголемен број официјални контроли при влез во Република Северна Македонија. Контролите при увоз на храна од неживотинско потекло се вршат на граничните премини на влез на производите од страна на инспектори за храна.

Контролите опфаќаат

1. Контрола на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при увоз, транзит, извоз и повторен извоз;
2. Контрола на документација за храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при увоз, транзит, извоз и повторен извоз;
3. Водење евиденција на податоците во однос на безбедноста на увезената храна и
4. Донесување решенија за увоз на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при увоз и извоз.

Табела бр. 16.1

Инспекциски места на гранични премини на АХВ

ИМ на ГП	Граница	Тип	Работно време	Број на официјални инспектори за храна
Блаце	Косово	Патен	8:30-16:30	1
Табановце	Србија	Патен	Нон-стоп	6
Деве Баир	Бугарија	Патен	8:00-18:00	2 вет.
Делчево	Бугарија	Патен	8:30-16:30	1
Ново Село	Бугарија	Патен	8:30–16:30	1
Богородица	Грција	Патен	Нон-стоп	1 + вет
Мецитлија	Грција	Патен	8:30-16:30 На повик	1
Ќафасан	Албанија	Патен	8:30–16:30	1
Скопје		аеродром	На повик	1
		Железница		
Вкупно 9				15

Контролите при увоз на храна од неживотинско потекло се вршат на патните ВИМ на ГП, на аеродром, ВИМ на ГП за пошта, телефон, телеграф и железничката ВИМ на ГП во Скопје. Инспекторите за храна се присутни на сите ВИМ на ГП но на некои каде што протокот со пратки на храна е поголем, на пр. Табановце, бројот на инспектори не е доволен за вршење на контрола.

Инспектори

Има вкупно 11 инспектори за храна на ВИМ на ГП . Барањата за инспекторите за храна се утврдени во Законот за храна - високо образование во областа на медицината, ветеринарството, биологијата, хемијата и биотехнологијата и три години работно искуство во соодветната област.

Лабораторија

За лабораториски испитувања на храна од неживотинско потекло, АХВ ги користи Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, Центарот за јавно здравје во Скопје и Куманово.

Хиерархија на наредби

Директорот на АХВ врши надзор на раководителот на Секторот за инспекциски надзор, кој пак врши надзор на Одделението за државна инспекција на храна од неживотинско потекло на граничните премини. Координацијата меѓу централно ниво и инспекциското место на граничен премин е преку состаноци на ИМ на ГП и на централно ниво, како и по пат на телефон и електронка пошта. Постои секојдневна комуниација меѓу ИМ на ГП со централното ниво. Извештаите од ИМ на ГП се испраќаат од локално до централно ниво. Согласно Законот за административни службеници во Република Северна Македонија, оценување на инспектортите за храна се врши еднаш годишно.

16.4. Систем за обуки

Инспекторите од АХВ земаат учество во обуките финансирани од ЕУ, како што се обуките на TAIEX, DG SANCO, кој ги организира обуките за BTSF. Четири инспектори за храна се обучени за HACCP во рамките на обуките за BTSF Во 2010-2011 година, инспекторите за храна земаа учество во работилниците организирани од TAIEX:

- Работилница за земање примероци за официјални контроли;
- Работилница за RASFF;
- Работилница за материјали кои доаѓаат во контакт со храна и
- Работилница за официјални контроли.

Во моментов не постои национален план за обуки за инспекторите од АХВ. Обуките се организираат од случај до случај, во зависност од актуелните прашања. Предвидено е да

се основа центар за обуки за инспекторите за храна и ветеринарните инспектори, во Факултетот за ветеринарна медицина.

16.5.Контролни активности,методи и техники на официјалните контроли

Организацијата и спроведување на официјалните контроли за производи од храна од неживотинско потекло при увоз во РСМ е во надлежност на Секторот за инспекциски надзор во рамките на АХВ, преку Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло на граничен премин. За тоа се задолжени инспекторите за храна.

Вовед

Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско на граничен премин е дел од Сектор за инспекциски надзор.

Основна законска рамка е Законот за безбедност на храна со кој се дефинираат одредбите во однос на организацијата и надлежностите , начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на безбедноста на храната при увоз. Во постапката за вршење на инспекциски надзор се применува Законот за инспекциски надзор, додека во постапката за издавање на решенија се постапува согласно материјалните закони или се применува Законот за општа управна постапка доколку со закон поинаку не е уредено.

Инспекторите за храна се организирани на 9 гранични премини и една „товарна „ под директна надлежност на АХВ.

Цел

Примарна цел на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско на граничен премин е да се изврши ефективен надзор на прописите за безбедност на храната и имплементирање во целост на сите мерки наложени согласно законот и подзаконските прописи.

Во делот на организација, структура и одговорности при надзорот Раководителот на сектор за инспекциски надзор преку Раководителот на одд. за државна инспекција за храна од неживотинско потекло на граничен премин го координира и врши надзор во спроведувањето на мерките согласно материјалните закони од областа на безбедноста на храната .

Надлежност на Одделението за државна инспекција за храна од неживотинско потекло на граничен премин е:

-следење и применување на прописите од областа на безбедност на храна;

-контрола на безбедноста на храната, и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната при увоз во Р. Северна Македонија;

-контрола на мешовита - композитна храна која содржи и состојки од животинско потекло освен ако истата не подлежи на ветеринарна контрола;

-контрола на храна по иновирана технологија;

-контрола на безбедност на храната со посебни нутритивни и здравствени тврдење;

-контрола на додатоци во храна;

-непосредно учествуво во управувањето со ризикот од храна;

-водење на евиденција за извршените контроли при увоз и
-одобруват или забрануваата увоз во Р. Северна Македонија.

Инспекторот за храна добива претходна најава за пристигнување на пратката, најмалку 24 часа однапред преку EXIM системот . Пратките во транзит подлежат на проверка на документација, проверка на идентитет и по потреба физичка проверка.
Контролите на ВИМ на ГП се вршат врз основа на Законот за безбедност на храна (членови 88 - 98) и работната процедура „Инспекциски надзор на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна за време на увоз. Официјалните контроли споменати во член 88 од Законот за безбедност на храна, треба да опфаќаат најмалку систематска проверка на документација, проверка на идентитет по случаен избор и каде што е соодветно, физичка проверка.
Официјалните контроли се вршат пред царинење односно пред пратките да се ослободат од страна на царинските службеници.

16.5.1 Методи и техники на официјални контроли

Се применуваат сите методи и техники на контрола освен ревизијата.
Инспекција, земање на мостри за лабораториски испитувања, мониторинг, интервјуа, преглед на документацијата и друга евиденција и сите други активности потребни за утврдување на случаите на неусогласеност со одредбите на законите.
Методите се одбираат врз основа на проценка на ризик, кој се темели на основа на Решенијата за зголемени официјални контроли при увоз на одредени видови храна,врз основа на РАСАФФ нотификациите за небезбедна храна или новите научни сознанија.

Критериум за фреквенцијата на официјалните контроли

Официјалната контрола се состои од:
Проверка на документација

Сите пратки за увоз/транзит, подлежат на проверка на документација. За прибирање на податоците, АХВ го користи системот EXIM во којшто се интегрирани петнаесет 15 владини агенции надлежни за издавање дозволи за извоз/увоз/транзит како и Царинската администрација. АХВ е поврзана со EXIM преку интерфејс. Бизнис операторите во EXIM ги внесуваат податоците за увоз на пратки, и тие информации се користат како претходна најава за пристигнувањето и за природата на пратката.

Проверка на идентитет

Проверките на идентитет се состојат од визуелна проверка на пратката како би се осигурало дека е во сообразност со сертификатите и останатите документи коишто ја придружуваат истата.
Физичка проверка-по потреба се врши физичка проверка на пратката.

Физичката контрола опфаќа проценка на хигиенските услови во кои е примена пратката (инспекција на хигиената при транспорт, микроклиматските услови - температура, влажност, вентилација, временски период на транспорт).

Органолептичка проверка - визуелна проверка на пакувањето, видливи промени во бојата на производот, густината, вкусот и миризбата, кои доаѓаат од потенцијални микробиолошки, физички и хемиски процеси.

Земањето примероци за лабораториски анализи и испитување се врши според информациите од RASFF, EFSA. Инспекторите од ВИМ на ГП ги земаат примероците, додека пак истите ги собираат лабораториски техничари. Согласно член 88 од Законот за безбедност на храна, АХВ изработува листа на храна и храна за животни од неживотинско потекло, кои врз основа на новопојавени ризици би биле предмет на зголемен број на официјални контроли при влез во Република Северна Македонија. АХВ е точка за контакт за известувањата за RASFF, преку Одделението за комуникација на ризик. Известувањата од RASFF од Одделението за комуникација со ризик, се испраќаат секоја недела до граничните инспектори Согласно ова, инспекторите донесуваат решенија за контроли.

Фреквенцијата на деталниот физичките прегледи на одредена храна се одредува во проценти од вкупниот увоз и зависи од категоризацијата на храната спрема ризикот.

Фреквенцијата зависи од ризичноста на храната, од нејзиното потекло и од претходните податоци за неусогласености ,од земјата извозник или од извозникот - операторот.

Моделот на категоризација на храната спрема степенот на ризикот се применува за официјалните контроли при увоз и при изработка на Годишните планови за мониторинг и мострирање.

16.6. Планирање на контроли

При официјалните контроли при увоз и изработка на Годишните планови за мониторинг и мострирање се применува Методолигија за проценка и категоризација на ризик.

Проценката на ризикот се врши врз основа на два критериуми и тоа:

-изложеност на домашниот потрошувач на одредена пратка од увоз од одредена земја од потекло и

-историја на претходни наоди од биолошки и хемиски опасности во одредени пратки од увоз од одредена земја на потекло.

Врз основа на проценката од историја на претходни наоди од биолошки и хемиски опасности пратките храна се категоризираат во три категории на ризик:низок,висок и среден врз основа на вредноста добиена како збир од (1)- претходни позитивни лабораториски наоди на национално ниво за увозните пратки (поделени по вид на пратка,земја на потекло и опасност) и (2) RASFF нотификации - предупредувања и одбиени пратки од граница(по земја на потекло, по вид на храна и по опасност).

Во проценката на ризикот исто така се земаат предвид и други критериуми
како:

-промена на легислативата и

-сомнеж во документацијата кој ја прати пратката.

Табела бр.16.2

Предвидени контроли при увоз						
	Тип на пратки	2019	2020	2021	2022	2023
Вкупно контроли на пратки	**Храна**	26000	28000	30000	32000	34000
	Материјали коишто доаѓаат во контакт со храна	10000	11000	12000	13000	14000
Лабораториски испитувања	**Храна**	4500	4550		4650	4700
	Материјали коишто доаѓаат во контакт со храна	150	155	160	165	170

16.7. Документирање на официјалните контроли и известување

Податоците за пратката се внесуваат во системот EXIM, преку којшто царинскиот службеник има увид во одлуката на инспекторот за храна и во резултатите од контролата. Се внесуваат паралелни податоци во контролниот систем на локалниот граничен премин. Во зависност од резултатите од контролата, согласно упатството за „Инспекција на храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна при увоз, се издаваат следниве документи:

Евиденција на земените примероци - во случај да се земени истите;

Решение „одобрен увоз“ - во случаи кога резултатите од контролата се задоволителни, и пратката може да се пушти;

Решение „забрана за увоз“ - во случаи кога резултатите од контролата не се задоволителни и не е дозволен влез на пратката;

Решение „дозволен увоз по добивање на лабораториски анализи“ - во случаи кога пратката се пренесува во царински склад сè додека не се добијат лабораториските резултати. Кога извештајот од лабораторијата е негативен, инспекторот на АХВ издава документ со којшто се допушта пуштање во промет на производот.

Решение „забрана за увоз по позитивен лабораториски тест“ - кога извештајот од лабораторијата е позитивен, инспекторот од АХВ издава документ со којшто се забранува пуштање во промет на производот.

Решение „барање за уништување на небезбедна храна при увоз“ - документ со којшто се наведува дека производот е опасен и истиот треба да се уништи.

„Известување до увозниците за утврдена небезбедна храна“ - документ со кој се известува увозникот дека има информации за небезбедна храна.

16.7.1. Документирани процедури

Официјалните контроли се спроведуваат согласно документирани постапки :

- Упатство за начинот на вршење на официјална контрола на храна од увоз;
- Решение се одобрува без мостра;
- Решение се забранува без мостра;
- Записник за земени мостри на храна и на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна од увоз заради лабораториско испитување на квалитет и безбедност;
- Согласност за дозволен влез на пратка;
- Барање за вршење на анализа;
- Решение за одобрување на увоз со мостра;
- Известување за неисправна мостра;
- Решение за забрана на увоз со мостра;
- Решение со наредба за уништување;
- Барање за издавање согласност/решение за увоз на пратка со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна;
- Решение со наредба за враќање на небезбедна храна и
- Барање за вршење на лабораториска анализа.

16.8. Верификација на официјалните контроли


Изработена е процедура за супервизија и верификација на официјалните контроли која се врши преку три вида активности и тоа:
-Редовна непосредна и континуирана контрола на работата на инспекторите во однос на спроведување на неговите редовни планирани и вонредни активности со проверка на минимум два предмета од секој инспектор по случаен избор од претходниот месец на месечно ниво од страна на непосредниот раководител или од него овластено лице (супервизија);
-Увид во работата на официјалниот ветеринар и инспекторот за храна за начинот на спроведување на спроведување и извршување на неговите активности и ефективноста од овие активности (пракса,методи и техники на официјалните контроли) со метод на внатрешен аудит во одредени временски периоди (еднаш на две години) од страна на непосредниот раководител или од него назначен тим(верификација) и
-редовно континуирано следење на одредени критични параметри и показатели на активностите на официјалните контроли на ниво на подрачна единица, контролен систем (индикатор на ефикасност и ефективност).

16.9Лаборатории(референтни, овластени)

За испитување на храна од неживотинско потекло
- Факултет за ветеринарна медицина
- ДФЛ (Државна фитосанитарна лабораторија).

Слика бр. 16.2

Контролен систем за увоз на храна од неживотинско потекло



16.10. Соработка со царинските служби

Соработката со царинските служби е уредена со Законот за безбедност на храна 157, 08.12.2010, член 96. Соработката е дефинирана во следниве области:

- Царинската служба ја известува АХВ на ВИМ на ГП за секоја пратка со храна или храна за животни која пристигнува на ВИМ на ГП и мора да се обезбеди дека сите потребни документи им се достапни на инспекторите;
- Царинската контрола се врши само по одлуката на инспекторот на АХВ по проверка на пратката и
- Во случај инспекторот да земе примероци, АХВ мора да ја извести царинската служба дали е пуштена пратката пред да се добијат резултатите од земените примероци.

Постои писмен договор меѓу АХВ и Царинската служба. Во 2007 е изготвен Меморандум за соработка меѓу Царинската служба и Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

16.11. Приоритети на официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2019 до 2023 година, за увоз на храна од неживотинско потекло

Табела бр. 16.3

Бр.	Приоритети	Датум на спроведување
1.	Обезбедување соодветни простории и опрема за спроведување на неопходните проверки како би се обезбедил одреден степен на еднообразност во ефикасноста на фитосанитарните контроли при увоз.	Пет инспекциски места (Табановце,Меџитлија,Блаце,аеродром,Богородица се изградени согласно Барањата на ЕУ) Планирано е и изградa на ГП.Ќафасан
2.	Проценка на протокот на пратки со храна низ ИМ на ГП, како би се обезбедил доволен број на соодветно квалификуван и искусен персонал за вршење на проверки на фитосанитарните пратки при увоз .	Процесот ќе продолжи и во 2019 година
3.	Изработка на листа на храна од неживотинско потекло врз основа на ново појавени ризици која подлежи на зголемен број на официјални контроли при влез и изработка на детални упатства во однос на земање на примероци за анализа	2019 година
4.	Воспоставување на постапка за професионален надзор на гранична инспекција со цел да се потврди квалитетот, непристрасноста, постојаноста и ефикасноста на контролите при увоз	2019 година
5.	Воспоставување на договор за соработка меѓу ДИЗ и Царинската служба како би се обезбедила соработка на официјалните лица од двете служби, би се контролирал режимот на ИМ на ГП и би се дефинирала	(МЗШВ)

	еднообразна технологија за контрола во однос на движењето на лица и возила како и движењето на добра преку границата.	


16.12. Фитосанитарни контроли при увоз

16.12.1. Надлежен орган во фитосанитарната контрола

Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е надлежен орган за вршење на фитосанитарна инспекција при увоз, а оваа активност се спроведува преку Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин и во внатрешноста на државата, согласно Законот за здравјето на растенијата.

Слика бр. 16.2

Дијаграм на ДИЗ - Сектор фитосанитарната инспекција



Државниот инспекторат за земјоделство, Секторот за инспекциски надзор во областа на фитосанитарната политика, е составен од две одделенија и тоа: Одделението за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин и Одделението за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика во внатрешноста на државата. Главниот инспектор за гранична инспекција е надлежен за изработка на методолошки упатства и инспекциски процедури, организирање на обуки за инспекторите, надзор над работата на инспекторите на инспекциските места на граничните премини, како и соработка со релевантните органи за гранична контрола.

16.13. Законодавство – Правна рамка од фитосанитарната област

Законската рамка од областа на фитосанитарната полтика е дефинирана во точка 4.2.
Во областа на производите за заштита на растенијата (ПЗР), подготвен е и во фаза на усвојување на нацрт - текстот на Законот за фитофармација. Поради сложеноста во спроведувањето на овој предлог-закон, Фитосанитарната управа (ФУ) организираше повеќе јавни дебати со сите засегнати страни во текот на последните неколку години. Покрај тоа, од страна на експерти беа разгледани и ревидирани значајни одредби од нацрт-законот, особено воведувањето на општи принципи за Интегрална заштита, управување со отпад, сертификација на опремата за апликација на производите за заштита на растенијата, сертификација на професионалните корисници, дистрибутери и советници. Според Годишната програма за работа на Владата за 2018 година, предлог законот се планира да се донесе до крај на 2018 година.
Во наредниот период ќе се ревидираат Националните Листи од штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети, како и законската регулатива од областа на здравјето на растенијата, со цел понатамошно усогласување со релевантното законодавство на ЕУ. Имено, во текот на 2020 година ќе се изработи нов текст на Закон за здравје на растенијата кој ќе биде усогласен со новиот режим за здравствена заштита на растенијата на Европската унија кој стапува на сила декември 2019 година.
Подзаконските акти во фитосанитарната област ќе бидат усвоени согласно НПАА.

16.14. Инспекциски места на гранични премини

Увоз на растенија, растителни производи и други објекти на територијата на Северна Македонија е дозволен само на местата на влез кои се утврдени согласно Одлука за определување на местата на влез на кои ќе се врши фитосанитарна инспекција („Службен весник на Република Македонија " бр.59/2010), и тоа на:

1. Блаце на границата со Косово;
2. Табановце како патен и железнички премин на границата со Србија;
3. Деве Баир на границата со Бугарија;
4. Делчево на границата со Бугарија;
5. Новосело на границата со Бугарија;

6. Богородица како патен и железнички граничен премин на границата со Грција;
7. Мецитлија на границата со Грција;
8. Ќафасан на границата со Албанија;
9. Блато на границата со Албанија и
10. Скопскиот аеродром (Меѓународен аеродром Скопје).

Две ИМ на ГП - Табановце, Богородица, Мецитлија, се изградени и опремени согласно барањата на ЕУ. Останатите гранични премини, во моментов не ги исполнуваат барањата на ЕУ, но предвидено е во најблиска иднина истите да се изградат согласно барањата на ЕУ.

Табела бр. 16.4

Листа на ИМ на ГП на ДИЗ во Република Северна Македонија

ИМ на ГП	Тип	Работно време	Број на гранични фитосанитарни инспектори
Блаце	Патен	7:00-19:00	2
Табановце	Патен	Нон-стоп	6
Деве Баир	Патен	7:00-19:00	2
Делчево	Патен	7:00-19:00	2
Ново Село	Патен	7:00-19:00	2
Богородица	Патен	Нон-стоп	5
Мецитлија	Патен	8:00-16:00 Од 16: 00-7:00 и викенди на повик	1
Ќафасан	Патен	7:00-19:00	2
Блато	Патен	На повик	1
Скопје	Аеродром	На повик	1 од Кисела Вода
	Пошта, телефон, телеграф		
	Железница		
ВКУПНО			18

16.15. Лабораторија - Фитосанитарни контроли при увоз

Државната фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) е во состав на МЗШВ и истата е задолжена е за лабораториска анализа на примероци земени при увоз и земени во текот на примарното производство. Исто така, ДФЛ е надлежна за: вршење на специјализирани лабораториски тестови на растенија и растителни производи и други објекти и предмети, а со цел дијагностицирање и детерминирање на штетни организми, биолошки тестирања, испитување на физичко - хемиските својства на средствата за заштита на растенијата, анализа на активна материја и анализа на семенски и саден материјал.

16.16. Човечки ресурси – Фитосанитарни контроли при увоз

Дваесет и два (22) гранични фитосанитарни инспектори се вклучени во контролата при увоз и извоз, а назначен е и овластен раководител на Одделението за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин во рамките на Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика. Потребните квалификации за фитосанитарните инспектори е завршен Земјоделски факултет или Шумарски факултет. Од вкупно 23 вработени во ова одделение 18 се фитосанитарни инспектори со добиена лиценца.

16.17. Хиерархија на наредби – Фитосанитарни контроли при увоз

Секторот за фитосанитарна инспекција е надлежен за фитосанитарните контроли, и истиот е поделен на Одделението за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин и Одделението за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика во внатрешноста на државата. Главниот инспектор, како и раководителите на одделенијата се надлежни за работењето на фитосанитарните инспектори на гранични премини и во внатрешноста на државата, изработка на методолошки упатства и инспекциски процедури, организирање на обуки за инспекторите, надзор на работата на инспекторите, како и соработка со релевантните органи за гранична контрола и останатите чинители во фитосанитарниот систем. Има воспоставено систем на контрола и надзор на фитосанитарните инспектори.
Фитосанитарните контроли при увоз се вршат на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, како што е пропишано согласно Закон за здравјето на растенијата и Правилникот за начинот на вршење на фитосанитарна инспекција при увоз на пратките од Листа V дел Б секција 1 (Службен весник на Република Македонија број 131/10 од 01.10.2010) кој е во согласност со Директивата 2000/29/ ЕЗ на Комисијата, Анекс 5 Дел Б. Одделението за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин во рамките на ДИЗ на централно ниво, како и фитосанитарните инспектори од инспекциски места на граничните премини, се надлежни за официјални контроли при увоз. Одделението за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин врши организација и координација на официјалните контроли во однос на усогласеноста со барањата утврдени во законодавството за растенија, растителни производи и други објекти. Исто така изготвува упатства и процедури, ги оценува инспекцијата и резултатите од земените примероци.

16.18. Контролен процес – Фитосанитарни контроли при увоз

16.18.1 Фитосанитарни контроли при увоз

Целта на фитосанитарната контрола при увоз е да се спречи внесување и ширење на штетните организми на територијата на Република Северна Македонија.

Фитосанитарната контрола при увоз се состои од најмалку од проверка на документација, проверка на идентитетот, визуелен преглед и по потреба земање на примероци.

Проверка на документација

За увоз на пратки кои содржат растенија, растителни производи и други објекти кои се во согласност со Листа V дел B од Законот за здравјето на растенијата, операторот задолжително треба да биде впишан во Регистарот на производители, преработувачи, увозници на растенија, растителни производи и други објекти и задолжително треба да поднесе апликација за пратката која треба да се увезе до фитосанитарната инспекција, најмалку 24 часа пред увозот. Операторите ги поднесуваат документите во оригинал (Фитосанитарен сертификат издаден од земјата на потекло, фактури и сл.) на граничниот премин.

Проверка на идентитетот

Контрола на идентитетот се состои од: контрола на соодветноста на придружните документи со пратката.

Визуелен преглед

Визуелниот преглед подразбира визуелна проценка на здравствената состојба на пратката, односно дали има видливо присуство на штетни организми или симптоми на штетни организми кои се наоѓаат на Листа I и II од Законот за здравјето на растенијата.

Земање примероци

Во случај на сомнеж од присуство на штетни организми од Листа I и II од Законот за здравјето на растенијата, фитосанитарните инспектори на граничните премини земаат примероци и истите се доставуваат до акредитирана лабораторија за анализа (ДФЛ). Во случај на позитивен наод фитосанитарниот инспектор презема мерки согласно Законот за здравјето на растенијата (враќање во земјата на потекло, уништување на пратката и сл.).

Табела бр. 16.5

Вкупен број на прегледи по гранични премини и места на утовар во 2017

Вкупен број на прегледи по гранични премини и места на утовар за периодот од *01.01–31.12.2017* година	
вкупно прегледи на производи	**70.499**
производи при увоз	**34.381**
производи при извоз	**23.691**
производи при провоз (транзит)	**7.399**
производи при реекспорт	**5.028**

Број на контроли од растенија, растителни производи и други објекти и предмети во однос на 2014, 2015, 2016 и 2017 година

Контроли	2014 година	2015 година	2016 година	2017 година
увоз	21.521	31.654	33.393	34.381
извоз	25.563	27.967	27.712	23.691
транзит	7.768	7.839	8.263	7.399
реекспорт	3.669	3.627	4.674	5.028

Согласно Програмата за фитосанитарна политика за 2018 година предвидени се фитосанитарни прегледи и на граничните премини, а се со цел утврдување на присуството или отсуството на штетни организми, заради веројатноста од можни ризици од штетни организми кај семенски и меркантилен компир, градинарски култури, овошни видови, винова лоза и тутун. Во текот на 2017 година земени се вкупно 764 примероци, на кои е испитано присуство на 1234 штетни организми, а при инспекциски надзори кои не се предвидени во мониторинг програмите реализирани се 11 примероци и испитано е присуство на 21 штетен организам.

Пратките со растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои ги исполнуваат барањата од Законот за здравјето на растенијата, може да се увезуваат во земјата. Доколку за време на контролата на здравјето на растенијата фитосанитарниот инспектор утврди дека е потребен дополнителен преглед, се земаат примероци и се подготвуваат за испраќање во лабораторија. Во случај кога ќе се утврдат несовпаѓања со фитосанитарните услови, инспекторите од ИМ на ГП го Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика, централно ниво, кои пак ја известуваат Фитосанитарната управа при МЗШВ. Фитосанитарната управа е точка за контакт за известување на ЕРРО (Европската организација за заштита на растенијата) и земјите извознички.

16.19. Приоритети за официјалните контроли и стратешки цели за периодот од 2019 до 2023година за фитосанитарна контрола

Планирани активности на Државен инспекторат за земјоделство во областа на фитосанитарни контроли во периодот 2019-2024 година;

Број	Опис на планираната активност	Рок за реализација на активноста
1	Дефинирање на систем за контрола при увоз на земјоделски производи и воспоставени принципи и постапки за систем за анализа на ризик	2019-2023 година
2	Имплементирање на принципите на анализа на ризик	2019-2023година
3	Оформена база на податоци за анализа на ризик	2019-2023година
4	Спроведување на годишни програми за фитосанитарен мониторинг и следење на присуство на штетни организми при кои се собираат и евидентираат податоци за присуство или отсуство на штетни организми, како и земање на мостри за лабораториски анализи.	2019-2023 година

5	Зголемување на бројот на спроведени официјални контроли согласно Законот за здравјето на растенијата, со цел зголемување на расположливите податоци за присуство/отсуство на штетни организми, како основа за надградување на Статусот на присуство на штетни организми, како и планирање фитосанитарните инспекциски контроли врз основа на анализа на ризик	2019-2023 година
6	Изготвување на анализи, извештаи и други материјали за информирање и донесување на одлуки од областа на фитосанитарната инспекција.	2019-2023 година
7	Развој на планови и реализација на стручни обуки и техничка поддршка за зголемување на капацитетите и континуирано надградување на фитосанитарната инспекција, со цел максимално искористување на помошта што ја нуди ЕУ преку своите инструменти -TAIEX, DG SANTE, IPA и.т.н.	2019-2023 година
8	Изработка на интерни оперативни процедури за спроведување на фитосанитарна инспекција	2019-2023 година
9	Активности во вршење на инспекциски надзори над извршување на задачи на субјекти-даватели на јавни услуги	2019-2023 година
10	Опремување на фитосанитарните инспектори со соодветна опрема за спроведување на фитосанитарна контрола и земање на примероци за анализа	2019-2023 година
11	Изготвување на Инспекциски прирачник за определување на општите и посебните инспекциски постапки за вршење на фитосанитарна инспекција од страна на државните фитосанитарни инспектори по препораките на ЕУ	2019-2023 година
12	Инспекциски надзори над исполнување на услови за издавање на пасоши за растенија и издавање на пасоши за растенија	2019-2023 година
13	Воспоставување на систем на внатрешна контрола при работата на фитосанитарната инспекција	2019-2023 година

Поглавје 17 - Контролен систем за здравствена заштита на растенија и производи за заштита на растенија

17.1. Општи стратешки цели

Вовед

Здравјето на растенијата е во надлежност на фитосанитарната управа (ФУ), а заштитата на растенијата и растителните производи од штетни организми е од заеднички интерес за Република Северна Македонија. Заштитата на растенијата треба да се одвива континуирано во текот на целата година. Навремената заштита на растенијата е директно поврзана со примарното земјоделско производство преку обезбедување на храна за населението. Во фитосанитарниот систем постои интегрирана заштита на растенијата и растителните производи од штетни организми по пат на ефикасни,

екотоксиколошки мерки кои се економски оправдани, со што се обезбедува добро здравје, стандард и конкурентно производство и се обезбедува заштита од многу закани од штетни организми кои се внесуваат при меѓународната трговија со растенија и растителни производи.

Со навремено откривање и утврдување на штетните организми на терен, како и со соодветно справување со истите, се постигнуваат високи приноси на земјоделските култури. Производите за заштита на растенијата ги одобрува ФУ, а ги контролира ДИЗ, како и нивната примена на терен. Државниот инспекторат за земјоделство води евиденција за увозот на производите за заштита на растенијата и врши контрола на квалитетот со цел да се обезбеди максимален принос на земјоделските култури.

Со измена на Законот за здравјето на растенијата, надлежностите за фитосанитарна инспекција на граничен премин и инспекција во внатрешноста на земјата се пренесуваат на ДИЗ. ДИЗ треба да воспостави нов контролен систем, за одредување и надзор на штетните организми на територијата на Република Северна Македонија. Предвидено е да се воспостави и собирање и размена на информации со земјите-членки на ЕУ.

ПНКП претставува клучен документ за понатамошен развој на надлежните органи за здравје на растенијата и дефинирање на нивната улога во фитосанитарниот систем во периодот 2019-2023 година.

Одгледуваните земјоделски култури и останатите растенија кои се сретнуваат во природата постојано се загрозени од штетни организми (плевели, инсекти, фитофагни пајачиња, нематоди, глодари, габи, вируси, бактерии и други прокариоти) кои се нивни конкуренти, со нив се хранат, предизвикуваат растителни болести или се нивни преносители.

Штетните организми кај растенијата најчесто не претставуваат директна опасност по здравјето на луѓето и животните, но доколку се јават во поголеми размери, може да доведат до намалување на приносот или квалитетот на растителните производи, да предизвикаат големи економски штети, а во крајни случаи може да влијаат и на исчезнување на одредени растителни видови.

За да се спречи опасноста од внесување и ширење на штетните организми и потенцијалните штети врз растителните насади, а се со цел да се зголеми приносот и квалитетот на земјоделските производи, потребно е да се воспостави и одржува ефикасен контролен систем за здравствена заштита на растенијата, кои како добра од општ интерес имаат посебна заштита утврдена со Законот за здравјето на растенијата.

Цел

Во наредниот период, согласно фитосанитарната законска регулатива на Европската Унија, мисијата на надлежните органи за здравствена заштита на растенијата, ќе се фокусира на пронаоѓање на соодветни решенија и одговори за ефикасно спроведување на фитосанитарните прописи, мерки и стандарди, како би се создале предуслови за:

- обезбедување доволна количина на здрава и квалитетна храна, што би резултирало со покачување на стандардот и квалитетот на живот на популацијата и
- одржлива употреба на производи за заштита на растенијата, со цел заштита на здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина и

- подигнување на свеста на земјоделските производители, како и на сите останати чинители кои влијаат врз здравствената состојба на растенијата.

ФУ своите цели во фитосанитарната област ги проектира преку исполнување на условите односно барањата за влез во Европската Унија, како и преку рамноправна соработка и одлучување за фитосанитарни прашања во европските органи и тела.

Целите се групирани во две групи и тоа:

А) Општа цел

Општа цел на контролниот систем е да обезбеди ефикасно спроведување на законската регулатива од областа на здравјето на растенијата, зајакнување на меѓународната соработка помеѓу надлежните национални органи и меѓународните организации за заштита на растенијата, како и подобрување на системот на официјални контроли заради добивање на здрав и квалитетен земјоделски производ кој ќе биде конкурентен на меѓународниот пазар.

Б) Конкретни цели

Во наредниот период, надлежните органи од фитосанитарниот систем ќе се фокусираат на пронаоѓање на соодветни решенија и одговори кои треба да придонесат за ефикасна реализација на следниве конкретни цели:
- заштита на растенијата и растителните производи од штетни организми;
- спречување на внесувањето и ширењето на штетните организми и обезбедување на нивно сузбивање со примена на мерки за заштита на растенијата, растителните производи и другите објекти и предмети;
- идентификација, детерминација и прогноза на штетните организми;
- овозможување на оптимално производство на одгледуваните растенија и трговија со истите;
- заштита на животната средина преку следење на штетните организми, воведување на биолошки мерки за заштита на растенијата, интегрална заштита и спроведување на мониторинг и прогноза и
- обезбедување на соодветна едукација и информираност на граѓаните за подигнување на јавната свест за здравјето на растенијата.

Предуслов за спроведување на горенаведените цели е воспоставување на статус на здравје на растенијата.
Во моментов Фитосанитарната управа (ФУ) започнува со воспоставување на систем за дефинирање на фитосанитарниот статус во земјата со што се утврдува присуство/отсуство на штетни организми. Оттука, ФУ започна со прибирање и обработка на:
- расположливите податоци и информации во однос на присуството и распространетост на штетните организми (резултатите од податоците од

фитосанитарните Мониторинг програми, податоци од официјалните контроли, податоци од контролите во расадниците во рамките на пасошкиот систем);
- Библиографски истражувања од страна на Факултетите и Институтите, Информации од ЕРРО за вратени пратки од растително потекло од ЕУ и други земји;
- ФУ во соработка со надлежните служби започна со воспоставување на база на податоци од расположливите и обработени податоци и истите се внесуваат во инсталираните информатички модули за примена на GIS;
- Ревизија на годишната програма за фитосанитарен мониторинг, со вклучување на мониторинг на штетни организми кои се значајни за извоз на земјоделски производи во Руската Федерација;
- Потребно е вклучување во Програмата за фитосанитарен мониторинг и на штетни организми за шумските видови растенија (шуми, паркови и други урбани средини), со оглед на тоа што може да претставуваат сериозна опасност за здравјето на растенијата

Ова е основа за утврдување на присуството/отсуство на штетни организми врз основа на кои ќе се обезбеди веродостојна анализа и обработка на расположливите податоци.
Како значајна алатка во креирање и спроведување на фитосанитарната законска рамка е воспоставување на Фитосанитарниот информативен систем (ФИС). Модулите кои ќе бидат дел од ФИС за здравје на растенијата и производите за заштита на растенијата се изготвени и се дел од следниот ИПА сервис проект 2015. Во рамките на планираниот проект предвидена е техничка помош за дизајнирање и воспоставување на ФИС; овој систем ќе ги интегрира сите надлежни служби вклучени во фитосанитарнаиот систем (ФУ; ДФЛ УССМ и ДИЗ), со што ќе се зголеми ефикасноста на надлежните служби од фитосанитарниот систем.

Законодавство

Законската рамка од областа на фитосанитарната политика е дефинирана во точка 4.2.

Во областа на производите за заштита на растенијата (ПЗР), подготвен е и во фаза на усвојување на нацрт-текстот на Законот за фитофармација.
Во наредниот период ќе се ревидираат Националните Листите од штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети, како и законската регулатива од областа на здравјето на растенијата, со цел понатамошно усогласување со релевантното законодавство на ЕУ.
Во текот на 2020 година ќе се изработи нов закон за здравје на растенијата која ќе биде усогласена со новиот режим за здравствена заштита на растенијата на Европската унија кој стапува на сила декември 2019 година.
Подзаконските акти во фитосанитарната област ќе бидат усвоени согласно НПАА.

17.2. Назначување на надлежен орган/-и и овластување дадено според законодавството

Фитосанитарниот систем во Република Северна Македонија согласно законската регулатива од фитосанитарната област, го сочинуваат:

1. Фитосанитарна управа која е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанства сочинуваат три сектори дадени во Организациска структура од шема бр.1 подолу и тоа:
- сектор за здравјето на растенијата;
- сектор за агрохемија и
- сектор за фитосанитарна регулатива и менаџмент.

2. Управа за семе и саден материјал која е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ја сочинуваат два сектори:
- Сектор за признавање, одобрување и заштита на сорти и
- Сектор за производство, сертификација на семенски и саден материјал, контрола и постконтрола на семенски посеви и насади;

3. Државниот инспекторат за земјоделство е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со својство на правно лице, во чиј состав функционира и Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика, кој го сочинуваат две одделенија:
- одделение од областа на фитосанитарната политикана гранични премин и
- одделение од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на државата.

4. Државната фитосанитарна лабораторија е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ја сочинуваат:
- одделение за дијагностика;
- одделение за семе и саден материјал;
- одделение за хемиски испитувања и
- одделение за административно-техничка поддршка.

5. Даватели на јавни услуги и носители на јавни овластувања од областа на здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата ;

6. Регистрирани производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети на територијата на Република Северна Македонија.
7. Регистрирани увозници, трговци на големо и мало и производители на производите за заштита на растенијата и ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата.

Во наредниот период контролниот систем за здравствена заштита на растенијата ќе има приоритет за зголемување на фитосанитарната контрола на примарното земјоделско производство, увозот и дистрибуцијата на растенија и растителни производи, како и воспоставувањето на системот на интегрирано управување со штетни организми во процесот на производство (IPM).

17.3. Компетентност и функции на надлежните органи

1. Фитосанитарна управа

Покрај обврските пропишани во другите одредби од Законот за здравјето на растенијата, Секторот за здравјето на растенијата во рамките на Фитосанитарната управа е одговорен за извршување и на следните задачи и обврски:

- соработка при креирање и спроведување на фитосанитарната политика од областа на здравјето на растенијата;
- изготвување на законска регулатива и извршување на управно административни задачи од областа на здравјето на растенијата и надзор над нивното спроведување;
- следење, прогнозирање, детерминирање и одредување на мерки за заштита од штетните организми;
- анализа и евалуација на статусот на здравјето на растенијата со цел дефинирање на појавата и ширењето на штетните организми во земјата и надвор од неа;
- процена на ризик во случај на појава или откривање на нови штетни организми, давање технички инструкции и мерки;
- елаборирање на технички бази на податоци при утврдување на заразени области, области под закана од напад, посебно регулирани области и заштитени зони;
- водење регистри, евиденција и листи пропишани со Законот за здравјето на растенијата;
- усвојување програми кои се однесуваат на превентивни мерки против внесување и ширење на штетни организми, како и водење евиденција за имплементација на програмите;
- спроведување мерки за спречување, сузбивање и истребување на штетните организми;
- подготвување и спроведување на фитосанитарни мерки;
- стручна контрола на извршувањето на задачите од страна на овластените лица согласно со овој закон;
- известување за појава, ненадејна појава и ширење на штетни организми во земјата и надвор од неа;
- изготвување извештаи, анализи, информативен и друг материјал за службените тела, органи и меѓународните организации кон кои Република Северна Македонија е обврзана да дава извештаи во согласност со регулативите и врз основа на меѓународните договори;
- информирање на земјите извозници за стопирани пратки кои не ги исполнуваат фитосанитарните услови;
- соработка при изготвување меѓународни и билатерални договори, конвенции и спогодби што ги склучува Владата на Република Северна Македонија од фитосанитарната област и нивна имплементација;
- водење грижа за информирање на јавноста и на оние кои се заинтересирани за прашањата од областа на заштитата на растенијата и издавање публикации;
- водење грижа за спроведување униформни процедури во согласност со регулативите и меѓународните услови;
- воспоставување и одржување на ФИС;
- обезбедување стручна и техничка обука на вработените во ФУ;
- претставување на Република Северна Македонија во меѓународни тела, органи и организации од областа на здравјето на растенијата и

- извршување други задачи поврзани со здравјето на растенијата утврдени со закон.

Согласно Законот за производи за заштита на растенијата, секторот за агро-хемија во рамките на ФУ е одговорен за извршување на следните задачи и обврски:

- соработка при креирање и имплементација на фитосанитарната политика од областа на производите за заштита на растенијата;
- изготвување на законска регулатива и извршување на управно административни задачи од областа на производите за заштита на растенијата;
- спроведување на процедурата на одобрување на производи за заштита на растенијата и помошни производи, запишување во регистар на опрема за апликација;
- изготвување прописи и водење грижа за нивна имплементација, подготвување јавни конкурси, склучување договори за давање јавни услуги според овој закон;
- подготвување на годишни мониторинг програми од областа на употребата на производи за заштита на растенијата за потврдување резистентност, ефикасност, фитотоксичност на растенија или растителни производи од користењето на производите, како и нивното пласирање на пазарот;
- усвојување програми во врска со мерките за правилна употреба на производи, воведување принципи на добра земјоделска пракса;
- изготвување годишна програма за мониторинг и контрола на користените производи за заштита на растенијата на примарното производство;
- координација на работата и соработка во поглед на одобрувањето на производи и опрема со други надлежни органи;
- утврдување на исполнетост на условите за запишување во Регистарот на правни лица за производство, пласирање на големо и на мало во специјализирани продавници на производи за заштита на растенијата, и нивно впишување во соодветниот регистер;
- претставување на Република Северна Македонија пред интернационалните организации/тела од областа на производи за заштита на растенијата и нивните резидуи;
- воспоставување на информативен систем, прибирање, обработка, посредување и чување на податоци и управување со информативниот систем во однос на производи за заштита на растенијата;
- организирање и едукација на персоналот и сите вклучени во пласирањето на пазарот, користењето на производите и издавање публикации и упатства и
- контрола над стручната работа на правните лица кои вршат производство, официјални тестови, анализи, пласирање на пазарот на производи на големо и на физички лица вклучени во оценките на досиејата на активните супстанции и производи.

Државен инспекторат за земјоделство – надлежности и овластувања на Секторот за инспекциски надзор од областа на Фитосанитарната политика во делот на здравјето на растенијата

Фитосанитарните инспектори освен другите општи надлежности, вршат спроведувањена законите и подзаконските прописи од областа на здравјето на растенијата.
Фитосанитарниот инспектор е овластен да:

– има пристап до растенијата, растителните производи и другите објекти и предмети во било кое време и на било кое место каде истите се во движење, се произведуваат, преработуваат, складираат, продаваат или користат на друг начин, како и во просториите на купувачите и при увоз, извоз, реекспорт и транзит;
– врши фитосанитарна инспекција на растенијата, растителните производи и другите објекти и предмети во било кое време и на било кое место каде истите се во движење, се произведуваат, преработуваат, складираат, продаваат или користат на друг начин, како и во просториите на купувачите и при увоз, извоз, реекспорт и транзит;
– врши мониторинг и следење на штетните организми, при што се собираат и евидентираат податоци за присуство или отсуство на штетните организми;
– ја проверува фитосанитарната документација на правни и физички лица;
– зема мостри од растенија, растителни производи и други објекти и предмети без надомест за нивната вредност со цел вршење лабораториски анализи;
– потврдува дали производителите, преработувачите, увозниците и дистрибутерите на пропишаните видови и типови растителни производи се внесени во регистар;
– врши инспекциски надзор над исполнувањето на условите за издавање пасоши за растенија;
– врши инспекциски надзор над исполнувањето на обврските на лицата одговорни за здравјето на растенијата според регистарот во согласност со Законот за здравјето на растенијата
– врши инспекциски надзор дали јавните установи, правните и физичките лица кои добиле овластување за давање на јавни услуги, според Законот за здравјето на растенијата, ги исполнуваат пропишаните услови;
– врши инспекциски надзор над извршувањето на задачите на субјектите кои даваат јавни услуги;
– врши инспекциски надзор над издавањето пасоши за растенија;
– издава фитосанитарни сертификати за извоз и за реекспорт;
– врши инспекциски надзор на регистрите и пропишаната евиденција;
– врши фитосанитарна инспекција на увозот, култивацијата и користењето на организми наменети за биолошка заштита на растенијата;
– врши инспекциски надзор над увозот на средства за заштита на растенијата;
– врши инспекциски надзор над спроведувањето на мерките според Законот за здравје на растенија;
– врши инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за здравје на растенија и
– исполнува и други задачи поврзани со здравјето на растенијата.

Освен горенаведените овластувања, Фитосанитарниот инспектор, може да ги преземе и следните мерки:

– да го забрани увозот на штетни организми наведени на листите пропишани со овој закон и други посебни штетни организми;
– да го забрани увозот и движењето на растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои не ги исполнуваат важечките услови согласно овој закон;

– да забрани култивација на пропишаните видови растенија за одреден временски период во местото на производство;
– да нареди соодветен третман на пратки при увоз, извоз и движење на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, доколку утврди дека истите се нападнати од пропишаните штетни организми;
– доколку делот од пратката е нападнат од штетни организми или постои ризик од ширење на штетните организми, да нареди негово отстранување;
– да нареди пратката да не биде предадена на увозникот, превозникот или лицата кои увезуваат или пренесуваат растенија, растителни производи и други објекти и предмети, се додека не се изврши фитосанитарна инспекција или додека не бидат познати резултатите од истражувањата или официјалните тестови;
– да нареди уништување на пратки при увоз или движење на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, доколку постои ризик од ширење на штетни организми или доколку не се исполнети условите според Законот за здравје на растенија;
– да дозволи движење на растенија, растителни производи и други објекти и предмети (освен семенски и саден материјал), во случај на инфицираност со штетни организми во области во кои не постои ризик од ширење на штетни организми или до местото на индустриска преработка под нивна контрола;
– да ги забрани привремено, целосно или делумно активностите на производителите или преработувачите, како и издавањето на пасоши за растенија се додека не се потврди дека штетните организми се отстранети;
– да го забрани издавањето пасоши за растенија во случаи кога не се исполнети условите за издавање пасоши;
– да предложи на Фитосанитарната управа бришење од регистарот, доколку се утврди дека лицата одговорни за здравјето на растенијата според регистарот не ги исполнуваат пропишаните обврски;
– да предложи на Фитосанитарната управа во случај на повторно прекршување, да се одземе дозволата за издавање пасоши;
– да предложи повлекување на дозволата или овластувањето доколку не се исполнети пропишаните услови;
– да го забрани увозот, култивацијата и користењето на организми за биолошка заштита на растенија, доколку не се исполнети условите пропишани со Законот за здравјето на растенијата;
– да го забрани увозот, внатрешниот промет и производството на производите за здравје на растенијата;
– да нареди спроведување на мерки за корегирање на неправилностите и недостатоците според Законот за здравјето на растенијата, како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, во одреден временски рок;
– да нареди спроведување на неопходни превентивни мерки и активности против внесување, појава и ширење на штетни организми, за кои се овластени со закон и други подзаконски акти;
– да изрече мандатна казна на самото место во случаи пропишани со овој закон;
– да покрене постапка заради прекршување на одредбите на овој закон или да поднесе кривична пријава за сторено кривично дело и

– да нареди спроведување и на други мерки во согласност со Законот за здравје на растенија.

Државна фитосанитарна лабораторија– надлежности и овластувања

Државната фитосанитарна лабораторија (во понатамошниот текст ДФЛ) е орган на државна управа во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со статус на биро.
ДФЛ врши специјализирани лабораториски тестови на растенија, растителни производи и други објекти и предмети во лабораторија, со цел дијагностицирање и детерминирање на штетни организми, микотоксини, испитување на физичко-хемиските својства на фитофармацевтските производи, анализа на активна супстанца, синергисти, антидоти, коформуланти, основни супстанции и адитиви кои се користат во прехранбената индустрија и во производство на храна за животни, резидуи од пестициди во примарни земјоделски производи и нивни преработки, биогени амини и органски киселини, храна и храна за животни од растително потекло, примарни земјоделски производи и нивни преработки од растително потекло во конвенционално и органско производство, анализа на семенски и саден материјал, анализа на ГМО во растенија и растителни производи и друго.


17.4. Даватели на јавни услуги и носители на јавни овластувања – надлежности и овластувања

Давателите на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата се правни и физички лица кои добиле јавни овластувања и други правни и физички лица доколку ги исполнуваат условите во однос на стручниот кадар, просториите и опремата и истите ги извршуваат следните јавни услуги:
- мониторинг и следење на развојот на штетните организми кои вообичаено се присутни кај растенијата и растителните производи, прогнозирање, одредување оптимални рокови и мерки за заштита;
- интервенирање во случај на ненадејни појави на карантински штетници на растенијата, каламитетни појави и епифитоции на штетни организми;
- обезбедување метеоролошки, биолошки и други податоци за целта на следењето и прогнозирањето на појавата на штетни организми;
- лабораториски детерминирања и дијагностицирања на штетни организми;
- едуцирање на сопствениците и други лица вклучени во спроведувањето на активностите поврзани со здравјето на растенијата;
- издавање пасоши за растенија;
- спроведување на научно-истражувачки и развојни активности;
- вршење дезинсекција, дезинфекција и дератизација заради здравјето на растенијата и
- вршење други технички работи.

17.5. Управа за семе и саден материјал

ФУ има тесна соработка со Управата за семе и саден материјал за размена на информациите во однос на производители и увозници на семе и саден материјал, кои добиваат заеднички единствен регистарски број (ЕРБ) при упис во регистарот на Управата за семе и саден материјал и фитосанитарниот регистар. Првата регистрација на одгледувачите на семе и саден материјал и доделувањето на регистарскиот број ги врши Управата за семе и саден материјал.
Управата за семе и саден материјал која е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ја сочинуваат два сектори:
- Сектор за признавање, одобрување и заштита на сорти;
- Сектор за производство, сертификација на семенски и саден материјал, контрола и постконтрола на семенски посеви и насади.

Слика бр. 17.1
Организациска поставеност на Управата за семе и саден материјал




17.6. Нивоа на организацијата и управувањето со официјалните контроли

17.6.1. Контролен систем за производи за заштита на растенија и резидуи од производи за заштита на растенија

Во однос на производите за заштита на растенијата, Фитосанитарната управа како орган во состав на МЗШВ преку Секторот Агро-хемија согласно Законот за производи за заштита на растенијата има надлежност во креирање политики, изготвување на законодавството и координација на активностите со другите органи вклучени во контролата на производи за заштита на растенија.
Секторот ја спроведува постапката за одобрување и регистрација на производи за заштита на растенија, издава решенија за производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало, води регистар на правни лица за производство, увоз и пласирање на производи за заштита на растенија на големо и мало и изработува Национална листа на одобрени производи за заштита на растенија.
Правните лица кои вршат производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало се предмет на постапка за регистрација. Барањата за упис во регистарот на правни лица за производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало, како и целокупната потребна документација се доставуваат во Фитосанитарната управа. По проверката на доставената документација, тричлена комисија составена од вработени во Фитосанитарната управа утврдува исполнетост на пропишаните услови на лице место во однос на објектите и опремата. Во случај на уредна документација и исполнетост на пропишаните услови на лице место во однос на објектите и опремата, Фитосанитарната управа издава решение за производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало и врши упис на правното лице во регистарот на правни лица за производство и промет на производи за заштита на растенија на големо и мало (Закон за производи за заштита на растенијата (С.В. бр. 110 / 2007, член 26).

Слика бр. 17.2
Контролен систем за производи за заштита на растенија и резидуи



Одобрување на производи за заштита на растенијата

Фитосанитарната управа во рамките на МЗШВ е надлежен орган за спроведување на постапката за одобрување и регистрација на нови производи за заштита на растенијата. Согласно Законот за производи за заштита на растенијата, потврдувањето на стручните работи од областа на производите за заштита на растенијата ги врши Стручна комисија составена од експерти од областа на заштитата на растенијата, хемијата, екотоксикологијата и токсикологијата (професори од земјоделските факултети во Република Северна Македонија, како и по еден претставник од Министерството за здравство и Министерството за животна средина и просторно планирање), како претставници од редот на вработените во Фитосанитарната управа.
Барањата и комплетната документација за одобрување и регистрација на нови производи за заштита на растенијата се доставуваат до Фитосанитарната управа. Врз основа на поднесената документација, Стручната комисија дава мислење и предлог за одобрување и регистрација на нови производи за заштита на растенијата. По мислење на Стручната комисија, производите за заштита на растенијата кои се во постапка за одобрување можат да бидат испратени на дополнителни биолошки испитувања заради доутврдување на одредени аспекти од областа на ефикасноста на производите. Одобренијата за нови производи за заштита на растенијата ги издава директорот на Фитосанитарната управа.
Јавни овластувања и јавни услуги од областа на производите за заштита на растенијата
Јавните услуги од областа на производите и опремата за примена на производите опфаќаат професионална активност од областа на одобрувањето и пласирањето на пазарот и употребата на производите, како и професионални активности од областа на опремата за апликација на производите. Јавни услуги од областа на производите и опремата може да вршат:
- јавни установи и други правни лица и физички лица, како и здруженија на граѓаните и единиците на локалната самоуправа.

Официјални контроли на прометот/употребата
Регионалните земјоделски инспектори на ДИЗ вршат контроли на прометот со производи за заштита на растенијата (пакување, означување, упатства, рок на траење, истекување на одобрението) и водат евиденција за нивната трговија. Во моментов се врши контрола на употребата на производи за заштита на растенијата од страна на внатрешните фитосанитарни инспектори.
Фитосанитарните инспектори од ДИЗ се распоредени на 11 гранични премини за вршење контроли при увоз на производи за заштита на растенијата (одобрение за увоз, производител, увозник, првично пакување, декларација итн.).
Се врши контрола на над 400 места за промет на производите за заштита на растенијата. Контролата во главно се врши во март, и април по случаен избор (во моментов не постои контролен план) и за секоја контрола се изработува инспекциски извештај. Постојат одредени упатства за контрола на местата за промет со производи за заштита на растенијата, но нема воспоставено програма за мониторинг.

Во рамките на Годишните програми за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата, предвидено е земање на примероци од пзр со цел контрола на активните супстанции од производите за заштита на растенијата.
Исто така во рамките на оваа програма предвидено е и земање на примероци од примарни земјоделски производи од растително потекло и анализирање на присуство на резидуи од пзр.
Примероците се доставуваат во акредитирана лабораторија (ДФЛ).

Програма за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата за 2017 година	Број на земени примероци
резидуи од производи за заштита на растенијата кај земјоделски производи	76 примероци
производи за заштита на растенија за испитување на активна супстанца	46 примероци
ВКУПНО	**122 примероци**

Резидуи од производи за заштита на растенијата

АХВ е надлежен орган за усвојување на законодавството за максималното дозволено ниво на резидуи (MRL) од пестициди при контрола и мониторинг.
Максимално дозволените нивоа се преземени од Регулативата 396/2005 ЕЗ на Комисијата и се усогласени со истата. АХВ е надлежна за изготвување и реализација на контролниот план за резидуи од пестициди.

17.6.2 Организациона поставеност на Фитосанитарната управа

Слика бр. 17.3



Фитосанитарната управа (ФУ) во рамките на МЗШВ е надлежен орган за изготвување на законодавството за здравје на растенијата, креирање политики и координација на контролните активности. Управата ја претставува земјата во релевантните европски и надлежни институции.
Законот за здравјето на растенијата (С.В. бр. 29/05) со сите неговите измени (С.В. бр. 81/08, 20/09, 57/10, 17/11 и 148/11) е основниот закон во областа на здравјето на растенијата.

Официјални контроли

Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) како тело во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - МЗШВ е орган во состав надлежен за координација и комуникација во однос на прашањата поврзани со здравствената заштита на растенијата, во контекст на Законот за здравјето на растенијата.
Надлежностите на државниот земјоделски инспектор и државниот фитосанитарен инспектор се пропишани со соодветните законски прописи и подзаконски акти. ДИЗ преку внатрешните фитосанитарните инспектори е надлежен за внатрешната фитосанитарна контрола на растенија, растителни производи и други објекти и предмети и откривање на ширењето на штетни организми. Внатрешните фитосанитарни инспектори се надлежни за спроведување на надзор и следење на присуството на карантинските штетни организми од Листа I и II од Законот за здравјето на растенијата, како и имплементација над спроведувањето на системот за пасоши на растенијата, правилна употреба на производи за заштита на растенијата и сл.

Фитосанитарната инспекција се спроведува на комерцијалните насади со овошни видови и винова лоза, површините под земјоделски растенија, како и во расадниците. Во расадниците и производителите на семенски материјал и расад фитосанитарната инспекција се спроведува редовно, најмалку еднаш во годината во дефинирани временски периоди.

Во случај на сомнеж на присуство на штетни организми од Листа I и II од Законот за здравјето на растенијата, внатрешните фитосанитарни инспектори земаат примероци за анализа на присуство на штетните организми и истите се доставуваат до акредитирана лабораторија за анализа (ДФЛ).
Во случај на позитивни наоди внатрешниот фитосанитарен инспектор пропишува соодветни фитосанитарни мерки согласно Законот за здравјето на растенијата (апликација на производи за заштита на растенијата, механичко отстранување, уништување на растенијата и сл). Исто така внатрешните фитосанитарни инспектори ги имплементираат годишните мониторинг програми за здравјето на растенијата и производи за заштита на растенијата и нивни резидуи во земјоделските производи.

17.6.3. Семе и саден материјал

Бидејќи контролата на семето и садниот материјал е составен дел од системот за здравјето на растенијата во Република Северна Македонија, опфатени се исто така и структурата и надлежностите на Управата за семе и саден материјал.
ФУ има тесна соработка со Управата за семе и саден материјал за размена на информациите во однос на одгледувачи на саден материјал, означување и издавање на пасоши за растенија (оваа постапка ФУ ја започна во 2016 година.
Одгледувачите на семе и саден материјал имаат единствен регистарски број (ЕРБ) во регистарот на Управата за семе и саден материјал и фитосанитарниот регистар. Првата регистрација на одгледувачите на семе и саден материјал и доделувањето на идентификацискиот број ги врши Управата за семе и саден материјал.
Со Законот за семе и саден материјал за земјоделски производи и Правилниците се уредува пуштањето во промет и квалитетот на семето и садниот материјал. Во Законот за семе и саден материјал и подзаконските акти согласно законот се транспонирани следниве мерки на ЕУ: 31966L0401; 31966L0402; 31968L0193; 31992L0034; 31998L0056; 32000L0029; 31998L0095; 31998L0096; 32001L0064; 32001D0898; 32001D0897; 32002L0057; 32002L0056; 32002L0055; 32002L0054; 32002L0053; 31992L0033. Согласно упатствата обезбедени од четвртата средба на Поткомитетот за земјоделство и рибарство од Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Македонија и Европската Унија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управата за семе и саден материјал во 2010 е изменет Законот за семе и саден материјал за земјоделски растенија. Со новите измени на законот направени се прилагодувања кон правото на ЕУ во областа на слободен промет и увоз на странски сорти кои се наведени во Европскиот заеднички каталог на сорти од земјоделски растителни видови и укинување на одобренијата за увоз на семенски и саден материјал. Со усвоените измени на законот се врши либерализација на увозот на семенски и саден материјал во Македонија со цел побрз проток на пратките и збогатување на асортиманот со сорти на земјоделски видови.
Во однос на увозот на семенски и саден материјал од земјоделски растенија, со укинување на одобренијата за увоз, надлежностите за функционирање на EXIM системот од Управата за семе и саден материјал, се пренесуваат на Државниот инспекторат за земјоделство.
Со измените на законот во однос на производството на сертифицирано семе, Управата за семе и саден материјал воспоставува подобра контрола врз производството на сертифицирано семе, при издавање на сертификатот за истото. Овој сертификат се издава врз основа на сертификат за завршена стручна контрола на произведено семе, и сертификат за квалитет на семето од земјоделски растенија, којшто го издаваат овластени субјекти и лаборатории. Врз основа на конечниот сертификат за произведеното сертифицирано семе, Управата издава етикети за сето произведено семе, кое се пласира на пазарот во земјата.
Изменувањето и дополнувањето на законот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 53/11), се однесува на казнените одредби и барањето за обуки, спроведувањето на обуките и евиденција од спроведените обуки.
Законот за селекционерски права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/09) стапи во сила на 21 април 2009 година.. На 30 октомври 2008, Советот на UPOV донесе

позитивна одлука за сообразноста на Законот за селекционерски права („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/09) со Актот од 1991 на Конвенцијата на UPOV.
Правилниците кои произлегуваат од Законот за селекционерски права се наведени во Анекс 4.

Институциите овластени (овластено од МЗШВ како резултат на тендерска постапка) за експертска контрола на производството на семе и семенски материјал се:

- Државната фитосанитарна лабораторија;
- Универзитетот Гоце Делчев во Штип, Факултет за земјоделство;
- Земјоделскиот институт во Скопје;
- Институтот за тутун од Прилеп;
- Развој на услуги во рамките на Агрокомбинат Пелагонија и
- Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Испитувањето на квалитетот на семето го врши државната фитосанитарна лабораторија (Сектор за семе и саден материјал) и овластените лаборатории. Постконтролите за потврда на сортите се вршат само по барање на заинтересираната страна.

Регионалните инспектори на ДИЗ вршат контроли кај производителите на семе и саден материјал, пост-производителите и на семето и садниот материјал на пазарот.

17.6.4. Контрола при увоз и извоз

ДИЗ ја координира работата на фитосанитарните инспектори при увоз и извоз на пратки од растенија и растителни производи.
Фитосанитарните инспекции на увезени растенија и растителни производи, како и на оние во транзит, ги вршат фитосанитарни инспектори на 14 ИМ на ГП: Табановце (Србија и Црна Гора), Скопје (железнички терминал, пошта и аеродром), Блаце (Косово - Србија и Црна Гора), Блато (Албанија), Ќафасан (Албанија), Мецитлија (Грција), Богородица (Грција), Дојран (Грција), Ново Село (Бугарија), Делчево (Бугарија) и Деве Баир (Бугарија).
Инспекциите и контролите на растенија и растителни производи наменети за извоз и повторен извоз, се вршат на 12 ИМ на ГП, како што се дефинирани со одлука на Владата.
Пратките за извоз мора да ги придружува фитосанитарен сертификат согласно образецот пропишан со Меѓународната конвенција за заштита на растенијата.

17.7. Оперативни критериуми – внатрешни процедури, планови и програми

17.7.1. Фитосанитарна управа

ФУ врз основа на годишен план за хармонизација на националното законодавство ги изготвува законските и подзаконските акти, кои се хармонизираат со законодавството на ЕУ. Предвидено е процесот на хармонизација на фитосанитарното законодавство да заврши во 2020 година.

Воедно, ФУ изготвува годишна Програма за фитосанитарна политика, во чии рамки ги проектираат финансиските средства за фитосанитарен мониторинг на стратешките земјоделски култури и ефикасно функционирање на фитосанитарниот систем во Република Северна Македонија.
ФУ воспостави база на податоци за статусот на штетни организми во Република Северна Македонија, преку прибирање на библиографски податоци, податоци од официјални контроли, податоци од мониторинг програми и научно – истражувачки активности поврзани со присуство, односно отсуство на штетните организми. Оваа активност продолжува континуирано и во наредниот период.
Во фаза е воспоставување на фитосанитарен информативен систем (ФИС), чии модули сите засегнати страни ќе ги интегрираат во еден заеднички систем за размена на информации, брз проток на податоци и поедноставување на процедурите за регистрација на производителите, преработувачите, увозниците и дистрибутерите на растенија и растителни производи.

17.7.2. Државен инспекторат за земјоделство

Согласно Законот за инспекциски надзор, ДИЗ секоја година изготвува Годишната програма за работа на Државниот инспекторат за земјоделство и истата ја доставува до Инспекциски Совет.
Врз основа на Годишните програми, директорот на ДИЗ изготвува квартални планови за работа на секој фитосанитарен инспектор и истите ги доставува до Инспекциски Совет.
Врз основа на квартални планови, директорот на ДИЗ изготвува месечен план за работа, кој содржи и распоред на надзори по датуми и по субјекти на надзор за секој инспектор поединечно.
Исто така од страна на Секторот за фитосанитарен надзор од областа на фитосанитарната политика се изработува и Годишен план за спроведување на годишните мониторинг програми од областа на здравјето на растенијата и производи за заштита на растенијата.
Согласно планот за работа, фитосанитарниот инспектор ја планира секојдневната работа.
Покрај планот за инспекции, директорот на ДИЗ издава дополнителни наредби, во случај да се потребни посебни контролни активности во целата.
Упатства за работа на фитосанитарните инспектори се изработен со техничка поддршка на експертите од ИПА проектот „Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на EU Acquis – EuropeAid/124586/C/SER/MK. Исто така, со добивање на повеќе податоци за утврдено присуство на штетни организми во наредниот период планирано е и изработка на контролни планови за позначајните карантински штетни организми.

17.7.3. Државна фитосанитарна лабораторија

ДФЛ исто така нема план за тестирање на штетни организми и во моментов бројот на примероците е многу мал.

17.8. Контролни периоди /интервали, планирање

Реализацијата на фитосанитарен мониторинг кај растенијата е проектирана во годишните мониторинг програми кои ги изработува Фитосанитарната управа во соработка со Државниот инспекторат за земјоделство и Државната фитосанитарна лабораторија.

17.9. Анализа/проценка на ризик и спроведување

Еден од приоритетите на ДИЗ во наредниот период е вршење на инспекциски контроли од страна на фитосанитарните инспектори врз основа на проценка за ризик, како на граничните премини, така и во внатрешноста на државата.

17.10. Капацитет на надлежните органи - човечки и технички ресурси

17.10.1. Фитосанитарна управа:

Човечките ресурси во Фитосанитарната управа се ограничени. Со Управата раководи Директор, а трите сектори се раководени од страна на соодветни раководни лица: Раководител на Сектор за здравјето на растенијата (овластен раководител на сектор), Раководител на Сектор за агрохемија (овластен раководител на сектор) и раководител на Сектор за фитосанитарна регулатива и менаџмент. Вкупниот број на вработени лица во Фитосанитарната управа изнесува 25 од вкупно 48 систематизирани работни места. Меѓутоа, дел од вработени се прераспределени и вршат задачи во други сектори.
Потребно е зајакнување на административните капацитети на ФУ преку реализација на нови вработувања и унапредувања на лица со соодветно стручно образование.

17.10.2. Државен инспекторат за земјоделство

Со Државниот инспекторат за земјоделство раководи Директор, а со шесте сектори раководат соодветни раководни лица. Вкупниот број на вработени лица во ДИЗ изнесува 159, од кои три се привремени вработувања.
Одделението за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика во внатрешноста на државата, брои вкупно 23 вработени од кои 20 се внатрешни фитосанитарни инспектори (распределени низ територијата на РСМ) и 3 административни службеници во седиштето на ДИЗ, а назначен е и овластен раководител на одделението во рамките на Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика. Потребните квалификации за фитосанитарните инспектори е завршен Земјоделски факултет или Шумарски факултет. Од вкупно 23 вработени во ова одделение 17 се фитосанитарни инспектори со добиена лиценца согласно Законот за инспекциски надзор. Во текот на наредната година по исполнување

на условите од Законот за инспекциски надзор и останатите инспектори по полагање на испитот ќе се здобијат со лиценца за фитосанитарен инспектор.

Одделението за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин во рамките на Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика има вкупно 23 вработени, од кои 18 се фитосанитарни инспектори со добиена лиценца согласно Законот за инспекциски надзор. Во текот на наредната година по исполнување на условите од Законот за инспекциски надзор и останатите вработени по полагање на испитот ќе се здобијат со лиценца за фитосанитарен инспектор.

Во зависност од потребите и можностите, годишно се организираат обуки за инспекторите. Во рамките на имплементацијата на ИПА проектите од областа на ветеринарство, безбедност на храна и фитосанитарна политика, во изминатите пет години фитосанитарните инспектори учествуваа на повеќе обуки на теми од областа на нивната надлежност. Исто така во последниве години повеќе фитосанитарни инспектори учествуваа на обуки на BTSF.

Со набавката на 15 возила обезбедени со финансиска поддршка на ЕУ преку ИПА набавка наменети за фитосанитарна инспекција, како и со набавка на 11 возила за земјоделските инспектори со финансиски средства обезбедени од буџетот на ДИЗ, опременоста на ДИЗ со возила значително се подобри. Во моментот ДИЗ располага со 55 возила, со што се обезбеди подобра покриеност со возила на целата територија на Република Северна Македонија.

Исто така во изминатата година набавени се 33 преносни компјутери со финансиска поддршка на ИПА наменети за фитосанитарна инспекција, како и 30 персонални компјутери од буџетот на ДИЗ. По спроведувањето на овие набавки ДИЗ располага со задоволителен капацитет на компјутерска опрема.


Во минатата година спроведена е и набавка на дел од опремата за спроведување на фитосанитарна инспекција и земање на мостри, а во тек е и подготовка на набавка на останатиот дел од опремата.

Поголемиот дел од наплатата од спроведените инспекциите, се влеваат во државниот буџет, но наплатата од издавањето на сертификатите за квалиет одат на приходна сметка на ДИЗ.

Во годишните планови за нови вработувања предвидени се осум вработувања во 2018 година и 20 вработувања во 2019 година.

ДИЗ располага со информатички систем за увоз и извоз на производи, каде по спроведување на фитосанитарната инспекцијата, како и издавање на фитосанитарен сертификати (на ГП и на места на утовар), инспекторите ги внесуваат соодветните информации за пратките во единствена база на податоци - постои можност за следливост и изготвување на извештаи.

Организациона шема на Државен инспекторат за земјоделство



17.10.3. Лабораторија

Државната фитосанитарна лабораторија ја сочинуваат 4 одделенија:

- Одделение за административно-техничка поддршка – 3 лица + директор, кои работат на стратегијата и координацијата;
- Одделение за дијагностика – 6 лица кои се релевантни експерти - секој за посебна област - бактериологија, микологија, ентомологија, нематологија, вирологија и молекуларна биологија;
- Одделение за испитување на семе и саден материјал – 1 лице – штотуку започнува организацијата;
- Одделение за хемиски испитувања – 1 лице – штотуку започнува организацијата (реализација на системот за обезбедување квалитет со помош од SIDA (Шведска меѓународна агенција за развој). Буџетот е од МЗШВ. Има потреба од стаклени градини и одредена опрема, но општо земено, опремата е добра.

17.10.4. Управа за семе и саден материјал

Во моментов има 14 вработени во Управата за семе и саден материјал, со следниве позиции:

- Директор на Управата;
- 3 раководители на одделенија;
- 4 советници;
- 2 помлади соработници;
- 1 референт и
- 3 помлади референти.

17.11. Обука и финансиски статус

17.11.1. Фитосанитарна управа:

Финансирањето на Фитосанитарната управа е определено преку буџетот на Република Северна Македонија. Финансиските потреби за секоја тековна година се планираат однапред и за истите се одобрени средства во годишната програма за фитосанитарна политика.

Програмите се следни:
- Програмата за фитосанитарна политика во рамки на која е и фитосанитарен мониторинг на: семенски и меркантилен компир, овошни видови и винова лоза и градинарски култури на отворено и во затворен простор и тутун
- Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство и
- Програмата за спроведување на мониторинг од областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата.

Обуки за вработените генерално се обезбедуваат преку инструментите на ЕУ, како што се: TAIEX, DG SANCO (BTSF), IPA итн. Потребни се повеќе обуки, особено особено во насока на правилна имплементација на законите од областа на здравјето на растенијата и од областа на Законот за фитофармација.

17.11.2. Државен инспекторат за земјоделство

Буџетот го распределува МЗШВ. Во моментов, со расположливиот буџет и персоналот, ДИЗ не може да обезбеди соодветен внатрешен мониторинг и надзор, како што е утврдено со законот. Во текот на изминатиов месец, беа вработени 9 нови лица за фитосанитарна внатрешна инспекција, но истите треба да се стекнат со дополнителна обука пред практично да започнат со работа во 2012 година.
Сите наплати од фитосанитарните прегледи , вклучувајќи ги и граничните контроли, се влеваат во државниот буџет.
За соодветно планирање на активностите на ДИЗ, треба да се додели годишен буџет за вршење официјални контроли, и ДИЗ треба да е понезависен од МЗШВ. Со ова ќе се помогне поставувањето на приоритети на контролите (одгледувачи и трговци) во однос на фитосанитарните прашања). Исто така треба да се распредели буџет за добивање на неопходната опрема за спроведување на официјални контроли.
Постои добра соработка меѓу Службата за заштита на растенија од Словенија и Службата за заштита на растенија од Бугарија. Би било добро да има повеќе обуки од TAIEX.
ДИЗ – предвидено е обучување на инспекторите и од страна на факултетот за земјоделски науки и храна.

17.12. Лабораторија

Теоретски, буџетот за лабораториските официјални контроли го распределува МЗШВ, но во моментов примероци се земаат и испитуваат во исклучителни случаи.
Обуката на лабораторискиот персонал се врши преку TAIEX, DG SANCO (BTSF), SIDA како и во Холандија.

17.13. Систем за собирање на податоци и известување, проток на информации

Размената на податоци помеѓу надлежните органи е периодична и треба да се подобри. Извештаите од фитосанитарниот мониторинг и наодите од лабораториските анализи, ДИЗ и ДФЛ ги доставуваат до ФУ, која што врз основа на добиените податоци прави анализа и изготвува годишна информација за Владата на РСМ.
ФУ како надлежен орган за прием и обработка на податоци, во случаи на неисполнување на условите за увоз, од земјите увозници добива информација по електронска пошта преку EUROPHYT системот за следливост на пратки, воспоставен од Европската Комисија.
Се случува многу често префрлување на обврските и задачите од една на друга надлежна служба, како и одложено извршување или неизвршување на задачите и обврските, слаба координација и преклопување на надлежностите меѓу надлежните служби. Согласно член 70 од Законот за здравје на растенијата Фитосанитарната управа е надлежен орган за координација и размена на информации меѓу државните органи и тела што не се случува во пракса.

Во 2016 година потпишан е Меморандум за соработка меѓу надлежните органи во фитосанитарниот систем, но истиот не се спроведува.
Сепак, со воспоставување на Интегриран фитосанитарниот информациски систем во кој ќе бидат вклучени сите надлежни органи, во наредниот период ќе се подобри и поедностави процесот на размена на информациите и податоците

17.14. Планови за итни мерки и заемна поддршка

Фитосанитарната управа во наредниот период во наредниот период планира да изготви повеќе планови за итни мерки за конкретни штетни организми и тоа:
1. ***Erwinia amylovora*** (бактериска пламеница) – за изработка на планот со итни мерки, прво е потребно да се изврши сеопфатно истражување со цел да се препознае вистинската дистрибуција на бактериската пламеница во земјата. Сепак, податоците кои веќе се достапни укажуваат дека пламеницата ја има низ целата земја, се појавува кај различни култури и живеалишта, вклучително саден материјал, комерцијални овоштарници и кај растенија од дивата флора.
2. ***Plum pox potyvirus*** - за изработка на планот со итни мерки, прво е потребно да се изврши сеопфатно истражување со цел да се препознае вистинската дистрибуција на вирусот во земјата. Сепак, податоците кои веќе се достапни укажуваат дека PPV го има низ целата земја, се појавува кај различни култури и живеалишта, вклучително саден материјал, комерцијални овоштарници и живеалишта со дива флора.

17.15. Соработка меѓу надлежните органи

Фитосанитарната управа остварува добра соработка со надлежните служби односно Управата за семе и саден материјал, Државниот инспекторат за земјоделство, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, Агенцијата за храна и ветеринарство, Државната фитосанитарна лабораторија и други.
Меѓутоа, многу често се случува префрлување на обврските и задачите од една на друга надлежна служба, како и одложено извршување или неизвршување на задачите и обврските, слаба координација и преклопување на надлежностите меѓу надлежните служби. Согласно член 70 од Законот за здравје на растенијата Фитосанитарната управа е надлежен орган за координација и размена на информации меѓу државните органи и тела што не се случува во пракса.
Со оглед на комплексноста на оваа област потребно е прилагодување кон дефинираните европски стандарди што подразбира интензивна комуникација и соработка меѓу на сите чинители во фитосанитарниот систем односно воспоставување на интегриран фитосанитарниот систем што подразбира интегрирање на активностите на сите надлежни органи во еден систем со јасно дефинирани обврски и задачи, координација, поделба и делегирање на задачите меѓу надлежните служби согласно постојните важечки законски акти.

17.16. Активности предвидени за контролниот систем за здравствена заштита на растенија и производи за заштита на растенија

Број	Опис на планираната активност	Рок за реализација на активноста
1.	Приближување на националното законодавство со законодавството на ЕУ – изработка на подзаконски акти во кои ќе се транспонираат ЕУ прописите за здравје на растенијата, вклучувајќи ја и ЕУ Регулативата 2016/2031 ЕЕС за заштитни мерки против штетни организми кај растенија и растителни производи.	2019-2022 година
2.	Ревидирање на Листите на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети (I-V), согласно ЕУ Директивата 2017/1279 ЕЕЦи препораките од ЕУ експерти.	2019 година
3.	Спроведување на системот за пасоши за растенија во Република Северна Македонија	2019-2023 година
4.	Надградба и ажурирање на регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети.	2019-2023 година
5.	Воспоставување на фитосанитарен информативен систем (ФИС)	2019-2020 година
6.	Изработка на планови за реализација на фитосанитарен мониторинг, вклучени во годишната Програма за фитосанитарна политика.	2019-2023 година
7.	Собирање, обработка и евалуација на податоци за присуство на штетни организми преку следење, со цел одредување на статусот за здравје на растенијата во Република Северна Македонија	2019-2023 година
8.	Изработка на планови за фитосанитарни мерки за сузбивање на карантински штетни организми во случаи на појава на жаришта на територија на Република Северна Македонија.	2019-2023 година
9.	Регистрација на правни субјекти кои вршат термичка обработка на дрвен материјал за пакување кој се користи во меѓународната трговија, согласно Меѓународниот фитосанитарен стандард – ISPM бр.15.	2019-2023 година
10.	Развој на планови и реализација на стручни обуки и техничка поддршка за стручните служби	2019-2023 година
11.	Подготовка на анализи, извештаи и други материјали за информирање и донесување на одлуки на официјалните органи од областа на фитосанитарната политика.	2019-2023 година
12.	Соработка со меѓународни организации за размена на информации и известување за статусот на штетни организми, особено со DG SANTE , ЕППО (Европско медитеранска организација за заштита на растенијата) и ЕФСА (Европска Агенција за безбедност на храна).	2019-2023 година
13.	Издавање на дозволи за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата	2019 година
14.	Реализација на постапката за дерогација за извоз на компир од Република Северна Македонија во земјите членки на ЕУ	2019-2021 година

17.16.1. Опис на планираните активности од областа на здравјето на растенијата

Реализацијата на планираните активности од областа на здравјето на растенијата кои се дадени во табела бр.1 од точка 6.1. на ПНКП ќе се одвива според предвидената динамика во наредниот петгодишен период:

а) Приближувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ – изработка на нов Закон од областа на здравјето на растенијата врз основа на ЕУ Регулативата 2016/2031 ЕЕС за заштитни мерки против штетни организми кај растенија и растителни производи, како и изработка на подзаконски акти во кои ќе се транспонираат ЕУ директивите за здравје на растенијата, претставува приоритетна активност со цел да се постигне потполно усогласување на националните прописи со релевантното ЕУ acquis во периодот 2019-2022 година. Согласно предвидената динамика од НПАА (Националната Програма за усвојување на правото на Европска Унија) во наредниот период се планира изработка и усвојување на подзаконски акти дадени во Табелата подолу:

Реден број	Назив на прописот кој треба да се усогласи со ЕУ acqui	Рок за донесување	CELEX бр.
1.	Правилник за начин на давање и објавување на податоци за појава на новооткриени штетни организми од Листата II Дел А Секција 1 и 2, Листата II Дел А Секција 1 и 2, во Република Северна Македонија	5/31/2019	32000L0029
2.	Правилник за границите на посебно регулирано подрачје, мерките за откривање превенција на ширење и сузбивање на штетни организми, престанување на преземање на мерки и начинот на информирање	12/31/2018	32000L0029
3.	Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за регулирани не-карантински штетни организми:концепт и примена	12/31/2020	ISPM 16 стандард
4.	Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за употребата на зрачењето како фитосанитарна мерка	12/31/2020	ISPM 18 стандард
5.	Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за утврдување на подрачја слободни од штетни организми - овошни мушички (*Tephritidae*)	12/31/2019	ISPM 26:2006 стандард
6.	Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за дијагностички протоколи за регулирани штетни организми	31.12.2018	ISPM 27 стандард
7.	Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за признавање на подрачја слободни од штетни организми и подрачја со ниска распространетост на штетни организми	31.12.2019	ISPM 29 стандард

8.	Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за утврдување на подрачја со ниска распространетост на овошни мушички (*Tephritidae*)	31.12.2019	ISPM 30 стандард

б) Листите на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети (I-V) („Службен весник на Република Македонија“ бр.65/2010) се усогласени со Анексите на Директивата 2000/29 ЕЕС и истите ја уредуваат фитосанитарната политика во Република Северна Македонија. Со измените на ЕУ законодавството и со стапувањето во сила на новата ЕУ Регулатива 2016/2031 ЕЕС за заштитни мерки против штетни организми кај растенија и растителни производи, во периодот 2019-2020 година Фитосанитарната управа со помош на меѓународни експерти ќе ја ревидира постоечката национална Листа со цел усогласување со ЕУ законодавството и транспонирање на измените на Анексите I-V, кои се опфатени во ЕУ Директивата 2017/1279 ЕЕС;

в) Спроведување на системот за пасоши за растенија во Република Северна Македонија е тековен процес кој беше воспоставен во 2016 година како пилот проект кој ги опфати расадниците кои произведуваат саден материјал од јаболко, вишна и винова лоза, со тенденција од 2019 година истиот да се прошири и да ги опфати сите земјоделски култури кои подлежат на издавање на пасош за растенија, а истите се наведени во Листата V дел А од Листите на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети (I-V) („Службен весник на Република Македонија“ бр.65/2010). За време на пилот проектот 2016-2017 година здравствените прегледи и издавањето на пасоши за растенија го извршуваат давателите на јавни услуги кои од Фитосанитарната управа добиле дозвола за оваа активност, а тоа е Факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ и Научниот институт за тутун од Прилеп;

г) Надградба и ажурирање на регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети е тековен процес кој започна во почетокот на 2011 година и до овој момент (во електронска и пишана форма) се внесени 1350 субјекти кои ги исполнуваат условите за упис во регистарот.

Во овој регистар се опфатени производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија и растителни производи кои се наведени во Листа V дел А и Листа V дел Б и секој регистриран субјект има назначено стручно лице одговорно за здравјето на растенијата кое има обврски пропишани во Законот за здравјето на растенијата. На овој начин превентивно се следи здравствениот статус на растенијата и растителните производи и притоа се овозможува детален преглед за структурата на земјоделско производство, увозот и дистрибуцијата во Република Северна Македонија. Регистарот се ажурира во Фитосанитарната управа на дневна основа, а уписот на нови субјекти кои ги исполнуваат пропишаните услови ќе продолжи и во периодот 2019-2023 година;

д) Фитосанитарната управа е во фаза за воспоставување на ФИС кој ќе ги интегрира сите чинителни од фитосанитарниот систем во Република Северна Македонија, со цел поефикасно вршење на административните работи и брза размена на информации од фитосанитарната област. За таа цел Европската Унија ќе го подржи воспоставувањето на овој систем и во рамки на проектот ИПА 2015 со цел изработка на модули за

воспоставување на овој систем. Во 2019 година ќе се изработи и информатичката рамка за инсталирање на softwer и ќе се спроведе тендерска постапка за негова изработка.
Информатичкиот систем за здравје на растенијата ќе содржи база со податоци и апликации за подддршка на фито регистарот, пасошкиот систем за растенијата и воспоставување на ефикасна внатрешна и гранична фитосанитарна контрола.
Воведувањето на овој систем се планира да отпочне од 2019 година и истиот треба да вклучи едукација на корисниците за негова примена, која ќе продолжи во континуитет во согласност со стандардите и спроведување на тестирања за ефикасноста на системот;
ѓ) Изработката на планови за реализација на фитосанитарен мониторинг во Република Северна Македонија, кои се вклучени во годишните Програми за фитосанитарна политика е тековна активност која е отпочната во 2013 година и истата произлегува од член 9-б од Законот за здравје на растенијата, како обврска на Фитосанитарната управа.
Целта на оваа активност е преку редовно вршење на здравствени прегледи на местата на производство, увоз, складирање и дистрибуција да се спречи внесување и ширење на штетните организмикај: семенскиот и меркантилниот компир, овошните видови и виновата лоза, градинарските култури, како у тутунот. Истовремено, фитосанитарниот мониторинг вклучува изземање на примероци од растителен материјал за лабораториска анализа за да се утврди дали има присуство на дадените штетни организми кај наведените земјоделски култури.
Оваа активност ќе продолжи да се реализира и во периодот 2019-2023 година. Надлежен орган за имплементација на фитосанитарниот мониторинг во Република Северна Македонија е фитосанитарната инспекција во рамките на Државниот инспекторат за земјоделство и Државната фитосанитарна лабораторија, чии што капацитети континуирано ќе се надградуваат со стручни обуки преку ИПА и национални проекти.
Со оваа активност, на земјите со кои Република Северна Македонија одржува трговски односи, ќе им се докаже дека во Република Северна Македонија не се присутни штетни организми или доколку се присутни, ќе се докаже дека за нивно сузбивање биле преземени соодветни фитосанитарни мерки кои се пропишани со ЕУ легислативата;
е) Собирање, обработка и евалуација на податоци за присуство на карантински штетни организми преку следење, прогнозирање и утврдување на статусот на штетни организми на територијата на Република Северна Македонија е надлежност на Фитосанитарната управа која периодично добива записници за извршени здравствени прегледи и извештаи за земени примероци за вршење на лабораториска анализа од Државниот инспекторат за земјоделство, односно од Државната фитосанитарна лабораторија.
Овие записници, односно извештаи претставуваат гаранција за здравствениот статус на растенијата и растителните производи во Република Северна Македонија, врз основа на кои се проценува исполнувањето на Годишниот план за фитосанитарен мониторинг и се изготвува годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија.
Оваа активност ќе продолжи да се реализира и во периодот 2019-2023 година, а собраните и обработени податоци од добиената документација (записници и извештаи) во иднина ќе се користат за изработка на проценка на ризик од штетни организми (PRA) на територијата на Република Северна Македонија.Ова претставува фитосанитарен услов кај некои држави за непречен извоз на земјоделски производи од Република Северна Македонија на странските пазари;

ж) Изработка на планови за фитосанитарни мерки за сузбивање на карантински штетни организми во случаи на појава на жаришта на територија на Република Северна Македонија е активност која се презема по потреба доколку се утврди појава на ќаламитет на популации од карантински штетни организми на земјоделски површини во Република Северна Македонија.

Оваа активност вклучува сузбивање на штетните организми преку примена на соодветни фитосанитарни мерки кои го врши овластена компанија, под надзор на Фитосанитарната управа и Државниот инспекторат за земјоделство. Истовремено, во следењето на состојбата се вклучуваат и домашни експерти за заштита на растенија, кои со стручна едукација на локалното население во заразените подрачја му помагаат за поефикасно надминување на проблемот. Фитосанитарните мерки освен едукација, вклучуваат и ерадикација (уништување) на зараженият растителен материјал доколку постои опасност од неконтролирано ширење на заразата.

Со оглед дека е потребно редовно следење на здравствената состојба на земјоделските површини во Република Северна Македонија, преземањето на фитосанитарни мерки и интервенирањето во заразени подрачја е тековна активност која ќе се спроведува во периодот 2019-2023 година;

з) Регистрацијата на правни субјекти кои вршат термичка обработка на дрвен материјал за пакување кој се користи во меѓународната трговија, согласно Меѓународниот фитосанитарен стандард – ISPM бр.15, е тековна активност која се реализира врз основа на поднесено барање од правните субјекти кои ги исполнуваат условите на дрвен материјал за пакување за термичка обработка согласно наведениот меѓународен фитосанитарен стандард. Постапката за верификација ја спроведува Комисија која ја сочинуваат вработени од Фитосанитарната управа и експерт од областа на шумарските науки, кои на лице место кај правните субјекти вршат проверка за исполнување на условите согласно законската регулатива.

Оваа активност ќе продолжи да се реализира и во периодот 2019-2023 година, доколку до Фитосанитарната управа има поднесено барање за добивање уверение за вршење на ова дејност;

s) Развој на планови, реализација на стручни обуки и техничка поддршка за стручните служби преку ИПА проекти. Имајќи го во предвид значењето на фитосанитарниот систем и неопходноста за негово успешно функционирање, потребно е континуирано зајакнување на административните капацитети на надлежните органи (ФУ, ДИЗ, ДФЛ).

Тоа ќе се постигне со континуирано организирање и учество на домашни и меѓународни стручни обуки од областа за здравјето на растенијата, а притоа земајќи ја во предвид специфичноста на самата проблематика, постојаните промени на научните достигнувања, како и промените во Европското законодавство во делот за здравје на растенија. Ова значи, во периодот 2019-2023 година потребно е максимално да се искористи помошта што ја нуди ЕУ преку своите инструменти -TAIEX, DG- SANTE - BTSF, IPAи т.н.;

и) Подготовка на анализи, извештаи и други материјали за информирање и донесување на одлуки на официјалните органи од областа на фитосанитарната политика е тековна активност која ќе продолжи да се реализира и во периодот 2019-2023 година. Фитосанитарната управа врз база на добиените податоци од записниците на Државниот инспекторат за земјоделство и извештаите од Државната фитосанитарна лабораторија

изработува годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија. Исто така по заклучоци од Седници на Владата на Република Северна Македонија, Фитосанитарната управа изработува информација за одредени фитосанитарни прашања и активности кои се преземаат во областа на фитосанитарната политика во Република Северна Македонија;

ј) Фитосанитарната управа е надлежен орган за изработка и имплементација на спогодби, протоколи и договори за фитосанитарна соработка помеѓу Република Северна Македонија и други земји, како и за доставување и примање на информации за статусот на штетни организми во одредени земји согласно потпишаните протоколи.

Според ова, во наредниот период (2019-2023 година) се планира унапредување на меѓународната соработка во доменот на фитосанитарната политика, преку почитување на донесените договори, како и преку користење на поддршката која ја нуди Европската унија преку нејзините инструменти, како и соработка со другите меѓународни институции во делот на фитосанитарна политика и тоа: EPPO, IPPC, CEFTA, EFSA и.т.н.;

к) Издавање на дозволи за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата е законска надлежност на Фитосанитарната управа која врз основа на објавен Јавен конкурс доделува дозволи за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата.

Доколку има потреба Фитосанитарната управа ќе објави Јавен конкурс за доделување дозволи за давање на јавни услуги во 2019 година. Како даватели на јавни услуги ќе бидат овластени правни и физички лица кои ќе ги исполнат општите и посебни услови пропишани во законската регулатива за здравје на растенија. На тој начин би се подобрила ефикасноста во извршување на работите од областа на здравјето на растенијата и тоа:

- мониторинг и следење на развојот на штетните организми кои вообичаено се присутни кај растенијата и растителните производи, прогнозирање, одредување оптимални рокови и мерки за заштита;
- интервенирање во случај на ненадејни појави на карантински штетни организми на растенијата, каламитетни појави и епифитоции на штетни организми;
- обезбедување метеоролошки, биолошки и други податоци за целта на следењето и прогнозирањето на појавата на штетни организми;
- лабораториско детерминирање и дијагностицирање на штетни организми;
- едуцирање на сопствениците и други лица вклучени во спроведување на активностите поврзани со здравјето на растенијата;
- издавање на пасоши за растенија;
- спроведување на научно-истражувачки развојни активности и
- вршење дезинсекција, дезинфекција и дератизација заради здравјето на растенијата.

л) Реализација на постапката за дерогација за извоз на компир од Република Северна Македонија во земјите членки на ЕУ е комплексен процес кој вклучува низа активности со цел да се докаже дека компирот произведен од Република Северна Македонија е слободен од карантински штетни организми и ги исполнува фитосанитарните барања за

извоз во земјите членки на ЕУ. Овој процес ќе вклучува мисија од стручните тела на Европска комисија, ревизија и давање на препораки за подобрување, како и давање на дозвола за извоз на компирот во земјите членки на ЕУ.

17.17. Активности предвидени за производи за заштита на растенија

Број	Опис на планираната активност	Рок за реализација на активноста
1	Усогласување на националното законодавство (закон и подзаконски акти) согласно Директивата 128/2009ЕС за одржливо користење на производите за заштита на растенијата, и Регулатива 1107/2009 ЕЕС која се однесува на ставање во промет на производите за заштита на растенијата	2018-2021 година
2	Национален акциски план (НАП)	2019-2020 година
3	Воспоставување на Фитосанитарен информативен систем (ФИС)*	2019 година
4	Воспоставување на институционална структура	2020 година
5	Воспоставување на систем за обука / сертификација на професионалните корисници, дистрибутерите и советниците	2022 година
6	Воспоставување систем за обука на лицата и контрола на опремата за апликација на пестициди; задолжително да е тестирана и означена	2023 година
7	Зајакнување на административниот капацитет во ФУ	2019-2020 година
8	Определување/дефинирање на експерти/евалуатори	до влез на Република Северна Македонија во ЕУ
9	Воздушно прскање	2020 година
10	Информирање на јавноста	2022 година
11	Мерки за заштита на водената средина	2020 година
12	Управување со отпад	2022 година
13	Задолжителна примена на општите принципи Интегрална заштита	2021 година

* интегриран со точка 5 од делот за здравје на растенијата

Поглавје 18 - Лабораториски контролен систем во Агенцијата за храна и ветеринарство

18.1. Општи стратешки цели

Вовед

Лабораториските испитувања се важен дел од еден официјален контролен систем. Анализите се користат како доказ за сообразност на објектот кој е предмет на официјална контрола, во однос на утврдените законски барања.
Резултатите од лабораториските испитувања претставуваат објективна основа за активностите кои ги презема АХВ со цел да обезбеди висок степен на здравствена заштита на животните и безбедност на храна.

18.2. Избирање и номинирање на лаборатории вклучени во официјални контроли

Спектарот и бројот на лабораториски испитувања се предвидува од страна на соодветните сектори на АХВ и се стават на листа за нивно извршување во лаборатории кои се официјално номинирани.
Одреден број на лаборатории се вклучени во официјалните контроли во Република Северна Македонија Овие лаборатории се избираат врз основа на расположливоста на техничка експертиза и можноста да се спроведе бараното испитување.
Со член 79 од Законот за безбедност на храна, се утврдува дека лабораториските анализи и испитувања на храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна за целите на бизнис операторите со храна, се вршат од страна на акредитирани лаборатории.
Изборот на лаборатории за официјални контроли се врши преку постапка на јавна набавка.

18.3. Листа на лаборатории вклучени во официјални контроли и национални референтни лаборатории

Според листата на акредитирани лаборатории, во Република Северна Македонија дејствуваат 26 лаборатории за испитување од областа на безбедност на храна и една лабораторија за испитување на болести на животни. Бројот на акредитирани методи е зголемен со вкупно 95 акредитирани методи за микробиолошко испитување на храна и храна за животни. Бројот на акредитирани хемиски методи за испитување од областа на безбедност на храна изнесува 217 методи. И единствената лабораторија Ветеринарен Институт - ФВМ од ветеринарна област, располага со 13 акредитирани методи за испитување на болести на животни.
Официјалните документи за акредитација на методите се издаваат од страна на Институтот за акредитација и истите може да се најдат на web страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија – www.iarm.gov.mk.

	Листа на акредитирани лаборатории за тестирање на храна, храна за животни и здравствена заштита на животните, согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006		
Реден Број	**Лабораторија**	**Број на Сертификат**	**Адреса**

1	**Ј.З.У Институт за јавно здравје на РСМ**	ЛТ - 005 13.05. 2016	Ул. „50 та Дивизија“ бр.6, 1000 Скопје Република Северна Македонија
2	**Факултет за Ветеринарна Медицина**	ЛТ - 006 22.08.2016	Лазар Поп Трајков бр 5-7 - Скопје
3	**ЈЗУ ЦЈЗ Тетово**	ЛТ - 009 13.05.2016	29 Ноември бб - Тетово
4	**ЈЗУ ЦЈЗ Кочани**	ЛТ - 010 23.02.2015	Милан Зечар бр.21 - Кочани
5	**ЈЗУ ЦЈЗ Куманово**	ЛТ - 011 27.01. 2016	11 Октомври бб - Куманово
6	**ЈЗУ ЦЈЗ Битола**	ЛТ - 013 23.05.2016	ул. Партизанска бб - Битола
7	**ЈЗУ ЦЈЗ Скопје**	ЛТ - 019 08.06.2016	III Македонска бригада бр. 18, 1000 Скопје
8	**ЈП „Водовод и Канализација“ - Скопје**	ЛТ - 021 28.02.2015	Ул. Никола Парапунов. бб, Скопје
9	**Еуромак Контрол ДООЕЛ Скопје**	ЛТ - 024 21.09.2016	Ул. Васил Ѓоргов 29 локал 6, Скопје
10	**ЈЗУ ЦЈЗ Велес**	ЛТ - 027 09.11.2015	ул. „Лазо Осмаков“, бр.14
11	**Земјоделски факултет, Штип Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина**	ЛТ - 028 14.10.2016	ул. Крсте Мисирков б.б. п.ф 201 Штип
12	**Земјоделски институт - Скопје Лабораторија за вино и алкохолни пијалоци**	ЛТ - 031 13.05.2016	ул.Натанаил Кучевишки б.б. 1000 Скопје
13	**ЈЗУ ЦЈЗ Струмица**	ЛТ - 032 13.07.2016	ул.Панче Пешев б.б. Струмица
14	**Анима Вет Лабораторија, Битола**	ЛТ - 033 13.07.2016	ул. СЕВЕР – ЈУГ Бр.2/47 Битола

15	**ЈЗУ ЦЈЗ Охрид**	ЛТ - 035 06.05.2015	Сирма Војвода бб - Охрид
16	**Државна фитосанитарна лабораторија МЗШВ**	ЛТ - 036 22.04.2016	Ул. Александар Македонски бб 1000 Скопје
17	**ЈЗУ ЦЈЗ Штип**	ЛТ - 039 08.07.2015	Ул. Христијан Карпош бб, 2000 Штип
18	**Лабораторија Кадино Индустри Груп Дооес, с.Кадино, Скопје**	ЛТ - 047 30.12.2015	Ул. 10, бр. 43, с. Кадино, 1000 Скопје
19	**Министерство на одбрана, АРСМ, Воено медицински центар**	ЛТ - 049 13.05.2016	Ул. Илинденска бб, Скопје
20	**Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Ск Факултет за земјоделски науки и храна**	ЛТ - 050 13.05.2016	Ул. Александар Македонски бб 1000 Скопје
21	**Лабораторија за тестирање жита, ориз и брашно Мак Млин, Чешиново**	ЛТ - 054 21.09.2016	Ул. Асном бб, с. Чешиново, 2301 Кочани
22	**Лабораторија-Мелница Жито Лукс АД Скопје**	ЛТ - 059 30.12.2015	Булевар Македонска Бригада бб 1000 Скопје
23	**СЛОГА ВЛАТКО ДООЕЛ Свети Николе СЛОГА ЛАБ**	ЛТ - 063 23.05.2016	Индустриска бб, Свети Николе
24	**KLANICA BDA COMPANY, Лабораторија за испитување на квалитетот на месо, Куманово**	ЛТ - 064 23.05.2016	Ул. Ѓорче Петров, 6а, 1300, Куманово
25	**Лабораторија за испитување на Трихинела АГРИА, Велес**	ЛТ - 065 24.06.2016	Ул. 8-ми Септември, бр. 64, 1400, Велес

26	**Ветеринарен факултет - Битола**	ЛТ - 068 31.08.2016	Ул. Прилепска бб, Битола

Во случај лабораториите во Република Северна Македонија да не можат да направат одредени испитувањата, истото се спроведува од референтни лаборатории на други земји, по можност Европската Унија, под услов тие да лаборатории да се акредитирани и да се применуваат методи кои се во согласност со законодавството на Република Северна Македонија.

Национални референтни лаборатории

Националната референтна лабораторија (НРЛ) е водечка лабораторија, номинирана за официјално испитување во соодветна област согласно законодавните барања. Со номинирањето на НРЛ се промовираат аналитички резултати со висок квалитет и постојаност во програмите за државен надзор и контрола на лабораториите. Со цел да се постигне ова, НРЛ ги применува потврдените аналитички методи, пристап до референтни материјали, координација со меѓу-лабораториското компаративно испитување и обука на лабораторискиот персонал.
Земајќи го предвид фактот дека лабораториските анализи се област каде што постои брз развој на технолигиите, НРЛ треба да обезбеди непосредна реализација на сите најнови барања и нивно спроведување во официјалните контроли. НРЛ е лабораторија која 24 часа дневно одржува постојана техничка и кадровска спремност за итни случаи и појава на заразни болести.
Во наредниот период би се реализирал посебен систем за референтни лаборатории на АХВ.

Следниве основни документи ги регулираат функциите на НРЛ во Република Северна Македонија:

- Закон за безбедност на храната;
- Закон за ветеринарно здравство и
- Закон за ветеринарно медицински препарати.

Согласно член 80 од Законот за безбедност на храна и член 11 од Законот за ветеринарно здравство, референтните лаборатории ги имаат следниве главни функции во секоја од номинираните области:

- соработка со референтните лаборатории на Заедницата во нивната област на компетентност;

- координација, за нивната област на компетентност, на активностите на официјалните лаборатории надлежни за анализа на примероците;
- каде што е соодветно, спроведување на компаративни испитувања меѓу официјалните национални лаборатории и обезбедување на соодветна дополнителна контрола на таквото компаративно испитување;
- доставување на информациите до АХВ и националните лаборатории кои ги обезбедува референтната лабораторија на Заедницата;
- обезбедување научна и техничка помош на АХВ за реализација на координирани контролни планови усвоени од АХВ;
- придонес кон изготвувањето и реализацијата на плановите и програмите на надлежниот орган во однос на нивната област на стручност;
- обезбедување на програми за обуки за надлежниот орган и релевантните сектори во однос на темите поврзани со нивната област на стручност;
- следење на научните и технолошките развои во однос на предметите на нивната област на стручност, истражувања во приоритетните области, здружени студии со национални и меѓународни институции и лаборатории , учество во редовните компаративни тестови и обезбедување на постојана едукација за нивниот персонал преку почетни и посебни обуки;
- Известување на надлежниот орган за научните и технолошките развои и
- доставување предлог до надлежниот орган во однос на методи и протоколи кои ќе се користат при дијагноза, анализа и производство, методи и процедури кои ќе се користат во земање примероци; теми за кои треба да се спроведе истражување.

АХВ треба да номинира национални референтни лаборатории во 21 област за контрола на храна и храна за животни и 13 области на дијагноза на здравјето на животните и живите животни.

18.4. Официјално земање на примероци

Согласно Законот за безбедност на храна, член 8, методите за земање примероци и анализа кои се применуваат во официјалните контроли, треба да ги исполнуваат соодветни законски и подзаконски барањата, а во случај да не постојат такви, меѓународно признати правила или протоколи, прифатено од Европскиот Комитет за Стандардизација (CEN), или со други методи погодни за предвидената цел, или пак развиени согласно научните протоколи.
Примероците мора да се земат, обележат и со нив да се постапува на начин со којшто ќе се гарантира правната и аналитичката вредност.
Сите позитивни наоди мора да се добијат или потврдат според референтни методи кои се користат во националната референтна лабораторија.
АХВ во наредниот период би вовела Регистер на потребни лабораториски методи за испитување при спроведување на официјалните контроли како и методите за земање примероци и анализа, како и правилата за толкување на резултатите.

18.5. Планирани активности

Функциите и активностите кои би се развивале во наредниот период, во зависност од расположливите ресурси и техничките капацитети на АХВ се:

- Обезбедување поддршка за официјалните контроли, за сите предвидени лабораториски анализи;
- Во соработка со СПКР и СИН собирање податоци од останатите сектори на АХВ во однос на бројот и зачестеноста на анализите предвидени со годишните и повеќегодишните планови и програми;
- Во соработка со СИН и секторите надлежни за креирање на политики во областа на безбедност на храна и ветеринарното здравство планирање на бројот на анализи и видот на истите за тековната година;
- Водење Регистар на Акредитирани методи и лаборатории;
- Водење Регистер на ЕУ Референт лаборатории;
- Креирање и спроведување на политиките на АХВ во однос на работењето, и контролата на лабораториите кои се вклучени во системот на безбедност на храна и ветеринарно здравство и
- Контрола на лаборатории вклучени во системот на безбедност на храна и ветеринарно здравство

18.6. План за аудит на лаборатории

План за аудит на лабораториите вклучени во системот на безбедност на храна и ветеринарно здравство.

Со цел да се обезбеди соодветна примена на одредбите од Законот за безбедност на храна и Законот за ветеринарно здравство, Одделението за контрола и координација на лабораториите на АХВ во соработка со СИН, врши годишен на сите лаборатории вклучени во системот на безбедност на храна и ветеринарнио здравство, и во соработка со ОВКА посебен аудит на лабораториите вклучени во официјалниот контролен систем. Овие аудити се фокусираат на сообразноста на методите за испитување со барањата на соодветното законодавство на ЕУ и стандардот МКС ISO/IEC 17025:2006, законските одредби во однос на безбедност на храна и ветеринарно здравство, како и постапувањата по добиените резултати и ќе ги покрива следниве главни прашања:

- технички капацитет на лабораториите, потребен за вршење на испитувањето;
- достапност на квалификуван и соодветно обучен персонал за вршење на анализи;
- системот за квалитет е спроведен во рутинското испитување;
- резултатите од учеството во тестирањето на познавањата;
- потврда на испитувањата кои се користеле за официјална контрола;
- постапката на прием на примероци, обработка и проследување на резултати;
- постапување по добиени резултати и
- постапките на суперанализа

Со цел да се постигне соодветен квалитет на аудитите кои ги врши Одделението за контрола и координација на лаборатории на АХВ, може да ангажира надворешни аудитори со соодветна техничка експертиза и вештини за аудит.

18.7. Листа на Закони

1. Законот за безбедност на храна;
2. Закон за ветеринарно здравство;
3. Закон за безбедност на храна за животни;
4. Закон за благосостојба и заштита на животните;
5. Закон за идентификација и регистрација;
6. Закон за нус производи од животинско потекло;
7. Закон за ветеринарно-медицински препарати и
8. Закон за квалитетот на земјоделските производи.

Завршна одредба

Овој план влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-848/1
25 февруари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2019060